СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

# ТВРДОГЛАВИ

ФОНДАЦИЈА
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ
роман на годината

100 ГОДИНИ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

ФОНДАЦИЈА
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ
роман на годината

**Славко Јаневски**

# ТВРДОГЛАВИ

Копирајт ©
Фондација „Славко Јаневски“ и Јана Јаневска
2023

Уредник:
**Катерина Богоева**

Дизајн на корица:
**Владимир Лукаш**

Техничко уредување:
**Фондација „Славки Јаневски“**

електронско издание
Скопје, 2023

СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

# ТВРДОГЛАВИ

*Црна земјо штура земјо*
*зошто си се отворила*
*како ламја си зинала*
*Кого земјо ти се готвиш*
*да го лапнеш да го голтнеш?*

*Ој ти земјо пуста да си*
*од тебе сме пак во тебе*
*ние сите ќе влеземе*
*да ни јадеш бели меса*
*да ни пиеш црни очи...*

(Песната што еднаш ја соопштил Лозан Перуника.)

Колку минало од тоа време – човечка воздишка, нели?

Дванаесет години по раѓањето на Нобел, пронаоѓачот на динамитот, се раѓа Рендген, првиот добитник на Нобеловата награда; до денес „X"-зраците не ја откриле тајната на човековата душа. Малку пред или по вториот Нобелов роденден, во илјада осумстотини триесет и петтата година, завршува гимназија Карл Маркс и Лермонтов им ја подава на рускиот човек и на светот *Маскарада*. Во истата година, по неколку месеци откако Његош ја создава првата печатница во Црна Гора (четири столетија и две децении по отпечатувањето на Гутенберговата Библија), Џемс Гордон ја изненадува Америка со дневниот весник New York Tribune, големиот врсник на непознатите *Новине хорватске* на Људевит Гај. Поминати се дваесет и една година од првиот писок на Стивенсоновата парна локомотива – во Германија и во Белгија се градат железнички линии. Дарвин скоро ги завршува патувањата со бродот *Бигл* преку многу мориња и ги допроучува создавањето и променливоста на органскиот свет откривајќи нови повидоци кон зоологијата, ботаниката, геологијата, палеонтологијата, антропологијата и етнографијата; во еден дел на Македонија масовно пцовисува од некоја чума запрежниот добиток.

Во илјада осумстотини триесет и петтата година, со раѓањето на еден од римските папи, Пио (X), (по пет години откако францускиот венеролог Рикор докажал дека луесот и гонорејата се две различни болести), на ватиканската ризница ѝ се бројат или ќе ѝ се избројат околу дваесет илјади дукати како данок од

проституцијата. По една година од парискoто издание на Мицкиевичевиот *Пан Тадеуш* и од *Сонетниот венец* на Словенецот Прешерн, Неофит Рилски ја создава првата бугарска граматика и ја објавува Јаков Грим својата *Германска митологија*. Во тоа време Европа, ако знае дека се поминати шест или седум години откако Американецот Јозеф Хенри ги создал електромагнетите со голема сила (електричен мотор!), не знае дека во еден дел на Македонија мажите се впрегнуваат во рала и во двоколки. Во таа година се протерувани од Шпанија со удари на антиклерикалното движење језуитите. Во Грција е прв крал баварскиот потомок Ото, и се раѓа еден Леополд (под протекторат на еден Леополд ќе се создаде колонијалистичкото *Интернационално африканско здружение)*, и се раѓа американскиот засмејувач и исмејувач Марк Твен, врсник на рускиот сатиричар Минаев, и една јармодржечка сенка ѝ ја отстапува круната на другата што се надвиснува над подјармени народи. Тогаш, според фантастот Х. Џ. Велс, првпат се споменува зборот социјализам! Во таа година Тексас се одвојува од Мексико (група јужни држави на Америка бара новата членка на Сојузот да го прифати црнечкото ропство) а Линколн, борец против ропството на црнците на југ, е пратеник во сојузната држава Илионис. Во исто време Турците ја имаат Либија под власт на отоманската Порта и пропаѓа во вазалската кнезовска Србија обидот за донесување на прогресивен Устав. Откриено е дека габичката Botrutis предизвикува болест кај свилените бубачки. Во Македонија, и на еден дел на Балканот, еден вид чума (Pestis opis) ги сотира седалките на пчелите.

Во таа илјада осумстотини триесет и петта година умира композиторот на *Норма*, Белини, и се обвиваат со филц и гума тркалата на парниот автомобил. И, додека е во тек преселното движење на холандските Бури од еден во друг дел на Јужна Африка, ларпурализмот ѝ готви на уметноста стапица за да ѝ ги скине врските со животот, граѓанската класа во Шведска бара укинување на благородништво што можеби, според правдата на развитокот, ќе подава рака да испроси трошки од „никаквечката“ трпеза. Во тоа време, по неуспехот на востанието во Савоја, италијанскиот револуционер Гарибалди е во Јужна Америка, каде ќе се бори за независноста на Рио Гранде и на Уругвај, Делакроа го оживува со цртежи Шекспировиот *Хамлет*, а во Македонија, по пет години од раѓањето на поетот Прличев, добитник на првата награда во Атина за поемата *Сердарот*, негде на планината Бистра изгоруваат живи во плевна двајца стари иконописци заедно со голем иконостас за некој крушовски манастир.

Во таа година Балзак објавува една од своите сто и повеќе книги (*Чичко Горио*), и со заслуга на Василиј Априлов е отворено во Габрово првото бугарско народно училиште. Тогаш, две години пред раѓањето на српскиот социјал-утопист Пелагиќ и две години по смртта на францускиот социјал-утопист Фурие, припадникот на движењето *Млада Германија*, Гуцков, проповеда во својата литература еманципација на жената напаѓајќи го црковниот брак; во Македонија, жената напаѓајќи го црковниот брак; во Македонија, негде во Леринско, потурчени се сосила три девојки, четвртата е силувана и оставена на пченкарна нива со пресечено грло, и убиен

е негде во Скопје поетот мечтател Селџик-бег, Турчин и заштитник на православната сиромаштија; мртов не ќе го види уништувањето на шумите на тој народец кога во Европа почнува засиленото садење на борови. Во исто време во некои европски домови навлегува покуќнината Бидермаер, по која многу подоцна (денес) ќе копнеат внуците на македонските селани од Кукулино, премногу рамнодушни за да знаат дека еднаш, во илјада седумстотини четириесет и првото лето господово, еден нивни подалечен дедо, скитник, калуѓер, бакрорезец, иконописец и хералдичар го објавил во Москва грбот на својата земја – жолт лав на црвено поле.

Во таа илјада осумстотини триесет и петта година продолжува во Африка и Азија движењето на европските колонизатори и се грчи на крвав камен Македонија.

***

Од тоа време, кое и во втората деценија на веков го паметел тогаш живиот и жилав даб со брада стогодишниот Лозан Перуника, лежат на рекичката Давидица четириесет и три малечки воденици, накривени и безживотни судбини во кругот на заборавот; самоучките врати им се испукани и потемнети, суровото минато ги заѕидало прозорците со бигорен камен. Но сѐ има свое минато. И тие четириесет и три мали тврдини од оној свет – камен врз камен, во пукнатините на ѕидовите гнијат диви треви, врз истоштеноста легнале неотпорни покриви. Времето не им е сојузник. Ги глода. Не се даваат, спомен се,

паметник на тага и крв. И пак, денес, не му служат ни на господа ни на човекот. Мртва стража се на мртва река без вода. Од нивната мраќава и сеништата бегаат. Ништо повеќе.

# 1

Иако Кукулино имало седумдесет и шест куќи, речиси сите полегнати до самото подножје на планинската црногорица, само четириесет и тројца домаќини, оние што биле тешкораки и тврдоглави, урнале дел северни карпи, ги раздробиле и подигнале свои воденици. Потоа пресметале колку што умееле и биле задоволни – суви, ковчести, долгозаби, повеќето од половината со руси заткарпатски бради: во мракот на ѕидиштата, освен воденичките камења што ги немале, можеле да се згрчат двајца: едниот да оглувнува од тракањето на прплицата, безгласен и со сув душник под дрипавиот минтан, живо тесто од крв и брашно, другиот со воздишки да стои зад прозорчето и со секира или кременка да ја брани селанската мака. Дотогаш патилата им ги мелел остробрад Анадолец, половина за нив, половина за прочуениот јавач и веселник Али-бег, од обете половини по неколку фесови брашно за себе. Бил загатлив дивјак со куси нозе, црнките во очните глобови му биле иглести, на прешірокиот врат му се протегале остри брчки. Зачудо челото и јаготките му биле мазни, неподвижни, и преку ден како облеани од летна месечина, чиниш целото лице му е изделкано од јадра биволска коска. Не можело да се знае кога е лут, кога замислен, со некоја своја тага можеби врзан за далечната испуканост на татковата земја. Работел бавно и молкум, секогаш со скусена кулаклија во појасот. На

воденичкиот ѕид секогаш висела долга кременарка со изрезбан кундак и ги поучувала копуците да не му се спротивставуваат кога ќе ги заборавел поранешните спогодби. И додека тој, само по еднаш дозволувајќи му на секој селанец да ѕирне во мракот на неговиот свет, со скриено задоволство ја слушал и ја повторувал едноличната песна на камењата, луѓето чекале под стеблак на стар орев и го заборавале тврдиот пешник во тагарџикот од пресува козја кожа. Чекајќи брашно, и самите лути или замислени, и самите врзани за испуканата земја на недарежливите ниви, понекогаш дочекувале пребој. Не за добитокот. За себе, за софрата.

Во тоа време, некако со тивката побуна на селаните од намуртеното Кукулино и од Побожјане, Кучковица, Мирковци и трите осамени куќи над Јанакан, некој доселеник од Измир, Селџик-бег, по татко Турчин, по мајка Ерменец, осиромашен куц поет, запишувач и опишувач на обичаи и познавач на народи и балкански јазици, застанал на страната на ограбуваните. Најпрвин на зачудениот Али-бег му го споменал своето пријателство со мулазимот на градот, потоа им се заканил на неговите слуги кога разбрал дека преку ноќ урнале недоградена воденица на селаните. Отфрлен и потценет од угледните бегови, жолтолик, жолтоок и жолтобрад, под широката облека со повеќе коски отколку што му се нужни на еден мислител, не сфаќајќи дека попусто крева глас и дека дури и селаните бегаат од него, се решил да појде во Стамбол и да ја обвини грабежливоста. Кога се пронела непроверена вест дека многумина неверници и неколцина незадоволни Турци се отворено со него, беговите побарале од власта да го смири поетот предавник

и мулазимот веднаш испратил кај него двајца суварии да го доведат во управата. Од своето камено гнездо, колку куќа толку кула, без жени и без слуги но со белези што го покажуваат дури и умирањето на бигорот, Селџик-бег ја пречекал мулазимовата заповед со крвави очи и со пушка в раце. Стрелал и пеел со персиски зборови за месечината и за бескрајноста на шумите под сребрената пајажина на светлоста. Споменувал и некоја жена меѓу ѕвезди и сини пеперуги. И во своите педесет и три години се надевал дека ќе има деца. И штотуку месечината се поткренала зад ред јасики и штотуку сув ветар удрил во високиот и тесен прозорец на неговата куќа-кула, еден од помошниците на мулазимот со неколку стрелци и бекрии го повикал прегладнетиот непокорник да се предаде: на оној што се кае, алахот и султанот му простуваат. Тој сè уште на персиски раскажувал за своите идни деца и пак пеел, веќе со зборови на лирикот Мевлана. Некој од стрелците со свои стихови му рекол дека познава измирски крмнак со име Селџик-бег; на тој крмнак кучиња ќе му ги кинат дробовите. Другите гласно се смееле. Од мракот на куќата или кулата им се придружил истрел. Така почнала невидена војна помеѓу куп стрелци и еден гневен осаменик. Стрелале и го прашувале дали сè уште сака да има деца, а тој, антав воин, со тешки зборови им одговорил дека ништо веќе не сака, дека е од нивна пушка крвав над колeници, жив за борба но без машкост за татковски соништа. И пак стрелал со своите четири пушки стискајќи секакви крпи врз раната и со матно сеќавање на мајчините прикаски за араратски осаменик кој со своја крв поел некаква земја што можела да се протега и во Библијата и во Коранот.

Стрелците и измеќарите се повлекле со утрената светлост, да спијат или да пијат и да го исчекуваат умирањето на побунетиот. Но и во втората ноќ, иако неразбирливо и искинато, Селџик-бег пеел со ослабено грло за селењето на птиците и на човечките души. Околу полноќ, по многуте попусти истрели во заштитничкиот камен, преку луѓето минал бран кобна тишина. Неколцина другари на стројниот стрелец Рамиз-бег, пред тоа прострелан низ гради, со тешко и соголено стебло ја пробиле окованата врата на куќата-кула, се качиле претпазливо по тесни басамаци и го нашле безумникот вкочанет; нечија пушка во ноќта сепак му станала судбина. Едното око, нешто понабабрено отколку кај жив човек, застрашувачки гледало во пламенот на нивниот факел, устата се доискривувала како пред несфатлива смеа, чиниш пред тоа тој итречки му се доверил некому дека ги измамил противниците со тоа што се исправил во прозорецот кон блесокот на нивните пушки. Се наведнале да видат кај е удрен и виделе – немал деца на овој свет, не ќе ги има ни на оној. *Крмнак*, рекле. *Мртов нераст*. Главата на тој крмнак како да чадела низ крвавите ноздри и како да се поттргнувала од живата безобличност на сенките; забите во зинатата уста биле потемни од танките усни – и мртви се заканувале. Некој со топук се обидел да го здроби недоречениот стих на Мевлана. Попусто до проклетство. Забите уште повеќе се разголеле. Таа глава, таква, само со сол во ноздрите и во устата и со вешто врзани бравски рогови на високото чело, ја прошетале на врв копје пред тапани и пред сурли по градот; пред стариот вардарски мост ги преплашиле сакатите

просјаци и им ја фрлиле на пци скитници.

Соголената черупка, крвава, исклештена и кобна, врзана во вилиците со последни нишки месо, некој, најверојатно молчаливиот бабачко од Анатол, им ја грабнал на пците и ја наместил на кол пред Али-беговата воденица. Не бил одмаздник, тоа секако го сторил по нечија заповед. Од тој ден уште повеќе се немтуросал, се замислил, и тој како и Селџик-бег бил смирен објаснувач на Коранот: *Алах, нè создал сите, само тој може да нè успокои.*

Во сето тоа наоѓајќи и дел виновност кај селаните од под црногорчината планина и предизвикани од нивното одбивање да ја признаат врската со Селџик-бег, неколцина Турци го подбуцнале ненаспаниот Али-бег да објасни дека ќе го покачи уемот во својата воденица и да разгласи дека ќе биде убиен секој што ќе се обиде да стави камен врз камен за идна и независна воденица.

Две бесилки на крај град, недалеку од патот што течел кон Кукулино, ги ванѓелосале луѓето. Преку ноќ биле обесени црниот просјак и крадец Циганот Рамо и православниот арамија Невенко, од кого пропиштело сè живо, некрстено и крстено.

И така, селаните од Кукулино, по душа и безбожници и многубожници, изнашле дека со една воденица, сеедно на кој дел од Давидица, Али-бег и неговите луѓе лесно ќе се расправат. Доколку секоја куќа ќе има воденица, каменен ковчег со врата, и бабуњосаниот ѓавол ќе ги повлече шепите од здружената сиромаштија. По Божик тврдоглавите од Кукулино почнале со здружена работа, кришум, без бучава, далеку од очите на власта. И како што надоаѓале пролетните поројници во свијокливото

корито на Давидица, рекичка што некаде околу денот на светецот Петар е испиена преку ноќ од горештината, така ненадејно растеле и невисоките ѕидови на четириесет и трите воденици – груб камен врзан со иловица или, подоцна, со вар.

Во тоа време и Анадолецот Ариф Исмаил ја ставил под клуч беговата воденица и отишол на коњ да слуша баботење на домашен оган кај некој побратим во Качаник. Деновите се склопчувале, згуснатите снегулки понекогаш го смекнувале студот. Соголената черупка, повеќе насмеана од кога и да било во животот, се намалила без она малку коса и брада што пред тоа се лелееле на ветрот и што било знаме на еден крај, сè додека некој килав Јаков од Кукулино не се сетил да ја завитка во безбојна крпа и кришум да ја закопа на песокливиот брег на Давидица. И кога ноќе, шепотејќи со дланка на уста молитви, ќе се сетел за таа глава, умирал; не можел да не мисли дека нејзиниот труп гние во призрачната куќа-кула, чија чкртава врата непрекинато ја отворал и ја затворал лут северен предвесник на долга и тешка зима, низ чии виулици ќе се тетерави безглава сенка на еден непокорен поет, оној што пеел помеѓу истрели за своите неродени деца и за нивната непозната мајка меѓу ѕвезди и сини пеперуги.

Што шепотел килавиот Јаков во тие ноќи – *Спиј, главо, со крст над чело?* Или нешто друго со непознати зборови? Никој нигде и никогаш ништо не запишал за тоа. Селото и сè околу него било пусто, а какви болки вриеле во душата на тој човек, не се знаело – ни тогаш ни сега.

# 2

Земјата полека се ослободувала од дивиот мраз кога двајца идни воденичари и посници без апостолник и без расо дошле во манастирот на светецот Никита да побараат благослов од игуменијата Минадора. Темна и широколика, подвиткана од долги и осаменички дни и ни малку светица од икона, таа се враќала со секира преку рамо од плевна. Бавно ги заобиколувала точките на својот пат. Потоа, строга од некоја своја правдина и со ѕвезда од танки брчки околу устата, застанала пред двајцата без да им одговори на поздравот. Чекала. Едниот од придојдениците со белег на замисленото лице, најверојатно детски спомен од рог на туѓо говедо, и со сенка на возбуда во светлите очи, онакви какви што можат да ги имаат и децата и мачките, се викал Онисифор Проказник. Со долгите раце можел да биде и крадец. Но сепак стоел смерно како човек што не бил никогаш до работ на искушенијата.

– Мајко, замислено ја погледнал, позамислено отколку пред тоа. – Секогаш пред Божик остануваме без брашно. Секогаш. И гладни сме од Водици до вршило. Децата ни се збрчкуваат предвреме. Потоа го купуваме нашето брашно од бегот за козја пастрма, за овци и за волна.

– Секоја куќа со воденица, рекла игуменијата. Тоа е многу. Немате, синковци, толку воденички камења. Ако мелете со заби, не ќе чини. Што ќе сомелете, тоа ќе

изедете. Децата пак ќе ви се збрчкуваат.

– Ќе се збрчкуваат, ќе станат старци без мустаќи. Секоја куќа со воденица, мајко. Беговите не ќе ни можат ништо.

– Небото е ваша утеха, рекла игуменијата. На земјата ѝ се стопани богатите. Реков – немате толку камења.

Онисифор Проказник гледал зад неа, во дрвениот ѕид на манастирот. Врз едното око му лежело густо перче коса. Затоа можеби и му се сторило – ако игуменијата се насмее, усните ќе ѝ испукаат на сите оние места кај што биле испресечени со танки женски брчки. Станал тих, се плашел да не предизвика смеа со својата грдомазност и бесполезност на рацете.

– Камења ќе имаме, мајко. Испративме човек во Лесново. Со пари и во дрипава облека како просјак. Не ќе му застанат на пат арамии. Лесновските мајстори веќе делкаат камења. За она што не ќе можеме да платиме, ќе работиме. Качари сме, колари, казанџии.

– Лесново... Тоа село е на крај свет. И малку потаму. Предалеку и за шртковите.

– Далеку е, мајко, знаеме. Но знаеме, а и ти знаеш – децата ни гладуваат. Господ не ги зема ами ни ги остава да се бориме за нив.

– Добро, рекла игуменијата. – Сепак, четириесет и кусур воденици се многу. Земјата ни е посна и песоклива. Не ќе има што да се меле. Камења камен не дробат.

– Ќе работиме и за другите села, се замешал вториот; и тој бил Онисифор, само со поинакво второ име: го викале Мечкојад, му се тргале од пат, повеќе му се плашеле отколку што го сакале. – Сепак, мајче,

четириесет и тројца имаме запреги да пренесеме товар и од подалеку, од гробот Христов ако сакаш.

– Патот?

– Знаеш дека сум одел по светов. Согласи се да ја водам тајфата и благослови ме. Господ ќе ме чува мене, јас луѓето.

– Господ е на страната на умните. Тој веќе ги одбележал улавите.

– Благослови ме, мајче.

Тогаш игуменијата се сетила за нешто што не го спомнувала до тој ден. Прстите на десната рака како да сакале да исцедат капка од дршката на секирата. Зошто тој црн Онисифор, без влакна само во подмолните очи, носи златна обетка на левото уво? Косите, повеќе лилави отколку црни од јад или побелени од спомени, ѝ ѕиркале од под забратката и биле некако призалепени за скаменетото лице кое не познавало насмевка. Јастрепски остроока, подгрбавена аглесто и со машки објала под црната калуѓерска облека, така што дури и рамениците ѝ личеле на скршени или преморени крилја, изгледала дека никогаш веќе не ќе зачекори по таа земја на тага, дека ќе остане на тоа и свето и проклето место, помеѓу две нездрави црни борови стебла, и самата да пушта од себе испреплетени корења и да го наслушува со накривена глава минатото. Навистина се сетила дека некој едноок дедо на тој втор Онисифор живеел во пештера со косместа мечка, скотски се врзал за неа, за нејзиното живо месо што копнеело по свој род и пород – на мажјакот пред тоа му ги издупиле градите со копја, да легне послана неговата кожа под миндерот на некој турски стрелец и имотник.

Игуменијата исцибрела од сеќавањата. Измитарената љубов помеѓу мажот-ѕвер и мечката-жена, според преданијата на селаните од тој крај, почнала во времето кога најугледните родилки од Кукулино се триеле голи една од друга со извици *Роди, земјо,* и голи се тркалале по нивите да роди земјата како што раѓале и тие. Таа љубов, значи, почнала во една пролетна мугра. Мечката го хранела брадосаниот никаквец и натрапник престрашен и за ѓаволот, му носела големи гранки со оскоруши, грмушки со дренки и искорнати гнили стебла со мед во утробата. Тогаш можеби била и скотна. А тој се дебелел, бил мечок на две нозе и бил алчен, ненасит. Во откраднатата крбла за млеко гмечел со боси нозе туѓо грозје, се опивал, ревел споулавено. Кога ќе се стемнел, со жили и мускули во својата става за тројца, мечката бегала од него. Претчувствувала – тој гладувал по месо, а овците на аргачите ги чувале огнови и пци. Неколку ноќи ги демнела стадата и бегала пред пци, извици и блескави гламни. Потоа се случило: во пештерата, без знак на човечки дом и без сведок на страшниот настан, пред планината да ја покрие зимска лутина, на изгниено сено останала грубо одрана кожа и големи изглодани коски. Се прочуло: џинот од Кукулино бил виден со крвава брада и со конци пресно месо меѓу забите. Се тетеравел по шумата и ревел со подадени раце кон небото, кон пеколот на тоа небо и кон куциот господар на тој пекол. Секако дека љубовта на мечката била поголема од неговото искушение; ѕверката не се бранела и не оставила на неговата става ни најмала гребаница. По таа вест што ја донеле изѕемнати дрвари со големи шубари и со трпки под

кожата, селаните попусто поставале заседи и острозаби стапици, најмногу по врвиците што се спровирале низ северната црногорица. Се морничавеле исплашени од многуте прикаски дека мечкиниот свршеник ќе почне да се дебели од женско месо. Со снегот го снемало, фатил џенем или се присокрил негде за нови злосторства. *За какви злосторства?* Се прашувале луѓето, *За оние по кои не ќе остане за новороденчињата жена со боска*, говореле и пак демнеле и ковале нови стапици. И нигде на планината не можеле да најдат трага од неговите големи стапалки, и ако нашле не ќе се излагале – ногата на тој изрод не можела да застане ни во детска колепка. Со првите пролетни дни, по сите зимски мори и плашења, еднookиот дошол ноќе од непознат крај, убил туѓа кобила и со големите нокти ѝ ја искинал утробата; ѕверскиот корен можел да му се напои само со густа врелина на крв...

– Патот за Лесново, го знаеш ли? прашала игуменијата, и веќе не можела да го стивне во себе преданието за овоземниот призрак, речиси му се предала неподвижна, сè уште исцибрена но без воздишка. – Кажи, го знаеш ли тој пат?

... Во стапиците на оние од Кукулино паѓале лисици, бил фатен и стар, од муцка до опаш побелен волк, еден од оние за кои се говорело дека препливуваат некоја голема река и се доселуваат некаде од Влашко. Човекот-ѕвер бил поитар од животните. Еднаш, ноќе, влечен од алчност, зад гробиштата на селото тој убил свое чукаре и веднаш ја нурнал муцката во пресните дробови на добичето на тој црн ангел за утрешни ораници. Локал, кинел со заби, збивал и не слушал дека неговиот втор

син (првиот го барал одметникот татко по планинската непроодност) нечујно му се доближувал од зад грб. Куциот го заборавил својот верник и придружник. Со сила на божја казна врз тилот на чудото паднал тежок каменен чекан. Пред да пробие од пукнатата черупка сокрвца и бела глекавост, пред едното око да се покрие со сив и лилав мраз, подивениот се извиткал со крик. Со брз, последен замав во животот му го зграпчил левото уво на светиот злосторник и му го скинал – една крв се, нека џбурка таа од две глави. Потоа паднал неподвижен, нацицан со животинска крв, тежок, со набабрено око свртен кон потсмешливиот прекор во муцката на чукарето. Но синот сѐ уште го кревал и го спуштал тешкиот чекан. Удирал и ја дробел крцкавоста на главата што ненадејно брзо станувала безобличност на искинато месо, на крв и на ситни ковчиња. Потоа паднал преку мртвиот и го продолжил својот нов занает со заби, на кучешки начин кинејќи ја ’рскавицата на гркланот додека крвта од она место кај што му било увото се мешала со нешто потемната крв на проклетиот татко, неколку години потем на тоа место да не никне ни најдива тревка...

Оттогаш, во знак на набожна покорност, поколенијата на еднооокиот, најверојатно по совет на некој свет човек, носеле на левото уво златна обетка и иверка свето дрво под душата.

– Реков, мајче, дека сум одел и подалеку од Лесново. Од морски брегови сум терал камили. Евреите басмари и денес ме бараат. Тие баздригани со бели валанки на глава севезден се молат за мене во своите аври.

Игуменијата ја спуштила секирата крај него. Ста-

рото предание било сенка околу која не постоело ни движење ни надеж и лежело врз нејзината совладана свест. Така е тоа: маваш со врпал и си ги соборуваш врз глава оревите на вчерашната темница. Можело да се претпостави само дека преку нејзиното чело се протегнала уште една брчка, нова и непозната, за капка пот во ноќите на стравот, во ноќите кога повторно ќе си ја прераскаже историјата за оној некој дедо на вториот Онисифор.

– Знам, си одел со камили. На тој пат си се обидел да приколеш во некој ан патник, чинам призренски латин.

– Натема ми на душа, мајче, ако било така. И тој арамија имаше нож.

– Брз си на рака, синко. Запрегите ќе ги води Онисифор.

– Кој? Онисифор Мечкојад се драпал со десната рака под мишка или барал дршка на краток нож. – Кој Онисифор, мајче, ако не ти е тешко да покажеш со пресветиот прст?

– Овој, Проказник. Со божји благослов. Неговите дедовци донеле прекуморска проказа во Кукулино и со својата рака ја сотреле болната челад.

... Биле тројца и веќе никој не ги паметел. Кога дошле со мирис на сол или на јод или на морски треви во косите, еден од друг погрд и сепак со чудна смиреност под русите веѓи, рекле *Дојдовме од далечни морија, бевме со синџири врзани за кораб, му отслуживме на царот, нѐ пушти и болни и беззаби.* Биле начнати, краститe не можеле да им ги излекуваат ни со стопена лој од зајак, ни со лист од тегавец, ни со бајачки. Луѓето од тој крај никогаш не им се чуделе на

краститe – срцето е здраво, и на ѕверот кожинката му се митари. Тројцата донеле со себе невидени и нечуени чуда: сребрени белегзии со модри каменчиња, школки, од кои, кога ќе се легнело врз нив со уво, шепотело морето, вретенесто суви риби со отворени усти и со боја на проѕирно злато, басми со секакви шари (едно цветно поле од качунки и синолички), морски ѕвезди, презашеќерени непознати овошки од кои се дебелело. Освен тоа, ако можело да се памети, секој од нив носел под арапската антерија скриено крвче од седеф. Потоа, минувајќи како сиромашни муслимански аџии, им објаснувале со турски зборови на Турците дека се со кулаклии а најстариот со нацак за да се одбранат од арамии и, штотуку дошле во својата куќа, се наметнале пак со кожуви. Но и под антерија и под кожув краститe се ширеле. Потоа живите рани го начнале месото и на другите од куќата. Најстариот, оној што на пат носел остар нацак, рекол дека проказата ќе го изеде сето живо месо во селото. Не помагале ни молитви на лекувања. Според преданието, преданијата се секогаш вистина на селанската мака, на спиење ги исекле болните и ги однеле на планина за да ги закопаат под еден крст, веднаш на тоа место да пробие света извор-вода, чии капки лекувале очебол. Несреќниците не побарале прошка од никого. Се повлекле зад диви и непристапни врлежи, во земја на вечни сенки и на дивина да се молат поснички и да гнијат. Им се заборавиле имињата. Тројцата останале во сеќавањето на луѓето и во ноќните прикаски како набожни проказници од нова балканска Библија. По толку години, секако предолго време и за најсвет живот, кираџиите и дрварите се колнеле

во очите и во децата дека ги сретнале во дождливите есенски наквечерини, тројца, костур зад костур со долга брада, начујни очајници и голтари до кожа. Секој од нив имал свое стебло под чии длабоки корења издлабил легло врз црна, од распаднато месо мека земја. Затоа и трите букови стебла биле највисоки во шумата на која никој немал тапија, ни везир ни валија. Од тие дрвја се одбивале секирите на дрварите и се кршело железото, од плитко засечената кора се цедел сок по густина и бледомедена боја сличен на коскена срцевина. И земјата, и небото и тревата околу тие дрвја, дури и карпите изгризани од животот, како низ танка магла да се ѕирале, илјадници пламенчиња на свеќи и на факли зрачеланоќе млечна светлина.

– Не занесувај се, мајче, со народни лаги. Никој не знае што се случувало некогаш. Ни ти ни јас. И не проколнувај ме. Дојден сум по благослов.

–Покори се безропотно, Онисифоре. Го определувам другиов да ги води запрегите. Со него и тебе ќе те благословам.

Тогаш на игуменијата ѝ се причинило дека и од очите на тој Онисифор Мечкојад никнуваат влакненца, се кадрат и се замрсуваат, и дека е тој сиот едно големо клопче козина. Гласот му доаѓал од далечина и од минатото во кое еден друг Мечкојад сѐ уште во темна пештера глода коски на ѕвер и во кое тројца болни од проказа му се молат на господа да им ги земе душите.

– Мојата крв, мајче Минадора... Таа не се покорува. И не верувај дека ќе ме сотре натема. Рано е да се подгрбавам под клетви. Не прочитал никој во црковните книги дека дедо му на мојот дедо живеел со мечка во пештера.

Тој бил посник, светец. Тој, не дедовците на некој друг.

Онисифор Проказник поминал со палец преку лузната на своето лице. Во таа чудна суводолица, ни рана на заздравување, ни болка, ни спомен на болка, во сета нејзина издолженост, до работ на острата вилица, лежела зимска модрина на истинато месо. Ослободен во набожната покорност да господари и да ги држи дизгините на туѓите судбини, не можел да сфати зошто се буни крвта на неговиот камењак.

– Остави го тој твој дедо нека си почине. Не сме дојдени заради него. И никој ничија душа не може да ископа од земја.

– Но тој постел, разбираш? Бил светец.

На нивните кожуви се леела студена сончева светлост. Сенката на манастирот паѓала на другата страна, кон густите полусуви и сè уште неизгорени смреки премалку достоинствени за својата жилавост, кон зимзелената расфрленост што горе, под најблагиот превалец, се проретчувала пред старци дабови, и пред парченца млечна покривка на снег со четирипрсни траги на лештарки и со лански примки за горски еребици. Наеднаш, им се сторило, планинските долишта ја притаиле својата бучлива песна. Се почувствувале како три урнатини на глув простор и во мртво време. Како да чекале тишината да ги закопа, да ги израмни со недоодмразнатата земја. Во исто време некаде стивнувала рапава песна на гладен и безнадежен гавран. Но игуменијата знаела дека во тој миг земјата испушта влажни воздишки, дека се напрега да се разбуди. Се сетила – по неколку месеци ќе прсне искра од чобански оган и ќе се присокрие во сув мов. И никој

не ќе го забележи новиот живот на едно умирање. Ќе дојде потоа од својата седалка ветар да си поигра. Ќе ја разбуди во мовот притаеноста на огнот; доживувајќи го својот златен сон, искрата ќе вивне од себе самата и ќе ја плисне шумата со пламен. Дури ни коренот во длабочина не ќе ѝ избега на кобата. Сеедно, доаѓала пролетта. Но игуменијата не била руменолика девојка да ѝ се радува и да се кити со кукурек и јаглики: доаѓа време кога јаболкниците ќе бидат нападнати од гасеници, а компирот од кртови и слепи кучиња.

Онисифор Мечкојад уште го бранел својот дедо и го повикувал и господа за сведок. Преданието го сопнувало во чекорењето низ животот. Повторувал – светец, посник.

– Светец, воздивнала со прекорно сомневање игуменијата. – Минало времето на светците, синковци. Овој век е поинаков од оној вчера. И внуците се поинакви од своите дедовци. Клекнете.

Земјата на манастирскиот двор била мека од влага. Тие чекале со скаменети лица дали не ќе ја доловат од далечина песната на невидливиот гавран. Сенките скоро не можеле да им се забележат во жолтеникавата полегнатост на тревата. Птиците умираат невидливи, мислел некој од нив. Тромав од старост и со студ во коските, светлозејтинест и без надеж дека ќе му се спротиви и на помал волк, манастирскиот пес безволно им ги душкал опинците. Очите му биле две прегорени јагленчиња без вид.

– Клекнете. Онисифор Проказник ќе пее патем молитви и ќе внимава на постењето.

И во тој последен час на денот, во тој брз заод на

замагленото сонце, игуменијата со малку потемни сенки во очите, непроменливо загатливо и стара каква што можела да биде пред десет години или каква што можела да биде по десет години, кренала рака за удар или за благослов. Гласот ѝ станал длабок, повеќе заканувачки отколку старечки. Ѕвездата на брчките околу устата се раздвижила. И едниот и другиот Онисифор побрзале да клекнат и да го испијат со колениците сто студенило на влагата.

– Пред многу години, пред вие, парталковци, да бидете родени, можеби и пред вашите татковци или дедовци, живеело на земјава човече со тртка на носот. Се претставувало како божји пратеник и барало сè живо, и старо и младо, да паѓа пред него на коленици. А кришум поткраднувало што ќе му дошло под рака. Рачињата му биле меки, нечујни биле, петоглави гуштерчиња во човечка кожа. Ќе се подадат, ќе дрпнат. Му растела на светецот тртката на носот, му растело и мешето. Дури и манастирска пастрма му се сладела. Еднаш, ноќе на сам Велипеток, некојси калуѓер го стапнал човечето зад бочва. Џвака сланиничка и потпивнува вино, чепот му бил до уста. Господ те обележил, рекол отецот, Кузман или Дамјан, кој ќе знае, но не да бидеш свети Лука или свети Никола, туку луѓето да се чуваат од тебе. Го зграпчил за крадечката шија и извлекол нож од ојало. И му ја стругнал тртката од носот.

– Зошто тртката, мајче.

– Зашто ни тогаш немало светци. Станувајте и патувајте.

Наеднаш навистина како да ја поклопила магија на пролетта што не можела да биде далеку од нив. Се

насмевнала со ноздри итречки и повеќе за себе, кришум. Сенките под нејзините очи се распливнале. Оние двајца уште стоеле во исчекување. Таа веќе чекорела кон конакот со три одаи и со покриен чардак. Песот адамосано се влечел по нејзината сенка – на запад се протегала белина; малку време пред тоа таквите заоди ветувале јасник и волчи завивања.

– А оној, мајче, крадецот? Му пораснала ли нова тртка?

Не се свртела. И кога им се изгубила од пред очи, и таа и зимски избледениот пес, тие стоеле исчекувајќи – некој однегде можеби ќе им одговори на некакво прашање што допрва почнало да им ги изметкува нишките.

– Не верувам, рекол Онисифор Мечкојад. – Зошто калуѓерот му ја стругнал тртката, зошто не носот?

– А јас, ете, верувам, рекол Онисифор Проказник.

– Има такви места на човечката става во кои се собира зла крв. Се свиткува во клопче и пушта отров што допира до мозокот. Тртката била такво едно место.

– Абдалак. А како крадецот имал друга тртка под гаќите?

– Не занесувај се. Крадците не носат ни фанела ни гаќи.

# 3

Во валугите про’ртувало непознато семе. Но гладотијата сонувала амбари.

Незаборавниот ден осамнал со неколку богомолски подвиткани кокичиња во присојот на источните манастирски ѕидови. Со скокотливи мравки во грлата, движења на топлина што измамува и ги распливнува трагичните мисли за крајот на животот, најстарите се погледнувале со надеж. Во такви часови, додека лазарски се исправувале со нејасни радувања, очите им се изострувале како и што им доликува на умните. Го следеле животот околу себе со возбуда испливана од под мразот на зимската притаеност: и најстарите дрвја се подмладуваат. Но на неколцина старци, не толку високи колку суви, Онисифор Проказник им се сторил постар од своето старешинство. Таков им доаѓал пред тоа во соништата или со тегобите: намќоросан, речиси без линија на усни, нездраво бел под небриченоста. Не бил нем само Онисифор, тој, со лузната, туку и сите други заедно со жените и децата што помагале во запрегнувањето на добитокот во двоколките на кои ќе се донесат воденичките камења од Лесново, по нивна сметка пред да созреат црешите, пред лето значи, и луѓето редум ќе ги израстоварат на брегот на Давидица, секој свој товар пред своја воденица што жената или некој старец или роднина од Побожјане, од Бањанци, од Кучковица или од Мирковци ќе ја допокрие. А кога

почнале да товарат во запрегите торби, дисаги и вреќи од испосошиени ненужни крпишта, кога се видело дека на пат се носи пченкарно брашно, пресуво, преслабо и пресолено козјо млеко, низи кромид, лук и пиперки, сирење, малку помеко од камен, изварка, сол, ракија, суви овошки и којзнае што, и другите освен старците знаеле дека сѐ е пресметано од порано – сиромаштијата не е без разум и кога е без леб.

– По домаќиниве ќе плиснеме само вода за среќен пат. Никој, разбирате, солза да не пушти.

Во просторот помеѓу куќите и рекичката што брзала ослободена од мраз и со поинаква боја поради надојдената снеговица, гласот како да не значел ништо зашто сѐ што ќе се кажело, тоа истото веќе некој го мислел, не еден туку повеќето, ако не и сите околу запрегите. Во такви часови и тагата онемувала. Дури и оние неколку тажачки, жени стари како желки и до нос во црно, секогаш готови над туѓ мртовец да ги споменат своите покојници, без допир една со друга и секоја со свои претчувства, стоеле во јато, птици што чекаат ветар да ги однесе некаде во топли и богати краишта. Само еден, некој Јаков Иконописец кој ќе останел да го надгледува доврдшувањето на водениците, движен од исконско пијанство во себе, можеби со заткарпатска медовина во крвта, без причини се обидувал да запее. Сите знаеле дека тој му е близок роднина на косместиот Онисифор Мечкојад, некои дури и слушнале како ѝ се заканува на игуменијата Минадора. Не го сметал другиот Онисифор за достоен старешина. Според него, тој бил плашлив и недораснат да ги води запрегите и, освен Кукулино, познавал уште само неколку села.

Ако патувал некогаш негде, заборавил. Само со едната нога бил на овој свет. Од удари на животот носот тажно му висел; бил светец на манастирски ѕид, се симнал проѕемнат од тој ѕид, поцрнел. Ни со божја помош не можеле веќе стутканите уши да му се доближат до черупката. Селаните му го заборавиле зографското мајсторство и без сожалување го гледале како ги влече нозете со мувлосан студ во исчанчените колкови. Од таквите, велеле, се бега и по неврвици. И сите знаеле дека Онисифор Проказник не го сака во тајфата, не зашто бил во работните дни песнопоец, никако поради тоа, туку зашто патем можел да стане товар. Без да се дознае дека еднаш на друм бил тепан од двајца заптии, несреќникот понекогаш ноќе, додека умните и живите седеле зад замандалени врати, одел по селото и замавнувал со вила кон пците и сенките. Денот му бил ноќ, се плашел од светлина. Немал два живота; сепак дење го презирале, ноќе му се восхитувале со морничавост. Но и оној што се плаши од денот, го чека тој ден за свои тајни дела.

Никој не видел како Јаков Иконописец му дошол на старешината зад грб да му ги стиска плешките со три остри запци на куса јасенова вила. Како да излегол од кожурец: бил подвиткан, сиот во некој трепетлив грч, навидум слаб да се движи. Во очите му пливале грутчиња засирена крв, румени раски од кои и солзите се крвави и од кои невидено сѐ се распливнува.

– Помоли ѝ се, батенце, на проказата дедовска, рекол грчав и без светлост во разумот. – Не си ти игумен меѓу дивјаци. Онисифор наш, оној онде, ќе ги влече запрегите, Јаков ќе му е штит на рака.

Навистина умот му бил без светлина. Тоа можело да се забележи – во изѕемнатото грло му клокотела смеа слична на липања. На носот му висел проѕирна капка, во бистрината на таа капка можел да се огледа светот, сето село, планината зад тоа село, дел небо над таа планина.

– Каде е сега мајчето Минадора да ти помогне, батенце? Ја нема. Ти се стегнал грчмулот, те зборавила. Некои луѓе имаат под гушата парче свето дрво. Во тоа им е силата. И Јаков има такво парченце. Се брани од зло и го гази.

Онисифор Проказник се свртил со бавно движење. Така, потивко отколку што се очекувало додека со некаква измореност ги потпирал градите на дрвените запци, прашал:

– Колку деца изделка, мркачу, со првата, покојната Коца на Трипуновци, и колку со сегашнава што ти дојде до Побожјане?

Јаков Иконописец за миг подзинал од неочекуваното прашање. Каква стапица му готви Онисифор Проказник? И како и секој споулавеник што од дните на разумни и расудувања крие во себе итроштини кои го бранат и му даваат сила во некои часови, смерно се наведнал. Таков, чиниш недопрен од искушенија, можел да предизвика љубов кај луѓето – со исшмукани коски и гргалец на говор е, судел и бил духовник, сега му суди душовадник. Стоел како на губилиште.

– Пет од првата, покојната Коца, три од сегашнава. Зошто?

– За чисто брашно, за она брашно што ќе треба да им го донесеш на тие деца. Тргај ми се од очи ако сакаш

и утре да делкаш килави ѓаволчиња.

– Не се тргам, гороломнику. Јаков ќе те пречекори издупчен, тоа ќе го стори Јаков, ако сакаш да знаеш.

Иако тежок на чекор, навидум дури и истоштен, Јаков Иконописец не можел да биде слаб во рацете додека со опнати коленици се подавал напред со вилата. Како да не претпоставувал што може да се случи или како да сакал да се случи нешто поради што ќе му се памети името. Додека сите други молкум стоеле, Онисифор Мечкојад, следејќи го другиот Онисифор, и самиот се подал малку напред, мислиш ја имал вилата во свои раце или, најпосле, мислиш го поттикнувал својот роднина да издржи до крај и пак утре да фрла семе за нови и идни преданија што ќе се шират и ќе бабрат од квасот на стравот, тоа глекаво и лепливо тесто да ја покрие срамната прикаска за неговиот дедо или за дедото на некој негов дедо. Вилата, секако пресуда и преистанчена, пукнала. Гледајќи ја дршката во своите раце, остаток на сила и нејасна омраза, споулавеникот седнал на камен и го потпрел челото на поткренатите коленици. Во грлото му зажуберкал плач, не многу поинаков од поранешното смеење. Како кутнато стебло по надолнина однекаде се дотркалал еден од племето на Проказниците, некој недоучен тревар Пандил Димулев, син на свој дедо, ако можело да се верува, зашто кога тој се раѓал, татко му не бил в село повеќе од две години; го кренал од земја скршениот дел на вилата, во недоумение да се прекрсти ли пред чинот за кој се определил или да го стори она што го смислил па потоа да побара прошка за својата душа. Бревтал.

– Осум деца, се свртил кон најблиските. – Тоа е

многу ако се погледне каква мрша раѓа. Селото ќе ни се наполни со џган... Ќе му пресудам, браќа.

Јаков Иконописец, сега со мудречка неизвесност на лицето, жолтеникав и мал, премал и за бостанско плашило, ги подал рацете кон петте сонливи старци што се доближиле со израмнет чекор.

– Одбранете ме, стриковци. Јаков во младоста спиел на папри под дожд и се молел да дочека старост.

Петте старци, тајно селско правителство и таен суд за селанските судири и недоразбирања, ги составиле главите, од нога да решат заслужува ли Јаков парче негова вила со три запци да му стане судија, суд, судбина. Веднаш, мислиш ја знаеле пресудата уште пред настанот, се одвоил еден сув и висок, целосно ист и исто облечен како и другите негови врсници. Не бил ни постар ни помлад од другите и како да наслушувал нечиј глас што веднаш ќе го повтори.

– Споулавениот и кога живее е мртов. Ние не одобруваме да го казниш со вила. Од таква смрт и крмнакот се повампирува. Земи ластегарка и мавај. Исправи му го грбот. Со наш благослов ќе броиш до десет.

– Ластегарка, повторил некој. – Нека земе овој црн Пандил на друг да му го исправа грбот. Или тој сака кожа да дере?

Од зад својата недотоварена двоколка со брезово воле излегол Онисифор Мечкојад. Земјата пропаѓала под неговите пиралки во опинци од кожа на диво свинче. Можело и отподалеку да се види дека е погрд од својата вчерашна грдост, онаков – ненаспан и недоверлив, повеќе со намера да предизвикува отколку да заштитува. Зад него стоел неговиот шестгодишен син

со обетка на левото уво; косата, како и кај таткото, почнувала од веѓите; уште некоја година и од ушите ќе му пробијат влакненца.

– Ти прилегам на мечка. Го водиш и синчето да се изналапа пресно месо.

Сфаќајќи го предизвикувањето на црниот Пандил, една од старичите со надеж, ако не и со радост, им рекла на другите тажачки дека секако ќе си ги споменат своите покојници крај мртовец. Птичјите очи на клунестите лица им солзеле. Чекале згрчени, мртвите од гроб копнееле по нивниот лелек.

Пред предизвикувачот да се доближи до навртените запци на скршената вила со која црниот од другото племе го чекал со возбуда, Онисифор Проказник се наведнал и со едно џапање го кренал виновникот на караницата.

– Сега ќе те однесам дома, сотоно. Лежи на прегреан цреп, кркај тикви печени и прави деца. Ѝ тежиш на земјава, твојата крв ќе ѝ е потешка.

– Чекај, го заборавил Пандила Онисифор Мечкојад. – Сакаш жив да го закопаш?

Онисифор Проказник се запилачил во него со строгост на постар иако, како и другиот, не можел да има повеќе од триесет и три или четири години. Како и секогаш, врз едното око му лежела густа коса, перче слично на дел од животински опаш.

– Тој се закопал кога се родил. Товари ја колата – што чекаш? И врати го ножот в пазуви. Погледни, твојот братучед ми заспа в раце.

Малиот Мечкојад, прцулче во секакви партали, прашал кога ќе умре Јаков Иконописец и некој се

насмеал (– Господи, рекол, ни децата не се веќе деца), а тој настан, навидум без значење, ги обележил триесетте и неколку години на Мечкојадовото лице со триесет и неколку брчки. Тие ситни и судбински белези биле видливи и под силната влакнавост. Послушал, го вратил ножот в пазуви. Не можел да удри в грб. Онисифор од другото племе уште еднаш го погледнал преку рамо неодредено и со едно око поголемо од сечии две. Плукнал. Од жлездите му се цедел сок на лутина. Подоцна другите слушнале како пцуе, всушност без збор ја товарел двоколката и бил намуртен колку што бил и Онисифор Мечкојад пред да се изгуби од пред нивните очи и од синот со иста обетка на увото каква што била и неговата. Носејќи ја сета бучава на својата крв и глава, сличен на подвижна карпа над која господари моќ на несопирлива вода, гледал само пред себе и сепак со секој чекор чиниш барал и каменот да му се истави од пат. Брзал кон куќата со гнил дел на чардак, тврдина на стаорци или човечко дувло од плитар што не можело да има поинакви прозорци освен од парчиња момирок врзувани со олово во несигурната рамка на квадратот. На накривеното куќиште била заглавена над вратата икона од оревово дрво: безимен светец со чудесно лице на млад левент во пламена облека и со пламено копје во пребелите раце јава градест и гривест коњ и убива ламја со густ тутунски чад во ноздрите, боде многузаба исклештеност со грбник на кострeш, а во далечина под замагленото лилаво и алово небо, пукаат планини на чии преслапи фаќаат ’рѓа капки сонце – тече црна крв меѓу премазни камења, опашот на чудовиштето со последен бес се обвива околу младите нозе на белецот,

земјата испукала од морничавост, во пукнатините повеќе се насетуваат отколку што се гледаат змии и гуштери. Онисифор Мечкојад ја бутнал вратата со нога (светецот се затетеравил од ударот, копитото на коњот се допрело до аждерот) и влегол во одајче претесно и за џуце. Внатре лежел на куп кожи вујкото Јаков, сам и помал отколку што бил пред тоа. Онисифор Мечкојад ја стиснал кусата дршка на скршената вила. Воздивнал со превлакнестите ноздри. Светлоста на кандилото од ѕидот ни со најмал зрак не му го допрела лицето. Малодушникот не можел да му ги види очите на внукот и не можел да прочита во нив милост. Малоумнички во лежењето се потргнал кон ѕидот.

– Вујко сум ти, Онисифоре. Не смееш да кренеш рака на набожниот Јаков.

Казната на џезата, на тој див закон (отсекогаш право на неколцина старци) да се глоби, дури и да се тепа и да се претепува виновникот па и со негова крв да се мие срамотата што му тежи на селото, ја зел во свои раце Онисифор Мечкојад. Удирал и не броел. И не гледал каде паѓа изделканата јасенова гранка.

– Немој, викал другиот и сè повеќе ја пикал главата во кожите – Јаков ќе е татко и на деветто дете.

– Кога нешто ќе почнеш, доврши го, засипнато рекол Онисифор Мечкојад; веќе бил без омраза кон својот вујко, кон неговиот облик на замелушен гуштер, кон неговото олцкање и тресење.

– Немој... Пушти ме. Креваш рака на свет човек. Погледни ли над вратата кога влезе? Јаков умее да напише јунак и умее да напише аждер. А какви се аждерите на иконописецот од Побожјане?

– Вакви, вујче.

– Престани, проклетнику. Ќе ме осакатиш... Побожјанските аждери се крастави жабоци без нокти и без заби. Со потпрен тил на ѕидот плачел. – Сакаш ли да го убијам оној другиот Онисифор, внуку?

Десната рака на неговиот внук била продолжена со скршениот дел на вилата.

– Ништо не сакам и ништо не сум барал од тебе. Те натепав зашто нема вода со која ќе го измијам срамот.

Се свртил ненадејно и се опнал на едно од осумте деца на вујкото, го превртил, го оставил да лежи крај неколкуте празни стомни. Од неговите чекори куќата се тресела.

– Те проколнува Јаков – слушаш ли, ѓаволу? Утре ќе го напишам твојот лик во вжештена смола, меѓу оросплии и крадловци, меѓу безделници и никаквеци. Ќе те турне Јаков в пекол, само малку да пооздрави, ќе видиш.

Онисифор Мечкојад не го чул како ни тој што не го чул чкртањето на здружените двоколки по чиј ред жените и децата оделе до Бекирова ливада.

...Но најпрвин го засекле своето месо со змиско ноже и го отпечатиле крвавите палци и показалци врз страниците на старото манастирско Евангелие. И еден по друг паднале пред олтарот. И се заколнале дека ни на смртта не ќе ѝ се тргаат од пат.

Јаков Иконописец останал сам, врел и во склоп на модрини, наеднаш безимен и бутнат на некое дно на кое само месото ја памети својата болка. Се тргал, сакал да му се врати на својот свет што го измислувал, сакал да гледа како по усвитени карпи се лизгаат грешни души, со крици на врани паѓаат во густо и вжештено море

и ѕурат со усвитени клобурци кон своето блажевито минато.

– Јакове, рекол едно од неговите деца што се собирале околу него – стасај ги, исколи ги.

Навистина тогаш мислел на одмазда, во родот чија крв наследил се знаело за неколку одмаздници... Бил некој Ќазим, внук на Јонуз Речанец, потурченик и борец од времето кога Пиколомини го палел Скопје. Тој контик ја грабнал едната од трите сестри на Синадин Побожјански и, по малку време, бил убиен зад Лисичија. Виновникот Исидор бил наденат на кол. Друг, Секуле, бил обесен зад Куршумли-Ан поради двајца иноверци од латинските морињa, ги носел на душа, му ја зеле душата. Трет од Јаковиот род, Никанор Набожник, самоповикан псалтик, таен учител, неграмотник во лита мантија, всушност пребојадисана дервишка антерија, со секира му исекол рака на некој Черкез, џамбаз и измамник, и избегал на планина, таму по еден Божик да го расчеречат во свадбарски занес прегладнети волци.

Да, тој ќе стори нешто, Јаков не останувал должен, ќе капне крв пред неговите нозе.

– Ќе ги стасам, им рекол на своите деца. – Пуштете ме да поспијам. Јаков ноќе живее и ноќе патува.

На Божик ја завршил и му ја подарил на манастирот големата икона на божјата леунка, пред која клечат сите балкански светци и војувачи. Да, тој ќе стори нешто, навистина. Лицето му било како полеано со варено зелје.

# 4

Пред поаѓање не знаеле дека патем ќе ги следи нечујно и со замрзнат здив непознато чудовиште. Никогаш никој во животот не бил толку сотиран да умира во страв од нешто што не видел и што не сонил. Пред втората ноќ на големиот пат, скоро со скок џапајќи се од нечие бладање, чудовиштето ги надраснало дрвјата и каменот и пошло со тешки и сепак притаени чекори по линија на светлост и мрак. Карпите биле осветлени однатре, зрачеле своја мека и студена проѕирност. Со малку напор можело да се види дека од небото висат клобурци. Земјата се стеснувала, завршувала, од сите страни ја стискала магла. Дрвјата се протегале како лузни во лилавото сивило. Сѐ повеќе дупчест и ребрест, колскиот пат брзал кон бездна. А корењата на којзнае кога заклаените стебла не го пуштале од грчот на своите прсти стврднатиот хумус. Чудовиштето пребрзо го извлекло опашот од просторите на на квечерината за да стане стопан на сѐ во мракот и со издолжена, од старост испукана или крастава ако не и лигава шија, да се наднесе над нив и да им го души тилот. Поточно, нивното здружено претчувство го окотило плашилото: рог во лак свиен на гуштерска глава, под тој рог две пакосни очиња, две жарки, студени и шашливи за да видат сѐ пред себе, под себе и зад себе заради тоа, доколку патувале по мрак и магла, се грбавеле и никој не сакал да биде последен во редот, без заштита зад

грбот, и биле неми и сепак отворени за секој непознат шум. Но додека спиеле, трупишта на боиште што само победниците го напуштаат, викале и стенкале рамно од утробата. Тоа чудовиште било побезбожно од оние на иконите на килавиот Јаков: наголемена змија со куси и криви ноктести нозе, под зелени крлушки и со крилја на лилјак; главата, со мршојадска брада на работ на вилиците, се тресела а врз ноздрите ѝ лежеле магли. Како дише чудовиштето, со што? Дише студ за да не се усвити од зли желби. Со жабри. Од каде доаѓа и кон што лази? Доаѓа од најтемното минато и се движи победнички кон крајот на човештвото. И што јаде, со што ја полни утробата? Лапа птици: чапји, дроплички, пауни, и крка животни: јазовци, диви јарчишта, пци, и гладно е за човечки жили и коски. По ставата на чудовиштето се припиени илјадници пијавици – кој ќе ги напои со крв? И земјата, заедно со ѕвездите, е дребулија на ставата на вселената, како што е и таа вселена ситно животно со некои свои смукалки закачена за друго, секако најголемо чудовиште. Тој плод на стравот, тој сложен облик на обеспокоената потсвест, тоа чудовиште во нивна близина, било ’ркулец на лудило што капнува од облаци или оживува во иконско мочуриште. Господи, се прашувале, со каква молитва се издига ѕид помеѓу злото и сиромаштијата?

Со разденувањето стравот се распливнувал. Луѓето ги криеле очите еден од друг и биле повеќе неми отколку решени да го признаат ноќниот пораз. Страв? се чуделе со арамиска исклештеност. Под нивните модри брчки се криеле закани. Светот е круг, врз тој круг лежи светлина. Надвор од тој круг, зад студените рабови на

испраќањето на денот, се постилал еден поинаков свет чија расплывнатост се вообликувала само ноќе. Под видливоста на небото нив не ги засегало што било пред тоа и што ќе се случи потоа. Мислеле така. Мислејќи, можеле да ги подадат ковчестите раце и подалеку од животот и со врвовите на прстите да минуваат по круг што го обележувале со вид. Не, оној друг свет од мрак не ќе може да ја пробие тврдината на нивните молитви. Тоа ги смирувало. Се чувствувале пречистени и лесни. Кога споредните патишта ќе ги снемало, патувале ноќе: царските друмови биле слободни само под закрила на мракот. Затоа преку ден сонот им бил посветол. Земјата со нејака трева се длапчела под нив, подвижните пирамиди на основите околу кои лежеле ги извивале своите знаменца и ги грееле, и секое нивно влакненце се враќало на своето место.

И како што гние арското ѓубре од свои внатрешни и болештини и топлини распаѓајќи се и станувајќи храна за пченичното зрно, да вивне тоа зелено, така и од дневниот спокој вивнувала увереноста дека ноќите се кратки за да се искожурчи од вековите измисленото чудовиште и да стаса до нив. Со чувство на вина што не се простува, ноќта се распаѓала на резенки и претставувала уште само сенка на ридови и на ритчиња, премногу косопасни и соголени од чифлигџии и селски копуци за да минат запрегите низ шума или да се присокријат негде призраците на Самуиловата коњица, или на Крум или на Душан, или на кој и да е војувач на ова парче земја чиј народец го проретчувал кој како ќе стаса, најпосле врз неговата тиква да се струполи и топузот на Бајазитовите потомци, тој топуз

да ги потурчува каменот, земјата и човекот со тапија потпишана одлево надесно и да граба од ’ржена слама машки деца – подоцна под сабјата на младите јаничари да дојде понекогаш родниот брат или татко, ни колачот ни закланиот да не знаат дека крвта пролеала своја крв. Голи биле ритчињата, можеле да се доголат и планините – утре ни беговите не ќе најдат дрво да обесат осуденик, ни копуците ќе најдат гранка да му го скршат вратот на бегот. Многуте видовници на минатото претчувствувале чудовишта и претскажувале потопи и божји казни, но ни тогаш ни потоа не можеле да предвидат што ќе им ги сотре шумите – гладни туѓинци, гладни огнови, гладни болештини или самата нивна гладотија. Зашто, тогаш и резенките на мракот лилаво се испарувале не можејќи да најдат засолниште во корењата. На својот пат луѓето бегале од шуми, од голите ридишта не демнеле лутооки арамии со кисел, мирис во брадите; неголеми простори на запрложен македонски даб, засолништа на лисици и црногрби свињи, камен и неплодна иловица – патем тоа ги чекало. И врвици на мртви, врвици на живи, врвици на оние што ќе се родат. И беспаќа, проколнати места на кои ни дивината не остава трага.

По ноќта на здружениот страв, по неколкучасовното спиење зад рид што ги делел од царски друм, Онисифор Проказник заповедал да го продолжат патувањето. На неговото викање со мака се разбудувале. Ги каласувала маглена павлака. Ѝ се тргале на земјата со сета своја вкочанетост и бушавост, ги извлекувале главите од измитирени јагнешки кожи и со самиот заод го знаеле точниот облик на чудовиштето. Пак неговиот здив ќе им ги кине жилите а истинатата крв ќе

се згрутчува околу коските и ќе ги морничави. Неколцина се побуниле: малку спиеле, зошто и ноќта да не си поспијат? Се чешале и нерешително станувале. Онисифоровата молитва стасувала до нив како нејасно мрморење на некој жуберникав поток недалеку од нив. И самите замрмориле и се згуснале. Видовитиот носител на знамето на стравот, оној Дмитар-Пејко, кој не ги познавал границите на сонот и на јавето, наеднаш брзо-брзо им го опишал чудовиштето. Тоа, според него се довлекло на ребрест мев од непознатата Арапија, сега го ора нивното отечество и не јаде желад, како што не ќе јаде подоцна ни трупки ни моркови, туку бара мевце, жили, души, до последната педа во црно ќе ја завитка земјичката. Неговите седумдесет години му ѕвечкале под кожата. За земјичката се пролева крв како во песните. Ја браниш и удираш. А тие, како ќе ја одбранат? Неговиот внатрешен метеж ги обземал и другите. Зошто се патува по невиделица, зошто не се слуша гласот на видовитата и од господа почитувана старост?

– Не биди ломбак, честит стрико Дмитре, со стежнат јазик рекол Онисифор Проказник. – И полжавот е побрз од нас, доколку сакаш да знаеш.

Лицето на Дмитар-Пејко малку се поднадуло. Под очите и во виснатата вилица му се таложела мудрост собирана уште од првите години на втората половина на осумнаесеттиот век. Отстапил малку пред налутениот челник и со прст повлекол невидлив крст преку челото. И се згутавил под лита наметка.

– Видовит сум, Онисифоре. Ти се колнам дека го видов и дека знам што нѐ чека ноќва.

– Што си видел и што нѐ чека? Онисифор Проказник без потсмев го гледал, секако не бил љубопитен. – Кажи, што?

– Видов огнен аждер, синче. Има мека муцка и нѐ души. Тоа ѓаволско животно е гладно. Некој од нас ноќва ќе е прв. Гледај – се стемнува. Оној ден досега беше само петок. Со темницава тој ќе ни е црн петок.

Веќе била ноќ. Другите не сакале да видат што видел тој. Можеби и ги стискале клепките иако можеле да догледаат дека низ порабен облак се покажало крајче зимурлава месечина. Бездруго со изѕемната муцка на бескуќен никаквец. Видовитиот Дмитар-Пејко сепак знаел како изгледа она што другите не го гледаат и знаел дека од дебелата ’рскавичавост на животното се одбива семоќен ветар и паѓа врз нив разбиен во капки. Барал да го послушаат, да не патуваат ноќе и со надеж претпоставувал дека диносаурускиот гуштер го надраснува нивниот господ како што нивното мрморење било надраснувано од покорност.

Онисифор Проказник му пришол полека на другиот Онисифор. Иако не гледал во него, без причина наеднаш чувствувајќи мирис на бадем или на летно испарување на засечен афион, знаел дека тој држи нож в рака. Неутешната убавина на зеленикавиот блесок на сечилото го предизвикала да воздивне. Околу него се движеле, некако самоволно, само сенките на луѓето.

– Се споулавуваат, повторно воздивнал. – Помогни ми.

– Тоа е привидение на лошата крв. Ќе почнам.

– Со нож, ќе почнеш со нож?

– Бездруго, не се возбудил Онисифор Мечкојад. –

Ќе му ја засечам жилата на челото. Онаа, меѓу очите. Во таа жила ’ртат црни соништа.

Зачекорил, застанал. Во мрморењето на луѓето можела да се чуе споулавеноста на стравот дека во ваква ноќ, трескава од свој студ, водата се дави во замрзнатите мочуришта и дека земјата, за да не се распука од глад, им ги џвака заспаните жилички на тревките. Пак зачекорил. Збиените луѓе како да му тргнале в пресрет. Но тој имал моќни очи и можел без милосливоста на месечината да го види меѓу сите видовитиот Дмитар-Пејко и да дојде до него додека ја сечел со џбиткавоста толпата што полека се стивнувала, чиниш ѝ се предала на судбината во многубожечко исчекување на ново чудо. Благо, без тежина, тој му го поклопил на видовникот едното рамо со дланка и му рекол да не се спротивставувала, да легне на грб пред неговите нозе, да остане без отпор пред ножот. Низ толпата се промушнал здив на олеснување – од искони ножот бил дел на нивна коба. И видовитиот Димитар-Пејко, маѓосан од допирот на вториот Онисифор, најпрвин клекнал, потоа без збор, како сето тоа уште порано да било предвидено или договорено, ги кренал рацете над глава и се спружил на грб.

Во тишината и во мракот се удирале рогови, добитокот живеел со свој живот. Можеби се бранел од споменот на ланските муви. Сепак некои од луѓето можеле да наслушнуваат брзо чукање, скржлаво во звукот, тивко; тоа или земјата си го одбројувала крајот или нечие срце било пред молкнење.

Ненадејно еден глас чудно издупчен од ветар и од уплав, и пак со дива вера во себе, брзо, побрзо

отколку што може да се изговори, рекол – Господи, не заборавај нѐ! – веднаш потоа неколку слични или наполно исти гласови да ја повторат таа самоучка и во тој миг измислена молитва или трепетливо каење пред суровоста на искушенијата – Господи, не заборавај нѐ, - и часкум им се сторило дека врз нив паѓа млака светлост, чудотворен оклоп на нивните верувања. Еднакви, со спуштени раце и наведнати глави, биле повеќе зафатени со себеси отколку со она што се случувало. Го заборавиле видовитиот Дмитар-Пејко и не виделе кога над него клекнал Онисифор Мечкојад, барајќи му ја со смрзнатите прсти на левата рака жилата на челото, обајцата со исти зборови на усните како и другите – Господи, не заборавај нѐ! Чудно било што и до тој суров Онисифор се допира набожноста на очајот, што едно од многуте пипала на тој очај се движи кон неговата загатливост, зашто само тој пред поаѓање не ја отпечатил крвта на својот палец и показалец во манастирското Евангелие и зашто само нему му рекла игуменијата Минадора дека ќе му суди под бочва некој калуѓер Кузман или Дамјан доколку му никне тртка на носот. Тој не се насмеал; рекол дека ни мајка ни кобила не родила калуѓер или оџа што ќе му суди и пред сите ја завлекол раката в гаќи да се драпа кај што не го јаде.

– Господи, не заборавај нѐ...

Му верувале на видовитиот дека ги следи некаков куп крлушки, заби и нокти, бездруго да се надвисне над нив, да ги поклопи и да ги стори испокинати мртовци со дрипаво месо на студените коски, сета таа бедна расфрленост да се сфати со последното делче на свеста и пак таа свест да се бори да остане непобедена. Не

верувале дека Онисифор Мечкојад ќе им помогне да се ослободат од стравот. Некој се обидувал да ги надвика. Слични во нишањето на дервиши, ги сведувале зборовите на молитвата на збивање, на ритмичко повторување – Иии-еее, - и некој од нив не мислел што било тогаш и што ќе се случи потоа, станувале сѐ повеќе едно *сеѓа* и едно скаменување со затворено и неподвижно време во себе. Оној што се обидел да ги надвика уште лежел на грб. Полека заспивал. Се смирил како да се нацицал ашиш. Неговиот судија или спасител се наведнал. И самиот веќе смирен, речиси и глув и нем, минувал со палецот на левата рака преку челото на старецот, барал и стискал додека не почувствувал мека гасеница под челото. Внимателно движејќи го ножот со десната рака, не колач или дерач туку избавувач од тегоби, брзо и кратко минало со остриот врв преку жилата. Видовникот само ги собрал колениците кон стомакот. Дури и кога Онисифор Мечкојад се исправил, тој останал да лежи на грб. Знаеле, на обесвестениот видовник очите му биле мртви а кон обете слепоочници му се леела крв, зла како што рекле пред тоа. Над него се наведнале две сенки. Го прашале како му е. Им одговорил со офкање. И тие, чиниш сториле сѐ што може да се стори, веднаш го заборавиле: зима е, старците умираат наесен. Затоа овој Дмитар-Пејко ќе си поживее.

Попусто Онисифор Проказник се обидувал да ги натера да тргнат. Стоеле неподвижни и во исчекување нешто друго да го разбуди времето во нив. Не очекувале, сепак видовитиот несреќник јасно проговорил, не можело да се сфати умира ли или зачекорува исправен и наеднаш повисок и од највисоките. Со очи го повикал

светот на светците и ги кревал рацете кон нив, сакал да ја одбие од себе незаслужената среќа тој да го уништи чудовиштето. Со сонлив глас им рекол на луѓето да го погледнат.

– Мојата крв, браќа, ја накисна земјичкава... Што не сторил ни ајдутин ни буљукбашија – го стори човек за чие крштавање пиев кога бев на негови години.

– Зла крв, рекол нејасно Онисифор Мечкојад. – Сега веќе не ќе сонуваш црно.

Другите не знаеле дали се смее или липа над својот нож со крвав врв. Некоја магија и во мрак му го осветлила лицето. Но опсената не можела долго да трае. Пак сенките се лееле во сенка. Видовитиот ги враќал кон стравот.

– Сепак јас знам, синдраци мајчини. Ноќва ќе дојде. Ќе ви ја исмука крвта и ќе ве расфрла. Тогаш јас ќе се смеам, мајката ваша.

– Лошо си го секол, му се доближил првиот Онисифор на вториот. – Тој пак почнува, сега поспоулавено.

Високо над нив, под самите мешини на облаците, се лизгаво нешто непознато. Неколцина слушнале рапав шум и со грч во душите погледнале во видовитиот: чудовиштето можело да биде такво какво што тој им го опишал, покриено со крлушки и змучки од кои се цедат студени капки, расне, бабри во широчина, од крај свет виси над нив и им станува проклетство што не ќе се заборави ни под надгробна плоча.

– Запрегите, ги предупредил Онисифор Проказник. – Само улавите мислат дека се видовити.

Во гласот не му се претчувствувала никаква закана. Неговиот гнев се грчел во неговите тупаници. Наеднаш,

заборавајќи го повикот, толпата се разбранувала во исчекување. Иако не можеле да му го препознаат лицето на видовникот, луѓето знаеле дека престарите очи со конци крв околу себе догледуваат сѐ и сѐ знаат. Луѓето немо го заколнувале: раскажи, честит стрико, што си видел, и ние, ако нѐ посоветуваш, ќе му свртиме грб на овој безбожен мрак, со пеколот не се војува. Кога најмалку претпоставувале, видовитиот Дмитар-Пејко паднал на коленици и ги подал рацете кон нив.

– Ми истекува крвта. Болен сум.

Тоа бил удар од кој се паѓа. Кој е тој господ што едно вакво раскашавено човече ќе го стори видовито во името негово да гледа невидливи чудовишта, да ги слуша и да ги чувствува со мирис? Умира старчево, гревовите на младоста го плашат.

– Врне, се збунил некој. – Да си поседиме суви под двоколкиве, лошо кашлам. Ќе одиме подоцна.

Им се сторило дека и планините се издишиле со олеснување. Ситните капки на невидливиот дожд со шепот легнувале врз ланските лисја на габерот. Потокот под нив станал погласен – ете, и водата се ослободува од своја мора. Црниот Пандил Димулев, тревар и соплеменик на Проказниците, војник и мудрец како што учел од Тоските со кои некогаш, како дете, бил со одметнатиот татко, му шепнал на челникот да ги остави луѓето да се смират; тие без заповед ќе ги повлечат двоколките кон царски друм кога ќе престане дождот.

– Добро, се согласил Онисифор Проказник. – И не растурајте го сеното. На добичињава мевовиве им се влечат по земја.

– Им се влечат. А ти каде си бил пред сто години?

– Што сакаш да кажеш, стрико Дмитре? Не те разбирам.

– И пред сто години сум се мачел вака. И пред илјада. Сум бил, ме немало. Овде сум, утре пак ќе ме нема.

# 5

Го снемало, умрел. За таквите каков што бил Дмитар-Пајко обично се кажувало до заборав – умре по Поклади на патот кон Лесново, како што можело да се споменува, за него или за друг бележит селанец, дека се родил околу Задушници, кога овците на тој и тој ги нападнал помор.

По ден, тогаш веројатно по последниот јасник во таа илјада осумстотини триесет и петта година, додека светлоста откосо се ближела кон рудината на која стоеле, нејасноста во очите на видовитиот не можела да им стане водач. Чекале некој нешто да објасни. Како да се надевале дека со него ќе е мртва и големата сенка што ги следела ноќе, се надвиснувала над нив, им ја пиела срцевината. Се чувствувале некако свечени. Им се сторило дека онде кај што нема умирање ни животот нема целосно значење – дури и од пепелта на шумските огнови никнуваат сипаничави печурки-смрчки.

Пред тоа минувале еден по друг крај старчето спружено на веленце врз сено на разнишан колесник со две тркала, сите со поглед кон ситното лице до очи завиткано во шамија под која, кога ќе ја поткренел ветар, се појавувала врз расечената жила на челото мала темна месечина со капка крв без вистинска боја. Долната вилица му се тресела пред тоа, ја слушале ѕвечавата приказна на здравите катници и веќе без збор на надеж, рисјанско сочувство на утеха, па макар и лажна, бегале

од лепливоста на неговото грлено штукање. Се обидел да се исповеда пред челникот Онисифор Проказник, бил срамежлив и безгрешен, можеби нешто од долгиот живот и присокрил пред помлад сведок и исповедник. Самиот долго верувал дека ги знае сите тајни на човечката историја и со таков глас цимолел нешто за вториот живот што Онисифоровото срце пребрзо зачукало, застанало за миг исплашено, пак почнало со удари да ги брои миговите на човековиот век.

– Дедо му на мојот дедо го запалиле кога умрел и пепелта му ја закопале во четири дупки. Не се повампирил. А јас, сине Онисифоре, двапати сум крстен. Првпат сум имал чудно име – Дмитариноариј. Со второто име сум станал ова што сум – и Дмитар и Пејко.

Но Онисифор Проказник подоцна се сетил со каква надеж во премрзнатите прсти старчето му ја стискало раката во исчекување дека набожен и благословен од мајката Минадора ќе го спаси, ќе му помогне да стане и да зачекори по линијата на својот продолжен живот. Никогаш и во ничии очи Онисифор Проказник не видел толку страв: чудовиштето не се делело од видовитиот.

– Тоа ноќе ми ја пие крвта, попусто се обидувал да се поткрене со лактот; горел и се давел. – Сета крв, синче. Сега сум исмукан кожурец со душа во носот.

– Ќе се родиш ли и по третпат, честит стрико? – замислено прашал Онисифор Проказник.

– Сѐ што умира повторно се раѓа. И човекот и билјето. Само господ не се раѓа. Тој е бесмртен.

Преку ноќ чудовиштето можело да биде онакво какво што тој им го опишал, но преку ден тоа ќе се исплашело од темните влакнести лица. Во последните

две ноќи и во последните две разденувања, ни месечината ни сонцето не се запирале над толпата и брзале да бидат што подалеку од смртта на лутата крв што селанецот ја носи со себе од оној ден кога како глембаво новороденче ќе се стави на јачмена слама.

– Змија, се наведнал над покојникот Симон Наконтик, кикотливо старче; поради боцкавата муцка личел на видовникот. – Змија, џитка. Ногата му е поцрнета. Слушаш ли, побратиме, си стапнал зломорница.

– Тој веќе не те слуша. И не трескај. Уште не се стоплило за да излезат змиите од под камен.

– Змијата е како леунките. Ќе ѝ стежне млекото, ќе побрза некого да подои.

– Реков – не трескај.

Црниот Пандил Димулев клекнал и со дланка му ги спуштил клепките на покојникот, набабрениот јазик никој не можел да му го врати в уста. Некои се наведнале и на стврднатата петица под дупнатиот опинок нашле стара рана. Не, Симон Наконтик секако згрешил: на далечните планински врвови, подолу, снегот уште блескал а грчот на ветрот не ветувал скоро цутење. Змија! Некои му поверувале на вториот видовник. Змијата им била и добрина и зло уште од далечни времиња. Некој мршаво ги уверувал дека сето тоа е претсказание, дека не му се мили на господа. Другите останале тврдоглави. Оној што предложил да се вратат, да му се покорат на претскажувањето, можел од помладите да биде закопан со мртвиот: сам нека се врати, со ластегарка ќе му помогнат да побрза.

– Згрешив, се повлекол тој; се викал Јован Стојче-Стоилков и бил исплашен и беден; како да се родил на

друг свет. – Но знаете ли дека оној што ќе умре од змија и самиот станува змија под земја?

Тоа го знаеле старците, оние што верувале во прикаските донесени од Брсјаците и Мијаците со доселувањето нивно на престариот камен во оваа земја.

– Неговото чело... погледнете го!

Го гледале тоа чело и можеле да го видат она што го виделе пред тоа: на засечената жила лежел црн дукат на мртво месо. Со раната врамена во скинат опинок, со таа втора дамка што можела да ги врати кон многубоштво, тие знаеле дека старецот е мртов од петици до чело и верувале дека од изгниеноста под земја брзо ќе се вообличи издолжена подвижност, најпрвин пељтеста, потоа густа и стврдната, најпрвин човек-труп, потоа труп-земја, најпосле змија-отров за нечија несреќа.

– Не збудалувајте се, рекол Пандил Димулев. – Ќе му ги измиеме раните со вино и ќе го закопаме.

– Ќе го запалиме, рекол Онисифор Мечкојад; го мразел Пандила, сакал да му се спротивставува. – Ќе стане само пепел, ништо повеќе.

– Крстен е. Ќе го закопаме како што му доликува.

– Сетете се, околу Ѓурѓовден по гробиштата селски лазат змии.

– Крстен е, повторил и Онисифор Проказник. – Ние никогаш не сме ги палеле мртвите. Изделкајте крст.

И едниот и другиот Онисифор темно гледале, обајцата имале долги раце и арамиски тврди чела. Можело да се поверува дека само омразата ги зближува. Наредени околу тие двајца, пак молчаливи и без чувство за повремените удари на ветрот, другите чекале едниот

или другиот Онисифор да крене рака, ад замавне, да удри или да убие, да се види кој е под заштита господава. Не дочекале. Обајцата пошле секој на своја страна, едниот Онисифор да копа јама, сам, со циганска дурија, другиот да собира гранки. На оние што гледале по нив им се чинело дека под нозете на двајцата најтврдоглави на светот земјата ќе се разбранува и светот ќе отиде по ѓаволите со таков тресок и кршење од што и небото ќе оглувне, ќе се распадне и ќе се урне врз скрка и распаднатост, но Онисифор и Онисифор ништо не мислеле додека се веднеле над своите намери, без здив, предвреме мртви, со движења условно продолжени поради трепетот на истинатото месо; поради решеноста едниот од нив да изврши насилие врз другиот. Оној што бил навистина мртов го заборавиле – јамата станувала подлабока, купот гранки раснел за клада. Само Симон Наконтик подрипнувал околу покојникот. Не можел да верува дека на овој свет сепак ќе умира и мрморел нешто за своја сметка. Најпосле му седнал над чело. Се чувствувал изморен, Лесново му било предалеку, стравот од умирање лежел на педа од него. Во себе пресметувал колку е помлад од покојникот, уште колку му останува да се поживее.

Се ближел заод некако поинаков од другите до тој ден, како тежок, како мртов сон – до бескрај се шири и сѐ околу себе дави пепелава поплава без јасни сенки, слаба темница што ни се враќа во коритото на секнатиот ден ни прераснува во ноќ. И кога оние двајца биле готови, во исправеноста слични на голи стебла, едниот крај јамата, другиот крај преголемиот куп гранки, тишината станала помамна утеха дека сепак не ќе се случи нешто

страшно. Ги гледале како се борат за здив и им ја мереле омразата, не по движењето на нивните усни, повеќе по задгробниот мирис што се испарувал од нив. Но и тие двајца чекале дружината да се определи за јама или за клада и секако да се определи за свој челник, за оној што ќе победи во недоразбирањето.

Најпосле – ноќ. Се стемнило кога некој Богдан Преслапец, умен маж со сенка на замисленост во очите, му рекол на црниот Пандил Димулев дека двајца Онисифоровци се премногу за четириесетина луѓе со различни имиња. Запалиле огнови и се собрале околу нивното крцкаво и шушкаво потрепетување. Поседнале со темни мисли под јакуцките на гуњите да срaснуваат до суровост со изземнатата земја, колку-толку заштитени од студот со веленца и кожи или черги, и пак чекале без сигурни предвидувања како ќе се заврши сето тоа. Пандил Димулев го прашал Богдана Преслапец дали ќе е подобро ако еден Онисифор загинале на некој начин. Иако мртовечкиот ветар го бришел сјајот на ѕвездите, над нив светела некаква леденикава ведрина. Некој крај средниот оган споменал дека видовитиот Дмитриј-Пејко, пред злата крв да му го покрие разумот, расправал долго и со благ занес во очите за благородноста на човекот, за дарежливоста на земјата, за силата на водата; секој збор на старецот бил светол и звучен, до проѕирност измиен со мудрост; прикаските имале подлабок корен и од самиот живот. Сега лежел на десетина чекори од нив, без свој човек над глава, вдовецот со три снаи и десетина внучиња, сам, под дрипава гуња, мудро насмевнат. Еден шепотел дека сиромавиот премногу знаел за животот, него го

учел од свети книги некој калуѓер, друг рекол дека ќе му ја земе на покојникот амајлијата од под гуша – земја од три рида в крпче, таа земја чува од болештини, трет со горчлив подбив прашал дали амајлијата го сочува старецот.

Се плашеле од подмолноста на треската што им се мушкала зад грб. Обогатени со видено умирање, гледале во огнот како во извор на животот, во црвено-жолтите кунатки со непрекинато јазење по усвитените гранки. Со мака ги држеле очите отворени. Никој не сакал прв да стане предавник и да се склопчи во лушпата на сонот. Топлината засилено им удирала в ноздри. Некои станувале, оделе по гранки, се враќале, некои веќе се лепеле за земја и се оддалечувале од сѐ, од себе. Светлоста на огнот полека се менела – потемнувала и ослабнувала, станувала дел на ноќта. Оние, будните крај купиштата жар и пепел, мислеле дека ништо не се менува освен движењето на ветрот, ништо, ни двајцата вкочанети – Онисифор крај зинатиот гроб и Онисифор зад насобраните гранки, секој од нив во исчекување другиот да заспие за да го стори она што мора да го стори со мртовецот. Најпрвин ги слушнале нивните чекори, тргнале еден кон друг, потоа ги виделе, нив и своите сенки што попусто им го сечеле патот: ќе се зграпчат за раце и со нозе и ќе се кинат со апежи. Најстариот меѓу нив, Симон Наконтик, со чувство дека е најповикан да ја мери правдата, веќе стоел со крената глава помеѓу пркосниците. Рекол дека тој ќе го чува мртовецот и дека наутро ќе решат што да сторат со таа смрзната смиреност.

– Близу сме до царски друм. Ноќва ќе патуваме.

– Ќе патуваме дење, му се спротивил старецот на згрбавениот Онисифор Проказник. – Во овој крај нема арамии.

– Има царски заптии.

Старецот молкнал. Според негова сметка сред ноќта веќе се наближувала кога, со оние што биле будни, слушнал дека роговите на ненадејно исплашениот добиток со тап звук се удираат во мракот. Не знаел што се случува – се тргнал ли видовникот од вкочанетоста или само ветар му ја поткренал гуњата со која бил припокриен.

# 6

Со чкртање на коските му се тргале на сонот. Земјата, до суровост со збрчкана кожа, лазела во бранови кон светлоста на ридиштата, кон измачувачката топлина на источната шумичка. И на таа страна лежело проклетство: се јавувала непозната птица со глас на човечка закана, ги морничавела мрзоволни и бушави, брадосани, слични на духови што можеби живеат под гнили корења. Едната стрела на сонцето го погодила покојникот. Се распливнало зимско сребро. На чистинката паднал сноп светлина кон кој сите побрзале. Никој не се зафаќал да го спрегне добитокот како што никој не се определувал на ничија страна: нека повелат Онисифор и Онисифор да се спогодат околу покојникот. Симон Наконтик, патник кон својот крај, повеќе тоа отколку судија и правда, се крстел со брзи, исплашени движења. Настојувал да го слушаат, гласот му бил строг, пепелав, сличен на неговата мовеста кожа.

– Прекрстете му ги рацете врз гради. Во јамата, бездруго во јамата, ќе го покриеме со гранки. – Пепелта не станува змија под земја.

Тој човек со ситна коска, нешто поисправен отколку што треба да е еден старец, не гласен и сепак таков како секогаш да е на едно место, ги предизвикал обајцата Онисифоровци да мислат дека противникот кришум го посоветувал старецот да предложи Дмитар-Пејко да биде и запален и закопан – селанецот се кара

за педа земја, за говедска лепешка, зошто да се кара и за мртовец?

– Дмитар не е сам, се сетил некој истоштен Неделко Шијак со сламка в уста. – Пејковци се племе.

– Деца, внуци... Глутница – кажи самиот.

Истоштениот чувствувал на овој пат дека видовитоста не му е туѓа, дека за чудовиштето што ги следело ноќе знае повеќе од другите. Ја нишал главата. Боцките околу устата наутро му биле остри и можело да се поверува дека нечија рака кришум му ги сади на лицето.

– Деца, внуци... Како ќе им кажеме утре дека сме го запалиле?

– Што има да им кажуваме? Умре, го закопавме, пепел е.

Ноќта ја минале со молчење. Сега му се одолжувале на покојникот за прикаските со кои ги обогатувал во Кукулино во претпразничните ноќи или во празничните попладнива и брзале да бидат мудри како што бил тој некогаш. Се буткале, секој да се наднесе над него, некои од помладите да му ја допрат со усни десната рака, чиниш тој внимателно ги слушал и ги следел со малку накривена глава и подотворено око кон своето воле под дамкав габер, суро живинче слично на изгаснато суштество.

– Под земјичкава е бескрајното царство на сиромавиот. Само тој и црвите. И сплеткани корења околу неговите коски.

– Само тој и еден господ што е над него, над нас. И околу нас – во вода, под дрво, зад камен. Што ме гледаш така – да немам рог на носот?

– Те гледам. Истото тоа, од збор до збор, сум го чул од покојникот.

– Само ќе го закопаме, нели? Ноќва не спиев и пак сонував. Карпиве околу нас несреќа ги повелаше. Се распаѓаа во прав, под тој прав и човекот и земјата беа прав.

– Пак тој прав станува камен, дрво, рекол Никола Влашки, еден од двајцата тревари. – Земјата ќе беше мала и танка ако на неа или во неа не се трупаше она што умира.

– Умира, гние – рекол Онисифор Проказник. – Затоа само ќе го закопаме.

– Не, го прекинал бабуњосаниот Онисифор Мечкојад. – Тој има отров во месото. Без оган под земја ќе стане едно – змија.

– Крстени сме и не сме без разум за да ти поверуваме. А покојников ти тежи зашто не живееше со татко ти.

Онисифор Мечкојад почувствувал дека сите се согласуваат со другиот Онисифор, дека нечија крв крева ѕид помеѓу нив. Но тоа не го возбудувало. Едноставно не смеел да се повлекува, морал да докаже дека го надвјасал челникот со рогови коса над бледото лице. Со брз потег го извадил од под пазуви својот нож.

– Мал си, Онисифоре. Си раснел, не си дораснал да ми бидеш господ.

Онисифор Проказник не отстапил. Само малку ја поткренал циганската дурија од која не се одвоил ни преку ноќ.

– Во една ваква дружина многу се двајца со исто име, Онисифоре. Ајде, замавни со ножето за да ти ја разделам главата на резени.

Тогаш некој Јане Крстин се стрчнал и застанал помеѓу нив со дигнати раце, послаб од обајцата но не со

помалку крв во очите. Можеби сакал да ги смири, да ги испцуе или да им се закани дека ќе се пресмета со нив доколку не се смират. Се слушнало само некакво суво дишење, болно и испрекинато, човекот можеби се засркнувал, додека и другите околу него не почнале да дишат како и тој, претсмртнички или пијано, потоа тој Јане Крстин офнал и се занел на една страна, тогаш кога сите знаеле дека од негде некој стрелал кон нив, кон сета толпа, сеедно во чие месо ќе се забие оловото од бездруго долгата арамиска, беговска или измеќарска пушка. Човекот навистина се занел на една страна и се фатил со обете раце за стомакот. Потоа паднал нудејќи ѝ ја крвта на смрзнатата земја. Бил повеќе во исчекување отколку исплашен – очите му се стиснале како на човек кој наслушувала непознат глас од далечина.

– Василе... Еј, Васко Тушев, викнал некој. – Виде ли? Загина баџанак ти.

Лево од нив, меѓу расфрлени карпи, ги демнел некој невидлив. Не се разбегале и не легнале кој каде ќе може да ја засолни главата, измршавени и изветвени, со ненадејно чувство на папсаност, а Васко Тушев, забест божем под подотворените усни држи парче пресен кромид, се веднел над својот баџанак, нем и сув, додека од карпите се разнесувал гласот на оној што стрелал.

– Оставете го добитокот и одете си, инаку еден по еден ќе ве исклукам со туфеков.

– Кој си? се свртил на таа страна Онисифор Проказник. – Кој си, кучешко копиле, што посегаш по сиромаштијава наша?

Им одговорил истрел – пак кон нив, неодредено, во месото на сите. На неколку чекори од неистинатиот

Јане Крстин друг, Пеце Дановски, удрил со крваво чело во камен и останал неподвижен; бил до тој миг незабележлив, малостав, помирен со сѐ што се случувало и што ќе се случува низ векови; сега сите што биле близу до него виделе дека само со тапите прсти минува по земјата – умира и сепак бара потпир да се исправи, да го побара убиецот.

– Во карпине е тој пес, ја кренал дуријата Онисифор Проказник. – По мене, браќа...

И таа толпа, како и мртовците, повеќе зачудена отколку исплашена, густа, исклештена, со ревење свртена кон истрелите, јурнала без сопнување и во скокови со таква ненадејност што третиот истрел ни го слушнале ни можеле да го видат – сега од нечија кола летнало само парче иверка.

Стрелецот, не стасувајќи повторно да ја наполни пушката, се исправил од зад сипаничава карпа и потрчал кон недалечно дрво за чија гранка со узди бил врзан оседлан белец. Иако млад, речиси момче со фес и со јатаган во црвеномодриот појас, не бил брз – поткривнувал од стара рана од која понекогаш едната нога останува покуса. Сѐ уште се надевал извлекувајќи го јатаганот од појас: можел да стаса до својот коњ побрзо отколку гонителите до него. Многуте гласови како да го сопнувале. Појасот со повеќебојни риги му се одмотал од половината и се влечел по него, го чинел бавен, грмушките и камењата му ја кинеле линијата на движењето. Неговата старечка бавност не ветувала спас. Но не бил старец. Само малку потоа можеле да видат дека има зелени, скоро девојчински очи, бледо чело и ретка, свилеста, некако еврејска брада. Бездруго

не бил Евреин, и тие не знаеле дали е Турчин или потурченик, бег или одметник од Турците; дури и ако сакал нешто да им каже, не можеле да го чујат – ревеле, тој само безгласно ја отворал устата кога се фрлиле на него и, веќе соборен, без замав со јатаганот и подалеку од белецот, почувствувал удари со ножови, со секири и со колови. Сѐ повеќе личел на човек дробен и боден од копита и многучепорести рогови на елен за време на неговото рикање. На стутканото лице немало веќе ни очи, ни усни, ни ноздри. Крвавата маска на убиениот убиец не била видена ни во ноќна треска. Мирисало на кланици; и навистина најпрвин по скомињава и горчлива реа се почувствувало, потоа можело и да се види дека остра дурија му ја копа утробата на несреќникот. Човекот и со десет животи ќе бил веќе мртов, и со дваесет, и со повеќе, но продолжувало. Видот на луѓето имал сила да наголемува; секое влакненце на крвавото лице, од увото до гркланот, имало свој правец, своја боја, свое движење. Замавнувале, боделе, кинеле и помамно ги испитувале тие влакненца, и секое, скоро секое, било еднаш видено на штавена кожа од лисица, јазовец или диво свинче, и некои мислеле дека на таквиот народ каков што е нивниот големината му е во несфаќањето, во немањето сметка како да се одржи, да се намножи, да исколе сѐ што крева нож на него зашто за двајца свои луѓе убива еден, утре ни за десет не ќе убие двајца. Се уривале еден со друг, никогаш позли, со груби гласишта слеани во една невозможна, збревтава и скоро бесмислена реченица. *За душа на Јане Крстан, в око, рамно в око со тој нож, Еби го со колот в грклан. И за побратимот Пеце, Убиваше, сега умира и моча*

*под себе, Убавина, ова е убавина, Му го фатив јазикот, помогнете ми да му го извлечам од уста,* - но дел од оние што не можеле да се допрат до глекавиот куп месо и крвиште јуреле кон белецот и го заплиснале со секири и го боделе со колови, и тој белец, со богата грива но веќе со неколку црвени риги преку кожата, ’рзнувал и се пропнувал пред безмилоста сè додека не ги оставил уздите на жилавата гранка, да ѝ се извлече крвав на одмаздата и да ги остави луѓето со запенети муцки, и тие со една и само своја реченица: *Имавме секири, ножеви, колови, сега имаме пушка и јатаган и уште двајца мртовци, Коњот не требаше, животинка е, И коњите не им се поарни, носам јас на грбов стари удари на копита. А мене денес копито ме поткачи по коленово, Можело и погоре, имаш пет деца, Молкни, секирава моја уште е жедна.*

Тогаш од оние околу распарчениот труп стасал задуван Симон Наконтик и првиот што клечел го зграпчил со обете раце за глава. Пцуел старечки и ревел да го остават мртвиот, ќе се научат на човечко месо, и по своето ќе посегнат. Се исправиле еден по друг, многумина со прснати капки крв по лицето.

Недалеку стоел со чело потпрен на карпа најмладиот меѓу нив, шеснаесетгодишниот Лозан Перуника, сирак и терач на туѓа запрега. Плачел. Дотогаш не верувал во смртта, барем не во ваквата. Предребни биле неговите солзи за да обеспокојат. Луѓето и не го виделе, сè уште свртени кон неподвижниот труп преку кој, им се сторило, лазеле танки линии крв и испокинати жили, додека место под распарталената облека се отвора само од себе и трепети од допир со студот. Дел од левата

дланка со четирите прсти била од линијата на животот кон небото; како да просела. Палецот останал осамен на раката. На еден од четирите исечени прсти заканувачки блеснал на прстен зелен камен.

Наеднаш врз нив легнала таква тишина што изгледало, ако некој се накашла, сѐ ќе се исчанчи од своето место – некои ќе попаѓаат, трупот ќе стане и ќе тргне на скршени нозе да го бара гривестиот белец. За миг. Потоа:

– Проклетство лежи врз нашиов народ, ќе се враќам, рекол Васко Тушев.

– Ќе се враќаш, – Онисифор Проказник се обидувал со грутка земја да ја избрише крвта од острицата на дуријата. – Каде?

– В село, Онисифоре. Ќе го однесам баџанакот Јане да го закопаат со поп. И двоколката со волето негово ќе ја вратам в село.

– А Пецо Даневски?

– Не ќе ми тежи. Еден или двајца – сеедно е.

– Земи го и Дмитар-Пејко.

– Не ќе можам. Еден човек со четири коли – тешко е.

Го болеле очите или плачел. Со сите прсти минувал преку влажните клепки и му се чинело дека никогаш во својот живот не изговорил повеќе зборови отколку тогаш. Неговата утрена сенка лежела преку распарчениот и безобличен труп на младиот арамија или бег. Останал сам, никој не му се придружил за враќање.

# 7

Продолжувало.

Ако Онисифор Проказник можел да е прв во тврдоглавоста, Онисифор Проказник стоел веднаш до него, да сраснат еден во друг, да се скаменат, да станат еден варовник од некогашни два живи облика, подоцна, многу подоцна да ги подлокува безнадежен дожд и да ги напукнува сурова жега. Браќа, можеле да пиштат од утроба, браќа, бидете на моја страна, другиов Онисифор ќе е ваша измама додека е жив, и само темно се гледале бедни, можеби и болни од неспиење, браќа, само за еден Онисифор има место на овој пат, судете, осудувајте, бидете со мене и не ќе се покаете, и молчеле очајни како да ќе ги остават засекогаш на тоа место своите неутешни души. Неколцина се определиле – едните за едниот Онисифор, другите за другиот. Мртвиот Дмитар-Пејко веќе ја разјадувал дружината.

– Ќе го закопаме, рекол некој зад Онисифор Проказник.

Од зад голи гранчиња на темна грмушка кон него гледал кос. Само гладоста и љубопитноста, или едното и другото, можеле да го доближат толку до луѓето и до запрегите. Од зад карпите крескала сојка и го предупредувала жолтоклунецот; или повикувала гаврани на гозба. Косот сепак ја разбрал и пркнал безгласно кон куп танкостебли дрвја; во окото му се топело грутче сончево злато. Луѓето тој кос го сметале

за кобник – не поднесувале црни птици.

– Ќе го закопаме она што ќе биде пепел, рекол друг зад Онисифор Мечкојад.

Едниот се викал Борис Калпак, другиот Наџак-Јанко, обајцата настрвени и со крвави раце од она што пред тоа било и злосторство и одмазда.

– Бездруго, рекол првиот. – Пепелта на човекот е пак тој самиот, пепел.

– Кога ќе те сторам пепел, пак биди тоа што си сега, рекол вториот.

Можеле да се зграпчат, секој со крвави прсти да му ги копа очите на другиот, а некои од другите подоцна кажувале дека и едниот и другиот Онисифор го сонувале пред тоа покојникот Дмитар-Пејко, жив и со живи прикаски на танките усни за она што ќе се случи, навистина за она што ќе се случи, навистина за она што се случило подоцна на патот од Кукулино кон нигде и на пат од тоа нигде кон селото со седумдесет и шест куќи, најубавите од камен врзуван со вар, повеќето накривени, плитарски. Подоцна знаеле: на Онисифоровците како и на другите им недостасувале во бедните ноќи жени со бедра слични на полна месечина, или само така мислеле, жени покорни да станат облик според обликот на врелата машка жед. Тоа можело, значи, да биде причина да им се згрутчува крвта во мозокот.

– Однесете го сега во јама – се прекрстил Симон Наконтик: негде зад него, без некој да му помогне, Васко Тушев го спрегнувал добитокот во својата двоколка и во двоколките на мртвите Јане Крстин и Пецо Дановски и само со влажни очи, понекогаш, барал утеха или охрабрување од мартовската соголеност околу себе:

ако бил поет, ќе ги испеел најтажните стихови на својот народ. – И нафрлете гранки над него. Проказник ќе отпее молитва. Ех, господи...

– Простете, им пришол Васко Тушев; очите сè уште го болеле – ја слушал во ноќта својата песна, со разденувањето ја заборавил, останала пустош во душата; еднаш, во некоја друга ноќ, ќе се сретне со сенката на својот мртов баџанак и пријател, те чекам, дојди, ќе му рече таа сенка, и тој ќе ги подаде рацете кон сите сеќавања на својот живот. – Простете, рекол тој Васко Тушев. – Ќе тргнат душите на мртвите по мене, браќа мои...

Но и неговата душа се извивала во некаква празнина – тој ќе патува, а кога таа душа ќе отпатува еднаш, ненадејно како и другите души на луѓето од тоа парче на прегазениот Балкан, тој веќе не ќе патува и ќе ги заборави сите патишта на овој свет. Крвавораките Борис Калпак и Нацак-Јанко тргнале по него да му помогнат околу запрегата на мртвите.

– Прости и ти, Василе, рекол некој од нив.

И потоа никој од никого не можел да искорне пелтечав збор, никој над никого господар и секој роб на својата опачина, на својот страв дека дел од нејасна вина лежи над него. И никој, ни подоцна, многу подоцна, не можел да објасни каква е таа слабост да се чувствуваат намалени и фатени во стапица на несигурност. И со надеж се крстеле.

Од споредниот пат што подолу од свијок ќе се забуца во пролоканата стврднатост на царскиот друм, во неговата груба еднoличност, се издвојувала врвица и, несигурно кршкајќи меѓу безимени грмушки со

празни зајачки легла, се губела во дабов густеж во чија проредена 'рѓа се таложело мртво спокојство. По таа врвица се тетеравел Онисифор Проказник. Пред тоа им рекол на другите да сторат онака како што мислат дека ќе е најарно, тој ќе оди да клечи пред студено позлатениот исток, да се моли за мртвите, за нив, за себе, сам и осаменички да ја доизградува верата во себе, не онаа кон небото туку онаа што ќе ги доведе до целта, не со патила да го купуваат правото на живот и не да жнеат за да сеат и да жнеат патила - мажи се, не сенки со начнат разум и не покорници пред бабуњосаноста на проклетството. Дуријата му останала алепена за десната шепа. Го снемало.

Кога се вратил (можело да се види, дека беневреците му се влажни на колениците) од отворениот гроб се кревале лилави чадишта и уште нешто – мирис на негорена волна и на човечка тага. Сѐ уште врз огнот фрлале гранки и се собирале, се стискале еден до друг да се згреат меѓусебно, малку повеќе од последната топлина на мртвиот. Го гледале додека им се доближувал како симнат од распетие, измиен со молитви но не помалку темен од порано. Изморeното лице му било соодветно со бечвите составени од секакви крпеници. И не само лицето – и гласот му бил чуден, со подмолно длабок звук во нејасно развлечените зборови. Не го разбрале. Чекале тој глас да порасне во него, да го напне, да му ги расфрла ситните парчиња на распаѓањето, онде, по рудината со заборавен пат од непознати времиња, а тој уште чекорел кон нив небаре и самиот се плашел навистина да не се распадне на педа од отворениот гроб, од незасилениот пламен во јамата. Не можел да

стане јасен, разбирлив, можел да ги трогне со библиска можност за воскресот на сите мртви, пред кои живите ќе клечат и во безумен уплав ќе молат да им бидат простени гревовите. Дури и Онисифор Мечкојад со почит ќе гледал во него. Но место тоа, тој запеал олцкаво и без зборови, со невиност во срцето. Тогаш Пандил Димулев заплакал и рекол дека ќе ја покрие јамата со земја и со камења зашто човекот гори со денови: најпрвин кожата поцрнува, полека низ неа да испари крвта, потоа месото се јагленосува. А коските? Тие не му се предаваат на огнот и живеат илјада години подолго од месото и од жилите.

Душата е жолта и црвена, мислеле загледани во играта на пламенот. Земјо, мислеле, разбуди се од пирот на нашето страдање, смекни, стопли се и дај ни топлина. Се залажувале и сакале да го излажат својот господ, да се сожали на нив и да не ги заборави кога ќе дојде воскресот и се мачеле да не поверуваат дека гласот на челникот не е потсмешлив, дека е навистина благородна молитва и посредување за добрините што ќе дојдат еднаш, утре, подоцна, само за нив, исѕемнатици со издупчени опинци и издупчени души, онакви какви што биле и што ќе бидат секогаш пред розовите осамнувања на вистинската пролет, која сепак ќе ги плисне со надежи.

По патот по кој дошле се враќале кон Кукулино три запрети со двајца мртовци и еден жив човек; Васко Тушев никогаш не чекорел толку подгрбавен: бил, ако се врати во Кукулино – децата ќе му се израдуваат, ако го пречекаат грмежи на арамиски кубури – не ќе биде, веќе е избришан од дружината, и не ќе го спомене никој

ни во пцост ни во молитва.

Бил, сам е, останале триесет и деветмина зад него.

– Отиде, рекол беличот Блаже Задгорец. – Како да не се заколна пред живописанието на свети Никита.

– Да не се стрчнеш и ти по него? – прашал Богдан Преслапец. – Денес си повеќе жолт отколку бел.

– Ама не, зошто да не останам со вас? Навистина имал бела коса, бели веѓи и бели клепки; ситната муцка му била зајачка. – Само, мака ми е...

– Мачно е да се продолжи кон Лесново, знам, Полесно е да се пее: *Црна земјо, штура земјо, зошто си се отворила...*

– Не за тоа. Јас стасав до арамијата пред оној Борис Калпак, и сепак тој ја зеде пушката. Слушај, да го соблечеме убиенион и да му ја запалиме облеката?

– Зошто, кажи.

– Ако го најдат, ќе видат дека е Турчин и ќе нѐ гонат. Тие се големи одмаздници, не ние.

– Кој го зеде јатаганот?

– Јордан Шоп, кој друг. Под гуња му е. Крадец, можеби и чекмеџето му го дрпнал од појас.

Лицата им се грчеле – црно и бело, биле ту негатив ту позитив на една глава. Мртов гледале кон трите запреги. Им било жал: заедно со Васко Тушев убаво пееле во три гласа јуначки и свадбарски песни. Ќе запеат подоцна без тој човек и песната ќе куца и ќе се влече сакато; доколку им се придружи трет, можеби Трипун Караѓоз, со нос кој како да раснел на плодно земјиште за цвекла, и болвите преплашено ќе им избегаат од пазуви.

– Не ќе стаса до Кукулино, им пришол Трипун

Караѓоз. – Арамиите бараат такви, осамени и послаби.

Богдан Преслапец се загледал во неговиот црвен и набабрен нос. Другите веќе ги запрегнувале добичињата во двоколките.

– Прав си, Блаже, се сетил што заборавил пред тоа да каже. – Ќе му ја запалиме облеката на оној зад карпите. Голиот човек нема вера. Разбираш – ако го најдат Турците, не ќе знаат ни кој е ни што е.

Тргнале. И Трипун Караѓоз тргнал со нив.

– А на Мечкојад не ќе му е нужно веќе ножето. Сега има берданка и барут.

Богдан Преслапец пак се загледал во неговиот нос.

–Кој ти го рече тоа?

– Самиот видов. Му ја зеде пушката на заспаниот Борис Калпак и ја напика в слама. А вие, гледам, навистина ќе му ја палите облеката на оној горе.

– За каква слама говориш?

– За сламата на неговата кола. Таму му е скриена пушката... Кажете му на Проказник што ќе сторите. Бесен е, за ништо денес не простува.

Навистина на Мечкојадовата двоколка имало слама, кожи и веленца. Го виделе како вади ченкушка од голема стомна и пие ракија не криејќи се од другите. Преку обете усни му се протегала гребаница – бодел со нож, бодениот се бранел со нокти, бодел брзо и со кратки удари и ја присвоил пушката зашто рацете му биле покрвави отколку на другите.

– Никој не се држи под папок од болка поради бесот на Проказник. А ако го припокриеме со земја?

– Мислиш... арамијана, нели? Гревота е, а?

– Гревота ќе биде ако го оставиме. Беговите ќе го

најдат, потоа ќе ни побараат сметка.

– Како што ќе речеш ти, Борисе. Јас веќе немам зошто да го слушам овој Проказник. Не запеал и не се напил со нас никогаш. Севезден ги брчи имињата на апостолите. Го слушам и мислам дека паѓам во бездна. Се раѓа ли навистина во човечко месо змија?

Од југ им се доближувало топло ветре.

– Земјата мириса, рекол некој Гидеон Кузмановски за себе. – Бара орачи а не колачи.

# 8

Чудовиштето – тоа, значи било: по нив се влечел со упорност на гасеница мирис на изгорено месо, не мирис што се чувствува со влакненцата на ноздрите и не што се згруднува в грло, сладникав, мек и сепак подвижен залак, туку оној што се закопува во горчливиот мрак на срцето. Не можеле да се спасат од него со ослободувањето на здивот, не можеле ни да го воздивнат. Видовитиот, некогаш Дмитариноариј, подоцна Дмитар-Пејко, припокриен со запалени гранки без пресметаност на ќумурџиско умеење, се спровирал од својот гроб во шурки чад, патувал невидлив и се враќал со свиркањето на ветрот барајќи ѝ ја трагата на дружината и наоѓајќи ја само ноќе. Онисифор Мечкојад во тие мигови чувствувал дека нешто однатре го присилува да се исповеда некому, да бара воздишка на разбирање и збор што ќе го утеши здрвен и со болка во петиците. Во некаква мртовечки зелена светлина што му лежела од другата страна на очите гледала танконог белец со проѕирна кожа како удира со копита крај гол куп месо на својот господар, потоа со нечујни скокови доаѓа до јама на чии запалени гранки догорува облеката на неговиот јавач, ја крева муцката кон небото и пишти со детски глас; под гранките догорува мртовецот и никој не ќе знае кога ќе му ја најде черупката дека жилата на челото била сечена – нејасна вина, ништо повеќе, грч на душата што се јавнувал само ноќе, гори мртвиот

Дмитар-Пејко, коњот ја издолжува уште повеќе танката шија, копнее по сребрената ’рж на небото или му се моли на некој коњски бог да му ги исцери раните од селанските секири и колови; на жилава гранка зад карпите под кои пред тоа била дружината се мавтаат на ветар скинати узди. Се чудел Онисифор Мечкојад, поточно не тој самиот туку како некој одамнешник да демнел од него со прашања зошто не го оставил другиот Онисифор сам да се расправа со закопот, како и пред тоа – со покојниковите претчувства и предвидувања. Чекорел во редот на дружината пред својата запрега, потоа легнал на двоколката, се спружил отпуштен и ја завлекол едната рака во сламата. Го почувствувал студенилото на долгата пушка, воздивнал влакнест како овен. Кога размислувал, пребрзо остарувал: господи, лежи сега под две топли јамболии жена му Фросина и го мисли или го сонува, децата спијат стиснати еднододруго, тлее жар во огништето, трча околу куќата црноглав пес – тој овде е мртов и судија на мртовец со зла крв во жилата на челото.

– Онисифоре, слушнал исплашен глас. – Болен си.

И не погледнал во нејасното лице на долгманестиот Борис Калпак.

– Што е, ти пречи ако поспијам?

– Ами, зошто? Се сетив на пушката. Ти знаеш, нишанџија сум, не сум вчерашен.

– Заколни се дека без таа пушка ти е тешко.

Другиот чекорел крај неговата двоколка и молчел. Неговото шмркање било густо, се мешало со чкртањето на сувите тркала; таквите луѓе му се одмаздуваат на оној што ќе ги навреди кога тој ќе заспие. Онисифор

Мечкојад ја извлекол пушката од сламата и ја подал кон сенката над него.

– Земи. И остави ме. Сакам да спијам.

Најпосле не можел ли друг да му пушти крв на старчето, не можел ли друг да докажува дека од грст пепел на оној што е апнат од змија не се окотува змија со капка отров во коренот на иглестите заби. И преку ден врз него се таложела смолесто леплива темница од која сѐ се заборавило – кој си, што си, кон што патуваш меѓу тромави двоколки, не грбав туку повеќе подгрбавен и од грбле. Лежел. Бил ден, од денот се испарувала темница. Од таа темница се раѓал друг Онисифор Мечкојад. И од тој друг пуштал перчиња магла или темница пак друг Онисифор Мечкојад. Но разумот, еден во некој од тројцата по облик исти Онисифоровци, се усвитувал да сфати што се случувало. На работ на клепките му се собирал мраз. Тоа биле мигови во кои и омразата испарувала од неговите мускули. Ја заборавил мајчинската љубов на игуменијата кон другиот Онисифор, кон тој лажен богомолец и подбивник со арамиска душа. Неговото несфаќање со сета тежина легнувало врз патот зад него и тој останувал сам, шуплив и пак затворен за сите шумови и гласови. Штом густата лепливост ќе му го ослободела разумот, околу него сѐ се намалувало, и звук и облик, и тој тогаш не ја стискал коскената дршка на ножот и бил без она свое чувство дека однекаде ќе го стаса брз удар. Но секогаш го чекале нови искушенија.

– Онисифоре...

– Што сакаш сега? Пушката ти ја дадов, оди си.

– Барутот и сѐ она друго е кај тебе. Но не се вратив

за тоа. Неделко Шијак е болен. Не се фаќа за нас благословот на игуменијата. Навистина не сме му мили на господа.

– Кажи му го тоа на Проказник. Тој е башарија.

– Ако не помогнеш ти...

– Остави ме. Не можам да помогнам.

– Можеш, уверливо рекол Борис Калпак. – Многумина сакаат ти да ни бидеш башарија.

Онисифор Мечкојад се исправил. Сега седел на двоколката и ги греел прстите меѓу стиснатите бутови.

– Ти си, Борисе, како извртен минтан. Пред ова беше за другион Онисифор. Нели сте и роднини?

– Ти велам...

– Остави ме. Не можам јас да се расправам и со тој твој Неделко.

По смртта на видовитиот Дмитар-Пејко, Неделко Шијак повремено потонувал во златен и зелен жабурник на страв и го шепотел неуспехот што ги чека на крај пат. Оние што переле со треви загнасени рани, косопас, очебол и секакви трески, веднаш знаеле од што е болен и молчеле отпрвин, и се пентареле по безживотен рид изморени од живот на кој не биле свикнати, и биле бришани од ветар. Од силното потскокнување по нерамноста на тој пат-непат тркалата се заканувале да се распаднат, помеѓу колските ѕидови од сплеткани прачки невозможно било да се седи или да се лежи. Сепак на една од двоколките, на својата, лежел истоштениот малодушник Неделко Шијак. Само понекогаш по малку се исправал да види што се случи и се обидувал да повика некого, да поразговара, да каже дека мачењето е попусто, тој ќе умре, другите ќе умрат,

по нивната смрт сѐ ќе е мртво. Никој не му приоѓал. Секој малку ја носел тежината на сомневањата, секој бил нападнат од грижи. Изморен, со чувство дека е отфрлен, заборавен, избришан од дружината, болниот паѓал со тил на тврдото лежиште и останувал со отворена уста додека едно од многуте јазичиња на стравот му го лижело разголеното непце.

Пред да се стемни, виделе од далечина урнатина на кула или на манастир, костур на вчерашен живот, ред камења или спомен на иноверска одмазда или на заборавен земјотрес. И како целта да им било тоа чудо со празни очи на издолжени прозорци, како на тоа место со неколку искршени и безживотни стебла да ги чекал нов и величествен почеток, ги забрзале чекорите. Не се бодреле ни со пцости ни со извици. Земјата под нив станала порамна, качувањето завршило. Брзале, мислиш ги чека на во кој уште од есенски ноќи крцкоти оган и во кој ќе сретнат луѓе што ширум го оделе светот. Таму, меѓу басмари, аџии, скитници, додека од преголем котел некој анџија ќе сипува во чанаци преварен грав со козји дробенки или бел пилав од кочански ориз, ни оние неколцина Турци што ќе се нашле на своја софра и со свое оружје, од анџар до кременка, не би им биле туѓи и страшни; плиснати со оган и загреани од скомињава ракија со која се пее и се плаче, тие би се разграштиле, би се погледнале со сочувство и машко охрабрување и би пресметале што уште им останало во торбите и дисагите и колку имаат на колите сено за добитокот. Им се сторило дека и земјата под нив се подмладува.

Додека некој од последните им викал на првите да побрзаат и да го повлечат редот со еден здив, оската на

четвртата запрега пукнала насреде. Двоколката, сега само на едно тркало, се влечела малку со чкртање по камења и дупки и застанала. Еден опцул, повеќемина му се придружиле – по таа двоколка на триесет и шест запреги им бил запрен патот. Стопанот не ја сфатил веднаш несреќата. Се веднел и безизразно се пулел во легнатото тркало – токму нему ли, стопанчина, му се случило најлошото! Оние пред него и оние зад него стоеле неподвижни. Го гледале како виновник. Некои веднаш го заборавиле, некои продолжувале да го мразат. Тој минувал со палец преку острицата на секирата. Барал со поглед дрво од чие стебло или подебела гранка ќе изделка нова оска.

Болниот Неделко Шијак пак се обидел да се исправи – сака нешто да каже, никој не го слуша, никој не забележува дека е жив. Во кркорењето се засркнал со кучешка кашлица и станал беспомошно загледан во трепетливото небо. Сепак некој се стил да ги побара треварите, црниот Пандил Димулев и малку постариот Никола Влашки, човек што половина свои дни ќе прележел по слепи зандани ако не бил итрец во малите кражби и во големата увереност дека знае што е правдина како сега што знаел што е болен Неделко Шијак, зошто пожолтува, од што се збрчкува како стогодишна желка. Треварите, колку првиот црн толку вториот висок, се стиснале еден до друг, обајцата во мракот како еден, со една мисла во двоглавоста.

– Жолтица, рекле.

И само тие знаеле дека во жолчката на секое стото воле од овој свет може да се најде грутка по големина и по боја слична на жолчка од сварено гулабово јајце.

Господ и тоа грутче, тоа грутче па господ, и еве ти го Неделко Шијак, здрав како во младоста кога влечел по угорнини како маска.

– Најдете ја таа грутка, – рекол Никола Влашки. – Ќе му даваме по малку да пие со вода. Ишала ќе помогне.

Онисифор Проказник со недоверба ги гледал треварите. Од секојдневните настани бил расчепен надве – едната половина му е врела, гори, во сѐ бара вистина, сиот разум му е во неа, другата станува групец под мраз. И него како и другите го болеле нозете, во празнината на колениците легнувал студ.

– Ако не го најдеме тоа, еким-ефендија?

– Зима е, Онисифоре. Нема по ридиштава диви краставици да му џбурнеме в ноздри нивна вода. Погледни му го суратон.

Онисифор Проказник пак прашал што ќе се случи ако не го најдат тоа, и веќе никој не знаел дали мисли на жолтеникавата грутка од говедска жолчка или на моќната вода од диви краставици.

Црниот Пандил матно објаснил дека има жолтици што одат од човек на човек како летна, онаа упорна и добиточна мува. Знаел дека го слушаат – сега е тој најмудриот, во него, заедно со желбата и самиот да е голем, расне самочувство што нема граница на траење: жолтицата пушта во луѓето жилички, им го копа дробот, пие крв, лока и сплинка и пуздра. Таа жолтица можела да пушти корен во сите што се допреле до болниот.

– Да го вратиме дома, се јавил еден несигурен глас.

– Дома не може сам. Нозете не го држат. Не ќе стаса ни до Дмитровиот гроб.

Болниот, на свој начин срекен што најпосле се сетиле и на него, со надеж ја издолжил шијата. Го заборавиле, сега е ноќна загатливост. Гледај ту во еден ту во друг како низ чадлив превез. Го обземало несовладливо трепетење, го присилувало со болка да го надраснува оној златен и зелен жабурник, она море со мртви води, поинакви од оние што ги гледал кога по казна го воделе во солунската кула и кога го вракале од тој гроб од чии окови не се спасувал ни еден на десет. Чувствувајќи во утробата некакво валчество издолжен бигор, пред и поврел од крвта и со свој крак низ жилата меѓу очите, рекол:

– Сакате да ме сечете... Јас сум... Вие... Не може тоа...

Го покрил челото со дланка. Искинатите зборови без значење му замирале в грло, замреле, стивнале со танок писок. Гледал низ разбранетост на златни и зелени риги кон купот секакви глави, кон очите во кои животот со свој знак го обележил најтемното во човекот, суровоста, алчноста, себичноста, или само му се чинело дека гледа и дека знае колку им тежи. И не се зачудил: пред него стоеле најздравите и најрешителни кукулинчани, пенушки без нозе и со невидливи раце-гранки; зли биле, значајно мавтале со главите што не се држеле на ништо туку виселе на конци од магла. Таа мала измама ја предизвикал удар на внатрешен оган. Се зашеметил. Кратко. Ја тргнал раката од челото и се загледал во треварите, едниот Никола, со шилесто лице на стар и мудар лисец, другиот Пандил, нешто малку покус и со набиена глава во квадратни рамениции на кои, без тој да почувствува тежина, можело да се смести по една врека овес. Како дожд да минал преку замагленост и како да

ги измил сите нејасности и одвишности што пред тоа внесувале збунетост и недоразбирање помеѓу него и треварите, јасно можел, или само верувал во тоа, да види на темните лица и жилче и брчка, да го чуе дури и шушкањето на тие белези. Сепак лицето на оној што молчел помеѓу треварите останало нејасно. Не толку во цртите колку во намерите. И носот на тој Онисифор Мечкојад му бил покриен со влакна. Лицето, глуво и слепо, му останало отсутно за извикот на болниот, за неговата premaleност.

– Ќе се бранам со секира. Зошто ви се вам нови мртовци со дупка на челото?

Повисокиот тревар му рекол дека ќе му се покори, бездруго ќе му се покори на ножот, лицето уште повеќе му заприлегало на мудар лисец што се готви да се исклешти за своја сметка. Другиот, помладиот, како да не се сложувал, како да не верувал во таквото верување.

– Ние ќе те држиме, рекол првиот тревар. – Овој Онисифор ќе ти пушти капка крв. За твое добро. Не чувствуваш ли, под тебе мириса на ископан гроб.

По недовршената врвица по која лете се движеле помеѓу капини и камења нечии овци кон пасишта или поило, се враќал со младо стебло на рамо и со секира в рака стопанот на скршената кола, здрав и мускулест човек, селскиот качар Никифор Ганевски, инаку домазет во Кукулино, со муцка која, колку и да се гледа, не останува во сеќавање ни половина ден. Го спуштил стеблото крај легнатото тркало на двоколката, прашал кој ќе му помогне. Двајца, беличот Блаже Задгорец и Богдан Преслапец, му пришле, другите чекале. Триесет и шесте запреги зад скршената кола биле беспомошни.

Десно од патот се спуштала кон своја длабочина збрчкана стрмност, лево ги запирале грмушки и камења.

– Нема грутка од говедска жолчка, нема дива краставица, рекол повисокиот тревар. – Биди умен, куме, покори се.

Онисифор Мечкојад ја извадил десната рака од пазуви. Речиси и пред да имал време да смисли нешто со што секогаш бил поинаков од другите, пркосен, брзоплет, во бриткоста како штотуку симнат од точило, се свртил да ја гледа во далечина темната модрина на небото.

– Не, јас веќе никому не ќе пуштам крв, рекол со напнат глас.

Можеби за миг погледнал во избраникот на игуменијата Минадора и можеби видел дека тој е третиот што ќе му помогне на качарот Никифор да ја смени скршената оска: така е, тој мајчин син бега од неволјата на болниот Неделко, се прави удрен.

– Говедска жолчка, побрзал Пандил Димулев. – Да бараме говедска жолчка и грутче во таа жолчка.

Тоа било доволно. Неколкумина се свртиле кон волето во втората запрега чиј стопан останал да гори зад нив во плиток гроб. Неделко Шијак последен сфатил. Еднодушната мисла на другите се разлеала по сета негова снага. Поверувал дека некоја надеж му го измазнува лицето. Пред тоа повисокиот тревар со тврди прсти му ги дигал клепките од очи и се веднел со шушкав здив над студените белки; сега и тој гледал кон волето на покојниот Дмитар-Пејко. Челуста на неговата гладна утроба била отворена со исчекување, непрекинато ја голтал кисловината што надоаѓала од катниците.

Најмладиот, шеснаесетгодишниот Лозан Перуника, момок кај кого и ќе стигнел, стоел зад својот подалечен роднина Онисифор Мечкојад кога рекол со детска исплашеност во грлото дека покојниот имал во Кукулино синови и внучиња. Можби го повторил она што пред тоа некој друг го рекол. Но знаел, и постарите можеле тоа да го знаат, дека Онисифор Проказник не ќе им даде да го заколат волето.

Онисифор Проказник им викнал дека четвртата двоколка во редот е готова, дека ќе го продолжат патот до урнатината на кулата или на манастирот што не доизраснал до темното небо.

Ни тогаш ни подоцна не се разјаснило дали Онисифор Проказник не знаел дека тоа ќе се случи или чекал најпрвин да се случи па потоа да се обиде да ги сврти луѓето против другиот Онисифор. Сеедно, под едниот ѕид на урнатината (тоа сепак биле остатоци на манастир) Онисифор Мечкојад, величествениот гениј на ножот, стоел под светлоста на запалено парче од скршената оска. Ни тогаш ни подоцна не се разјаснило што го натерало со еден удар да го забуца до дршка сечилото на ножот зад главата во вратот на Дмитровото сонливо воле. Под светлоста на слабиот факел не можело да се забележи крв. Сепак светото Евангелие на тој Онисифор било секогаш крваво.

– Запалете оган, заповедал грубо. – Поскоро. Што е, чекате ли прворотка да ве подои?

И Онисифор Мечкојад му помогнал на замелушеното животно докрај да легне на една страна. Држејќи му ја долната вилица со левата рака, му ја искривил главата и му го побарал гркланот со врвот на ножот. Под

прстите му се лизнала леплива топлина без мирис и без боја под неговата сенка. Едниот рог заорал по тврдата земја. Животното се обидело да воздивне воздух и да го отфрли од своите ребра мачителот. Стврднатите нозе беспомошно барале потпир, почва по која ќе ѝ се избега на болката. Оној со факелот в раце се наведнал, другите се изненадиле: во окото на добичето се отворала огнена пупка, лилава, потоа бакарнозелена; и смртта имала свој сјај.

Еден од треварите, постариот, и некои двајца, калуѓерски долговратиот Лазар Аргиров и кашличавиот Осип Сечковски, веќе ја кршеле со секири колата на Дмитар-Пејко, кога пред нив како куп ѕвезди ќе блесне оган да нафрлаат врз зажареноста пресно месо. При слабата светлост не можеле да видат дали чудесниот цвет во окото на животното свенал, само знаеле дека едниот рог се замрзнал со врвот в земја и дека нозете останале неподвижни. Ја претчувствувале главата пред жртвеникот на прегладнетоста: пред пенливи ноздри виси побелен јазик и се допира до нејака тревка; тоа е преживарска смеа надчовечка алчност – лапајте и цицајте крвца, еднаш билјето со корен ќе ја смукаат и вашата крвца.

Јован Стојче-Столетников и Симон Наконтик го разгорувале огнот. Се намалувале, можело да се биде и помал виновник. До нив клекнал Трипун Караѓоз и ги подал рацете да се погрее. Пламенот му го позлатувал носот, очите му солзеле од чад.

– Дај од ракијата, стрико Симоне. Тешко ми е.

– Ти тежи кражбата, суво рекол Јован Стојче-Столетников.

Трипун Караѓоз сакал шарено и слатко, пиел и погледнувал по туѓи жени. Секогаш за сѐ се изненадувал.

– Каква кражба, побратиме?

– Од четирите пресечени прсти на Турчинов, ајљазу. Гледам, си се накитил со неговиот прстен.

– Зошто? На мртвиот не му треба ни прстен ни оков. А вие, ако немате ракија, кажете. Имам јас и поголеми побратими од вас.

И Никола Влашки клекнал, напати вртејќи се на оваа или онаа страна и внимавајќи да не пропушти ни најбезначајно движење на луѓето, ниеден нивни збор без кој ќе е начната целосната слика на нивната судбина.

– Мојата ракија ја излокавме кога го палевме Дмитар-Пејко, тажно воздивнал Трипун Караѓоз. – За богдапрости. А ми се пие, душава се трга од мене.

Зад нив стоел Богдан Преслапец. *Црна земјо штура земјо зошто си се отворила?*

Ракија нема. Дмитар-Пејко го нема, сега и волето му го сотревме. Ама што народ сме ние, луѓе?

Онисифор Мечкојад го распарал животното со долго и сигурно движење. Со обете раце копајќи го глекавиот мрак на отворената утроба, зграпчил сѐ што може, дробови, сплинка, жолчка, црева и срце. Повлекол. Лут мирис на мочка и на плесниво сено му удрил в лице. Се олабавил и го повикал најстариот. Симон Наконтик, во темница уште повртенест стоел над него, веќе чекал да биде повикан. Знаел што ќе се бара од него: секогаш на денот на свети Никита бил дерач и готвач во манастирот, сега ќе дере и ќе сече месо а во него се буни нешто, стар е, не сака утре никој да го

проколнува. Најпосле, само тој ли ќе јаде? И рекол дека очите му се покриени со пајажина на старост, дека не ќе види кај свршува кожата и кај почнува месото. Се оддалечил со куцање. Не одел многу. Демнел сепак да зграпчи месо од оган, да загризе кучешки во него со голите непца.

Онисифор Мечкојад опцул. И треварите, уште пред да ги повика да му помогнат, се свртиле од огнот не исправајќи се премногу. Потпрени еден на друг, се слеале со грдата сенка на урнатината. Полека, како да си починува пред да го завлече ножот помеѓу кожата и месото на животното, Онисифор Мечкојад запцул куќа и ораница, колепка и гроб, снаа и балдаза, земја и небо, додека и оној со факелот в раце отстапувал назадечки. Сам и бесен, со згрчени прсти во густата топлина на утробата, барал што не споменал уште во своите пцости и споменувал одново, по еден друг ред, од небо и земја до ораница и куќа, и сѐ така во непрекинат круг.

– Зошто своето воле не го помилува со нож, Онисифоре?

Тој секогаш ист глас на проклетиот Онисифор Проказник, ни покорен ни предизвикувач, глас со една смисла – да се разбере што се зборува а не како се зборува, го слушал пред тоа во себе и точно со истото прашање. Ја кренал полека главата да го најдене тој човек на рогот што му никнувал на тврдото чело, всушност ги извлекол рацете од утробата на животното и го зел ножот од крај себе. Со брзи удари неговото срце го отчукувало крајот на вечно несвршените неспогодби меѓу нив. (Ќе замавне оддолу кон небото, човекот не се распорува поинаку). Но само се исправил полека,

недозгрбавен и не со кренатата глава, туку повеќе сличен на човек што долго време стоел замислен на исто место, меѓу сенки од кои расне непробоен покрив и под кој ќе почне нова битка без сеќавање за вчерашните рани и лузни на неизлекуваната душа; и ќе гризе и ќе боде и ќе дави ревејќи само со крвта и сличен по нешто на оној негов дедо или дедо на неговиот дедо од дните кога бил со камен чекан удрен над истото вака распарано животно. Пред да му се стемни, пред да клепки да потоне во поплавата на безумноста, видел дека небото над него е мртво око на закланата вселена и видел во тоа око блескав цвет од лилава и бакарна и зелена светлост, за да му покаже во што да го забуца ножот.

– Што сакаш ти, Онисифоре? Кажи веднаш.

– А ти, Онисифоре со обетка? Да го излапаме сиот добиток до Лесново, тоа ли?

– Тоа...

Без негова волја и движена со нагонот што се пренесува со човеково семе од колено до колено, неговата десна рака замавнала. Тогаш двајца се урнале врз него со сила на лавина. Не се спротивставил. Немал можност тоа да го стори. Пребрзо, пред да зареве, му го истргнале ножот од грчот на смрзнатите прсти. Едниот му клечел на гради, другиот со показалец му минувал по ниското чело. Ги следел со поглед додека не сфатил кои се тие – Чучук-Андреј и Цене Папчев, првиот недолекуван во детството од косопас, вториот широколик, првиот врзан за вториот со нема почит, вториот зет на првиот веќе шест години, обајцата молчаливи, тихи, мускулести. Сјајот на недалечниот

оган поигруван на нивните лица. Можеби и Дмитар-Пејко го видел во очите на својот судија она што тој сега го гледал под веѓите на тие двајца кога прашал без зачуденост дали тие бараат лоша крв во него, дали ќе го сечат. Неговиот нож му стоел над очи кога еден од нив, Андреј или Цене, го потсетил дека пред тоа замавнал за да убие.

Потег – болка меѓу очите, јад во срцето.

Како да стасува од друг свет, од зад некоја граница до која нивните мисли ни во најсветлите мигови не ќе најдат пат, низ ветрот се пробил танок писок. Неколцина што не знаеле дека Онисифор Мечкојад лежи на земја со пресечена жила на челото, веднаш ѝ се придружиле на гајдата.

Црна земјо штура земјо
зошто си се отворила
како ламја си зинала...

Попусто песната се напрегала и самата да се крене високо. Писокот бегал, станувал недостижен, зборовите биле потешки да му се придружат.

Кога земјо ти се готвиш
Да го лапнеш да го голтнеш...

Трепетот на невидливата птица на звукот ги облагородил луѓето. Чинките на човековата беспричинска радост им ја грееле крвта, ги тргале кон огнот зад ѕидот на урнатината и кон гајдата на Каменчо Скитник, човек што можел и од кал да измеси слатка погача.

Ој ти земјо пуста да си
од тебе сме пак во тебе
ние сите ќе влеземе
да ни јадеш бели меса
да ни пиеш црни очи.

Стресувајќи се за миг поради она што се случило и она што можело да се случи, Онисифор Проказник го видел пред себе другиот Онисифор, изменет, со крваво чело, помал отколку што можел да се намали од студот. И самиот се намалувал од својот јад. И без збор се свртил и сепак знаел дека Онисифор Мечкојад се оддалечува и се качува по камењарот над урнатиот манастир, оди кон никаде...

Неколкумина пак биле собрани околу закланото воле. Цене Папчев му го подал ножот на првиот.

– Ајде, стрико Симоне. Дери. Волево е заклано, не ќе му ја вратиме душата.

Дери! На стемнетиот Онисифор Проказник му истинало срцето. Дери!

Зборовите како да се однесувале на него. Нејасно, речиси со слики мислел. На оваа земјичка, од обете страни на Вардар, до морето што го пие тој Вардар, од безначајни семиња никнува омраза. Чекорел исплашен од песната крај големиот оган. Си ги заборавил корењата на омразата а на нејзините дамкави стеблики веќе 'ртеле цветови на пакост. Застанал крај ѕидот на урнатината – звукот на гајдата се склопчувал над него. Потпрен на камен, чекал тој звук да се спушти од височина и со удар на остар клун да му ги смири дамарите. И песната, и луѓето, и нивната цел, сѐ, и несвршената

караница, се оддалечувале. Зошто станал челник на дружината, зошто не ѝ рекол на игуменијата дека пред сто или пред илјада години тој самиот, неговото срце или неговиот разум во некој друг, водел кон магли исто вакви тврдоглави човечишта и ги оставил коските под врлежи зашто без престан се судрувал со алчност и со безумност. И оној тогаш водел ајдмаци со калпаци од мечкина кожа, ги качувал и ги слушал по ќорави беспатици и ги избегнувал населбите, ги избегнувал и местата на кои кесарови копја и стрели господареле над животот. Дери! Проклетството лежи врз нас, Онисифоре, врз тебе, врз мене, врз сите.

– Го нема.

Без помош на мислата неговите заматени очи гледале во Мечкојадовиот шеснаесетгодишен роднина Лозан Перуника.

– За кого говориш, Лозане?

– За него. Го закла волето, сега мисли дека јас ти кажав за тоа.

Живот: на секој чекор стапица, во секоја стапица ’ртенка на умирање, во тоа време кога сѐ имало вкус на мртва трева и на безнадежност и кога затворениците на студот го заборавиле мирисот на тревата вратика.

Црна земјо штура земјо...

Тогаш над изморените гласови, над писокот на гајдата што се спуштил и се склопил тука, меѓу нив, се разнела смеа, тешка, морничава, неовоземна. Не верувале дека таа грлена спoулавеност е на избеганиот Онисифор Мечкојад, негде скаменет од гнев или со

свои нокти распарчен и расфрлен со свои раце по таинственоста на ноќната земја.

... зошто си се отворила...

*Си биле еден цар и една царица и имале триесет и деветмина синови, а најмалиот бил најумен. Ама царот Сонце и царицата Месечина еднаш замрзнале на небото. На синовите удрила чума.*

(Старецот Лозан Перуника му раскажува во 1913 година на некој писмен калуѓер или поп Доситеј Давидовски што се случило еднаш, тогаш.)

# 1

... И така се налути Онисифор Мечкојад и ја остави дружината под сенката на манастирот а ние што останавме седнавме околу огновите да печеме парчиња месо од закланото добиче на кутриот Дмитар-Пејко. Чудно беше колку брзо наеднаш станавме безгласни. Го превртувавме месото на жарот со долги, зашилени ветки, бавно, секој со исчекување дека некој прв ќе почне да јаде. Бевме научени на изварка, на суви пиперки, на кромид. Најстариот меѓу нас, Симон Наконтик, дојде како од плеснива икона на која заборавен светописец ја раскажал Тајната вечера на апостолите и ме повика да седам до него крај огнот. Тој прв забележа дека сум болен. Минуваше со збрчкана дланка преку моето чело и мрмореше нешто. Не го разбирав, само претпоставував – ќе скончиш ако ѝ се покориш на треската.

„Не“, му се колнев; се плашев од проклетото сечење на жилата помеѓу веѓите. „Ништо не ми е. Здрав сум.“

Пропаѓав во кратки соништа, оние што немаа ни почеток ни крај. Прстите на старецот си играа со мојата коса. Пламенот ми ги полнеше ноздрите со густа топлина а земјата под мене беше сува и тврда. Тогаш повеќето домаќини носеа околу ушите жолти или црвени шамии, некаква православна чалма што ги брани од студ, и така сите имаа глави како наголемен желад, плод од џиновски шуми какви што биле во најстарите времиња. Пушеа од земјени лулиња, тутун

или сув лист – не знам. Наеднаш како сѐ да стана ехо на некој далечен глас или далечен настан. Дедото Симон си ги разголи ушите и ми го завитка грлото. Рече дека така поубаво ќе ги слуша песнопојците Блаже Задгорец и Богдан Преслапец. Никој не пееше. Смеата што се струполи врз нас од ридот ја удави песната во нашите грла. Се тресев и секој миг заспивав, станував куп мртви дамари без сетила. Сепак со секој здив минував во соништата секогаш през исто село со мртви покриви и со гробишта зад недарежливи лозја: крстовите беа без сенки и не никнуваа од земја, висеа: ги ослободуваа мртвите од преголема тежина. Некој, најверојатно Цуцул Мицковски, си ја кажуваше маката со шупелка: тоа беше глас на жена кога реди подгрбавена на гробишта. Зад мене во соништата останувашe провидно сребро. Таква трага оставаат на гола земја пролетни полжави. Но јас не лазев. Дури и не чекорев. Бев пердушест, без чувство на тежина. Миговите ми беа без значење. Поточно, никаков миг не наследуваше простор на друг миг. Времето стоеше, во неговото мртвило се движеше мојот дух. Дедото Симон се обидуваше да ме врати во минатото. Шепотеше со рапави воздишки дека саканите синови и милите снаи го испратиле по воденички камења во туѓа каза да се избават од него. Скрбеше над себе. И мене грлото ми се стегаше. И пак сонував, сега зелена гнилост на глуждести дабје и зелени костури на непознати животни меѓу шилести камења и во дувла: во отворените челусти танки црви ги дупчеа потемнетите јазици.

Некој до мене и самиот беше во преграб на соништа. Го потпираше тврдиот лакот на мојата слабина. Се

разбудив: дабјето и костурите со зинати челусти се распаднаа, се строшија до безначајност во прав. Старецот уште шепотеше дека неговите мустаќести синчиња со надеж чекаат некој да им каже – бог да го прости Симон Наконтик, остави деца, внуци и спомени. Наеднаш се возбуди, скоро потскокна, чиниш од замислената лоена свеќа му паднала на чело врела капка, го ожежела, разбудила мисла за нешто друго. Прстите му станаа грибло во мојата коса, го копаа коренот на влакната со тврди нокти.

„Сторивме грев, синковци господови и мои“, прослови. „Едни умираат, други на умрениот му го лапаат ајванчето.“

Луѓето џвакаа и зачудено го гледаа. Нивните големи залаци предизвикуваа болка во моето грло. Јазикот ми беше влакнест, старечки: лежеше во ковчегот на вилиците како бессилен мртовец. Затоа не му реков на Симон Наконтик дека тој не е виновен за закланото воле. Молчев и ги слушав далечините што говореа со гласовите на луѓето. Треварот Никола Влашки покажа со маслена коска кон мене и праша зошто не земам залак за душа на покојниот Дмитар-Пејко. Останав неподвижен, ступкан. Ми се чинеше дека за сето тоа време некој со потсмешливост во срцето ми ги наслушнува мислите. Во далечина плачеше ноќна птица. Не јадев. Мртвите не проштуваат, мислев. И се чудев зашто никој не го побара лековитото грутче во говедската жолчка, таа тајна кон која пред тоа се стремеше очајот на еден болник. Неделко Шијак, ако паметам сега точно, лежеше на својата кола подалеку од огновите. Со нас беше и Салко Вадидуша, поцрн и од

Арап, со арапски усни и зет на болниот. Затоа стана и му однесе парче место на тестот. Го почитуваше, се сметаше за негов должник од времето на својата свадба. Раскажуваа дека Неделко Шијак му се пожалил со влажни очи – синовите ќе го остават без каменен крст кога ќе оконочи, и зетот му ветил со клетва дека самиот ќе изделка крст поголем и од игуменските во дворот на манастирот Свети Никита, на крстот ископано име со букви – *овде лежи божјиот човек Неделко Шијак.*

Повеќето беа сити. Се местеа околу огнот да заспијат и се менеа при светлоста на запалените трупци, и распарчени стебла, беа и луѓе и призраци, стенкаа, се чешкаа, ги сврбеше кожата и ги болеа коските под кожата. Нивните движења немаа ни ред ни крај, се повторува и пак беа секогаш поинакви, еднаш остри и аглести, другпат меки, бавни. Тогаш рапав крик ја наморничави дури и земјата. Салко Вадидуша прв се стрчна кон колата на својот тест. Другите, чешајќи се, го следеа брзање. Болниот од жолта јанѕа со ѕвечави заби раскажа дека некоја сенка со ѕверско тргање му го грабнала парчето месо во кое и не загризал. Некој рече дека ја видел таа сенка на ѕвер или на арамија: бегала кон нагорнината на ридот зад урнатиот манастир. Наеднаш сите знаеја сѐ, од нивниот шепот раснеше боцкава прикаска.

„Со манастиров гореле и калуѓерите. Божји унер.“

„Гореле, не догореле. Сега се мушкаат околу нас“.

„Се мушкаат, така е. Кога ќе заспиеш, ќе легнат врз тебе и ќе ти го затнат грчмакот со густа брада.“

„Брадите горат. На коските огнот не им може ништо. Тие коски ќе не задушат. Ќе се обесам, ако не се случи.“

„Не ќе има кој да нè закопа. Утре и нашите коски ќе диват намерници и улави денгуби какви што сме ние во ова стојбиште.“

Онисифор Проказник им викаше да молкнат. Од ридот паѓаше споулавена смеа додека болниот квичеше со глас на премрзнат пес и го повторуваше името на Дмитар-Пејко. Некои ненаситно го разгорувaa својот страв со сладок очај. Некои рекоа дека тој дошол да си касне за душа.

Јован Стојче-Столетников праша: „Нели го запаливме?“

Јордан Шоп одговори: „Вие го запаливте, не јас.“

„Не цимоли. Балканите раце не ќе си ги измиеме ни со своја крв. Слушаш ли како се смее?“

„Еден се смее, други плачат. Кога ќе нè покрие земја, и ние ќе се смееме.“

Пак се собравме околу огновите. Со ококорени очи го гледавме умирањето на пеплосаните гламни. Никој не појде по ветки да го засилиме пламенот и да се згрееме, сите сакаа да бидат поблизу до последното трепетење на пламенот.

Никифор Ганевски рече: „Не верувам дека по смртта се оживува. Од варено зрно не никнува пченица“.

Јордан Шоп не се согласи: „Тогаш качи се на ридон и види кој се кикоти, кому му се јаде варена пченица над туѓ гроб“.

„Ноќе и лисиците се кикотат“, рече еден Сандре Самарија. „Ќе се обесам ако не е така“.

Никифор Ганевски рече: „Со нокти одврзете ми го папоков ако Онисифор Мечкојад не се обидува да нè исплаши“.

Потоа еден од оние што му го сечеа челото на тој Онисифор со обетка на увото, Чучук-Андреј или Цене Папчев, рече: „Требаше прстите да му ги исечеме. И грлото. Ни ќе крадеше, ни ќе се смееше над нашиве тегоби. А ти, Сандре, не беси се попусто за сѐ. Немаме толку јажиња“.

Како само јас да знаев дел од вистината. Мојот подалечен роднина не беше човек што ќе грабне залак од старец. Онисифор Мечкојад никогаш не се смеел, никогаш гласно. Ако мртвиот не дошол и самиот да си касне за душа, некој друг нѐ демне и ни ги мери чекорите кон неврат. Кој – не знаев. Болката во грлото ми се разлеваше по целата става, ми ги пиеше коските и ми го ораше месото. Со едната плешка лежев врз нечија секира. Немав сили да станам и да се премостам. Потоа некој ја стави својата тврда шепа помеѓу моето лице и земјата и ме покри со нешто. Свиткан, со забуцана брада во колениците, ни буден ни мртов, чувствував дека земјата лази под мене, тече и ја носи со себе топлината на луѓето и на огнот. Ако пуштев корен и самиот ќе се движев. Застудуваше. Сепак еден од помладите, Куно Бунгар, отиде по дрва. Кога се врати сличен на живо стебло со испреплетени ветки, го разгоре огнот и го помоли бедниот Герасим од Побожјане, домазет во нашето село, да раскажува за старите времиња: минал многу свет, го знае минатото. И рече дека нема веќе спиење. Ги полнеа лулињата и го стискаа со палци тутунот во земјените грла. И откај другите огнови доаѓаа. Како подарок донесоа дел од гнила пенушка и се згуснаа околу огнот. Наеднаш стана потопло и пошумно. Ги слушав гласовите и пак пловев во треска преку она

село со мртви покриви. Ќе признаам, непрекинато го сонував Кукулино. Врз една куќа лежеа на парче зелена светлост од месечина здрвени трупови. Мртво се клештеа. Ги познавав домаќините што ме испратија со свое колило по лесновски камења. Околу мене летаа зелени лилјаци, се закачуваа за мене и висеа стрмоглаво кон труповите. Викнав, заревев можеби.

„Што му е на малиов?“ праша некој.

Друг без возбуда рече: „Сонува“.

Но мојот сон беше повистински од сè што доживував. Лилјаците уште беа закачени за мене, за моето месо од кое капеше зелена крв. Се тргнав, пак со грлен извик и пак бев меѓу луѓето, меѓу нивните сенки и воздишки на претсмртници.

Герасим од Побожјане почна: „Си биле еден цар и една царица и имале триесет и деветмина синови, а најмалиот бил најумен. Ама царот Сонце и царицата Месечина еднаш замрзнале на небото. На синовите удрила чума...“

Царот и царицата имале синови колку што бевме ние – Дмитар-Пејко умре, Јане Крстин и Пеце Дановски загинаа од турска пушка, Васко Тушев се врати во Кукулино. А Онисифор Мечкојад? Не, Герасим не ги знаеше сметките - бевме триесет и осуммина, некои со по едно воле, некои со близнаци, и повеќе ѝ верувавме на прикаската за царските синови и за чумата отколку на утрешниот ден.

И така, во таа ноќ најстрашна од сите ноќи на патот, се будев и пак тонев во соништа. Ја слушав искинатата прикаска која не можев да ја поврзам со почеток што до денес го памтам. Тогаш бев сам и сепак не чувствував

осаменичка возвишеност на волк. Лежев на танко веленце и умирав покриен со нешто. Сепак се тресев. Од ридот се ближеше зловолно гровтање. Наслушнав. Тоа, всушност, некој крај огнот дишеше со возбуда. Некој ѝ се чудеше на прикаската: удрила зла чума на царските синови и ги ничкосала, најмалиот останал жив за да се бори. И праша замислено, тешко:

„Најмалиот и најумниот син овој ли е?“

Секако покажуваше кон мене. Другите кисело се насмеаја над мојата згрченост. Тогаш се сетија дека не бев вечерал и дека најмалиот и најумниот син на царот Сонце и царицата Месечина живеел пред тисошти години. Ме сожалуваа. Бев дете и немав ставено дланка на женска дојка. Ме заборавија кога Илчо Просинек почна да раскажува како бил млад роб кај некој трговец Евреин во Солун, слугувал, продавал газија, сапун, сол, суви риби, зашеќерени бадеми и урми, ги миел во саботните попладниња тркалата на стопановиот пајтон, ги тимарел коњите, метел, окопувал јаболкници и лилјачиња, прередувал ќерамиди, хранел пци и мачки и чувал кадрави деца. Во неделите наутро одел в црква и слушал нејасни попски песни а попладне спиел со некоја вдовица. Тогаш Илчо Просинек бил малку поголем од мене и можел да изеде за вечера недопечен брав. Вдовицата го поела со шербети и со слатки вина. Не му веруваа и сепак му завидуваа: некој од нив не видел бела вдовица, никој не се облажувал со шербети во долги чаши од син биљур. Тој плукаше во огнот и раскажуваше, оние што не му веруваа не го засегаа. Трговецот Арон имал сè во куќата, од шарени ламби до позлатени лажици. И уште повеќе од тоа: всемог

стопан вампир. Доаѓал ноќе и ги кршел чиниите или ги тркалал тепсиите. Еврејските попови за тешки дукати му се молеле на својот светец, Парамахуј или Махупаруј – не се сеќавам, клечеле во авра, пееле, светеле и вода и масло, ја прскале куќата. По секоја молитва и молепствие, вампирот станувал полош. Доаѓал во бела мантија и во чорапи од козја кожа. На вратот му виселе недоза'рѓани клопотарци. Еднаш, во шталата во која спиел на душек, Илчо Просинек се сретнал со повампирениот пакосник. Зелената брада на сеништето без сенка се криела под куп молци и други лапливи бубачки а прстите му биле продолжени со сури нокти. Кутриот Просинек се ванѓелосал.

И пак луѓето не му веруваа. И самите плукаа во огнот и му подвикнуваа да не ги лаже. Бараа Герасим од Побожјане да раскажува за царски синови и старовремски левенти што со топузи кршеле ѓаволски рогови и прескокнувале со долгоноги бегири огнени реки.

Прашуваа: „Герасиме, синовите на царот Сонце и царицата Месечина беа ѕвезди, нели?“

Тој не ги слушаше или не сакаше да ги слуша. Беше покриен со јагнешка кожа преку глава. И не само тој. Повеќето ја преспаа прикаската за зеленобрадиот господар на солунскиот трговец Арон. Заспав и јас. Сонував зелено: гробишта со зелени крстови, на тие крстови зелени врани се кикотат со човечки глас. Господи, таква треска веќе никој никогаш на светов не ќе има: меѓу гробовите се движат еден преку друг зелени коњоштипи, лепливи богомолки и гасеници: гризат камен, голтаат песок и иловица: нивната алчност ја

истанчува земјата – под неа се отвораат зелени бездни од кои по ништо се качуваат стоногалки, жегавици и пајаци: гнасните бубачки ќе војуваат меѓу себе.

Во врелината на треската сѐ е зелено, и мирисот и шумот. Веќе нема земја. Коњоштипите, богомолките и гасениците излапале сѐ, сега нив ги лапаат, ги кинат или ги смукаат стоногалки, жегавици и пајаци. Нема земја, нема ни луѓе ни птици. Сепак зелено мирисаат пченки и ти раскажува некој со зелен глас: ако не се фатиш за нешто, за шурка небесна светлост или за опаш на магла, ќе се струполиш во шуплива бескрајност – ни над тебе ни под тебе нема ништо.

Ако не се лажам, тоа го сонував во недела. Можеби беше полноќ, можеби сонот веќе ме донесе до бреговите на нов ден, навистина можеби доаѓаше еден понеделник-безделник, кога морничав крик удри врз нас со тежина на даб... Поскокавме подуени од студ и од премореност – некој се фаќа за секира, некој за кол, некој за глава. Ветрот ни ја оддува од клепки пајажината на сонот и избриша дел мрак пред нас. Најпрвин видов некакви пузиња, згрчени и со големи глави (тоа уште сонот ме измамуваше) и кога погледнав кај што гледаа сите, а гледаа кон последната кола, се зграпчив за грло од страв. Дури и месечината да удреше во планински врв и да се распрснеше како фрлена диња на камен, не ќе се исплашев повеќе. Пред моите очи се вртеше во круг жив пламен, тоа го видов, не зелен каков што можев да го сонувам, туку, ти велам, жив, од куп лелеави и жолтоцрвени знаменца. Гореше човек и врескаше, паѓаше и стануваше. И пак трчаше кон ветрот. По гласот погодија кој е. Почнаа да се стрчнуваат кон него, да го

удираат со веленца и со шубари, да го тркалаат. Од него летаа светулки. И тој и тие што дојдоа и што доаѓаа до пеколот на ревење и на пламења, сите, ти велам, се слеаја во една сенка, сенката се распливна, избега низ ноќта.

Се обесвестив ли потоа или пак заспав, не знам.

Кога двајца или тројца му се вратија на огнот, разбрав што се случило. Круме Арсов, најмирниот во дружината, испил половина грне чај од тревки со ракија и заспал на својата кола. Можеби и почувствувал дека го покрива топлина, пијан – не се разбудил. Можеби сонувал свои соништа и можеби се чудел како можат толку, до болка, да го стоплуваат секаквите партали во кои како од раѓање да бил заплеткан. Дошол на себе кога му пламнало црвеното брадиче. Веќе и влакненцата во носот му гореле. Можеби само тој знаел дека дел до облеката му е натопена со газија. Скокнал и споулавено се вртел околу себе, истовремено трчајќи во круг и мавтајќи со долгите раце.

Го слушнав треварот Никола Влашки: „Луѓе, донесете зејтин. Побрзајте, скржавци. Круме е сиот во пликови“.

Го слушнав и Цуцул Мицковски: „Еве сончогледов шарлаган, браќа“.

„Еве шарлаган и од кикирики“, викна и Сандре Самарија. „Ќе се обесам ако...“

Сите ревеа, никој никого не слушаше. Повеќе од десетина носеа карти, бруклии и стомни. Пиштењето на несреќникот мина во бескрајно офкање. Тој човек со гуња од секакви закрпи и опашан преку неа со две шамии, во објала во кои можат да се нурнат шумски пенушки, понекогаш работел в град: таму носел на

широкиот грб по две вреќи брашно или сол, редел по турските и ерменските магази буриња со маслинки, по ановите со боси нозе гмечел грозје во каци. Не личеше на селанец: очи – млади ореви со кора, брадиче црвено и кадраво од уво до уво. Ѓакон, речиси. Имаше набожен глас. Говори, ти ја потресува душата. Умееше да пее старински црковни песни и личеше на преоблечен патрик дојденец, по лик не господов слуга туку манастирски господ.

„Овој шарлаган е од афионово семе и од сусам. Измачкај го со него“.

„За неговото изгорено месо сега е лек крв од желка. Може и крв од лилјак“.

„Да му дадеме да се напие вода?“

„Тргни се. Никола Влашки и Пандил Димулев поубаво знаат како ќе му помогнат. Што сме ние?“

Така разговараа. Потоа уште неколцина дојдоа кај огновите да лежат кај што лежеле пред тоа. Како да се качувале по нагорнина, тешко дишеа, од нив се испаруваше мирис на изгореници. Седеа згрбавени, чиниш во своите пазуви kријат нешто што само тие го имаат. Јордан Шоп го распрета огнот и стави врз жарот располовена тиква – оскрбен е, му горчи душата, ќе се засладува. Коските му чкртаа. Над неговата глава студено блескаа ѕвезди. Не гледаше во никого кога праша чија е таа одмазда и бавно, безволно џвакаше живи тиквени семки.

Јован Стојче-Столетников рече: „Го запаливме Дмитариноарие мртов, сега тој нè пали живи“.

Илчо Просинек имаше поинакви сомневања: „Остави ги еднаш мртвите. Да се рассониме и да се сетиме

дека од дружинава избега Онисифор Мечкојад. Еве ви ја главава – на, ако тој космест‌ волк не нѐ демне од ридон.“

Борис Калпак ја донесе долгата пушка од која загинаа Јане Крстин и Пецо Дановски, Каменчо Скитник извади од дисаги кубура со сребрена дршка: се родил, истиот ден останал без мајка, го израснале на густо млеко од биволица: повеќето се плашеа од него кога ќе ја заборавеа неговата благородност.

„Што чекате?“ праша Калпак. „Ќе појдеме и ќе го бараме“.

Го прашаа: „Ќе го бараме Дмитариноарие?“

Се згрбави: „Ќе го бараме бегалецот. Пееме а тој нѐ пали“.

Блаже Задгорец рече: „Пееме кога ни свират, кога е за пеење“.

Борис Калпак остана згрбавен: „Мртвите не пеат“.

Сандре Самарија ги смири: „Ноќ е, Борисе. Ќе го бараш и ако не се сопнеш од него, не ќе го видиш“.

Зелените соништа пуштаа во моите очи студени боцки, на грбникот ми раснеа змучки од мраз. Пред да се одделам од сите нив, од морничавото офкање на Круме Арсов и од баботењето на моето месо, знаев дека Онисифор Мечкојад не се одмаздува со палење. Секако дека тоа го знаеше и Онисифор Проказник. И затоа непрекинато молчеше.

Осип Сечковски кашлаше и викаше низ солзи: Онисифоре, зошто го стори тоа, мамичката твоја? Почекај, ќе те фатиме и ќе ги врзуваме опинците и објалата со твои жили“.

Да можеа да се доберат до него во таа долга ноќ,

ќе го дереа и ќе му ги корнеа ноктите, ќе го наденуваа на зашилено јасеново стебло. Така говореа а јас ги слушав и се грчев во разбушавени магли. Бев семче во премислување помеѓу неврат од мраз и ’ртење во таа пролет што допираше зелена само во соништата на треската.

# 2

Офкањето на Круме Арсов повремено се губеше но не престануваше. Бездруго треварите Никола Влашки и Пандил Димулев му ја натопиле сета облека од безбојни крпи со густ шарлаган од сончоглед, од кикирики и од афионово семе. Знаев дека пликовите на неговата изгорена кожа се како наголемени рибји очи и верував, тогаш, дека под нив месото е црно и црвено, недојагленосано но не и со толку крв како пред тоа. И со склопени очи го гледав зад зелена магла човекот-факел како споулавено трча, а зад него, зад границата на тој настан, се протегаа моите соништа врз почва покриена со кожа на џиновски гуштер. Таму, на дното на просторот, седеше Круме Арсов, онаков каков што го знаев – си го гали брадичето со палец и се чуди каков е тој пламен што се движи помеѓу него и онемените луѓе од дружината. Наоколу никнуваа криви стебла со тешки и црни лисје, се ширеа, се лееја едно во друго, потоа станаа несовладлив ѕид. Моите соништа лежеа зад непробојноста, јас не можев веќе да достасам до нив, под едно црно сонце на зелено небо и од раб на еден зелен оган врз црна земја.

Се ископав од глекавост и, влечејќи се мечешки на дланки и на колениици, залазив кон тој ѕид со надеж дека уште еднаш ќе го видам Круме Арсов и ќе се уверам дека пред тоа сум го сонувал оковов од пламен. Месото на дланките се отвораше, во нив се забуцуваа остри

камчиња. Во згрбавеноста бев желка што ќе продолжи да лази кон својата цел дури иако ја носи на својата коскена кора земјата со сите планини и реки. Ѕидот на многуте стебла се оддалечуваше, ѝ бегаше на мојата врела жажда додека околу мене сѐ стануваше метеж во кој тешко можеше да се оддели небото од земјата. Сега со мене лазеа и другите, од зјапнатите усти им висеа зелени јазици: со валчести грпки меѓу плешките, личеа на мали подвижни планини. Се напрегав и им бегав, секако морав прв да го видам здрав и насмеан Круме Арсов, да го допрам со прсти, да му раскажам дека сум го сонувал запален. Тогаш ѕидот што ми бегаше се отвори и јас го видов, понеже сакав да го видам него, кој можеби и не бил навистина жив факел. Беше завиткан во своите познати крпи, со црвено брадиче и со калуѓерска камилавка на главата каква што некогаш ја носел, во времето на моето детство. Знаеше дека ми студи, дека со својата смрзнатост станувам камен меѓу камења. Шашливо ме гледаше и со обете дланки ми подаваше жар.

„Земи“, рече; ги отворив очите – над мене стоеше Симон Наконтик. „Земи голтка ракија. Се тресеш, викаш“.

Не сфаќав, не знаев веќе кога сум буден, кога живеам во зелени соништа, сам, мртва земја и под мртво небо.

Едно од говедата чудно рикна. Другите се обеспокоија и му се придружија. Некои од луѓето се исправија. Се плашеа да не е волк и наслушнуваа тапи удари на рогови во дрво. Во новиот метеж луѓето се измешаа со своите сенки. Трчаа, тие што беа будни, кон своите волиња. И Онисифор Показник стана од своите кожи и

веленца кога до него дојде Осип Сечковски. Плачеше и пцуеше, бараше помош од челникот.

„Некој забуцал вила во ребрата на моето воле. Лапајте, проклетници, и протегајте се крај оган“.

Борис Калпак гледаше во челникот со закана. „Игуменијата те благослови да нѐ водиш и да нѐ чуваш. Стори нешто“.

Онисифор Проказник: „Што да сторам?“

„Поведи нѐ“, рече Борис Калпак. „Ако не го фатиме твојот камењак, и ние и нашиот добиток ќе ги оставиме коските во пустинава“.

„Онисифор Мечкојад немаше вила“, се сети Арсо Арнаутче.

Осип Сечковски кашлаше и плачеше. „Тој го убил моето воле со моја вила... Утре пак ќе си каснете пресно месо...“

„Добро“, рече Окисифор Проказник. „Ќе го бараме кога ќе се раздени. А кога ќе го најдеме, судете му – кинете жили и копајте очи“.

Зачекори. Станав и тргнав по него. Го видов сурото воле со бела дамка на челото. Лежеше на слабина и збревташе. Од набабрениот стомак се подаваше долга вила – запците ѝ лежеа забуцани меѓу ребрата на животното што ѝ се предаваше на судбината со тажна мудрост во окото. Се занишав и се фатив со обете раце за гуњата на очајниот Онисифор Проказник.

„Знам кој боде со вила. Знам...“

Онисифор Проказник ме прекина: „Молчи. Никој ништо не знае.“

Сепак знаев дека на една икона на килавиот Јаков Иконописец светец со мртво лице забуцува во ребрата

на многузабо чудовиште дрвен тризабец; зад нив, зад светецот и чудовиштето, умираа на оган голи грешници. Ќе ми верувaа ли луѓето ако им речам дека Јаков Иконописец со улавост во очите создава живи икони? Светецот што ја бранеше на икона православната вера со тризабец имаше лице какво што еднаш ќе може да го има мртов Јаков Иконописец од Кукулино.

Дали само покојниот Дмитар-Пејко, некогаш Дмитариноариј, знаеше какво чудовиште нѐ следи и чувствуваше ли тој на своето грло, како што чувствував јас, влажни и лепливи шепи на магла?

Над нас мракот беше испресечен со зелени пукнатини, под нас земјата се грчеше од гнев. И небото и таа земја, врзани со линијата на ридот зад урнатиот манастир, немо ги слушаа сите наши болки зашто беа свикнати н човечки мачења какви што беа нашите – само небото во тие мигови можеше да знае кој и како умира на земјата, тоа небо на светци со мртво лице на еден мртов Јаков Иконописец и таа земја во чии мочуришта живеат острозаби чудовишта.

# 3

Изутрината се откажаа од патот кашличавиот Осип Сечковски и Трипун Караѓоз. Беа модри, облеката на нив висеше како на тенок и разнишан крст. Луѓето ги потсетуваа на крвта што со палец и показалец ја оставија врз светото Евангелие и на клетвата што ја положија пред олтарот на свети Никита дека ни на смртта не ќе ѝ се тргаат од пат. Богдан Преслапец го посоветува кашличавиот Осип Сечковски да го земе волето на злосторникот Мечкојад и да го продолжи патот.

„Не сакам туѓо", со горчливост рече Осип Сечковски. „А вие изедете го моево добиче и запалете го колилото, грејте се и раскажувајте за царски синови".

И ги криеше солзливите очи од нас. Зад него, сиот покриен со маслосани крпи, офкаше во својата двоколка Круме Арсов.

„Ќе го вратам во Кукулино", рече Трипун Караѓоз. „Ќе го лекувам, ќе го исправам на нозе".

Онисифор Проказник имаше крвави очи. За да не гледаат во него, во крвта на тие очи – неколцина ископаа плиток гроб и го припокрија со земја во неколку дни престарениот Неделко Шијак – умре пред самото разденување. Така ни течеше тогаш животот: ќе го призакопаш мртвиот, ќе му забуцаш над глава крст од две гранки, ќе се помолиш. И пак ќе ѝ се завртиш со чело на својата мака.

Над нас, високо, се движеше зачаден облак кон орел

со неподвижни крилја. Не го стаса. Се отвори од некоја своја магија и појде на две страни, кон гола цуцулка на планина и кон друг облак со позлатен раб. Осамениот орел го чекаше својот миг: ќе отидеме, ќе остане мрша. Од југ доаѓаше млака топлина, плодоносен здив од кој селанската крв се смирува. Ветките на смреките веќе не беа збрчкани суви коски на непознато животно од предискони. Во браздите на сивите кори се враќаше живот. И смрекарките што дојдоа однекаде крескаа гласно додека летаа со џапања. Од коренот на штурите ѕидишта на урнатината подѕирнуваше непознатата билка. Од стоплениот камен видливо се креваше лилаво испарување. Врз ноздрите на добитокот тромаво паѓаа први мушички.

Левата плешка уште ме болеше од секирата на која лежев крај огнот. Но мускулите ми се ослободуваа од грч, сонцето не беше на голема височина и не се криеше под јакуцка на магла. Нејасно се радував: по неколку дни бело ќе прснат бадемовите пупки, над ретките потоци ќе се доселат синоглави птици. И врбите и јасиките ќе се покријат со зелени дамки, дренот ќе се искити со жолт цут. Дури и од пенушките на црниот јасен ќе шибнат сочни прачки. Земјата смекнува, негде веќе богато се искитени лилјачињата, кон орелот лета неговата придружничка – утре таа ќе лежи неподвижна меѓу недостапни карпи врз јадри јајца, а околу мене земјата беше гола и штура, македонска.

Салко Вадидуша, зет му на покојниот Неделко Шијак, дојде да разговара со мене. „Ете, гледаш, сакав да го закопам во дворот на манастирот под голем и бел крст од камен“. Му беше тешко, бараше некого со чиста

душа, да му каже сѐ за тестот и за себе. „Кога се женев, ми купи појас и опинци. Со свој овен и со свое вино ги почести моите гости. Сега како ќе му се оддолжам?“

Молчев. Потоа реков: „Стар беше“.

Нишна со главата како да поздравува некого во далечина. Подарениот појас под неговата бедна гуња се обвиваше избледен, по боја сличен на иловицата од урнатината. Небаре дете половини на тој човек беа одвоени една од друга. Пукнатините на неговите арапски усни незабележливо се мрдаа додека го разгледуваше тестовото луле од печена земја и со камиш од вишново дрво. Од косата му ѕиркаа сламки.

„Ова луле е постаро од старецот. Му го оставил татко му. Ете, тоа е човекот – грамада, смеа и плачење, борба. А едно грутче земја го наджива. Мојот тест не беше стар, Лозане. Умре од уплав“.

„Мислиш – ноќеска?“

„Ноќеска... Онисифор Мечкојад му го грабна од раце залакот месо и го запали пренабожниот Круме Арсов“.

„Тој ли го уби со вила волето на жалнион Осип Сечковски?“

„Нема кој друг. Арамиите имаат пушки, стрелаат“.

Последен пат се обидов: „Никој не видел дека Онисифор Мечкојад тоа го сторил“.

Дојде и Борис Калпак со долга пушка. „Готово е, Осип Сечковски и Трипун Караѓоз ќе го носат во Кукулино и Круме Арсов. Вечерва Герасим од Побожјане ќе раскажува како се растуриле синовите на царот Сонце и царицата Месечина. А ти си, Лозане, дете. Не знаеш. Во мозокот на Онисифорче Мечкојад одамна лазат црви“.

Салко Вадидуша со надеж го погледна. „И – што мислиш?“

Борис Калпак внимателно извлече сламче од грбавиот чкрапец на пушката. Очите му беа набабрени, под нив висеа ќесички што видливо раснеа под тежина на јад и неисплакани солзи. Господ да го покрил со повеќе влакна, и самиот ќе личеше на намразениот Онисифор Мечкојад, ќе беше негов близнак, негова лика во неподвижна лочка.

„Нема патување додека не го фатиме“.

„Нема патување, денес?“

„Реков веќе. Ќе појдеме на лов. Ѕверот само така се сотира“.

Тогаш го видов оној белец што луѓето го бодеа со колови и го сечеа со секири. Долговрат, со развеана грива, нечуен и повеќе сличен на птица, минуваше во чудни и долги скокови преку голата грпка на ридот. На крвавите ребра како да му потрепетуваа пламени јазичиња. Потоа се слеа зад ред карпи со далечната белина на денот. Кога мислам на тоа утро, ми се чини дека во црнкиве мои сѐ уште нечујно се движи намален коњ. Можеби по линијата на ридот мина мал облак или кадра на зимска магла што до овој ден се притајувала во некоја камена пукнатина колку за да се прости само од некој свој заложник.

Орелот и орлицата се движеа кон сонцето кружејќи. Клунестите птици ја почнуваа својата љубов со првата топлина, високо, на еден простор кон кој човекот само со поглед се движи. По земјата веќе се тетеравеа сонливи мравки.

„Онисифор Проказник бара да се продолжи патот“,

реков. „Се заколнавме дека ќе му бидеме покорни“.

Салко Вадидуша го бутна земјеното луле во подарениот појас, Борис Калпак без разбирање погледна во мене како во соблазнител. Никогаш порано не бев го видел толку искривен и шашлив од грижи. Ја отвори едната дланка и ми подаде сребрен прстен со голем зелен камен. Ми рече да го земам и да ја зарадувам невестата кога утре ќе се женам. Беше преслаб за да се насмее. Ѕурев во него и молчев. Каменот на тешкиот прстен беше згусната капка на моите зелени соништа од ноќта пред тоа. Ако се наведнев, ќе видев во тој камен мртви покриви на пусти куќи и зелени трупови на една треска. Отстапив еден чекор.

Борис Калпак воздивна. „Ми го подари Трипун Караѓоз. Се плаши – ќе му ги исече некој прстите и ќе му го земе, како што тој го симна од мртвата рака на злодејот со чалма.“

Дојде Чучук-Андреј и рече со пелтечење дека луѓето сакаат да појдат и да го извадат избеганиот Онисифор Мечкојад и од дупка на гуштерица ако треба. Зелениот камен веќе лежеше врз домалиот прст на Калпаковата широка шепа. Се свртив и се оддалечив од нив а ноќната треска, во која умирав заедно со старецот Неделко Шијак и не умрев, побрза од сето мое месо и од сите мои млади жили кон грлото: се склопчи таму, со притаеност на лутица чекајќи свој миг да пушти од себе и студени и врели боцки. Сепак чекорев со сенка на продуван страв врз тилот. Тогаш мислев дека еднаш веќе сум минувал по таа дива земја со некакви бели и лилави жиличиња што лазат со испреплетување меѓу камења и суви базје и се хранат со сè што ќе се допре до нив, тогаш така мислев

или можеби мислев дека еднаш ќе минам по таа врвица што ја започнувам со стежната стапалка, но сеедно – веќе бев на грпката на ридот што се спушташе кон нејак поток и видов во далечина на некоја планина расфрлени куќи, не поголеми од тупаница, и видов зад поток дабов забел. Ништо од сето тоа не барав. Не можејќи да си ја објаснам желбата, очекував да го видам гривестиот белец и да му се доближам, со дланки да ја избришам крвта од неговите светкави влакна. Тоа беше желба на дете што се плаши од видени мртовци и сепак може, верува дека може, со здив да му ги излекува раните на животното. Освен селото, ако во него можеше да има живот, освен тие куќарки од камен и на камен, немаше наоколу ни човек ни птица. Несвесно продолжив да чекам кон забелот кој се исправаше како од бескрајна темна лочка, чиниш крепост е што чува некоја тајна – ќе се добереш до неа и ќе си ја догледаш судбината до својот суден ден, дури и подалеку, судбината на она што си видел и што си сретнал, на она што ќе остане по тебе.

Гривест ат! Навистина ли видов бел коњ во тоа благо утро во кое и каменот се рассонуваше или пред моите усвитени црнки трепетеше павлака на треска загнездена во мене на овој пат?

Го прерипав потокот и продолжив да чекорам со наводенети петици. Од голата земја пред моите нозе пркнаа неколку еребици оставајќи зад себе скомињав цвркот. Ги снема зад забелот. Без причина тргнав по нив. Шумолењето на потокот се притаи зад мојот грб. Забелот, како изделкан од огромна грамада стврднатата смола, можеше да крие во себе други еребици што ме исчекуваат со залепени гради за суви тревки и слични

на безживотни базје, или криеше жолтоок лисец со мудрост и итрина закопан во некоја грмушка. Во мене живееја и исчекувања: ги носев во стиснатите прсти, во стиснатите очи, во стиснатите заби: раснеа од празниот клобурец на мојот стомак и ме олеснуваа да чекорам. Заборавав дека можеби луѓето од дружината ме чекаат да застанам пред својата запрега, поточно пред запрегата на оние што ме хранеа. Ги заборавив и ноќните злодејства поради кои луѓето ги обземаше вражда дури и кон најблискиот. Го видов со белег од нож на челото. Седеше со показалец на устата како да сакаше да ми каже со таен знак да застанам или да продолжам меѓу дрвјата сосема нечујно, лазејќи, зашто тој сега го наслушнува движењето на подземните води што се качуваат од коренот кон веткитe на дабовите или зашто го гледа пукањето на кората на стеблата и трепетот на петелките на кои и без ветар се нишаат непаднатите лисја. Застанав, помеѓу нас се бушавеше боцкава грмушка.

Се насмевна, чудно, искривено. „Што се случи – некој гореше, а?“

Му реков дека луѓето од дружината веруваат оти тој ја запалил сламата на која спиел поднапиениот Круме Арсов.

Ме опомена: „Говори потивко, не сум глув“. Потоа: „Се кријам, чекам и ловам, ако сакаш да знаеш“.

Му реков дека и луѓето ќе појдат на лов и дека не ќе им избега. Обетката на левото уво му блескаше, беше грутче сонце.

„Ги подбуцнува Онисифор Проказник, тоа го знам“, рече. „Тој сега лесно може да им ја разгори улавата крв и да ги урне врз мене со секира и со колови“.

Како што го бранев него пред другите, сакав да го одбранам и другиот Онисифор пред него. Му реков дека Борис Калпак и уште неколцина се ловците.

Сè уште беше насмевнат но тоа беше збрчканост на неспан човек. „И Калпак, а? А ме молеше да му ја дадам пушката. Сега со мои камења ќе ми ја крши тиквата“.

Ме праша верувам ли и јас дека тој го запалил Круме Арсов. Во тој миг како од мојот одговор да му зависеше спокојството. Му реков дека сомневањата не ми се движат по трагата на неговите опинци. Го познавав: тој можеше да се одмадува со раце и со нож, никогаш со оган. Некаков мраз однатре му ги нагабри очите, потоа ги повлече, ги исмука од нив светлоста и влагата. Ми рече да седнам до него. Го послушав и со задоцнување го прашав што лови.

Рече: „Човек или гробник, она во што ќе се закопаат овие нокти. Некој ја следи дружината, ве пали“.

Се сетив за светецот што боде со три запци чудовиште. „Тогаш не е вистина дека си ти“.

„Што дека сум јас?“

„Ти не си оној што го уби Осиповото воле. И не му го грабна залакот на старецот Неделко Шијак.“

„Ако го сторев тоа, сега не ќе бев гладен“.

Му понудив да му донесам леб. Ме праша дали брзам да им шепнам дека е во забелот. Ме сметаше за потскажувач, за мал пакосник што гледа во него виновник за несреќите на патот. Не беше научен да го сакаат и не им веруваше на луѓето.

„Сеедно“, ја дувна од уста тревката што ја џвакаше. „Ќе тргнете кон Лесново, ќе го оставите моето колило. Ќе се пресрамам и ќе се вратам од кај што сум дошол“.

Го потсетив за ловот за кој нејасно ми говореше. Ме обземаше жестока желба да го натерам да се раздвижи и да го најде виновникот. Главата му висеше како туѓа, како извлечена од безживотен песок. Под неговите веѓи веќе немаше очи. Се исплашив да не ме заборавил. Кога сакав гласно да го повикам, тој скубна од земја тревка и ја стисна со заби. На наддланката му лазеше пролетна бубачка под црвен оклоп, она за која се веруваше дека е предабер на гости.

„Прикаски", воздивна. „Секакви прикаски му ги појат дробовите на човека и му го копаат гробот. Се раѓаш да буташ некого кон гроб додека друг и тебе те бута зад грб."

Тогаш ми раскажа, иако јас сето тоа го знаев поинаку, онака како што го раскажуваа денгубите старци во Кукулино, не ќе си ја смират ли душата со туѓи гревови. Од неговата прикаска исто така можеше ноќе вжештено да се размислува за светците и грешниците на минатото и за темните вртежи околу нив, за времето во кое, повеќе од кога и да било, смртта и стравот од смртта господареле и над билје и над луѓе. Како да бев во една од куќите на Кукулино: од огниште на кое виси поцрнет котел, се шири црвеникава топлина, удира во луѓето и им ги брише од лицата грижите и годините: светлоста се мрешка по земјениот под, мислиш вода е над која минува здив на ветар: чкрта стара маса на долги нозе, на неа е дрвена карта со ракија, зад луѓето плашливо трепка око на кандило и потсетува на заборавена ѕвезда под проѕирни партали на пајажина: топло е, животот е далеку од светот на домаќините и гостите, обесената низа лук на ѕидот брани од урокливите очи на

темницата зад прозорците.

... Оној негов дедо или дедо на дедо му се викал Парамон и, како сите од тоа време во Кукулино, бил умен и со две очи. Тоа биле студени години во кои сиромаштијата под планинската црногорица му плаќала на султанот данок со крв, кога делии со зелени чалми ги собирале машките деца и ги носеле во булук кон Стамбол и кон Едрене, таму да ги потурчат, да ги научат да бодат со копја и да сечат со синџири, и самите подоцна, како брадести јаничари искитени со шарени перја и натоварени со топузи и криви сабји, да собираат нов данок во крв и да се борат против ајдутите во чии чети бил и Парамон Мечкојад. Во тоа време, годината е напишана во црковните книги, мајданџијата Карпош ги кренал на востание луѓето од земјава, зазел од Турците неколку градови и ги исклал беговите во десетина села. Кога стигнал со своите голтари во Скопје, она што никој не го памети и што го запалиле австриските војски на честитиот или никаквиот цар Леополд, ајдутот Парамон дошол пред књазот Карпош и му рекол дека ќе се бори на негова страна за човечки правдини. Књазот и ајдутот се избациле, се заколнале пред златен светогорски крст и удриле со своите војски на страшните јаничари. Оддалеку, од Српско и од Влашко, од Бугарско и од Латинско доаѓале во вилаетов голошии орлишта да се налапаат мртво крстено и некрстено месо. На орлиштата им се придружувале мравки и лакоми стаорци а тревата, изгорена од крв, се сушела: се бијат Карпошовата војска и Паромоновите ајдути со јаничарите и со скерот, колат и паѓаат заклани, се крши железо, пукаат черупки, се множат купови мртви. Турците биле помногубројни,

дваесетина сабји на еден голтар, и ги доклале луѓето пред тоа насобрани од Кратово, Куманово, Велес, Штип и од повеќето села околу Скопје. Така и го заплениле испоранетиот Карпош, књаз и господар на мртва војска. Ослепен, крвав, без една рака или нога, го наденале на кол под скопскиот мост да го слуша плачот на Вардар. Иако и самиот со десетина рани на своето жилаво месо, Парамон се извлекол да се крие од планина на планина и да остава зад себе запалени сараи и заклани туѓинци. До султанот и до неговите паши стасале многу поплаки против одмаздникот, шербетот што го пиеле им станувал горчлив. Затоа се собрале во Едрене најсилните јаничари и пошле на арапски биниши да го бараат ајдутот Парамон. Било попусто, секогаш се спуштале од планините посрамени и со крвави стапалки. Султанот најпрвин ги прекорувал и им ги зел имотите, шадрваните, коњите и жените, потоа објавил, доколку не му ја донесат главата на ајдутот, ќе ги испообеси на железни куки или ќе ги испофрла во јами со исправени дренови колови. Јаничарите, веќе исплашени од султановата закана, се сетиле да ги соберат од Кукулино и од другите соседни села сите машки деца од четири до четиринаесет години – доколку ајдутот Парамон не им се предаде или селаните не ја донесат на тепсија неговата глава, тие ќе ги исколат децата и ќе ги обесат нивните главчиња на скопските дрвја, јаболка со мртви очи да се. Така и сториле. Она што се спротивставувало исекле и изгазиле со бесни коњи. Лелекот на селата го извлекол тогаш ајдутот Парамон од тајна пештера во која се криел а пред тоа со нож ја убил мечката што му се испречила на пат. Се симнал в село, го нашол на нива својот син Зрман

и клекнал пред него. Бил остарен, преку едното око му минала, во битките, турска сабја. *Сечи, синко, рекол, и носи им ја јаничарите главава. На народецов не му се нужни старци, животот ќе го продолжат децата што ги купувам со своја крв.* И помолил, и спокој на душата, сета машка челад на Мечкојадовците да носат обетка на левото уво и да колат сѐ што е дворјанско, под самуркалпаци, во зелени долами везени со злато и во нафтани од срмен кумаш...

„Батко Онисифоре", реков. „Зошто го мразиш твојот имењак со белег на лицето. Тој поинаку ли раскажува за дедо ти Парамон и за књазот Карпош?"

„Секакви прикаски му ги пијат дробовите на човека", повтори: „Тој раскажува дека го мразам. Се плаши од мене".

Станав, земјата беше студена. „Тој не се плаши ни од дедо ти, ни од неговата сенка, ни од тебе. Јас сепак знам, сум слушал".

Веѓите му ги ослободија очите, челото му стана уште помало. „Што знаеш, што си слушал?"

„Знаат и другите – во младоста сте сакале иста девојка. Тој, не ти, се оженил со неа. Тоа го знам".

Се подаде и како со циганска клешта ми ја стисна ногата кај глуждот. „Тој пес и со тоа се прчи, тој пес со красти".

„Не сум слушнал ништо од него", реков, „Други раскажуваат. А ти го чекаш и го ловиш".

Ме пушти оставајќи ја болката на прстите на моето месо. „Оди си", се наведна. „Кажи им дека сум овде, дека ги чекам да дојдат и да ме запалат. Во детството ме апнала змија".

Стоев во двоумење и мислев дека од моите очи розга крв што почнува да ги копа на моето лице првите бразди на староста.

... Тоа се случило петнаесет години пред патот за Лесново. Кога Онисифор Мечкојад испратил стројник со јаболко кај татка ѝ на некоја Донка, домаќинот се согласил да ја омажи ќерката зашто мислел дека ја бара мленикот на игуменијата Минадора, Онисифор Проказник. Така почнало и продолжило кога Онисифор со обетката сакал сосила да му ја одвлече од олтар невестата на имењакот. Браќата нејзини, меѓутоа, и уште некои го зграпчиле насилникот и му ги наместиле ковчињата. И го оставиле зад грб настанот. Сепак се знаело дека Мечкојад ја памети срамотата...

„Заборави", му реков. „Имаш деца".

Се згрчи позеленет и зграпчи поголем камен на кој пред тоа се потпираше со едниот опинок. Без брзање се исправи на нозе. Можеше засекогаш да ми ја затне муцката со удар. Од сеченото чело му протече крв.

„Ти реков, тргај ми се од очи", со изменет глас ме помоли и јас знаев дека е пак оној вчерашниот Онисифор Мечкојад што не простува. „Бегај, малечок предавнику, не бутај ме во грев".

Се свртив и си заминав со морници под тилот. Мислев дека она што треба во мене да е страв станува дива болка од која ќе можам да се избавам далеку од ова чудно земјиште со многу жили во себе, негде на некое бачило запаметено од детството или од прикаските на тоа детство: во несоблазнет дом на недоразвиени јагненца до чии меки слабини топло се дише, бескрајно се сонува цутењето на праските и јаболкниците. Но

врз мене сѐ уште лежеше парче темница во која Круме Арсов се преобрази во жив факел, кој со искинати писоци се врти во круг, паѓа на коленици и пак станува, и трча кон ветар. Го прегазив потокот. Качувањето по ридот зад кој се наоѓаше дружината со своите запреги беше тешко. Ги исправив рамениците и воздивнав за да не паднам со лице врз својата сенка. Не можев да не се свртам. Забелот сега беше поинаков, згуснат и замаглен. Онисифор Мечкојад не стоеше меѓу стеблата. Го измислив ли пред тоа, разговарав ли со својата треска што пак со брзи отчукувања почна да ме морничави под плешки?

„Бегај, малечок предавнику", се влечеше по мене и по мојата запрложена сенка, ме сопнуваше и ме предизвикуваше да се уверувам дека навистина тој тврдоглав и див човек заслужува да станам мал предавник. Мислев и не можев тоа да го сторам иако се чувствував навреден како мал пес со кој луѓето најпрвин добро постапуваат, потоа, без причина, го клоцнуваат. Така беше. Накиснатите нозе ми беа врели.

# 4

На неодмрзнатото небо се движеа на свое гумно девет орли, се лизгаа со вкочанетите крилја по сивотијата и беа слични на дршки од секири во бавен вир на река што негде, на патот, бришела варовник. Лежев сраснат со грб за земјата кога Марко Марикин, самарџија, абаџија и некогашен црковен пејач, човек што има за сѐ свои и само свои причини, малку разбирливи за другите, почна да се смее и да се удира наведнат со дланки по колениците. Брчките од долгнавестиот лик му бегаа кон ушите, кон тие сплескани полжавчиња од ’рскавица и кожа. Смеата можеше да му се види со очи: од устата му шибаше коњска پареа. Не знаеше дека пред тоа треснав со плешки на земја заради истоштеност што почнува кога ќе ти се стори дека колениците ти се испразнуваат и стануваат клобурци од коска ненадејно истанчени пред некое распрснување. Мислеше дека ме опива првото доброутро на пролетта во таа крастава година да лежам со тил на камен и без трепкање да го гледам движењето на орлите.

„Пролет е“, се обиде да ми објасни. „Ќе ни се вратат штрковите во големи јата. А орлиштата се собираат да ги пречекаат, секако овде, над нас. Знаеш ли сега зошто?“

Молчев, не сакав да разговарам за она што не сакав или не можев да мислам по срекавањето со Онисифор Мечкојад. Марко Марикин прашуваше и секогаш сам одговараше, најмногу тогаш кога ќе предизвикаше љубо-

питност кај луѓето со кои се здружуваше и кон кои беше братски милослив. Прашуваше со смеа, кога одговараше брчките  во бранчиња му бегаа од ушите и се вливаа во краевите на устата.

„Гордите штркови и силните орли се во вечна вражда и нема господ што ќе ги спријатели – ни штрк се жени за орлица, ни орел за штрклица. Се сретнуваат над страшни места, над песочии, над змиски карпи или над некогашни гробишта, и удираат едни на други – долг клун на подвижни нокти, кол на сор, крив нож на копје. Се кинат штиците, летаат пердуви, ги нападнала орелска и штрклеска пипка, врз коритници или врз лелеав шамок плиска крвав дожд. Со дождот паѓаат и крвави птици и се распрснува писок од кој и мртвите умираат по вторпат. Пред педесетина или повеќе умираат по вторпат. Пред педесетина или повеќе години луѓето виделе таква војна над скопската планина Водно. Штрковите и орлите удирале едни на други до самата ноќ. Утредента, по едно изгревање и заодување на крвавата месечина со ископани очи и пукната муцка од слеп судир со планинска цуцулка, се видело: меѓу дрвја и камења биле расфрлани неколку стотици крвави птици. Од нивните распердушени крилја и пукнати глави бегале и лисиците. Секогаш по таквите војни, малечок мој, од тоа место бегале другите птици. До гробиштата на птиците не смееле да се доближат ни луѓето. Потоа доаѓала на своја грбава маска чумата и со чурлавата на здивот ги задушувала луѓето. Тогаш можело од трупиштата да се соѕида кула до ѕвездите“.

Во секоја негова прикаска ’ртеше семе на нов настан.

Ретко раскажуваше но кога ќе почнеше, а почнуваше кога луѓето не очекуваа, не се запираше ни под удар на порој ни под уривање на лавина што се разбудува од извик на дрвар или од крик на ѕвер. И самиот во раскажувањето беше сличен на лавина што се спушта од глуви врлежи, со татнеж, разбрането и грозоморно уривајќи на својот пат стогодишни стебла и довлекувајќи со себе мирис на покосена боровина.

„Војната на птиците е претскажување за крстените и некрстените. За да знаат дека од приморјето, од некоја гладна земја Арапија, ќе допливаат до нив накострешени стаорци со болештина во мочката и во лигите, ќе ги заземат во густи глутници куќите и трлата, ќе изгаснат и човечец и коза, сиротинска доилка. И почнува: и младите и старите поцрнуваат, се сушат, бладаат. И се струполуваат врз своите сенки во најстрашни маки: од ноздрите им капе лилава крв, очите прскаат како костени на огниште. А ти не прашувај ме за молепствија – чумата ги коси и игумените и дијаците. Да“.

Избројав во сивилото единаесет орлишта и слушав со горчливост на тага во стомакот. Ме болеше грлото и ме болеа ушите – ќе умре Лозан Перуника, како да ми шепотеше некој невидлив пакосник. Можеби Марко Марикин сакаше да ме исправи на нозе со стружењето на својот глас. Како со коренот на своите стапалки да цицаше од земјата подмолен татнеж, раскажуваше:

„Чумата не се шири по светов сама од себе и не ѝ го разнесуваат семето ветришта. Земјата се покрива со трупови. Доколку некој богослужец и доброчинител не ги посипе мртовците со вар или со газија, доколку не ги запали од божји причини, преку ноќ на нив се нафрлу-

ваат чакали, понекогаш бесен пес или престарен крмнак. Ќе се налапаат алчниците и ќе се растурат оторбешени, на сите страни носејќи ја на непца в црева чумата. Имало години, старите тоа го слушале од татковците, кога по македонскава земјичка чумата собирала цели села и градови, во нив ни дете ни коте не останувало. Ќе закопаш еден – двајца паднале поцрнети, ќе им ископаш гроб на тројца – десетина се ничкосале мртви, в месо им шушкаат црви, тие црви се живот".

Зад него застана Онисифор Проказник. „Што е, пак ги оплакуваш чумосаните од времињата на дедо ти Макарие?"

„Ги оплакувам живите", рече Марко Марикин.

„Плачејќи над вас, паѓам од смеа. Солзите не ги разбудуваат оние што отишле и што не ни рекле збогум и проштавајте".

Мртвите без отидени под земја, тој отиде да го дојаде ланското јаболко што го држеше в рака и што го начнал пред да се наведне над мене. Ломабчките нозе му беа исповиткани во крпишта и во секакви сури кожи во митарење. Го болеа. Тоа можеше да се види и од подалеку: ќе зачекори – ќе застане, пак чекор – пак вкочанетост, сè така, со бавност на човек што со рамните стапалки испитува не е ли пред него жив песок или гнездо на поскок со рокче. Пак ги броев орлите. Беа веќе тринаесет и не се спуштаа кон нас, не се наголемуваа. Нивното движење беше нивни живот без страв од бегови и од чуми, и затоа уште позагатлив во својата величественост. На патот се исушив. Клун на птица можеше со еден удар да ми го ископа срцето, штрковите можеа да ме приковаат за земја.

Онисифор Проказник клекна до мене. „Тој е зад ридон, така ли е?“

По белегот на лицето му се лизгаше жолтеникава шурка сонце. Немаше обичај да ги објаснува своите прашања како Марко Марикин и не ги сакаше прикаските од стари времиња. Му реков дека навистина бев зад ридот, тој не можел да не го види тоа зашто секогаш очите му гледаа на сите страни, но дека не знам за кого ме прашува, дека не знам кој е *тој* зад ридот. Се чувствував подобро и можев да станам и да го оставам со сите грижи од кои се дочекува брза но не и далечна старост. Сепак лежев и повторно и пак повторно ги пребројував недостижните птици.

„Знаеш за кого говорам“. На испуканото небо висеше смрзната сенка од вчерашната зима. „Онисифор со обетка на увото не е далеку“.

Дишеше шумно низ нос, не во исчекување да станам и да го доведам до местото за кое беше уверен дека го знам, дека привремено е моја тајна, туку во занес на човек од кого ништо не може да се сокрие. И можеби не само за тоа додека за миг се наднесуваше над мене и ги криеше со влакнестиот подбрадок и своите очи и птиците. Можеби се плашеше од тајната што ја очекуваше да ја впие во црните ноздри како мирис од засечена афионова чушка, тајна, за мене веќе помала од светот на рамностапалестиот Марко Марикин и понезначајна од кошмарот во чии пени вријат крвави, распердушени и испокинати орли и штркови со очи црвени и слични на парче кора од печен рак. Ако ги покриев очите со дланка, ако се обидов да се одбранам од пареата на неговите ноздри, ќе видев меѓу линиите

за кожата намалени трупови и чакали.

„Зад ридот најдов поток“, реков. „Се миев. Ништо друго“.

Збиваше како да избегал од водите на потокот за кој му зборував и, сега сосема наведнат, гледаше во моите раце. Валчестите коски под очите му се јагуридосуваа. Триаголникот на брадата му се повлече и ги откри птиците над нас.

„Гладен е. Побарал да му ја однесеш торбата со јадење – со леб, со урда и кисели пиперки во склопци“.

„Знаеш, батко Онисифоре, дека сум на твоја страна. Остави ме. Болен сум“.

Ако не знаеше дека треската трупа врз мене црни парчиња мраз на ноќта во која еден човек стана факел, можеше да знае дека торбата во моите раце е на тој Онисифор со обетка. Точно: пред тоа се спуштив од ридот, ја зедов торбата од Мечкојадовата кола на две преголеми тркала и пак зачекорив по врвицата на земјата со жилички. Потоа паднав од треска и глад. Онисифор Мечкојад не се излага дека ќе сум предавник, сеедно што тоа се случуваше поинаку отколку тој што очекуваше. Не верував дека Онисифор со белег на лицето не ја забележа препаленоста на моето лице и замагленоста под клепките над кои орлите и небото се измешаа црно и сиво.

„Не сум предавник“, залипав. „И не го запали тој...“

„Знам, Круме Арсов не гореше од негов оган“, и потаму дишеше шумно. „Но тој отиде, нè остави без да прослови клетва. *Си биле еден цар и една царица и имале триесет и деветмина синови, а најмалиот бил најумен.* Се сеќаваш, Герасим од Побожјане ни раскажа чудна прикаска“.

Се сеќавав за она што ми го рече Онисифор Мечкојад. *„Секакви прикаски му ги пијат дробовите на човека и му го копаат гробот.* Се сеќавам, батко Онисифоре“.

Но тој знаеше. „Од прикаските за дедо му или дедото на тој дедо навистина се паѓа во гроб. Господ знае какво семе ’рти во нас и нѐ тера да ломотиме дека човек спие во пештера прегрнат со мечка како со жена“.

Врело побрзав. „Дедо му бил ајдутин и...“

„Ти тоа го знаеш?“

„... се борел во четите на књазот Карпош, потоа сам“.

„Добро“, се согласи. „Тој тоа ти го кажал утрово за да си ја олесни душата или да те смекне и побарал да му донесеш леб. Добро, тоа го знам и без тебе.“

Му реков оти Онисифор Мечкојад не ме молел да му ја донесам торбата што другите ја познаваа по црвените, црните и зелените риги и сокрив дека ме нарекол предавник со увереност дека не сум ништо друго туку мал поткожник на дружината. Другиов Онисифор клечеше над мене, потоа стана и го сокри белегот на лицето. Ноздрите му беа пошироки отколку што мислев. Станав и јас, со задоцнување сокривајќи ја Мечкојадовата шарена торба зад грб. Тој извади од џеб зрно суво грозје и ми ги подаде на дланка но со таква бавност како да сум птица што може да му избега и да го остави бескрајно молчалив и осамен. Наеднаш се почувствував рамен со него, не стар колку што беше тој, туку поинаку: сега Онисифор Проказник станувате дете од моето коледарско детство, од некој Божик со мразулци на стреите и со укит на глоговите. Меѓу луѓето не се забележуваше никакво движење, добитокот стана

нерамен куп смрзната земја врз земјата. Не се слушаше ни сувото липање на Круме Арсов. Погледнав кон небото и видов само пет или шест орлишта. Десно од нив, не многу далеку од сонцето, се протегаше бела дамка на облак. Личеше на неподвижен гривест белец. Мрзулците на детството се стопија во секавањето и јас им се вратив на своите шеснаесет години. Го зедов сувото грозје.

„Го видов“, реков со игли на вилиците.

„Го виде – каде?“

„Го видов коњот што сакавте да го убиете со секири и со колови. Батко Онисифоре, кога ќе биде тоа?“

„Кое тоа? – праша.

„Кога ќе појдете да го ловите?“

Знаеше дека веќе не говорам за белиот коњ со лелеава грива. Со мирни очи ги гледаше отпечатоците на моите наводените опинци. Земјата беше под сува кора и пак не ја впиваше влагата. Ми се стори дека долго мрда со усните пред да достаса до мене збор.

„Си го прегазил потокот и си го сретнал“. Со благост ме фати за мишка, можеби сакаше со допир да ми докаже. „Добро, не е виновен. Но зошто не се врати? Тоа ќе ги смири луѓето, и дружината ќе може да го продолжи патот“.

„Борис Калпак и другите ќе го убијат. Го мразат“.

„Добро“, ја тргна раката од мене. „Тогаш ќе појдам сам и ќе го донесам на грб жив или мртов“.

Не му реков дека и другиот може некого да донесе на грб жив или мртов. Салко Вадидуша, Чучук-Андреј и Борис Калпак со пушката никнаа од земја зад мене и, без да се грабаат за збор, секој со по една или две

реченици рекоа дека Трипун Караѓоз и Осип Сечковски отишле и го однеле на двоколка Круме Арсов.

„Ене го, и Цуцул Мицковски тргнува по нив“, рече Борис Калпак. „Вели дека жолтицата на покојниот Неделко Шијак поминала на него“.

Чучук-Андреј запелтечи дека и Онисифор Мечкојад е избришан од дружината. Борис Калпак го легна дното на пушкиниот кундак врз штотуку отворен мравулник и рече дека ќе го избрише од дружината кога ќе му ја остави главата на камен да си играат со неа ноќе лисици и лисци, да ги учат малите лисичиња како се глодаат коски. Бев уверен, ни самиот не знаејќи зошто, дека Борис Калпак не ги сака обајцата Онисифоровци и дека неговата омраза не е постудена ни кон игуменијата Минадора. Не сонував: долгата абердарка му даваше сила да се чувствува голем и силен и да се смета за вистински челник на дружината. Мустаќите му беа машки кренати, одвоени од горната усна, на рамениците можеше да му се постави темел за манастирите.

Си биле еден цар и една царица и немале веќе четириесет и три дечиња, и не останале заедно оние триесет и деветмина синови. Меѓу нас не беа покојните Дмитар-Пејко, Јане Крстин, Пеце Дановски и Неделко Шијак, и ни свртија грб Васко Тушев, Круме Арсов, Осип Сечковски, Трипун Караѓоз и свирачот на шупелка Цуцул Мицковски (го видов – ја влечеше без збогум по себе запрегата), и беше и не беше со нас Онисифор Мечкојад. Останаа уште триесет и четири запреги, без бегалецот со обетка – еден терач помалку од таа бројка.

Онисифор Проказник се истанчуваше како да истекува од маслосаниот кожув. „Силните остануваат. Секогаш, сегде“.

„Не знам кој останува“, дочека Борис Калпак. „Знам само дека на силните им припаѓа челничкото место“.

„Сакаш да станеш војвода, господар, се чувствуваш силен?“

„Ти треба да се чувствуваш силен и да го зграпчиш за уши злодејот Мечкојад. Луѓето се исплашени. Утре и другите ќе ти свртат грб и ќе те остават сам да го бараш Лесново по беспатицава“.

„Чекај. Онисифор Мечкојад е злодеј зашто отиде со исечена жила на челото, затоа, нели? Или можеби ти виде дека го боде ајванот со вила, дека ги пали луѓето“.

„Сакаше да ти збрца нож в чкембе“, рече Борис Калпак. „Тоа го виде и самиот“.

„Сакаше, не збрца“, рече Онисифор Проказник. „И доста е веќе. Ќе тргнуваме. Онисифор Мечкојад е на пат за Кукулино“.

Зад него застана Никифор Ганевски. „Прав е Онисифор Проказник, браќа. И дење и ноќе сме на исто место. Ни до идните Поклади не ќе стасаме до Лесново“.

Салко Вадидуша изгледаше поцрн отколку ноќе. „Тргни се, Никифоре. Ние од главушијава бараме сметка, не од тебе“.

Тоа истото веднаш го повтори и Борис Калпак. Шепите видливо му бабреа од надојдена крв. Никифор Ганевски го потсети дека абердарката има два краја: едниот пука, другиот може да падне врз тилот на тој што ѝ го стиска чкрапецот. Од појасот му ѕиркаше змиулест сор, алатец силен и за гранки и за човечки жили. И на

неговите шепи им тежеше крвта.

Борис Калпак му ја подаде пушката на Чучук-Андреј. „Повели, синдраку, да си ги измериме гробовите. Рацеве ми се празни“.

„Чекајте“, застана меѓу нив Онисифор Проказник. „Меѓу себе ли ќе се колеме? Ајде, Никифоре, ќе се помолиме на гробот Неделков. Погледни, луѓето чекаат некој да му ја испрати душата“.

Го повлече со себе како да го корне од скрка. Останатите тројца намуртени го испратија. Сивотијата на небото беше пуста. И на птиците им е туѓо нашето зло, мислев.

„Ќе се моли, ќе се преправа“, дојде Арсо Арнаутче. „А знаете ли зошто е богочетец?“ И одговори: „Заради своите дедовци“.

... Биле тројца и во една ноќ грабнале од три села три најубави девојки, ги изврзале со улари и појаси и ноќе, преку планини и далеку од населби, села и селца, му ги однеле на некој паша, скопски или солунски, никој веќе не паметел. Пашата, вљубен во крстена младост, а и самиот млад, ги платил девојките со товар азно, со дукати малку помали од сонцето. *Ашколсун*, ги подал кон арамиите рацете да му ги целиваат, ги облекол во арапски антерии и им дал анџари и наџаци да се бранат патем, при враќањето, од човек и од ѕвер. Тројцата никаквеци купиле за златото секакви женски лаги, белегзии со модри каменчиња, морски полжави, шарени басни и прекуморски скакулци во шеќер. Патувале со три натоварени маски и кога ги стемнило, легнале да преспијат на раб од мочуриште. Таму ги стасала клетвата на девојките. Кога од некое мртво дрво писнал був,

од водата на мочурштето излегле жаби со рокчиња и ги облазиле злодеите, па изутрината, под сонце, имале што да видат: од носот до ножните прсти се посипале со красти. Такви, исплашени и грди, стасале некако во Кукулино. Луѓето најпрвин бегале од нив, потоа им се закanувале со ластегарки и ги крстиле Проказници. Проклетството продолжило: крстите се ширеле и од другата страна на кожата. И мозоците им се расцветале од нив. Доаѓале баби треварки и белобради екими да ги лекуваат со секакви иљачи, со тревки во јазовечко масло, им обесувале на врат лилјаци заклани со златна пара, ги прскале со крв од бели врани. Не помагало. Проказниците се споулавеле. Најпрвин гризеле дрвја и камен, потоа ги извлекле од кании сабјите на пашите и си ги испоклале жените и децата...

Чучук-Андреј со сомневање се накашла. „Знаеш дека било така, си им светел кога ги секле жените и децата?“

„Чомаку буков“, му ја зграпчи пушката од раце Борис Калпак. „Ќе ти светат утре, кога ќе се протегаш под земја, ако не му ја истресеме низ нос душата на катиљот со обетка... Повикај ги луѓето. Ќе ловиме“.

Веќе не смеев да го минувам ридот и да го газам потокот.

# 5

Спиев ли?

Најпрвин и првпат тогаш видов дел од јавач на коњ на манастирскиот ѕид, око, рака до лакот со дршка од недовршено копје во грч на жолти прсти и копито врз дамка на нешто што било иконописечки настан, имало историја на грев и пекол. Одраната кожа на малтерот откриваше добро изрежани бигорливи камења од какви никогаш ниедна куќа по нашите села не се градела: право да бидат богати и да живеат по крепости, под кубиња и меѓу сребрени кандила, меѓу стари и умни книги, имаа само светците. Оние што му се покоруваа на челникот со лузна на лицето стоеја и чекаа немо крај спрегнатиот добиток во колилата. Многу помалку од половина во дружината имаа по две волиња, некои од нив немаа со што да ги заситат. Но не мислеа на тоа. Чекаа да заврши ловот, чекаа да го видат пред своите нозе Мечкојадовиот труп или да го продолжат патот. Ја допрев со прсти болката во слепоочниците и ми се стори дека врвовите на пораснатите нокти ја минуваат коската и растат зад неа криви, непокорни и готови да искинат сѐ што е во мене, и жиличе и мисла. Сонцето беше далеку од својот конак; подалеку од неговата секојдневна врвица бело блескаше месечината слична на парче валчест мраз. Некој кашлаше, чудно, од самата утроба. Неговото лице умираше, потоа пак му се враќаше на животот, помодруваше и се грчеше. Староста што можеше да го

чека многу подоцна, еднаш кога ќе е премногу сонлив крај огниште или згрбавен и намален на триножец од смрека, му го стискаше душникот.

Можеби спиев.

Потоа, кога ги отворив очите, ги видов ловците како се спуштаат од ридот кон кој урнатината на манастирот фрлаше коса сенка. Чекореа подвиткани и молчејќи, одвоени еден од друг и секој на своја врвица, најсув и најосамен од сите Борис Калпак, со долгоклуната абердарка в рака. Светечкото око на ѕидот сега беше поинакво, поголемо и повеќе темно, некако за своја сметка загледано во далечините, а ловците се движеа со бавни чекори и изгледаа како луѓе што до крај на животот ќе душат пред себе со кучешки занес. Имаа диви лица со брчки, можеше да се поверува дека се делкани од оревово дрво пред стотина години. Дивината не одеше пред нивните зли очи, изврзана, претепана или со рани во месото.

„Детуле е Онисифор Мечкојад, така мислеа", прекорно ја заниша главата Никифор Ганевски. „Нив ќе ги чека да го зграпчат за тил".

Не му реков ништо, тој и не ми се обраќаше мене, само знаев дека ме донел на раце и ме оставил врз сламата на својата кола со едно воле, потоа им ги проврел главите на моите сиви близнаци низ јаремот. Но не знаев колку време стоел над мојата бессвест, секако не пуштајќи ги треварите, црниот Пандил и лисоликиот Никола Влашки, да ми ги тргаат тешките клепки од очи и со пречувствителните прсти да ја стискаат жилата на мото младо чело. Навистина треварите стоеја зад него и гоمереа навредено под очи... Пред десет години Никола Влашки го женел синот и, кога ни по две години не

дочекал внук или внучка, сеедно, ја прашал снаата машко ли е момчето и што се случува ноќе кога таа ќе легне со него, ја задева ли, и ги трие ли со дланки јаболката под кошула, легнува ли врз неа, а таа се срамела, бегала од свекорот, но тој и на нива и в куќа сè за исто ја прашувал, додека најпосле, еднаш, не му признала дека момчето е машко, повеќе машко отколку што мислела таа за момчињата кога била девојка. Старецот потоа берел секакви тревки и ги варел, ја терал снаата да пие, и пак ништо не помагало, селаните сепак не виделе дека таа оди како да носи лубеница под лененаta кошула и не ќе го виделе тоа ако и другиот тревар, Пандил Димулев, не се зафатил да ја лекува, секогаш по залез и без сведок, со денови и со месеци можби, па во некое утро застанало момчето пред својот татко и, копајќи со врвот на опинокот пред себе, сцрвено и бушаво од сон, рекло дека може да се почувствува со рака и уште повеќе да се чуе со уво: русокосата женичка носи под градите живот, ќе биде или внук или внучка. Меѓутоа, се случило на втор ден Божик да бидат близнаци, црномуресто машко и девојченце со руси коси. Селските ломотливци шепотеле сешто, се кикотеле и се крстеле, но треварите станале пријатели, браќа со иста љубов кон малечките – машкото Пандило, женското Панделка... Се чувствував изнемоштен. Ловците веќе запрегнуваа. Извадив парче скаменет пешник со сламки од торбата на прогонетиот (бев гладен, можев и песок да џвакам) но Никифор Ганевски ми подаде парче црн леб. Ми се стори дека перчињата коса врз неговото чело се од железо низ кое се проткајуваат жилички сребро.

„Земи“. Главата му беше како на кол што јас не мо-

жев да го видам од сплетените прачки на колскиот ѕид. „Метуш Батковец утрово испече леб за мене. Таа плоча од ’рж ни со секира не се сече. Гледаш ли, Онисифор Мечкојад ги надмудри“.

„Орлишта утрово претскажуваа“, со мака реков. „Можеби го убиле и го оставиле“.

Неговата глава како да се обиде да се тргне од невидливиот кол. „Не верувам. Борис Калпак ќе се пофалеше“.

Се обидов да станам. Ми ги стисна градите со големата дланка и ме врати на сламата. Очите му беа жолти и слични на две пчели без движење. Ме посоветува да останам на колата, болен сум, тој ќе се грижи за запрегата што ја водев од Кукулино. Го прашав дали сме далеку од Лесново и веќе не верував дека е на овој свет“.

„Еј, Спиро“, се сврти кон мене со тилот. „Ти си носел со кираџии железо од овој крај. Далеку ли сме од селото на свети Гаврил Лесновски?“

Сега зад колата беа две глави на кол. Со љубопитност гледаа една во друга. Изгорената смола на мустаќите им ги покриваше усните. Говореа за себе или за некој друг. Јас само можев да ги слушам, да јадам или да спијам и да не прашувам ништо – прашав, ми кажуваат а ме заборавиле: сите се мачевме исто, секој се грчеше од своја болка.

„Гаврил Лесновски, нели?“ Спиро Првославец знаеше повеќе од сите; не знаеше сè. „Сум одел само до Кратово. И по друг пат, маскарски над Џгури кај што се топи во жижници олово и сребро“.

... Уште дедото на некогашниот маскар кој ги ми-

нувал овие патишта, еднаш дури и со благородниот патник Челеби од Стамбол, раскажувал во Кукулино за тој град од камени куќи, стари мостови, џамии и беговски кули и прозорци од зелено стакло и со стотици чешми и водоскоци. Во тоа време некој Кандило Кучевишки, инаку познат и во Кукулино како човек што без болка може да крши речни камења со рака, се прогласил по еден сон за светец и со своите синови, седуммина или осуммина, почнал да гради црква со своја лика на ѕидовите – тој прв ги подава рацете кон новородениот Исус во сина пештера и тој прв клечи на Исусовиот воскрес. Кога им здодеало на синовите да кршат камен и уште повеќе да го слушаат татка си како шепоти со невидливи ангели и апостоли, отишле далеку и се прогласиле за арамии, да ја смируваат крвта со туѓа крв. Еднаш, по еден сушен Петровден, удриле со голи сабји на карван што се враќал со сребро од Кратово. Се ревело, крвта плискала на камен. И исечени луѓето се тепале. Во тој бој загинал дедо му на Првославец и паднале мртви десетина од карванот, маскари и борци на тогашниот скопски бег Муследин. Од арамиите се спасил само еден. Отишол во некој манастир и, за спас на душата, братски му оставил на игуменот торба злато, да го топат и да леат олтарски двери на кој ќе може да се види историјата на светот...

Главите зад ѕидот на колата со почит се гледаа. Дневната месечина над нив видливо се наголемуваше. Некој негде двапати повтори дека е време да се тргнува.

„Многу знаеш, Спиро. А со Мечкојадовава кола... А?“

„Онисифор Проказник рече дека тој ќе ја тера кон

Лесново. Неговиот имењак ќе се врати“.

„Аха, ќе се врати, пред нас да си го ископа гробот. Некои од дружинава се со Калпачиштено. Не му веруваат на челникот“.

„Така е. Гледај – Борис Калпак им е и татко и челник“.

Молкнаа. Сега и ловците, како и другите, стоеја пред своите двоколки со едно воле или со ѕевгар. Никој ништо не им кажа, никој не им дојде, пријателски и мислителски да ги измери со очи: не изеле толку фурни леб за да го фатат бегалецот со обетка на уво. Луѓето стануваа чудни, се вишаа, се топеа пред моиве очи и веќе беа базје меѓу тркала и рогови од кои змиесто се извиваа секакви корења и се испретплеткуваа околу сенките да им ја пијат темната крв. Зад сето тоа се криеше големата сложеност на едноставноста, сиот тој ред на привидното спокојство да стане разбуричканост на споулавеноста – цветови сме што можат да пуштат отровни трње пред кои месото на животот не се повлекува туку им се нуди, им се остава да го параат, и јас веќе не знаев зошто го продолжуваме патот, како Онисифор Проказник им рекол на неколцина дека ќе изгинеме и како мртви ќе ја победиме смртта зашто друг по нас ќе се бори: на бедниот со срце, господи, помогни му. Се топев. Се обидував да мрдам со прстите во опинците, да дишам, да барам дамка на парчето дневна месечина, да си докажувам дека сум жив. Небото се иссипаничави, на неговата кожа стежнуваа многу такви парчиња месечина, потоа се движеа свијскливо, се прогонуваа меѓу себе и прскаа кога ќе се допреа. Прскав и самиот и чекав мојата распаднатост да ја најдат човекодуши

маѓесници со голи и бели грбови и да ме состават, стани, да ми шепнат, на свои раменици можеш да ги пренесеш запрегите до Лесново и од Лесново до Кукулино. Нема запреги и нема маѓесници, русалки со коси од ѕвездени нишки, мислев. И мислев дека коските ми се без тежина, ветришта свират низ нив, ќе ме покријат, заспан и без соништа, без треви и без облаци.

Доаѓаа и разговараа над мене, не знаев кој и не знаев што, конечно легна врз мене мрак на треви или мека сенка на облак, или можеби ме фати стапица на недоглоовечна смрт, умирав, мислев дека сум мртов, дека смрзнатата кожа ми е гроб под кој веќе нема ни движење ни надежи, нема ништо. Сѐ што било пред тоа Лозан Перуника утре ќе е призрак на скрб. Разговараа за мене и ме покриваа со кожи и веленца.

Мрак. Нема будење, нема воскрес.

Мрак. Нема будење.

Мрак, глувота.

Се разбудив од својата смрт многу подоцна и на неколку чекори од заодот над непознатите ридишта над кои гракаа врани или пропаски со попусто тргање на крилјата за педа да се подалеку од местото за кое ги држеше некоја сила. Поточно тоа не беа ни врани ни пропаски: птиците имаа црвени шии и грпки со кострешки перки. Над нив преку небото се протегаа пукнатини, изврtени корита на реки од кои ќе удри зовриен потоп, животот на смртта со закана и за животот и за смртта на преплашената земја. Потта на луѓето и говедата, или мојата, без причина мирисаше на сварена пченка, без причина мислев дека волските очи зреат и пукаат. Јатата и месечините се расплывнаа, небото со своја сила си ги исцери лузните.

Сепак над мене се наднесе главурдеста птица со усвитен клун. Од очите ѝ висеа конци јад, течеа, плетеа околу мене жолта мрежа.

„Не станувај“, гракна птицата. „Патот ни е пресечен со камења“.

Го познав гласот. „Ми студи, Никифоре, болен сум“, шепнав.

„Лежи. Ќе запалам оган. И не срами се – сакаш ли малку ракија?“

Сакав вода и молчев. Дојде друга птица со глас на Спиро Првославец и кажа дека сега знае, пресметал, утре пред ноќ дружината ќе биде во Лесново. И пак нешто раскажуваше за Кратово и за топилниците на сребро, дури и повеќе, и за некоја жена што тој можел да ја поведе со себе ако во Кукулино не го чекале дечињата. Пак како пред тоа беа глави на колови, загледани една во друга и сакаа да поговорат за таа земја, сеедно, за таа или за некој друга. Тогаш се случи. Зад некакви изглодани карпи со дамки се појавија двајца на чии лица претчувствував клунови и птичји очи. Се обидов да ја совладам слабоста што ме враќаше кон мојата смрт. Шепотот на љубопитноста во она малку крв што ја имав не можеше да ѝ се спротиви на бучавата од која небото паѓаше врз сите нас да нѐ ослободи од патилата и надежите. Но и во таа бучава, во таа состојба кога треската го истиснува местото и го извртува човековиот дух како одрана кожа на дивина, со опачината на внатрешните сетила да доживува измислени и замислени настани, ги слушав двете птици зад сплетениот ѕид на колата на која лежев: разговараа со гласовите на двајца од дружината, на оние што пред тоа си ја голтаа плуканката споменувајќи жена

или жени и можеа да локаат анасонка, да пеат, братски да се прегрнуваат и пак да се морничаваат од копнеж по женско ноќно збивање.

И земјата можеше да испука од возбуда.

„Ене го проклетникот. Тој сам ќе си ја стави главата на тепсија пред Калпаковата тајфа".

„Тој не е сам. Погледни, оној со него е..."

Но јас веќе знаев кој е со него и дека тој што е со него е изврзан со гнил ремен, изнашарен од стапиште со модрини и безумен како и секогаш зашто до мене достаса најпрвин неговиот глас – „Не давај ме, внуку, на никаквециве, ќе ме обесат" – потоа јасно го видов како се ниша килав пред својот внук и судија и како плаче кикотливо, ја видов таа безначајна празнина во лита и скудна облека на која никнала долгнавеста тиква со влакна, но тоа е сега прикаска што мојава улава старост ја раскажува со чувство на посничка осаменост пред друга, калуѓерска и божја, бездруго свето дрво што размислува над туѓи мисли и се моли над туѓ грев, на оние што веќе ги нема, што се прав како што ќе сум и јас утре прав, јас, Лозан Перуника, дамка од дамките на минатото и вчерашна жива смрт од дружина на мртви луѓе, и тие вчера со гнев и јад во секоја капка на крвта вчера, кога и јас, и сирак и главен терач на туѓа двоколка со сив ѕевгар, сонував и живеев зелено, зелен во една земја што помеѓу топењето на снегот и сушите на болните лета не знае што е зелена пролет, зелен април или зелен мај, и знае или можела да знае што е зелен страв пред чудовиште оплодено од еден друг господ во градината во која се преселиле од рајот женското петле Адам и неговото ребро со женска коса,

женски колкови и женско умеење во гревот да посади боцки од кои душата станува жива рана. Бев болен и мал момчак чии прсти тогаш не допреле женско месо и можев да знам дека и со маки ќе се исправам, ќе допрам врв на нож до грлото на килавиот Јаков Иконописец кој тргнал сам од Кукулино по нас да ја одмаздува својата споулавеност и да го прашам кој ќе го одбрани од казната за која треската ме определила, и можев да ги прашам засипнато другите по што се позрели од мене кога не процениле како и од кого горел Круме Арсов и кој е грешниот светец дојден да го убие волот на Цене Папчев или на Чучук-Андреј или на Осип Сечковски, не знам, на еден од луѓево чија желба е да донесе камења, два и тешки, за воденица со мрак под покривот што ќе е светлост само за призраците, и пак не станав од сламата на Никифоровата кола, еднаш со скршена, сега со втора оска, а небото не се уриваше со бучава како што мислев и не летаа ни врани ни пропаски, ни некои евангелски птичиња со црвени вратови и со грпки, само татнеш под нас земјата во која коските на мртвите се кршеа една од друга и нѐ предупредуваа да клекнеме и да се помолиме за црвите во нивната шупливост, и чувствував со ноздри дека ќе испука дамкавиот камен од кој се спуштија Онисифор Мечкојад и Јаков Иконописец и ќе пушти од себе стеблики со горчливо млеко во себе, меѓутоа слушав шушкаво дишење, свое бездруго, останувајќи бессилен под влажни сенки како под кожа на страшно голема гуштерица, и си реков не си веќе жив, сполај му на господа, сонуваш мртов сон обидувајќи се да мрдаш со прстите во опинците, си раскажував, а во тие опинци уште лежеше студот

на водата од потокот што го прегазив кога се враќав од Мечкојадовото засолниште во забелот, во тој ден или вчера, пред сто години можеби, и го барав со внатрешниот вид на очите среќниот миг на детството од дните кога со врескање се прерипува бадничкиот оган, наеднаш без возбуда да се сетам дека бев премал кога мајка ми умре заедно со мојата новородена сестричка и кога татко ми отиде и не се врати, едни да докажуваат дека загинал од димискија, други да се колнат дека се прежeнил кадрав и убав, животворна сила заради која и света Петка повторно ќе можела да се најде на земја. „Не давај ме, внуку, на никаквецииве, ќе ме обесат" – ревеше Јаков Иконописец, го слушав со затворени очи и знаев дека ќе се случи она што часкум го сонив, Калпак и неговиот булук ќе се стрчнат, се стрчнуваа веќе и го носеа на раце или го влечеа со пцости кон габер или кон врба до раб на оризишта фатени од огради на ископана земја, еден врзуваше јазол за јамка на јаже, друг на побелениот Проказник со секира му стоеше на пат не пуштајќи го да го брани малоумниот злодеј од кого очекуваа да се почувствува возвишен пред умирање и да признае дека палел, дека убил вол со тризабец, дека светците од неговите икони ќе му ги простат гревовите.

„Ќе те обесат, абдалиште. Кажи дека не си виновен, дека Онисифор Мечкојад сака да се извлече со тебе".

„Не сум виновен, се колнам. Онисифор Мечкојад ми скрши ребро".

„Круме Арсов гореше, сега умира далеку и од нас и од Кукулино. Кажи кој го запали".

„Господ со моиве раце. Пуштете ме, ќе ви се оддолжам. На нашиот манастир ќе му подарам икона со

свети Круме Арсов, со свети Онисифор без лузна и свети Онисифор без обетка“.

„Волот на Сечковски остана убиен на пат“.

„Сè што е со рог ѓавол е. И јарец и човек. Тргнете по мене. Јаков ќе ве води кон земја со живот“.

Потоа рев: „До кога ќе го слушаме?“

Пак рев: „Побрзајте, клековци, со таа бесилка“.

Плашлива закана: „Пуштете го. Не сте судии“.

Зло предизвикување: „Дојди, земи ни го. На јамкава можат и двајца да висат“.

Господи, сполај ти на правдината што си ни ја подарил, липав во себе. Нè бесат и самите се бесиме меѓу себе. И веќе навистина умирав осамен и заборавен на туѓа двоколка, едни можеби ги тргаа камењата од патот, други му помагаа на еден беден човек да се издолжи на јаже под ветка. Господи севишен, ти ли ни внуши да бидеме судии со твое име на уста од која се испарила ракијата што кришум еден од друг ја пиеме? Сите бевме виновни: и оние што го бесеа среќникот, и ние другите што не го избавивме од умирање.

*И да господари во срцата ваши мир божји за кој сте повикани со благодарност да се покорите*. Не беше ли така кажано во Библијата која мајчето Минадора ни ја читаше еднаш во годината? *Потоа рече господ: да создадеме човек по своја лика-прилика како што сме ние и кој ќе биде господар на риби морски и птици небески и на животни од сета земја и на ѕверови што се движат по земјата... И го создаде господ човекот по своја лика-прилика,* го создаде улав и килав, и ние, дружината со двоколки, го зграпчивме и го обесивме, повисок да е и со теме поблизок до небото, сепак, жеден и гладен, со

подаден јазик кон земјата.

Пред тоа не знаев дека човекот на јамка е повисок отколку кога е со стапалките на земја. Толку паметам. Молитвата на Проказник не ќе ја повторам, не ја слушав и не знам кој копаше нов гроб. Не гледав и не бев сведок на мигот кога Симон Никонтик, сиот како зелен волшебник од мочуриште, си го цвакал брадулето и му раскажувал на долговратиот Лазар Аргиров, чиниш е на овој свет само затоа да ги проубавува грдостите, за судбината: таа е сè, човекот во нејзините раце е орудие – коле и беси без совест и без знаење на својата крв. Можеби говорот на престарениот Симон Наконтик траел подолго отколку што Јаков Иконописец петпати ќе можел да се смири на јамката, и на слушателот му здодеало да завлегува во тајната на семоќната судбина па се решил да го чисти патот од камења или, можеби, се разжалил над самиот себе и се расплакал или кажал и самиот нешто големо, умно, нешто што никогаш не било запишано во црковните книги. Не знаев – врз моите зелени соништа со зелени луѓе и зелени сенки паѓаше зелена магла: беше погуста од сите магли на една треска.

Потоа, само една ѕвезда не се запали над земјата. Иконописецовата. И пак уште тројца не го продолжија патот: рамностапалестиот Марко Марикин, песнопоецот Блаже Задгорец и Гидеон Кузмановски, првите двајца со по еден вол, вториот со ѕевгар: не можеа да ѝ го земат од јамка на смртта килавиот Јаков Иконописец. Отидоа. *И го создаде господ човекот по своја лика-прилика*, навистина.

# 6

„Ќе се обесам ако оган не го изеде однатре“.

Секогаш кога Сандре Самарија ќе зинеше се закануваше дека ќе се обеси ако не е прав. Се бесеше и докажуваше невозможности: месечината е глава со очи и уста на некој господ, во големите реки живеат луѓе со жабри, мраморната жена без нос што некој ја ископал зад гробиштата на Кукулино еднаш ќе оживее. Имаше четириесет и некоја година и со секој чекор подаваше рака со лице на налутено пророк. На шијата му се протегаа брчки: можеби навистина многупати и се бесел.

„Обеси се“, му рече Арсо Арнаутче. „Сега остави го Никола Влашки да каже што му е на детево“.

А кога Никола Влашки ја крена дланката од моето чело споменувајќи не знам каква болест и присеќавајќи се на не знам какви треви и пелини, некаква милолика женичка ми подаде чаначе со надробен леб во млеко и лажица од жолто дрво и нешто кажа – гладен е, или млекото лекува, или – живите боледуваат, мртвите гнијат. Ја видов само со една брчка над левата веѓа и рамнодушно го слушав колнењето на Самарија дека веќе не ќе застанам на нозе. Ќе се обеси, пак рече, ако не се исполни неговото претскажување. Можеби најпосле ќе се издолжи на греда, мислев под мутавот со кој бев покриен. Навистина не можев да се движам и навистина горев. „Обеси се“, му подвикнаа и му рекоа дека поради кобењето еднаш веќе самите ќе го обесат, и Сандре Самарија отиде со

познатиот чекор на гусок да бара јаже и поздрава греда на некој таван.

„Ќе се обеси", се исплаши жената. „Пијан е".

„Пијан е роден", суво ја утеши Арсо Арнаутче. „Отка-ко го знам, сè века се беси. Што велиш ти, Никола?"

„Имам долу во торбата тревки. Ќе ги сварам во ви-но. Од треска никој не останал врзан за сламарник".

„Млад е", рече жената. „Ковчињата му се меки. Да викнам ли бајачка?"

„Не", рече Никола Влашки. „Нема болка што не сум ја совладал. И од проказа сум лекувал. И од проказа сум лекувал. Калуѓер. Сиот папок му беше изеден од красти".

„За калуѓерите господ се грижи. Ние да му помог-неме на детево".

„Добро, домаќинке. Сега најди вино, постаро. Не ќе ни го земе внуков црната стопанка".

Во срцето на сонцето блеска човечка надеж. Ветрот ги храни планинските треви со верување на луѓе. И земјата е болка кога синовите ќе ја заборават. Но потоа, не знаејќи ја изедов ли попарата, останав сам во полутемнина, без зачуденост што сум во куќа, чија и во кое село – не знаев. Од таванот се цедеше матна светлост. Капките удираа по моите очи и ме ослепуваа. Во ноздрите ми се стврднуваше врел воздух. Никола спомена болест што доаѓа кога човек ќе се најде под игли на темнолилав дожд среде планина, нешто што е и мраз на коските и срам на слабост во месото, но јас, како да не сфаќав за кого се говори, не прашав какво име има таа болест и која света трева ја извлекува со пот од болниот, ти велам: бев само сам, самјак, осаменик, се

грчев под тежина и се сеќавав на жената што ме најаде или се обиде да го стори тоа пред да ѝ го видам грбот во отворената врата на собата во која се влегуваше преку чардак. Со дланка се одбранив од капките светлост што ме удираа по очи. Со грб се залепив до ѕидот. Каде е сега оној недозаклан бел коњ, мислев, да ме однесе во длабочините на црногорицата над нашето село? И пак лежев како во напукнат воденички мучник. Зад отворениот прозорец низ кој тешко можеше да се спровре глава на дете, небото лежеше како дамка извалкан снег. Кобнички гракна гавран, потоа веќе знаев дека со кусо и болно повторување чкрта бунарски чарк, квичи осакатен пес и се заценува дете, и сето тоа достасуваше до мене и пак се оддалечуваше, се гаснеше или тонеше во некоја тишина чии ластари се испреплеткуваа околу мене. Се намалував, гаснев – навистина ли ќе се обеси Сандре Самарија на греда? – и сè околу мене губеше вистинска големина, можеби и земјата што се плашеше од утрешниот ден. Ми се стори дека животот со далечни звуци и премал дури да се стисне и во дланка. Така беше: под наморничавената кожа на грбот чувствував оган од кој под плешките остануваше пеплиште. Господи, се молев без лузни и гревови во душата. Подај ми рака да станам и да ги пронајдам шумите на моите копнежи. Нешто крцкаше, во мусандрата на ѕидот се протегаше добродушен домашен призрак.

Со крајче на врелото око почувствував дека вратата се отвора. Најпрвин од белината израсна неподвижна сенка, потоа, и самиот неподвижен, видов девојка, не постара од мене, со зачудено лице на една премлада Богородица со златномедени очи. Не бев сигурен дека е

љубопитна и дека дошла со намера да ме види. Бездруго мислеше дека спијам. Свртен кон неа, со стапалки до распаѓање на колениците стиснати на ѕидот зад мене, ја држев во мрежата на недоспуштените клепки. Во оној час кога таа се доближи навистина без видливи движења и само малку се надви над моите очи, во оној час кога во возбудата и во ушникот почувствував скокоткање на мравји разбудувања, невидлива чучурлига го прогласи денот за почеток на пролетта: ливадите ги покриваат белокруни колениши, се разбудува меѓу шаренолисни крвариги желурок и со пренежен писок бара во капинова грмушка оклопена невеста, и се дуе во стоплена бара жерав пред бели птици со смирени крилја, почнува, мислев, зашто сега и водите и небото се сини и дарежливи со светлост, а на прагот на собата падна парче сонце и се разлеа стопено од своја топлина.

Навистина почнуваше пролетта.

Низ прозорецот без стакло бапна мирис на шума и цвркот, од некоја црква се огласи со сребрен глас старинско ѕвоно, ме опи со чад на темјан, ме растрепети со топлина и со сеќавање на песна што сум ја слушал во свадбарски утра од Богдан Преслапец и Блаже Задгорец. На покривот се собираа гугутки, ги слушнав. Слична на сина снегулка, на прозорецот падна пеперуга и се сетив: болеста моја беше да се дочека пролетта на туѓ сламарник, лек – да се гледа низ клепки во детски подотворено руменило на усни. Не се движев, дури мислев дека и не дишам. Сега девојката отиде до прозорецот да гледа во некој свет на селото. Го совладав тресењето и со рапав глас ја прашав дали сум во Лесново и како тоа никој од дружината да не доаѓа да ме види. Остана свртена со

грб по чија ленена белина се спуштаа две ’ржени плетенки. Пак истото ја прашав од збор до збор и пак таа остана во тесната рамка на прозорецот. Се обидов да станам. Долго, со напрегање на бубачка, се отплеткував од волнената тежина на покривката и веќе седев кога девојката се сврти на петици, ги стисна дланките на гради и остана загледана во мене или во сенката зад мене. Глупаво беше да молчам само заради тоа што сум збунет. Ја прашав како се вика и ѝ побарав вода. Молчеше. „Се викам Лозан“, реков. „Ова село Лесново ли е?“ Но таа се наведна и, пребрза во својата нечујност, излезе од собата. Господи, со очај се мачев да разберам. Можеби само ги мислам своите прашања и можеби сум веќе безгласен и глув, мртов или пред умирање, нападнат од момчешки соништа! Но далечното ѕвоно ја отчукуваше возбудата на моето срце која раснеше со трепетливоста на тагата и радоста, најпрвин на тагата за сите мртви на патот што пролетта ќе ја почувствуваат по движењето на лесковите или габеровите корења, потоа на радоста што сум жив и што можам со прсти да го допирам своето врело лице, што оздравувам од невестинска песна, придружничка на птици и клокотава смеа на селски дечишта:

Кога дете ќе ми плаче
ќе ми плаче за цицање
полегни го под стреине
ќе заросам ситна роса
ќе надојам машко дете...

Пред да сфатам како и кога, сета таа магија ме крена на нозе и ме доведе до прозорецот над кој мајсторот се

двоумел дали да ѝ отвори пат на светлоста или да остави отвор за огњарка, тајна надеж дека со пушка ќе може да се спротивстави на арамии или насилници со чалми. Во темнобронзовиот двор сличен на половина од голема тепсија стоеја безработно потпрени на криво дрво двајца, Санде Самарија и Арсо Арнаутче. Зад нив и зад дрвото, поточно зад одамна сплетена ограда од црни прчки, во војнички ред пловеа по стрелесто прав поток три пајки и еден многубоен паторок. Над нив висеа сочни реси на жална врба. До двајцата од дружината дојде суроглаво и жмиркаво старче со чекор на претпазливо петле и чучна. Можеби им рече на Самарија и на Арнаутче и тие да чучнат, да си поразговараат малку со составени глави, и можеби првиот веднаш почна да раскажува во што згрешил господ кога го создавал и кога го средувал светов (ќе се обесам ако на светов нема премногу иловица и камен!), но јас не се потпрев со дланки на прозорското дно за да зјапам во безделничењето на луѓето и да ги гледам како три згрбавени врани со сити црева. Чекав да видам друго, сонував зрелост на ’рж во плетенки, два златни блиска преку ленена кошула, и сонував очи што беа пред тоа над мене додека леев под дебелата покривка. Зад селските куќи на ридот се постилаше зеленило прошарено со купови бадемов цут. И пак ја видов: доаѓаше со влажни стомни и чекореше премногу справена за товарот. Старчето нешто раскажуваше пребројувајќи на прсти, Сандре Самарија со почит ја нишаше главата пред неговата мудрост, третиот, Арсо Арнаутче, со преголеми очи ја следеше девојката, а мене ме обземаше желба да истрчам и да го зграпчам, да му ја забуцам главата во потокот: разлади

се малку, стрико Арсо, имаш син над мои години! Пред две години непознати братучеди на ред го мердале жилавецот за здодевање на туѓа жена или туѓа сестра. Тепачите го накитиле со модрини но не му ја истинале крвта – ене го, сука мустаќ. И пак слушав:

Кога дете ќе ми плаче
ќе ми плаче за лелјане
полегни го врз стреине
ќе повезам тивок ветар
ќе залела машко дете...

Со почеток на пролетта дојде и почетокот на мојата младост. Девојката, како некоја да ја викна, ја затресе главата и застана. Сега сите тројца под кривото дрво гледаа кон неа, во белината на вратот или во испупченоста на градите. И самата гледаше во трите составени глави. Сурото старче нешто рече. Видливо изненаден, Сандре Самарија се прекрсти. Арсо Арнаутче се наведна и зашари по земјата круг со врвот на показалецот. Се повлеков од прозорецот.

Во собата мракот го сторбешуваше таванот. Ги побарав опинците, ги најдов, некако ги наврев на нозе. Осаменоста веќе ми беше тешка. Но на отворената врата се судрив со домаќинката, со нејзината подгрбавеност или набожна покорност од која и манастирскиот камен се стоплува. Ми рече нешто. Не ја чув, оглувнував, поточно првпат некој подбивен ѓавол ми ги стискаше ушите со шепи. Зад неа стоеше девојката на мојата младост. Гледајќи преку рамото на жената, не се ни обидов да отстапам или да се тргнам од прагот. И како да

разбрав што ми е речено, мрморев нешто не знаејќи ни самиот што.

„Болен си“, бездруго рече домаќинката. „Зошто стануваш?“

Прашав дали сум во Лесново. Чувствував оган на срам под кожата на лицето: во моето грло како да стружеше црцорец.

„Излези и ќе видиш. Зад планинана се крева чад. Таму е Лесново. Двајца ваши отидоа да видат. А вие, другите, ќе преспиете ноќва во селово. Што нам господ ни дал, ние вам. Како се викаш, синко?“

Гледав кон отворената врата, домаќинката знаеше во што. Побрзав да кажам дека од таа девојка, нејзина ќерка или комшика, побарав вода, жеден сум, ги наврев опинците да побарам бунар или чешма. Лицето ѝ остана благо, само брчката над левата веѓа потемне.

„Колку години имаш?“ праша. Ѝ кажав. „Еден ден по свети Илија и Ганка ќе има шеснаесет. А ти не барај од неа веќе ништо. Вода јас ќе ти донесам. Сега легни, ќе те повикам за вечера“.

Не легнав. Стоев до вратата и чекав, знаев дека ќе биде така: вода ми донесе Ганка. Молкум ми ја подаде стомната загледана во мене како да сум игла низ која треба да се спровре конец и со која треба да се закрпат сите пукнатини на животот. Некако ја држев тешката стомна. Со мака голтајќи ја лепливоста на надојдената возбуда, сакав нешто да кажам и го кажав најглупавото: Сандре Самарија ќе се обеси, реков ако не ме разјаде оган однатре. Не се ни насмевна. Отстапи, потоа застана на прагот завртена кон мене со грб. Ја повикав, сега ѝ го знаев името. „Ганка“, реков, „остани, тешко ми е сам“.

Но таа не ми ги покажа очите, ме заборави, и јас пак ја повикав. Мислев дека срцето ќе ми се распрсне од возбуда. Отиде. Како никогаш да не стоела на прагот. Господи, се прашав, секогаш ли младоста на момчаците почнува на првиот пролетен ден? Со една голтка го смирив огнот во себе. Излегов на чардакот и во тетеравење го видов Арсо Арнаутче под кривото дрво. Ги крена очите кон мене.

„Ѓаволот му е ортак на Никола Влашки", ми довикна. „Побара вино да те лекува, сега лежи во плевната и 'рчи. Дојди, ќе си поразговараме".

Ѝ се вратив на полумрачната соба и уште пред да се фрлам на сламарникот над кој гредите на таванот со закана се протегаа, влезе Арсо Арнаутче. На свадбарското лице му играше насмевка.

„Стана, а?" рече. „Сега ќе почекам Сандре да се обеси".

Седнав, тој седна до мене и ми префрли рака преку рамо. Мирисаше на нештавена кожа и на стопен восок. Ја тргнав главата од него но тој сакаше да ми ѕирне в лице и, како да сака нешто тајно да ми каже, ме удри со колено по колено.

„Лозане".

„Што е?" прашав и пак се мачев да се извлечам од под неговата ослободена тежина; не бев сигурен дека не е пијан и дека не ќе заспие ако се тргнам од него. „Што е, кажи?"

„Она стомна зад вратана..."

„Што – таа стомна?"

Пак ме удри со колено по колено. „Не преправај се. Ти ја донесе онаа, малата со цицки на леунка".

Ѕверски се тргнав од неговата тромава прегратка,

скокнав. „Ти, стар прчу“, викнав, „Ќе подаваш ли раце по сè што е туѓо?“

„Туѓо?“ се исправи превисок за мене. „Твое, нели?“

Го видов блесокот на исклештените заби под танката линија на младоженечките мустаќи и ја кренав тупаницата. Ми ја зграпчи раката внесувајќи ми се в лице. Во големите очи секогаш полни со љубопитност му пламнаа оганчиња на изненадување.

„Пушти ме“, реков. „Ќе те убијам“.

„Што ти е, млад песу? Да не сум посегнал по твоја невеста?“

„Си посегнал“, реков попусто тргајќи ги рацете од клештите на неговите прсти. „Ти по сè посегнуваш. Ќе те убијам, ти се колнам“.

„Тивко зелена“, ме бутна на сламарникот. „Сонуваш да се ожениш а не знаеш дека таа девојка е... Ајде, стисни ги ушите да не чуеш, проклетнику“.

Лежејќи замавнав со нога. Отскокна и го бутна триножецот со празен чанак. Не можев да се задржам да не залипам во тој свој прв ден на понижената машкост и ги слизгав прстите на десната рака по нерамниот ѕид барајќи нешто тешко и силно за одмазда но тој веќе одеше назадечки кон вратата и пушташе да му се издолжуваат забите во отворената уста. Не ми се закануваше. Можеби се лутеше на себе што ме остава навреден и понижен, можеби ја сожалуваше недозреаната младост во мене.

„Добро“, рече пред да ја затвори вратата зад себе. „Ќе го разбереш и самиот она што сакав да ти го кажам“.

Го нурнав влажното лице в дланки. Сакаше да ми каже, но што? Се прашував навреден и веќе сфаќав каква

крв имаме ние од Кукулино: не простувале, тоа е нашата најголема мака или гроб отвора или до гроб доведува. Така, со години, победата родена во одмазда станува дамка на совеста а поразот можел да се крсти подземен заборав. Не, не можев да сум поинаков од другите, со нив учев, и не верував дека е прв ден на пролетта; минува времето низ мене, ме џвака однатре, ќе се споулавам, мислев и ги бришев солзите на пониженоста.

Се симнав по скалите преку друга соба без прозорец со парчиња пресолена пастрмка, кои висеа од таванот, и излегов да го слушнам разговорот на двајцата што се качиле до Лесново со трет од дружината што ги пречека.

„Сите си играме со оган", рече Онисифор Проказник. „Во Лесново изгоре куќа".

„Турците. Тие, нели?" праша Орлен Шумков.

„Грк, Елим во мантија", рече Никифор Ганевски. „Се налутил, запалил куќа".

„Поп, значи, а? И улав".

„Лесновчаните го благословиле зашто им пеел в црква на туѓ и неразбирлив јазик. И сѐ такви некои писма им читал од своите книги. Попе, раскажувај на наш јазик, го молеле. Нема ваш јазик, се лутел Гркот. И терал како што знаел".

„Бездруго го намердале".

„Ами, ти ќе му простеше. Му фрлиле ноќеска јамболија врз главата и му викнале со ластегарки. Кога плачел и молел..."

„Молел. А Елим е".

„Молел нашински. Освен тоа и брадата му ја искубале. Го оставиле ќосав и избегале без да знае кои се".

„А тој?"

„Ти кажавме, им запалил куќа и се сокрил. Сега го бараат. Ако го најдат, грчкиот господ нека му е на помош“.

„Го намердале и му ја соблекле мантијата“, рече Никифор Ганевски. „Го оставиле само по гаќи. За малку во куќата што не се јагленосале две деца“.

„Ќе го најдат, ќе му платат“, рече Онисифор Проказник. „А утре веќе со нас ќе се спогодуваат за камења. Каде се другите?“

Орлен Шумков беспомошно ги рашири рацете. „Кој каде. Борис Калпак пие и пее со својот булук. Не пее но пие и Онисифор Мечкојад.

„Тагува по својот вујко а помагаше да го обесат. Сега си ја мие душичката со ракија“.

„Сеедно. Може сешто да се случи. Пие тој, пијат Калпаковите качаци“.

Дојде и Круно Бунгур. „Слатка им е ракијата. Борис Калпак не ја пушта абердарката од раце. Појди, опамети го“.

Онисифор Проказник ја гребеше со нокти брадата. „Да појдам и да пијам со нив? Не верувам дека ќе ме пречекаат со раширени раце“.

„Ти кажав. А ти – како што сакаш. Како поминавте во Лесново, што гореше?“

Не ме забележува. Ги оставив пред Проказник и Никифор Ганевски повторно да го раскажат настанот со попот Грк. Се покајав кога налетав на Арсо Арнаутче. Смерно застана пред мене. Сепак ми се стори дека се подбива со првиот ден на мојата младост.

„Не лути ми се, немаш зашто. Сакаш ли да се посмееме?“

Ги стиснав очите и се совладав. „Што сакаше да ми кажеш?“

„Ако сакаш да се посмееме, дојди да го видиш треварот Никола како спие в плевна. Спие и зборува сешто“.

„Што сакаше да ми кажеш за девојката?“ прашав.

Како да се изненади. „Сакав, сега не сакам. Било и поминало. Мал си ти за младоженец. А ни куќа, ни куќиште“.

Пролет е и созреваат момчаците, сакав да викнам. Му реков: „Те прашав за девојката што ми донесе вода. Кажи ми што сакаше да ми кажеш“.

„Девојката не е за тебе, тоа“.

„Не е ни за тебе“. Не сакаше потаму да се расправа. Викнав по него тресејќи се: „Не е, запамети“.

Побрза да не го удрам или тој да не замавне на мене.

„Тој не те сака?“

Сега и жената во чија куќа ја боледував треската и ја доживував најголемата своја возбуда го следеше оддалечувањето на плеќестиот Арсо Арнаутче. Можев да ја чујам песната на Калпаковиот булук, распашана, дива, скоро туѓинска: зад таква песна секогаш останува заканувачко молчење. Се почувствував како да сум со нив, со тие безумни насилници.

„Тешко ми е“, реков. „Ќе го убијам“.

Едната веѓа на жената непрекинато трепетеше. Како гасеница да се бореше со ветар. „Мал си. Наведни ја главата и молчи“.

„Навистина ќе го убијам“, сакав некако да кажам дека Арсо Арнаутче го убил првиот ден на мојата пролет. „Мал бев, сега сум млад“.

„Болен си“, отстапи жената. „Кога лежеше не сонуваше крв“.

„Сеедно, некој веќе ме у ја скрши главата“.

„Некој што те брани?“

„Некој што ја брани својата жена или својата сестра“.

„Молчи, момче“, рече жената. „Сè знам. Знам кого браниш. А сега дојди да ми помогнеш да исцепам дрва. Треба да зготвам вечера“.

Но јас не појдов по неа. „Кого бранам?“

„Ганка“. Не ме гледаше веќе. „И не брани ја. Оној беше прав: Ганка е... Таа не е за тебе, синко“.

„Не е за мене?“ викнав. „Зошто – слеп ли сум, сакат?“

„Добро, доста е“. И пак не ме погледна. „Ноќва спиј во друга куќа и не доаѓај кај нас. Никогаш“.

„Прости“. Чекорев зад неа. „Не сакав да те навредам. А ако пречам во куќата, ќе си одам. Можам да спијам и на својата кола“.

„Прости ти“, прослови наведната. „Не те падам. Ајде, помогни ми да запалиме оган за вршник“.

Сончевата поплава се повлекуваше пред сенките. Расцутените бадеми на ридот се покриваа со синорумени одблесоци на свој оган. И потаму земјата под нозете се стоплуваше. Знаев: кога ќе се стемни, ѕвездите ќе личат на бели пајаци.

Доколку подоцна очите не ми солзеа, ѕвездите навистина беа сребрени и влакнести. Сега во дворот, во таа наголемена половина поцрнета тепсија, бевме собрани сите што се мислевме како гости на домаќинката: Арсо Арнаутче, Сандре Самарија, Никифор Ганевски, Онисифор Проказник и Орлен Шумков: Никола Влашки продолжи да спие во плевната а јас стоев зад недоплетен кош и се сеќавав да летните топлини и на благото бранување на ’ржта во предвечерните времиња. Ни по првите ѕвезди не се стемнуваше. Онисифор Проказник

праша за добитокот, дали е носен на пасење, дали има сено и дали е напоен. Чека да бидат повикани в куќа. Потоа, без ред, неповрзано, ги споменуваа тајните желби на неколцина Борис Калпак да стане челник и кој како што умееше ја толкуваше Мечкојадовата тага по обесениот вујко.

„Триглаво животно сме", рече Орлен Шумков. „Со благослов на игуменијата Минадора главушија ни е овој Онисифор а се чувствуваат зачелници и Борис Калпак и Онисифор Мечкојад".

„Ако е за верување, Онисифор Мечкојад пак има нож", рече Арсо Арнаутче. „Го извадил од појасот на покојниот Јаков Иконописец".

„Не го извадил да сече леб".

„Ни леб да сече ни прачки да делка. Братучедов ќе се обеси ако не му е ножот за одбрана од Калпаковата абердарка".

„Не", плукна пред себе Сандре Самарија. „Ќе заспие Калпак, Онисифор ќе го приколе и ќе му ја земе абердарката. Ќе се обесам ако не е така".

„Ќе ти помогнам да ја врзеш јамката".

„Ќе се обесам, Арсо, ако ти некому некогаш му помогнеш. Освен што се обидуваш да им помогнеш на жените кога не им се мажите дома".

Пламнав кога Арсо Арнаутче се насмеа: „Некои сакаат да им помогнат на ќерките кога татковците не се дома".

Онисифор Проказник не поднесуваше подбивање. „Не го гледам стопанов на куќава, ора?"

„Ора, сее – кој ќе знае", се протегна Орлен Шумков. „Затоа жена му не нè поканува. А гладен сум, ми се спие".

Тогаш дојде со големи чекори од зад куќата див човек а со шепа држеше шепа на голо, збрчкано, пискотливо чудо: ситно и бушаво старче по долги гаќи, босо и со раменици на кои не можеше да се потпре ни петгодишно дете: на изгребаното лице со ретка брада подзинуваше и се склопуваше на рибји начин празна уста. Падна на коленици.

„Го најдов светово човече во грмушка“, рече дивиот човек. „Го најдов и го доведов. Ќе го нахраниме и ќе го облечеме. Ќе се моли за нашите души“.

Онисифор Проказник праша: „Ти си домаќин на куќава?“ а човекот со блесок на заби во брадата рече дека е така. „И како се разбираш, домаќине, со ова твое свето човече?“

„Луѓето и без збор се разбираат“.

„Луѓето, не и ѓаволите. Допри му го малку челото. Можеби попчево не е без рокчиња“.

„Многупати врз мојава куќа се струполувала несреќа. Должен сум да помогнам, да се молам“.

„Да помагаш и да се молиш за Ганка?“ праша Арсо Арнаутче.

„За Ганка, за нивчето, за неколкуте овци“. И самиот како да беше изненаден од лутината на својот глас. „Во мојава куќа гостите не определуваат кој ќе ми биде гостин“.

Онисифор Проказник внимателно се загледа во стиснатото лице на полуголото човече. „Во Лесново изгоре куќа, попе. Кажи ни од каков оган. Ќе го викнеме Илчо Просинек. Знае влашки, грчки“. Го тргна кошот од пред мене. „Најди го. Сакам попов сѐ да ни каже“.

Старчето се грчеше меѓу нивните нозе и ми личеше

на осакатен јазовец. Имаше глас на новороденче – пишти танко и грлено, никој ништо не може да разбере, ни збор на болка. Заради влакнестиот грб потсетуваше на ѓавол од прикаски кога се откопува себеси од песок и neродица. Но овој ѓавол како да сакаше да се ослободи од сѐ што е темно на него и во него, како да сакаше да ги совлада сите идни искушенија со нова, никогаш порано недоживеана чистота на душата. Сепак, кога го споменуваше името на господа, повеќе како да се надеваше дека ќе му биде подарено спокојство отколку што се кае за некаков свој грев. Не се бранеше. Проказниковите обвинувања не му ја засегаа душата, но бездруго му студеше или се срамеше од извалканоста на своите гаќи околу кои се мавташе долг учкур. Не се веднеа да му подадат рака и да го смират, се поттргнуваа од неговото грчење и чекаа: ќе се исцимоли, ќе каже како ја запалил лесновската куќа. Го жалев. Нашата тврдоглавост сѐ повеќе се оклопуваше со бездушност. Не бев дораснат да сфатам дека суровоста е правдина на обесправени луѓе. Сега старчето како да имаше чурилка: ја криеше својата сенка, чиниш сака да ископа желад со дерачи или со секачи а копа со колeници: не се извлекува туку бега кон гнилост на лисје, на мртви корење, брза да се сокрие пред некој да му фрли самар врз козинавиот грб и со занес на пијан јавач да го потера кон бездна. И самиот паднав на колeници зад кошот и се мачев со мачењето на тој грч од црно и бело тесто на месо и на ткаен лен. Неочекувано бедното човече скокна и пред домаќинот и другите да си дојдат на себе, да го зграпчат или да го соборат со удар, се стрчна и со скок на преплашен јарец ја прерипа искривената ограда од

прачки. Пред некој нешто да каже, слушнавме како со ситни чекори го прегазува потокот, потоа темницата ги поклопи и неговите квичавошмркави болки и нејасната белина на долгите гаќи.

„Го испуштивме проклетникот“, бесно викна Онисифор Проказник. „Од него во Лесново ќе изгореле две деца“.

А кога Арсо Арнаутче зачекори, домаќинот го зграпчи за мишка. „Оставете го. Тој сега ќе трча до пеколот. Дојдете, ќе ви раскажам како да се сожалив“.

Но јас пред тоа ги видов домаќинката и девојката на мојата прва младост слеани една во друга на чардакот и се срамев што сум бессилен и заборавен зад кошот. Негде рапаво и луто заревеа пци, го прогонуваа ли голото попче – не знаев, сакав само да останам скриен и сам, ме повика и јас се покажав од сенката со помиреност на крадец за кого судбината не предвидела засолниште во пресуден час.

# 7

Брчки – мравји траги на грижи преку невисокото чело, очи – претпазливи жужалци во темномодри глобови со тајни на дното, црвеникав сињак во едномесечната брада... Предолгите нерамни и скоро кучешки заби диво се разголуваа под слабата селанска светлост која ни на ноќта ѝ се предава ни ноќ совладува. малку поблед отколку што мислев во дворот, и не блед колку варовничав или изветвен од подмолен јад на човек со товар несреќи на срцето, домаќинот ги потпираше тешките дланки на софрата со секакви трошки од вечерата. Раскажуваше полека како да се плаши да не се засркне од многуте зборови, го гледаше настанот и се гледаше себеси  во тој настан, со жестока горчливост во гласот се исповедаше пред седуммина гости.

„Го најдов и се сожалив, мислев вакво човече, момченце со брада и брчки, не знае што е грев и мислев дека не знае, кутриот, што му се случило, го фатиле арамии додека се молел, го соблекле и го натепале зашто можеби се бранел со својот поснички крст. Му ги собрале парталите и оние неколку парички што му ги дале добри луѓе за душа на своите мртви, мислев. Најпрвин се плашеше од помошта моја. Го апнала змија, сега бега и од гуштер. Нејсе, го повикав да се извлече од грмушката во која се засолнуваше од стравот. Не сум јас никаков свети Јован да ме молиш. Богат сум, сиромав сум, сеедно. Постам и се причестувам. Не сум

арамија, му реков. За доброто твое патов ме донесе овде. Кога, што да видам – на грбот му се шират модрини и гребаници. Ме оскрби. Мавни ме од тие боцки и дојди со мене, дедуле, го помолив. Аха, и не ме слуша. Липа, и земјата да се расплаче. Нејсе, се наведнав и сосила го извлеков. Го влечам а тој се грчи божем со секира ќе замавнам на него. Сакаше да избега, џенем да фати, ама го зграпчив за рака и го повлеков. Потоа се покри и шмрк-шмрк... шмрк-шмрк, по мене. Ќе те напојам, ќе те најадам, му велев, а и некоја облека ќе ископам. Како дете поттрчуваше по мене. Го водам и го засакувам – овца ми бара да заколам, овца ќе заколам... А вам кој ви кажа дека запалил куќа лесновска?"

„Лесновците, денес", рече Онисифор Проказник и забележа: „Но тој пред не прословил ниеден нашински збор. Како тоа – овца ти барал да заколеш?"

Домаќинот се држеше за свои сфаќања. „Од јазикот негов капеше крв. Ни на господа не можеше да му се помоли. Не ме разбравте. Не бараше тој овца да заколам туку јас самиот тоа го мислев кога видов дека е ковче и кожа".

„И немите умеат да се молат кога сакаат" го доџвака последниот залак Арсо Арнаутче.

„Кои неми?" рапаво праша домаќинот.

Арсо Арнаутче со нокот ги чистеше забите. „Сите неми на светов. Човекот се моли со срце, не со уста или со јазик".

„Моли се, крши си ја главата и од олтарски двери, пак ништо", со тежок глас им се придружи Никола Влашки; пијанството му го шареше со дамки бабуњосаното лице. „Ти си нем, те немтуросала враџба, господ е глув. Така

било, така останало. Разбираш?“

Сандре Самарија ќе го споменеше бесењето ако Ролен Шумков не побрза со истинато грло. „Разбирам, не сум исушена црпка. Значи, господ е виновен кога ни прска тиквата од вино? Се сеќавам кога Јаков Иконописец еднаш ја нурна главата во котле топла ракија. Бездруго се сеќавате што се случи“.

„Се сеќавам дека господ му ја поседе душата. Или ѓаволот – да му ја штави, да скрои опинци за ѓаволчињата“.

„Ама јас не се шегувам, слушаш? Се качи тогаш кутриот Јаков на орев да брка верверици. Го вика жена му, тој ѝ се клешти од стеблакот. Ќе спијам во славејчево гнездо, довикнува. И ни едно ни две, туку ги рашири рацете како воскреснат Лазар. Ќе лета и од облаци ќе ги гледа нашите штури нивички“.

„Летна, акна на земја. Ете како стана килав, ако не си знаел“.

„Килав во мозокот, прости ми господи. Затоа лежеше ноќе по празните вади и по сувите лозја и им пееше попски песни на црцорците“.

„Нурни ја главата во котле со ракија и ќе видиш. И на коњоштипите ќе им пееше. Не само попски. И дервишки“.

„Ти, Орлене, ако сакаш донеси и каца ракија. Жудлива, скиселена... Сеедно. Ќе се нурнам со сѐ опинци – ништо. Ќе се обесам ако не ме најдете сув“.

„Ќе те најдеме подуен. Ќе пукне јажето ако се обесиш. Или ќе се обесиш како што беселе јаничарите – на кука“.

„Ќе се обесам на камбана за да заборавам дека од

твојот мозок жугнува пиревина. Жедни се пипалата на таа тревка. Ќе ти ја испијат крвта. А тревки секакви има: едни крв цицаат, други душа лекуваат. Раскажи му, Никола“.

„Тревки фалиш, винце локаш“, жолчно рече Арсо Арнаутче. „И апеш. Сега кажи ни кога навистина ќе се обесиш“.

„Ќе се обеси кога ќе си го видиш тилот“, мудро се сети Никола Влашки. „А тилот може да си го види само пресечена глава. Сакате ли да ви раскажувам какви тревки има на земјава?“

Разговараа без онаа нужна почит на селани кога се во туѓа куќа и пред домаќин со кого штотуку се сретнале. Ги слушав од својот триножец пред мртвото огниште. Недоизбувнатата расправија беше длабока и темна мудрост под превивки на сурово самозаборавање со што си ги криеја срцата не толку еден од друг колку секој од себеси. Сѐ повеќе остававме душите да ни ги разјадува лишајот на отуѓување од сѐ што е човечко во нас и околу нас: туѓиот грев, или нешто што е повеќе споулавеност и очај отколку грев, нѐ влечеше кон загатки. Не се движев, молчев. Мислев дека зачудено ќе се вртат кон мене дури и ако воздивнам. Сенките во собата како да ми се забуцуваа в месо, како да беа запци на стапици. Го потпрев челото на тупаница: ноќ е, месечината се спушта ниско и со ергенски занес се мушка меѓу трески и грмушки не чувствувајќи ги гребениците, дишат дрвјата од надојдено зелено млеко на пролетта и се поткреваат водите на прсти да ги наслушнат тишините на далечините до кои ќе стасаат по дождовите. Во тој свечен чин на неможното, кога

дури и кобниците ги заборавaат проколнувањата со кои се родиле и со кои ќе умрат премногу изморени за да прославaт еднаш во животот и благослов, во водите преставуваат вражбите: над дебел опаш на видра се смирува рој бели рибички, водени полвови со очи ја пијат ѕвездената светлост: потоците ги појат разбудените коренчиња на дуњите и сливите, жугаат од нив сончогледи и пченки, и уште подалеку, во долиштата до кои не стасала лакомоста на живите, го засилуваат листењето на оскорушите и дренките, и на оние сини цвеќиња над кои сеќавањето разбудува топли спомени: но таму е проѕирен и лелеав Дмитар-Пејко со цут на жилата меѓу веѓите, стои во ѕвонеста кошула на младоженец и помлад е од некогашната своја младост, ќе се пресмета со чудовиштето што ни го претскажуваше патем: таму се и убиените Јане Крстин и Пеце Дановски, обајцата синооки и високи меѓу дрвја, загинале, биле закопани, станале да докажат дека никогаш не биле покосени од пушка: таму е и Круме Арсов со црвено брадиче и во светечка одежда, пиел крушова ракија и горел, се родил од пепел да нè најде и да ни каже со каква љубов човекот може да го освои светов, тој или Неделко Шијак, или обајцата со кренати раце кон млечниот поток на ѕвездите. Никако господ не создал толку птици колку што се над петмината оживеани и никаков господ не го качил толку високо вчера обесениот Јаков Иконописец – ги шири рацете, лета, на светов му се нужни нови светци, а тој е светец од оној ден кога во песокот на рекичката Давидица ја закопал мртвата глава на сиротинскиот добрprinciple Селџик-бег што ја симнал од кол пред Али-беговата воденица во која еден Ариф

Исмаил од Анадол може да сомеле и жито и камен.

Ја изгубив сметката на времето и се најдов меѓу изгубените од дружината, врел, со развеана коса и со очи обземени од копнеж без сочувство на луѓе што еднаш веќе минувале по светлосната врвица на првата младост. Пред тоа испив голтка вино од жудливо грозје што го раѓа од песок Македониичкава, ме натера домаќинот да го сторам тоа, го опијанив срцето и појдов во длабочините на животот да ги поздравам оние што не се веќе мртви и да им раскажам како почна највозбудливиот ден на овој свет: ја видов ’рженокоса, пораснав, треската што ме мачеше изгоре од огнот на крвта премногу зовриена за да не знае што се случува во шеснаесеттата година.

Го потпирав челото на тупаници и пак бев во собата под слабата светлост и меѓу сенки кога влезе Борис Калпак, поточно тој веќе беше во собата кога се тргнав од чинките на мртвите за кои не запаливме ни половина свеќа во некоја црква. Челото му беше покриено со измрсена и леплива коса, по лицето му се спуштаа линии на брчки и пот.

„Нека ни е со среќа, побратими, братучеди и браќа. По манастирите се колнеме, овде се крадеме. Ашколсун, навистина“.

„Сакаш да кажеш дека ти украле грош од објалото“, рече тромаво Никифор Ганевски.

На тој Борис Калпак очигледно никој не му се допаѓаше во куќата. „Тебе не ќе ти покажам тапија што било мое и што ми е грабнато кришум од наши денгуби. Имаме челник, тој нека ни објасни чии прсти пораснале“.

„Што ти нема, Борисе?“ со мака ги крена очите Они-

сифор Проказник“; и погодуваше: „Пушката, нели?“

„Кога знаеш што прашуваш? За таа пушка нечии прсти ќе исечам“.

„Но зошто ја бараш од мене?“

„Челник си, реков. Се заколна дека ќе се грижиш за нас. Стани и најди го крадецот“.

„Кога пиеше и кога пееше не повика никого да ти ја чува пушката“, се замеша Никола Влашки а јас можев да видам дека и самиот е обземен од гнев. „Впрочем, раскажи ни на каков пазар ја купи таа огњарка“.

„Ја купив кога го бодев со кол Турчинот што нѐ стрелаше кога го закопувавме Дмитар-Пејко, кога ти ја пикаше главата во камења. А ако некој до нас ја зел...“

„Не ломоти“, викна Никифор Ганевски. „Пушката ти ја даде Онисифор Мечкојад со свои раце“.

„Сеедно“.

„Тој ти ја дал, тој ти ја зел“, суво рече Арсо Арнаутче. „Побарај го и земи му ја“.

„Не ќе е на арно ако ја зел тој“, сонливо ја заниша главата Орлен Шумков. „Всемог бог не ќе нѐ избави од опакост“.

„Тој што не умее да чува пушка, не заслужува ни да ја има“, рече Никифор Ганевски. „Самиот си си должник. Побарај го крадецот и земи го она што е твое, ако е твое“.

„Сакам и Онисифор Проказник да дојде со мене“.

„Ќе дојдам кога ќе докажеш дека пушката ја зел Онисифор Мечкојад“.

„Кога ќе докажам, запомни, ќе биде доцна да го одбраниш крадецот“.

„Молкни. Не си судник на небидници и негодници“.

„Повеќе сум судија отколку што си ти челник“.

Домаќинот се исправи од триножецот. Главата му беше голема, рацете му бе големи, сѐ на него беше големо. Борис Калпак не отстапи, само се поднаведна во некое кобно исчекување. За миг се вкочани. Уште само светлината од ѕидот играше на Калпаковото лице. Меѓутоа, домаќинот се олабави, воздивна. Видливо капна.

„Си ми дошол в куќа. Седни. Ќе се расправите мирно. За каква пушка говориш, кој ја украл?“

Го заборавија прашањето и веќе не го очекуваа одговорот. Најпрвин залаја пес, потоа глутница пци. Некој нешто луто викаше. Недалеку удираа во камен коњски копита. Пак се слушна извик, сега поблизу. Борис Калпак имаше само толку време да се тргне од вратата за да не го урне со бес оној што дојде и што донесе мирис на коњско потење и здив на нови умирања. Сиот беше во шарена облека, во тесни турски беневреци и со везен елек, со кубура и јатаган во појасот. Мина со поглед од еден до друг како да нѐ пребројува. Потоа, тваровит и разжален, ја подаде раката со долга пушка.

„Го познаваше ли некој од вас Сафет-бег?“

Стануваме еден по друг и молчевме. Домаќинот без голема покорност покажа на софрата. „Бујрум, ага, на зијавет. Ќе те послужиме како свој човек, алах те благословил“.

„Кога шејтанот го споменува името на мојот алах, ќе се тркалаат глави. Прашав за Сафет-бег. Го познавате ли?“ Молчевме. „А пушкава, чија е?“

„Ние никогаш не сме имале пушки“, со притаен глас рече Онисифор Проказник но веќе сите знаевме чија била таа пушка и чија била пак по смртта на вистинскиот

стопан. „Селани сме, не сме ни аскер ни арамии“.

„Знам што сте“, исцеди од стеснатите усни Турчинот. „Ќе ве кајдисам, живи ќе ве печам, суртуци, но ќе кажете што сте му направиле на брат ми“.

Не вртејќи се, викна нешто на турски и се потргна од вратата. Веројатно од удар, од кундак или од тупаница, во собата падна од скок познатото голо старче, сега многу покрваво отколку пред тоа. Зад него стоеја двајца со побелени фесови, веројатно слуги на првиот, и со волча глад чекаа да се фрлат на нас. Бегот со гнасење се потргна од квичавото старче со крваво лице и сепак во двоумење дали да го удри или да го заборави, го праша нешто на турски. Не исправајќи се, избезумен од надеж дека го дочекал мигот во кој ќе се прости од маките, голиот поп без двоумење покажа со рака кон домаќинот.

„Сигурен ли си?“ му викна бегот. „Погледни го убаво ако бараш дерман“.

Но тоа човече измесено од смола, влакна и болежлива пакост на вечно понижено суштество, сѐ уште покажуваше кон домаќинот додека по трепетливата вилица му се цедеа крвави лиги. Очите му се испаруваа од зловешта омарнина на болките.

„Тој вели дека ти си му ја дал пушката. Кој ти ја дал тебе?“

Домаќинот се фати за лице како да се плашеше да не се насмее. „Јас сум му ја дал? Како можам јас да му ја дадам, од каде?“

„Ако си му ја дал, ќе знаеш од кого си ја ќердосал“. Тогаш видов дека од едната рака му виси сплетен камшик и дека умее со него да влезе шари по селанските

лица. „Кажувај, реим ти е душата“.

Стана. Потоа: „Нема што да кажам. Старчево ја украло пушката“.

Домаќинот и вториот удар на камшикот го издржа без да отстапи. Од обете страни на лицето му се протегаа коси линии на насобраната крв под кожата и се губеа кон густината на дивата брада. Но и во неговите тупаници надоаѓаше крв. Неочекувано за сите, кога камшикот по третпат се крена, лудничавиот Борис Калпак застана пред бегот, речиси се подаде да биде удрен, но бегот остана со крената рака, побледен и со грч на лицето. На неговото чело како заклана птица се прпелкаше сенка на изненаденост. Можеби никој никогаш во животот не му се спротивставил на тој бег, ни човек ни дивина. Тогаш виде.

„Тој прстен“, запелтечи гневно. „Тој прстен на твојата рака“.

„Зошто не го побараш тој твој брат Сафет и не го прашаш како нѐ стрелаше од пусија“, и самиот во гнев пелтечеше Борис Калпак.

„Тој прстен, тој прстен, крмнаку нечист“, веќе со турски зборови повторуваше бегот со приковани очи за зелениот камен на Калпаковиот прст. „Го уби, ти го уби?“

И кога Борис Калпак се обиде да се урне со сиот бес што го собирал во грлото, во крвта, во срцето, на предолгиот пат од Кукулино до оваа куќа во која се загнезди нашата коба, во која таа коба стана несреќа на недолжни луѓе, навистина кога Борис Калпак ги крена рацете кон очите на бегот, во истиот миг кога старчето водено од претчувство се склопчи во огништето, еден

од слугите ја подаде раката продолжена со црна кубура. Но Борис Калпак и по истрелот стоеше со кренати раце некако потсмешливо исклештен над крвта што се цедеше од едната негова плешка, бездруго и од градите, иако јас тоа не можев да го видам, па еднаш другиот измеќар го принесе врвот на својата кубура до устата на ранетиот и сепак несовладан бунтар и истрела, нѐ заглуши и нѐ заслепи, мене можеби само, нѐ покри со чад и со црвен блесок. Пред да можеме да му помогнеме, без нишање, со тежина на соборено стебло, Борис Калпак се урна преку софрата и остана со распарчено лице и без движење.

Тогаш со писок дотрча жената на домаќинот, поинаква отколку што ја знаев, посува, побела, понепознатата со расплетените коси во кои, клекнувајќи пред еден од Турците, ги забуца прстите.

„Аман, честит бегу. Не греши душа, не сме виновни“.

Бегот ја држеше пушката свртена кон нас. Лицето му беше зелено и влажно како нешто што живее по густите бари или по поилата на селските чешми. Зад него стоеја двајцата слуги со јатагани во рацете – не ги наполнија кубурите, ги забуцаа во силавите, сакаа да сечат. На челата под ветвите фесови им лежеше слава на злодејство. Чекаа заповед да колат и да ги распарчат дури и нашите сенки. Дерман ќе се нема.

„Кој го уби, на какво место го закопавте? Кажувајте, бре, тозлуци ќе направам од вашите кожи, од чабур ќе ви ја пијам крвта“.

И веќе знаев дека сѐ ќе е брзо готово, дека земјата обеспокоена од ѕверското будење на човечката крв нѐ чека да не награди со црви, нас или тројцата со фесови:

дотрча Ганка и се наведна над мајка си, се обиде да ја крене на нозе. Но бегот ја зграпчи за плетенките и ѝ ја искриви главата. Диво гледаше во младото лице. Пушката што ја држеше само со десната рака со напорно стискање на мишката беше со темниот врв допрена до разграштените гради на домаќинот. Почнуваше часот на крводелницата.

„Ако не кажеш ти, таа ќе е кабил да каже. Го убивте ли брат ми?"

„Јас, бегу, нема што да кажам. Ни ќерка ми ништо не ќе каже. Ништо, ни под нож, бегу".

„Ќе каже. Ќе ја сечам и ќе проговори. Или сакаш да им ја фрлам в раце на измеќарине како шејтанов курбан".

Жената се обиде да му ги прегрне колениците. „Керам, бегу. Пушти ја. Таа е нема". Залипа и повтори: „Таа е нема".

Не-ма!

Тогаш сфатив што сакаше пред стемнување да ми каже Арсо Арнаутче и сфатив дека не можам како Никола Влашки да се пикам по голото старче во огниште и да се покривам со пепел и со надеж дека ќе си поживеам незабележан од душманите. Со голи раце се фрлив на бегот и, кога му ја свртив пушката со оган и врело железо да го ранува ѕидот, ги видов како се фрлаат на Турците Онисифор Проказник, Орлен Шумков, Никифор Ганевски, Арсо Арнаутче, можеби и другите што беа во собата, можеби и жената и Ганка и ги видов како доаѓаат како ѓаволи на правдата Онисифор Мечкојад, Куно Бунгур, Наџак-Јанко, Богдан Пресла-пец, можеби и другите: рееа, бодеа со ножови и сечеа

со секири, но бегот во вртењето ми ги искрши забите со кундак и ме собори, да се грчам ошумоглавено и недоубиен меѓу нозе и под нозе и да слушам машки писоци и ревање и пцости. Така беше: турски јатаган му го ископа едното око на Арсо Арнаутче и ги раскрвави кого в рака кого в глава – Орлен Шумков, обајцата Инисифоровци, Куно Бунгур песнопоецот и Богдан Преслапец.

Можев да видам низ сивожолтата зачаденост како бодат и како сечат крвави и песоглави и знаев дека тројцата Турци дојдени во селото под знак на своја ламтежлива правда не личат на себе – разлеано месо и бедни крпи се под сенките на ѕверосаните луѓе што се здружуваат во глутница кога се борат и самите за своја правда, и можеше да се поверува дека од криците и замавнувањата пукаат плитарските ѕидови. Но јас онемував и безгласно повторував со крвави усни – таа е нема, таа е нема, таа е нема. Крв сегде, крв во мозокот!

„Чекајте, браќа“, викаше тресејќи се во огништето Никола Влашки: „Дајте и јас малку да им ги копам со нокти срцата“.

„Таа е нема“, пак повтори жената, со дланки покажувајќи ѝ го лицето на девојката за да не гледа како сѐ уште се распарчуваат мртвите.

Го видов пред паѓање оќоравениот Арсо Арнаутче и го видов полуголото старче како бега со крик низ вратата, слушнав извици на некои што доаѓаа и почувствував дека почнувам да повраќам чемер, и се беше стравотија на крст што паѓа врз нас, нѐ дроби и остава да изгнијат под неговата тежина мртвите надежи. Призрачнава земјичка становаше стојбина на призраци.

Толку.

Ми се враќа некогашната треска, тешко ми е, најтешко од сѐ да раскажувам во овој настан. Расфрлени мртовци и ранети, крв, остарена младост на прагот на својот прв ден, мајко моја изгубена во моето детство, и мртва помоли се за својот син и за неговата прва љубов и за спас од споулавување пред спомените.

(Потоа дружината, домаќинот и возбудените луѓе се договориле, едни со оган да ги потераат коњите на Турците в пропаст за да не се вратат во кулите, бездруго кратовски, нивните јавачи да ги закопаат длабоко, ни дивина ни пци да не можат да ги откопаат, а оружјето да се сокрие така што за него ќе можат да знаат само двајца – челникот Онисифор Проказник и молчаливиот Чучук-Андреј).

Се колнам не е дубара, свет човеку: така беше.

*Ако ти е жал за мене*
*земи копач откопај ме...*

(Народна)

# 1

Само малку, ден неполн, поточно една ноќ по зачекорувањето на Лозан Перуника во староста што дошла по многу видени погубности, по оние умирања што се случиле во куќата на некој селанец со глува и нема ќерка, преостанатите дваесет и деветмина од дружината по изгревот стасале со двоколките во Лесново. Тоа биле поцрнети и исушени луѓе со опаки очи и без насмевка; некои од нив, со завиткани шамии и крпи околу главите и рацете како воскреснати чкулави Лазари што знаат дека само двапати се живее, се сеќавале на вчерашниот живот и на мракот во тој живот потежок и од умирачката, на тоа химерно ѕвало на кое ни стробјак ни ѕуѕе не му бега, но светлоста на утрото обилно доаѓала од исток и ги бришела од очите на призраците суровите сеќавања. Главите на воловите имале на челата човечки грижи и, една зад друга, потсетувале на ред измитарени султани и паши во рамки, биле подјармени старчиња чии богатства, слави и моќи се слеале во кобна точка од која, пред да воздивнеш, ќе шурне црна вода и ќе ги поклопи сонливи и некогашни. Сепак ги влечеле колилата оставајќи зад себе меки лепешки и издржувајќи ги животинските патила; луѓето ги хранеле со силата на својата тврдоглавост и со безнадежноста на иднината од која не можела да прожугне ни дива чекутина. Се чекорело тетераво, никој не седел на двоколка, дури ни чкрботливиот Симон

Наконтик – Господи севишен, повторувал, зошто не останав дома и не си го чекав на огниште судниот ден како што им доликува на причестените старци? – а Арсо Арнаутче, со секакви шамии врз окото преку кое минал турски јатаган, се потпирал со рака врз ѕидот на двоколката и само со една голем и засолзена црнка, гледал во призрачноста на случките што останале на патот, најмногу во последниот настан во кој загинал од две стрелби пркосниот Борис Калпак. По тој настан, натопен со крв и џагор на колеж, никој не се стутулил под јакуцка, малодушнички да се враќа. Сеедно. Сè што се случило продувало како вештерски ветар што се врти виорно во круг. Сепак Арсо Арнаутче можел да го види Лесново и низ метежот на сеќавањата. Тогаш и уште повеќе подоцна. Стравочудебното село било куп човечки седалки од кал и со сламени или ’ржени покриви, некои од тие куќи дури и без прозорци и бездруго однатре со залостени врати зад кои ноќе над заспаната челад бдеел домаќинот со секира, со вила или со прешилест чекан за кршење камен сослушнувајќи ги шумовите и стрелушејќи се од душите на мртовците и од арамиите или од организираните одметници на распашаните глутници на башибозукот и на аскерот што станал безредие во безредието на пеколот ширум по вилаетот и исто толку по осоговските масиви на кои некогашниот деспот Оливер мислел дека ќе е исто толку вечен колку што е и господ во заблудените срца на луѓето. Некогаш достоинствениот дворјанин со меч на појасот и крст во срцето градел свој молитвен дом со крв и со пот на гладни шутраци, сега пред тој манастир со име Гаврил Лесновски ја пречекале дружината десе-

тина мажи, и самите темни и суви, мислиш дошле оддалеку да стојат пред стара и крива дудинка и да го наслушнуваат умирањето на зимата. Пред сите тие луѓе стоел крестоглав човек со чабав кожув и се клештел со љубов за пролетната топлина или можеби не можел да ја поднесе сончевата штедрост; не се смеурел, лицето му го брчкала исцрпеност на каменоломник а неговата старост не можела да се прочита ни од очите ни од жилите на вратот и на рацете. До неговата креста излеана од црна коса не се допирал дахот на воздухот. Такви спрложени чудотворци живееле гологлави некогаш на сува папра и во дупки. Подоцна некој бабуњосан Адам Лесновец, за кого можело да се поверува дека удрил со муцка во улиште, им кажал на луѓето од дружината дека човекот во ветов кожув се вика Доце Срменков. Подоцна, не веќе во безумен очај како пред доаѓањето, Онисифор Проказник се обидел да дознае зошто човек со остра коса носи под кожувот лита мантија што се тука во прешироки беневреци но пред тоа мислел дека неговата словенољубивост подмолно се пресметала со едно попче што не сакало или не умеело во манастирот да пее на разбирлив јазик пред да се џембоса претепан и по гаќи.

– Застанете, кренал рака Доце Срменков; ракавите на мантијата му виселе како скршени крилја. – Во Лесново сте и ќе ги запомните законите на ова село.

Последното чкртање на двоколките стивнало, од остриот звук земјата станала сунатица. Луѓето од дружината наеднаш се почувствувале измамени по долгиот пат на кој коските на другарите биле патоказ од пекол в пекол – ги пречекуваат куп суви очи, никој не им подава

рака, не ѕвони смеа на деца и не се слушаат женски извици. Оделе претпазливо кон челната двоколка и не знаеле дали гологлавиот човек со попска мантија под кожувот е мудар советник на туѓоселани или е дневен грозоморник што им смислил стапица. Не само тој: другите имале чекани и железни лостови, алат за камен и орудие или оружје за дојденци со мирис на пресни гробови во косите и во брадите. Идните воденичари се собирале зад својот челник и молчеле, тој меѓутоа зачекорил со вкочанет врат и со крвава крпа околу главата. Лузната на лицето, и затоплена од пролетна благост, не се ослободувала од модрите зимски апежи.

– Дојдени сме како пријатели но можеме и да ги запознаеме вашите закони.

Во далечина се лелеел предаприлски воздух и можел да биде река на стопена срма, тек на проѕирни настани од волшебна приказна од која во душите ѕвонат танки жици на тага по нешто што било и што не ќе се повтори веќе. Но и дојденците и староседелците со очи си го пиеле здивот. Помеѓу сламените покриви на куќите и притаените ридишта се протегала пржелика, дива неродница со мравулници, запрена со запрложен џанкарник без цут на гранките – таквите суви почви не држат на себе ни човек ни тревка. Негде со очај се гласела ветрушка. Зеленикави карпи краставо ги кителе ридиштата со пештери и пештерчиња: судбината на скаменетоста ја решетеле џиновски црви што можеби живееле во минатото; тоа луѓето од селото чекор по чекор и со векови навлегувале во земјата, копале и со крвави раце делкале воденички камења.

– Колку години имаш? со отсутност на нељубопитен човек прашал Доце Срменков.

– Можеби триесет и шест, можеби триесет и седум, се изненадил од прашањето Онисифор Проказник. – Не знам точно. Премлад ли сум да ги разбирам вашите закони? Сакаш ли да повикам некој твој врсник? Имаме и такви, старче.

– Старче, со чемерна замисленост повторил Доце Срменков; воздивнал неутешно, лицето му се збрчкало. – Така е, старец сум. А сега слушај, должник сум да ти раскажам: имам четириесет и една година и навистина сум стар, престар, за тебе дојден од исконски дни. Кога ќе стиснеме чекан в рака и кога ќе влеземе во пештерине, слушаш, престанува нашата младост. Кршиме камен, лежиме на камен, дишеме камен. Од мугри до мрак. Затоа не дочекуваме старост каква што им доликува на луѓето. Судбината сите нѐ води диво на исто пороже. Но ние и со кус век сме создале закони на кои им се покоруваме нероптаво. Немаме ниви, немаме овци. Компирот и она малку козјо сирење не ги делиме со никого. Имаме деца и жени, самите не јадеме многу. Не сме итроманци и не кмишиме во ладовина. И ноктите ни се кислосани од пот. Ни гајда ни грло се има кај нас за песна – пред три години ни заклаа неколку момчиња. Тагуваме и си го носиме крстот. Ни на дојденците, биле тие наши роднини или намерници, не им даваме да пеат и да се вртат на оро. Кога има причина, секој се радува за себе, кога несреќата ќе удри на еден, сите скрбиме. Туѓата жена е жена само на домаќинот, туѓите сестри се и наши сестри. Секој е господар на своето парче земја и на својот камен. Тоа е завет на нашите дедовци. Оние што ќе згрешат душа, а тоа само еднаш се случило, ги прогонуваме. За нив веќе нема враќање.

Грбниците на ридишта биле поделени со сончева дарежливост и со сини сенки. И тие како да му се покорувале на редот и на убавината на лесновските закони.

– Не ни е определено да векуваме во Лесново, рекол Онисифор Проказник. – Кажа, запомнив. Вашите закони не ќе ѝ тежат на мојава дружина.

– Тоа е добро, се согласил Доце Срменков; црната креста на косата била единствена гордост на него. – Луѓе сме и го почитуваме човекот. Но за едно око две вадиме.

– Знам, бездруго знам. Вчера, кога ви гореше куќа на ридон, тоа ми го кажавте.

– Гореше мојата куќа.

– Вчера главата не ти беше завиткана во чалма, се издолжил еден зад престарениот Доце Срменков.

– Вашето попче со модрини ни донесе коба, – се доближил до нив недоучениот тревар Пандил Димулев. – Малку се колевме со бег и со бегови измеќари. Нѐ испосакатија негониците, ни убија крстен човек.

– Им стоевте да ве колат и да ви ја плискаат крвта, клечевте со наведнати глави пред погубниците?

– Нѐ колеа, колевме, – рекол темно Нацак-Јанко. – Умирачкава како да има тапија на крстените, господи, прости ми.

– Господ казнува, и господ простува, ги собрал веѓите над очи човекот што им ги кажувал законите на селото. – Потерајте ги двоколките кон онаа рамнина и пуштете го добитокот. Ќе се најде нешто сено. Потоа дојдете во манастирскиов двор да испиеме братски по голтка ракиичка.

– Ќе испиеме, после ќе тримериме, мрморкал Спиро

Православец незадоволен од ваквиот пречек.

Еден од каменоломците се налутил на неговата шушукава расрденост. Оној што им бил покорен на нашиве закони не пцовисал за сомун во Лесново и не се жбиравел гладен.

– Ќе испиеме – рекол гласно Онисифор Проказник. – Но најпрвин оставете нѐ да клечиме во манастиров и да се молиме за нашите мртви.

Наеднаш гласот му станал памучен и топол, скоро приспивен во помирливоста, и тој можел со својот јазик со кој минал преку испукнатоста на горната усна да го собере сиот пелин и јад од човечките срца во едно чинослужење од кое водовирките стануваат златножитни рамници. Доце Срменков го гледал како ја влече по себе двоколката со торби, кожи и черги и се задржувал да не се прекрсти: човекот со крвави крпи на челото и со белег на сувото лице ќе му личел и со епитрафил на безбожник. Ги исправил нејаките рамења и ги наполнил градите со воздух – секој од дојденците, и во празнична црковна облека, ќе бил итар арамија што познава само свои закони. Стоел исправен и привидно спокоен сокривајќи ја својата потиштеност најмногу поради споменатата тепачка на дојденците со Турците. Еден од неговите луѓе, чпртав и пеплосан во лицето, инаку со повеќе волнена облека на себе отколку што можеле двајца да носат, зимурлавник со име на лесновски светец Гавруш и со презиме што можело да биде име пред десетина векови – Пребонд, ги пребројувал луѓето додека минувале со запрегите кон неголемата рамнина со ретка но смарагдно зелена трева; стоел до младиот старец со кожув и со сомневање ја нишал главата.

– Какви се овие луѓе, Доце? прашал со стрелушење. – Гледаат под очи како да дошле да ограбуваат. Мислиш ли да ги пуштиме вкуќи, да ги седнеме на софра со нас и со нашите жени?

– Не знам, признал Доце Срменков. – Ако разберат кратовските бегови дека се клале со нивни луѓе – отидовме. Ни на луѓето сме им должни ни пред бога сме виновни, и пак...

Не се дорекол. Гавруш Пребонд сепак знаел што сака тој да каже. Гол, секако бил штрклест, танконог и со ковчести бранчиња на градите, во тешката облека можел да биде само голема и долгнавеста бовча на која некој заборавил загрижена глава.

– Ќе дојдат и ќе се одмаздуваат. Овие ќе отидат како што дошле, ние ќе останеме да плаќаме. Да ги вратиме.

– Немаме камења.

– Ќе дојдат кога ќе имаме. Или в гора нека се закулничат. Ќе им пуштиме абер кога ќе е време за товарење. Послушај ме, Доце, за наше добро.

Доце Орменков веќе молчел. Тешките сомневања пак му ги свиткале рамениците. Сонцето било свртено кон грчот на неговото лице.

Сиот вилает, сиот Балкан, станувал сè повеќе прогонета волчица скучна од сомневање дури и кон својот род и пород, бил скаменето животно со душа благословувана само од пеколот – се раѓа на камен, живее на камен, ги лекува раните на камен да биде еднаш живот или вечна смрт; лежат кратовските кули на беговите врз прастар вулкански кратер и лежи на ист таков кратер Лесново со својот манастир, истината лава се купите на излеаноста над Мрежичко под Кожув,

над Добро Поле под сенката на кајмакчалански облаци и на Стара Чука кај Стојаково во Гевгелиско, во преспанските води се огледува со тага варовитата Галичица, Крушово е камен на камен; бегале пред исламски зулуми Мијаците од Дебар, оние од Река и Власите од подалеку и кревале своја крепост, се криеле во ниски врби на смирени варовници и по прнари Брсјаците, но и едните и другите, и исто толку и многу повеќе господарите, ги секле и шумите, се градело, се горело им се носел лисник на козите, потоа од планините се урнувале порои скрка и ги покривале неговите житници, на тој лом да се множат жолтогрлени гуштери и црни скакулци со тешки утроби – се шират степски и пустински површини, земјата уште само со прнар се закитува. Но ранетата волчица можела да се пои од Климентовите води и да ја наслушнува со жили тешката бучава на недопрените шуми неподелени помеѓу ајдутите и рисовите; секирите на фукарата и бичкиите на имотниците не стасувале да ја ограисаат целата невиност на животворното зеленило над кое, секогаш, и небото и посино. Волчицата-стојбина, со грч во секоја нишка месо, се скаменувала подивена и капната од рани, на каменот никој веќе не барал и не наоѓал траги на Климентовиот дух, кој над деветстотини години се движел од немило до недраго како призрак на некогашниот жив призрак. Навистина, само самовилска светлост можела да ги изгони сенките на сомневањата. Но таква светлост народецот на вилаетов не познавал и не мислел или не се надевал дека ќе дојде еднаш, дека ќе шурне незапирливо од море или ќе се спушти од планински врв да ги облагороди со

утеха и тревите на луѓето. Што можело да се случува во тие девет векови и не било ли време семето на претпоставките да про'рти? Проаѓале низ миговите на движењето велможи и гладници, татковци на татковците што доаѓале, и ашлачки се клештеле задоволни од тоа што се без страв за синовите, внуците, правнуците и правнуците на тие правнуци. Можеби тие биле векови во кои зборот *сомневање* не ѝ бил познат на крвта, можеби во тие верувања крвта го познавала само себичниот збор *денес*. Можеби?

Но луѓето, со измиени очи од молитви, ја дишеле слободата на пролетта во манастирскиот двор и се чувствувале малку поинакви од себеси поранешни. Пиеле ракија живи и на чекор од белото молчење на игуменските гробови. Крвта на преварените сливи, или плодови на крушите горници, или никаквото грозје на овој крај, таа и слатка и погубна, тајна на бладања и обиди да се надрасне човековата безначајност, ги ослободувала од внатрешни окови. Храброста не се плаши од недоверба – тие пиеле и со нејасна но присутна радост си погледнувале в очи. Всушност, какви закони споменувал пред тоа Доце Срменков, што сакал да им каже на дојденците додека ослепувал од утрено сонце? Законите под тоа небо биле туѓи и туѓински а тие биле должни да се тргнат од згрбавеноста на ропството и да си ги покажат срцата. Минато, сегашност, иднина, нели? Сеедно. Тие суштествувале во сите времиња, биле време во времињата што минувале низ нивната несовладливост; миговите не можеле да им ги начнат срцата – пијат и вечни се, не познаваат недоверливост. Сонцето лежело по нивните чела и ги прегрејувало.

Едно тајно делче на свеста не ѝ се предавало на ракијата; демнело од бедемите на својата тврдина како проколнат стрелец што сепак им е заштитник на заспаните. Доце Срменков (а и другите каменоломци) секако сакал да знае зошто им се толку воденички камења.

– Уште порано пративме човек со нешто пари, ги потсетил Онисифор Проказник. – Тој ви кажал, мислам. Имаме четириесет и три воденици и ни беа нужни осумдесет и шест тркалезни плочки за мелење. Сега сме помалку. Останавме најтврдоглавите. Дваесет и деветмина.

– И секој воденица, а?

– Секој. Не можат мајкојадците да јурнат како на една воденица и да ја урнат.

– Нека ги земе ѓаволот, шутрачишта, ќе рече Али-бег, а воденичарот Ариф Исмаил ќе ѝ удри клуч на неговата воденица, дочекал свој миг дотогаш незабележаниот Богоја Гулабарин; до него седеле на долга и грубо изделкана маса од едно оревово стебло Проказниковите приврзаници Пане Долгманов и Цветко Грнар и, озарени од внатрешна возбуда, со будалесто нишкање на главата потврдувале дека е така. – А една воденица – ништо. И двете од колепка ќе ти ја урне.

– Навистина, ние испративме човек од Кукулино да ви го каже тоа, со благородна надеж на разжабените усни рекол Каменчо Скитник; не можело да се разбере зошто никој не го поканува да ја земе гајдата и да им ги донесе сите птици на дланки. – Тој ви го кажал тоа и ви оставил пари. Капар, нели?

– Никој не греши душа, така е, рекол Доце Срменков а црната креста му се занишала на темето. – Само, ние...

Ех, небитница, како ќе ви кажам...

– Кажи им, му довикал оној бабуњосан Адам Лесновец и веќе самиот раскажувал: – Штипскиот бег Кара-Мурат сосила ни ги зеде камењата пред три дни. Сега неговите измеќари ги продаваат по Бугарија.

Онисифор Проказник со мака голтнал капка танка ракиичка. Пobледувал од претчувство дека сето патување, сите надежи и жртви биле попусти. Треперел.

– Ќе нè пуштите да се вратиме со празни раце?

Во водурникавите очи на оној Адам Лесновец тивко живеела болест на вечно настинат човек – гледаш во него и не дишеш со мачен страв исчекувајќи да се распрсне и да остави на своето место жолта лочка. Потекувал во својата недоискажаност и ги шматал зборовите.

– Кажи им. Се договоривме.

– Ќе им кажам. Со господова помош ќе ви ги изделкаме камењата за неколку дни, три или четири. Но ќе ви кажам: тие што дошле со по едно воле, дошле попусто. Не ќе можат да го однесат товарот ни до најблисконо село, ни до Древено. Колку сте со ѕевгар, колку со по едно воле?

Пресметувале ожежени со сурова вистина, грешеле, по трето недоразбирање пребројувале: биле единаесет со ѕевгари и осумнаесет со по едно воле. Се сложиле во сметката и молкнале. И сончевата светлост на нивните лица помодрувала. Господи, каде се изворите на спокојството?

– Значи, четириесет камења за дваесет воденици, – ја извлекол главата од волнената облека чпртавиот доморoccupied Гавруш Пребонд. – Оние осумнаесет ќе се здружат во девет запреги. Ќе им дадеме ли нешто, пара

или камен, за двоколките што ќе ни останат, Доце?

– Ќе им дадеме колку што ќе можеме. Сепак, и за дваесет камења, тие ќе ни доплатат. Капарот што ни го пратија не беше голем.

Ракија, збратимување, пак сомневања. Некои од дружината можеле да поскокаат и да го растргнат човекот со креста и во мантија под износениот кожув. Како да бил црна и злокобна птица со крвав клун. Се кревале, раснеле врз темелот на својот гнев. Калуѓерски долгиот врат на недоопијанетиот Лазар Аргиров се танчел. Усните безгласно му се движеле. Сипаничавиот Јован Стојче-Столетников ја барал во својот појас секирата и не можел да ја најде. Викал:

– Сакате да нè измамите, да ни ги земете и парите и двоколките. Сакате да нè вратите без камења. Помочани да излеземе пред светов.

– Сакате жените и децата со стапови да нè пречекаат, се обидел да го надвика Јордан Шоп. – Удрете, ене ги клековците, да викаат по нас.

– Се колевме вчера со едни, денес ќе се колеме со други, им се придружил пискотливо и запенето Метјуш Батковец. – Ќе се колеме, готово.

– Молчи, се исправил Арсо Арнаутче; треварите го преврзале и виделе дека јатаганот не му го ископал окото. – Ни вчера си се колел, ни денес ќе се колеш. Онисифор Проказник ќе се расправи со нив.

– Ќе видеа тие ако ни беше жив Борис Калпак, ќе видеа, сепак се поднамалил Метуш Батковец. – Ајде, Јордане, – се обидел и самиот да смирува но со чемерна навреденост. – Ене им го Онисифор Проказник, ене им го и другиот Онисифор, нека се спогодуваат. Ние

сме како волињана, Онисифоровците и Арсо Арнаутче камшикот, ние јаремот.

Луѓето до Доце Срменков ги држеле презашилените чекани. Како и повеќето луѓе што не се брзи на караница и што не прифаќаат неразумни предизвикувања пред да проценат не ќе бидат ли поразени, како и сите луѓе што не оставаат глава под секира само за да знаат дали е болката на месото подолга од смртта, чекале засолнети под своето молчење да мине опакиот виор. Околу нив се лизгала остра реа на говедски лепешки. Очите се лепеле за месо како крлежи. Господи, каде се изворите што ја однесуваат суровоста и што ги мијат раните?

– Ние не се враќаме без камења, ја разбранувал неочекуваната тишина околу себе Онисифор Проказник.

– Кој вам ви рекол дека ќе се вратите без камења? прашал Доце Срменков. – Ние вам она по што сте дошле, вие... – Со кренатата рака ги триел врвовите на палецот и показалецот. – Разбирате? И ви кажав – со едно воле камен не се носи.

– А двоколките? прашал Герасим од Побожјане со некакво рунтавесто грло.

– Што двоколките?

– Оние што ќе преостанат. Рековте дека ќе дадете нешто за нив.

– Ќе видиме, ќе се спогодиме. Ни досега не сме живееле од туѓо.

– И сега, кој со кого ќе се здружи? со очај рекол Орлен Шумков. – Кој ќе даде воле во туѓа запрега?

– Јас ќе се здружам со тебе, првпат проговорил Онисифор Мечкојад, можеби навистина првпат по бесењето на селскиот призрак Јаков Иконописец – Една

воденица, двајца стопани. – Ни очите веќе не му се гледале од влакна. – Доколку сакаш.

Орлен Шумков со недоверба го гледал. Умрел ли туѓинецот во тој Онисифор Мечкојад, испарило ли од неговата крв сеништето со дамари на неспокојство и поттикнувач на бес и самоволност? Не, можеби тој нешто смислувал. Инаку зошто станал костреш без силни и игличести перки тој светец на опакоста и кобата што пуштил крв од туѓи жили, што колел туѓи волиња, што ловел малоумници за да бидат обесени?

– Само тоа воле го имам, рекол Орлен Шумков.

– Волето пак ќе ти остане, се обидел да помогне Онисифор Проказник. – Или сакаш да се здружиш со друг?

– Не знам. Пријател сум со Богдан Преслапец, со Никифор Ганевски.

Онисифор Мечкојад ја подал десната рака кон пауните како да ќе побара нешто. Каква била таа пречка што не му дозволувала да наздрави добронамерно на гозбата на пријателството? Се чувствувал отфрлен.

– Ме сметаш за враг, Орлене, знам.

Младиот Куно Бунгур го сфатил. – И јас сум без ѕевгар. Ако сакаш ќе се здружиме.

– Не сум питач, со закана стушено се исклештил Онисифор Мечкојад; забите не му се гледале од густата четина. – Можам и сам. Како секогаш.

– Сам, со едно добиче, не можеш, рекол Доце Срменков. – А и двоколките не ви чинат. Ѕидовите на нив ќе пречат да се товарат и да се истовараат камењата. – Ги пребројувал своите луѓе. – Земете ги чеканите и лостовите. Ќе почнеме.

Тогаш виделе, слични на повеќебројни апостоли без ореол, како кон грубата маса околу која се стиснале се доближува со нишање на колковите млада жена со јамак за вода. Преку луѓето од дружината минале морници. Онемувале и гледале вкочането, чиниш ги обзел верски занес. Чувствувале машка гладост. Жената предизвикувачки се ближела покажувајќи ја белината на забите и без насмевка. Со секој чекор како да ѝ баб-реле високо кренатите гради под кошулата. Меката кожа на лицето со прво руменило на младото сонце внимателно ѝ била покриена со дамки на проѕирно злато.

– Фиданка Кукникова, змија, со презир но не и без восхит шепнал Адам Лесновец. – Била држанка, станала жена, сега е распуштеница.

И каменоделците дишеле шумно. Во таа шума на запалени човечки стебла, во тој оган што минувал од секое машко влакненце, ни Доце Срменков не останал неначнат. Чкртал со заби, го чуле.

– Што е, што сакаш овде? прашал со гровтав глас ѝ ги наслушнувал меките чекори, притаен, со претпазливост на вепар што свикнал на осаменост и на тишина.

Се насмевнала само со едната страна на лицето. Мраморните лакови на ноздрите ѝ поттрепнувале како на младо животно во сетилно претскажување на слатки можности што ги шепнува развигорот на будењето. Слободната рака предизвикувачки ја потпрела на колк.

Но Доце Срменков сепак претставувал загатка и за другите и за неа. Кога бил млад, отишол во туѓа земја да печали пари. Меѓутоа, кога се вратил пред еден

Бадник со торба лири и со загноена рана на левата рака од туѓа сабја, по селата со восхит се шепотело дека бил ајдутин и одмаздник. Тој самиот никогаш не рекол дека сето тоа било вистина но не им се спротивставувал на прикаските. Потоа префрлил преку глава неколку болести, пребрзо остарувал, станал селски старешина.

– Вдовец си, знаеш што сакам, рекла Фиданка Кукникова и пркосно и потсмешливо. – Или жените без маж треба да лежат под студена плоча. Ме сонуваш ли ноќе, Доце?

– Бегај, проклетнице, ги кренал како за одбрана рацете Доце Срменков. – Маж ти посегна по туѓа жена, го протеравме. Оди и моли се за неговиот грев.

– Скрши си ја главата, негоднику, диво го ожежала со поглед. – Си му судел на маж ми, мене не ќе ми судиш. Не ќе подадам раце по тебе, ветвуштенику, за да насаскаш пци на мене. – Очите ѝ биле поинакви кога погледнала во дојденците; го оставила јамакот пред возбудениот Куно Бунгур. – Земете, ракијава нема кој да ја пие. Сама сум, со стар и глув свекор.

Се завртила на петици дива во својот пркос, сама и сепак посилна од нивната врела ламтежливост и пак се занишала во колковите враќајќи се во светот на своите тајни. Зад неа, чиниш, останувала волшебна трага на комета што никој никогаш не ќе ја види. И отишла.

– Со мажот не можеше да има деца, сега бара орачи, се двоумел помеѓу бессилен кикот и млака тага Адам Лесновец. – Оваа Фиданка, Доце, може и не е виновна. Плодните ниви бараат стројбјаци.

– Орал маж ѝ, доорал, побарал друга нива, воздивнал Гавруш Пребонд.

– Во нашине села нема ваква жена, со дланка го милувал полниот сад Куно Бунгур; пред да отиде – Фиданка Кукникова му се насмевнала.

А Арсо Арнаутче станал од клупата и се испрчил, речиси војсководец е што се гордее со раните спечалени на невидено боиште. Навистина на широките гради му недостасувал медал од кој сонцето е само малку потемно. Ја заборавил лузната што му се протегала од челото до под око. Ранет бил, штитоносец бил, прв ќе појде со знамето на надевањата во нови преграби. Исклештено, ждракал.

– Ракијава ме загреа. Ќе побарам поток и ќе се измијам. А можам и кошулава да си ја исперам.

Алхемијата извлекувала од пената на ракијата разбудување на машки соништа. Ни омајничкото ветре не можело да ја избрише насмевката од лицето на Арсо Арнаутче.

Нема извори на живот. Животот е извор што се пие себеси.

# 2

Според подоцнежното раскажување на кукулинецот Лозан Перуника* (значи по седумдесет и осум години од настанот, кога тој веќе бил на прагот на своето столетие, поточно – според записите на некој калуѓер од илјада деветстотини и тринаесеттата година, кога веќе се гризеле со оган и челик под знамиња на лав или двоглав орел и атакувале едни на други преку полумртви села и градови во прашина, во чад и во треска бугарските дивизии на генералите Трошев, Ковачев и Иванов и српските дивизии од Првата, Втората и Третата армија на престолонаследникот Александар и генералите Степановиќ и Јанковиќ, и едните и другите, мобилизирајќи ги македонските голтари од вардарскиот, пиринскиот и егејскиот дел на својот вилает да пукаат едни во други,** додавајќи му ги на тој хаос и грчките војски, сите три крунисани владина тие армии во алчна агонија да лапнат по еден залак од Македонија), во она време големоглавиот и бабуњосан Адам Лесновец им раскажувал на неколцина од дружината дека попчето што го мердале ноќе во Лесново не се занесувало толку по идејата на грчката патријаршија за една голема и од

* Авторот претпоставува дека Кукулино е старо или измислено име за Кучевиште или некое друго село од скопската планина Црна Гора или, според турската администрација од тоа време, Карадак.

** „Гиневме ние, гинеа Бугари, но најмногу изгинаа Македонци, и тоа какви Македонци“. (Од говорот на д-р Јордан Аќимовиќ во Народната скупштина во Белград на 15-II-1938 година).

Зевс или Саваот благословена Елада, тој неграмотник со ретка брада можеби за тоа и не знаел, колку што сакал да ги завлече прстите со многу топчести ковчиња под ленената кошула на Фиданка Кукникова; каменоделците дење, најчесто пред своите жени со загатливо сомневање под клепките, ја проколнувале и ја пцуеле убавицата со дамки, со тие златни очи на страст и копнеж по милување, а ноќе станувале од постелите на своите жени, божем во дворот ќе шопаат широко расчекорени и без воздишки по она што пред тоа го сонувале, всушност како лилјаци ја облетувале Фиданкината куќа со еден прозорец под бушавиот сламен покрив и со напукнат оџак; жените веќе нешто знаеле за ноќната лилјачка игра на своите мустаќести балами и со дукат го наговарале попот да се преправи во козинав врколак и да внесе страв во селото; ама и на попот, како што раскажувале, не му висел под папок суџук од мелено козјо месо; и тој станувал бабачко кога ќе се сетел какви тајни сѐ криеле жените под кошулите. Некои од мажите се исплашиле од многувлакнестата сенка од која кокошките по дрвјата се споулавувале, некои посилни од ужасот на врколачките ноќи пак оделе да шопаат крај оградите или зад нив враќајќи се дома со искокорени очи дури пред изгревите; потоа се нашле двајца или тројца антихристи и го намердале врколакот, го соблекле и со стапови го потерале кон пештерите во кои обработувале камен...

Откако каменоделците по непресилената пијанка во манастирскиот двор отишле во пештерите на местото Богородица да удираат со чекани и да вообликуваат воденички камења за четинестите туѓостојбинци од некое село за кое тие и не чуле, се случило на еден час

пред заод Арсо Арнаутче да ја сретне Фиданка Кукникова со нарамник гранки на грб и да ѝ помогне благоглаголив да ѝ се врати верата во луѓето – жена е, и светците ќе се симнат од икона да ѝ помогнат. Најпрвин таа се тргала од него и се лутела што ѝ додева, не била таа не знам каква секој да ѝ го попречува патот. Но тој бил и останал љубезен и со насмевка на младоженец пред прва вечер во која тој само ќе го повтори она што го научил на тајни среќавања. Бил и останал таков: млади жени поучувал, постарите ги обогатувал со сеќавања за младоста, на ваквите каква што била Фиданка Кукникова им се предавал в раце како штотуку да ги одвоил усните од млечна дојка. Го зел товарот претежок за жена и го донел на плешки до прагот на куќата со еден прозорец и со напукнат оџак. И пак, сега тој а не Куно Бунгур, извлекол од нејзините заби блесок што ветува возбуди и слатки морници со кои незабележано може да се влезе и во гроб на кој само од себе никнува јоргованче со лилави крилца, под него заљубените да воздивнуваат под ѕвездите. Кога го спуштил крај нозе нарамникот од кој го болеле плешките, Арсо Арнаутче се обидел да ја зграпчи за рака и да ја задржи за уште еден поглед од чија светлост слатко се ошумоглавува. Останала зачудена и не видела, а ни тој, дека разговорот им го слуша легнат под сенка на дуња Лозан Перуника. Го прашала бара ли да му плати поради тоа што го носел товарот од половината на поточето стрмоглаво упатено од кесковата гора кон неголемото село, на она патче по кое некогаш, според Доце Срменков, се спуштил светецот Гаврил и ја соѕидал од камен, земја и пот првата лесковска куќа, лесковска зашто некогаш заради лесковите шуми селото се вика-

ло Лесково. Ѝ рекол дека и без плаќање ќе ѝ ја донесе на грб сета шума од ридиштата на Златица. Но таа, опседнувана на секој чекор од тајни машки желби, веќе знаела што сака тој и ѓаволесто се насмевнувала.

– Носело магаре 'рпалци, сега бара зобница да му врзам на муцката предизвикувачки рекла со необично ѕвонлив глас.

– Вечер, се душел од возбуда Арсо Арнаутче. – Вечер, баздруго.

– Вечер ќе зобаш – тоа ли? Добро, околу куќава има трње.

– Вечер ќе дојдам кај тебе. Чекај ме.

– Ќе те чекам со чеканот на маж ми што го исклоцаа за да се собираат во кундале над мојава глава, се разгневила. – Ашлаку неизмиен, рекла. – Кој тебе ќе те пушти да брцаш во мед за да си ги излижеш прстите? Тргни се додека не сум го извлекла секирчето од нарамников. Или сакаш да ги повикам сосеткиве со сукала и со пиралки? Ќе го повикам, ќе дојдат, се насладувала на својата надмоќност. – А порано ме проколнуваа. Нивните мажи се забуцуваа ноќе околу куќава како колци.

– Биди разумна...

– Ме проколнуваа, потоа ми беа благодарни. Кога по пустото свое чекање мажите се враќале во постелите, со рамазанска глад се фрлале на своите жени и им биле благодарни што тие уште ги чекаат. Појди и гледај, сите жени се трудни.

– Биди разумна. Јас сум таков. И ти ќе им се придружиш.

– Ашлаку, сакаш да затруднам на рогозина без маж – тоа ли?

– Зошто без маж? Не си Богородица, се сепнал. Јас ќе ти помогнам. Знам, тешко е без дете.

– А ти – немаш деца?

– Три, побрзал да се пофали со надеж дека ќе му го покаже патот до постелата.

– Тогаш подари ѝ на женичката и четврто. Или можеби таа е веќе трудна од твоите овдешни желби?

– Биди разумна и остави ја жена ми. Вечер ќе дојдам.

– Нема зошто, - отстапила. – Ти си мртов.

– Како мртов? и не сакајќи допрел дланка до преврзаното око. – Сакаш да кажеш дека си ме сонувала мртов.

– Не, не сум те сонувала. Те видов мртов денес, кога ви донесов ракија во манастирскиот двор. Не сфаќаш ли дека Доце Срменков кришум ќе те убие. Тој сонува да ме внесе во својата куќа.

– Јас ќе го внесам него малку подлабоко в земја, – рекол свечено како да се колне пред лик на светец. – Тој клеко не е за тебе. Ни тој, ни другите од селово.

– Знам, ти си за мене, со потсмешлива тага се наведнала; веѓите жестоко ѝ се извиле. – Но ако легнам со тебе, и самата сетне ќе мирисам на прчовина. Остави ме, бегај. Гроб е селово за такви алчници.

– Не те оставам, – се протегнал со морници на тилот и го исправил грбот. – Ќе се искапам. Во торбата имам чиста кошула и нови чорапи.

– Бегај, реков. Не сум јас невеста ни за гол ни за натоварен младоженец со три деца и не сум жена што легнува пред секој што ќе ѝ тропне на врата со коледарска ластегарка.

Неочекувано, со чемерна шегобијност но зајакната

со калапот на привидната осаменост, го прашала ја сака ли за жена и дали не ќе зажали што не се вратил во своето село. Сета крв на заодот била собрана на нејзините млади усни за чија целивка и ѓаволот куц можел да се откаже од горештината на пеколот и да се пеплоса до врвот на опашот доколку таа би го зела в прегратки. Се потпирала со дланки на колковите и се нишала на нозе гледајќи го со накривена глава. Златните дамки на лицето имале свои коренчиња под клепките, тоа можело да се види по необичниот сјај во очите. Тој предавнички се повлекол со еден чекор – да ја земе, а жена му со трите гулапчиња в скут? Тој не сака да си го растури огништето, тој само нуди да ѝ го збогати животот со мајчинство. Увото му побелувало од возбуда. Сѐ уште се нишала свесна за неговото мачење. Молчел, што можел да ѝ каже. Таа се наведнала и го зела нарамникот. Се обидел да ја задржи со насмевка на бескрајни желби. Таков го оставила кога ја затворила вратата зад себе. Но тој видел дека сепак ќе му кажува нешто со брз поглед. Што? Она во што верувал. – Вечер, шепотел со треска во грлото и ќе стоел до стемнување неподвижен ако од куќата не излегло потпирајќи се на крив стап старчуле што можело да се собере во чобански тагарџик: жива играчка за деца, ништо друго. Арсо Арнаутче не се насмеал. А и зошто? Млад бил и почитувал старост, сега е помлад отколку кога се женел. Старчето го погледнало со очи на желка фатена во примка и со насилство задржана глава вон од оклоп.

– Ми донесе ли печени компирчиња, Доце? А јас на бесрамницава ѝ говорам – земи го, има компир, има злато, ќе нѐ чува.

Очигледно пред очите на Фиданкиниот свекор лежела старечка магла. И Арсо Арнаутче побрзал да побара поток, рекичка или каква и да било друга вода за да се измие или да се искапе подалеку од сите сомневања што можеле да му ги согледаат намерите.

Лозан Перуника се чувствувал како крадец што за лична корист ја завлекол раката во тајна печалба на туѓа душа. Се прашувал вака ли минувал секогаш заводливецот на жени – поразен. Скоро лазејќи се повлекол до сенката под која лежел. Всушност, бегал од себе како човек што ги знае туѓите намери и што ги претчувствува изгубените битки на мажот со жена и со три деца.

Не, тој човек ни тогаш не отстапувал. Пред Арсо Арнаутче се отворала со омајност златна и сина и сочна синоличка, и тој, од името на својата машкост што му била дадена од господа, можел само да се наведне под пролетна месечина и со жед на пустински камилар да срка пелур, потоа пијан од цветно вино да се закопа со чело во треви и да ѝ ги шепоти на земјата тајните на љубовта; во тој миг можел да биде уверен дека од земјата ќе шурне сребрена вода со чии капки светот ќе си ги излекува и очите и срцата. Тогаш можел да се заколне дека никогаш веќе не ќе ѝ избега на топлината што го носела кон храмови на нечуени воздишки и непочувствувани допири.

Луѓето што го виделе како се скаменува пред тоа на прагот на чудесната жена по која уште неколцина со извртени очи дишеле забрзано и го следеле како чекори и мавта со рацете како пред бескраен лет, не го засегале. Тој не ја знаел темната јадосаност на Куно Бунгур и

неговата вера дека соништата на ноќта што доаѓала се само негови.

– И слепо и чкулаво подава рака по змиско јаболко, – се лутел Симон Наконтик како осамен светец на семожни гревови позамрсени и од волчи црева, всушност повеќе исплашен отколку величествен набожник зашто го потресол крик на див петел од лесковата шума на селото, предупредување на смртта што брза кон такви каков што бил тој, за кого женското милување претскажувало почеток на пропаѓањето на светот. – Ме повикува врсникот Неделко Шијак, – пак шепотел со стиснати шепи на градите божем држи рабови на миросано платно со кое си ја штити душата од отровни повити, но Богоја Гулабарин, Пане Долгманов, Цветко Грнар и Илчо Просинек, веќе се договориле ојуначени од ракија да ги здружат старите волиња во две двоколки и пак во ново јунаштво се клештеле и се подбуцнувале со лакти превесели и за свадба; со сладосни гласови од кои и птици ќе се разбуделе го распрашувале старецот кога ќе се стрчне подмладен и избричен кон циклестата Фиданка да ѝ го покаже мускулестиот стомак и сѐ друго што е машко на неговата ластареста става; им говорел со ѓаконска самоувереност – Ќе дојде потоп, господ ќе ме држи да не потонам а вие ќе пекате по мене и ќе ме молите ропски рачињата извалкани да ви се држат за учкуров, да ве влечам по бранови и пени. – Набожно се гледал себеси во светлост на идни божествени зори и ги пцуел четворицата шутови на своето подбивно кралство. Самопочитуваните тревари Никола Влашки и Пандил Димулев го следеле со машки разбирања оддалечувањето на оној чија лузна преку окото веќе

двапати му ја преврзувале и го жалеле неснаодливиот млад и убав Куно Бунгур, на кого во манастирскиот двор му се насмевнала жената на сургунисаниот маж. – Во потопот и вашите болви ќе се издават, – претскажувал старецот со вражалски ќесички под очите, едното поголемо од другото како што е поголем потпланински бадем од семка на слива; навистина оние четворица со клокотави грла за малку не умреле од незапирливо смеење, се тркалале по млада трева слични на пеливани што се борат со своите сенки, наеднаш половина дружина да попаѓа од стомачен кикот кога оној Филип Макариев го прашал со детска наивност вториот Нојо што ќе се случи ако нивните болви се удават со него а сите други ако останат во големо корито со неговите болвички, црни и скокливи внучиња со Симон-Наконтикова крв на невидливите цицалки – Ќе се давите и ќе подавате раце да ми се фатите за учкуров, ама – на! – завлекол рака в појас Симон Наконтик; капнувале од невидено смеење не знаејќи ги бара ли тој болвите под гаќи да ги стисне в рака и да ги спаси од поројните води што ќе ги покријат и Содома и Гомора на вилаетот или заканувачки сака да им го покаже учкурот за кој со задоцнето јунаштво на машкоста им раскажува нови библиски поглавја; од утробата му ’ртел плач. Хихихи, и хохохо, и хахаха – ужасно весело и со ’рскот на здруженост татнело околу него.

– Што сакаат од тој стар човек? со страв седнал до Куно Бугур најмладиот од дружината и сведокот на недоразбирањата и разбирањата помеѓу златнодамкавата Фиданка и петелот во човечка кожа Арсо Арнаутче.

Погласно прашал, мислел дека од смеењето ни пукот на гром не ќе достаса до земјата.

– А тебе, лапе ниедно, никој не те задева, викал Богоја Гулабарин. – И не подбуцнувај. Мал си да те запопиме и да те слушаме кога да се смееме и кога да плачеме. Цветко, дај ја, братучед, ракијата.

– Која ракија, братучед?

– Онаа што му ја донесе циклестата анама на Куно Бунгур како мираз. Локајте, братучеди, Арсо ќе ни донесе мезе од снаата.

Се наведнал кон најблискиот и му шепнал какво мезе ќе им донесе Арсо Арнаутче. Другите и без да слушаат што рекол се тркалале по тревата со гровтаво смеење зашто знаеле што можел да шепне.

– Кажи ни, Гулабарине, што ќе ни донесе Арсо?

– А од тоа што ќе го донесе ќе има ли за сите по малку?

– Куно, до полноќ за тебе, од полноќ за мене.

– Како да не. Арсо ќе донесе, Арсо ќе се мези. Ама тој буцкач и валиица еден ден ќе разбули. Почекајте, ви велам, пич е.

Прашања, извици, споулавеност. Плач на смеата. Куно Бунгур станал и зачекорил сличен на човек што тргнал да најде лек за својата мака. Господи, мене ли ме определи за ново распнување? Зад него се влечело рапаво, пискаво, гровтаво и секакво кикотење и го сопнувало, чиниш ќе се заниша побелен и ќе падне. Тогаш дошол Онисифор Мечкојад со таква ѕвереност на челуста што дури и дрвјата затрепериле околу него. Смеењето ослабнало, кикотливците молкнале.

– Сакаш ли голтка ракија? Покажал Богоја Гулаба-

рин кон стомната; смекнувал; само понекогаш се шегувал, никогаш не се карал. – Дојди, братучед. Еј, Герасиме, раскажи ни за царските синови и за чумата.

Онисифор Мечкојад модро се насмевнал над нивната мртва смеа. – Го видов голото попче. Трчав по него но се изгуби во шумана. Слушајте, тој може пак да запали куќа.

– Ако го стори тоа, домаќиниве нам ќе ни се нафрлат со чекани, претпоставил Никифор Ганевски. – Му кажа ли на оној Доце Срменков, на другите?

– Не сум им кажал. Го видов, трчав по него, еве сум сега пред вас.

– Можеби – а? – дошол да моли прошка, рекол Цветко Грнар.

– Не дошол да моли, рекол Нацак-Јанко. – Го носи на душа покојниот Борис Калпак и виновен е за сѐ што се случи вчера.

– Виде како ги исклавме оние што дојдоа да се колат. Попчето може пак да доведе некои браќа на оној Сафет-бег, на брат му.

– Тогаш да им кажеме на луѓето од селово. Ќе го фатат.

– Ако не го фатат, ќе дочекаат ден на нозе. Утре, место да делкаат камен, ќе спијат, застенкал од болка во главата Онисифор Проказник. – Ние ќе го бараме.

– Ќе нѐ види, Онисифоре, и џенем ќе фати. Итрец е.

– Кога ќе се стемни не ќе нѐ види. Ќе се поделиме на две групи. Дните ќе одат со Онисифор Мечкојад, другите со мене. Неколцина ќе останат околу селово на стража.

– Одете и фаќајте недолжници, зацимолел Симон

Наконтик. – Јас овде ќе си ја чекам смртта – и слушал, пак дивиот петел си го разорувал грлото со крици. – Господи, – ги изврտувал очите. – Никој мене не ќе ми донесе крст од бел камен. Никогаш, знам.

Видливо поистоштените останале да спијат по слабата вечера кој каде, во своите двоколки или во некоја плевна, или пред штала во која добичињата си ги плеткале роговите над грст сено, половината отишле со Онисифоровците да ја пребаруваат шумата над селото, за стражари биле определени Лазар Аргиров, Јован Стојче – Столетников, Никола Влашки и Арсо Арнаутче. А ноќта дошла побрзо отколку што очекувале, онаа ноќ бескрајно моќна да ги сокрие арамиите, заљубениците и грчот на животот. Страста на човекот со обетка на увото јурнала со сила на шарпланинец кога ќе сети дека стадото му го демне волк. Неговите придружници можеле да бидат исто така пци пуштени до синџир но тешко го стасувал – Онисифор Мечкојад брзал, поттрчнувал кон нагорнината. Предводникот на другата група одел попретпазливо. Сакал нечујно да дојде до работ на шумата и потоа да ги постави луѓето во широка линија – првиот Онисифор и неговите луѓе биле терачи што ја преплашуваат дивината, вториот ловел без возбуда и пресметано можел да демне во заседа.

Бол, повторена возможност на заборавениот Лозан Перуника кога ни го викнале да чекори со оние што ја пребарувале густината на лескитe ни му покажале стражарско место да го демне призрачјето по гаќи од кои се мавта учкур како памучна сабја на смешен, потсмешлив или исмеан делија. Но таа споулавеност со искубана брада еднаш веќе го предупредила со оган

неголемото село на каменоделците – ноќта е мајка на неутешните и маштеа е на непретпазливите, мислел или се сеќавал на нечии зборови најмладиот од дружината и не знаел дали да ѝ се придружи на исто така заборавната старост, да седне до склопчениот Симон Наконтик и без здив, со невидливо црвенило на лицето во мракот, да му раскаже за глувата и нема Ганка. Не, мислел, не е глува и не е нема, мајка ѝ само сакаше да ја спаси од бегот и од неговите измеќари. Бил премлад да ја соголува во мислите како што ја соголувал во себе, ја кинел и ја апел Арсо Арнаутче пеколната богородица без рожба, златоликата Фиданка Кукникова. Бол, скреж на животот.

# 3

„Таа е нема!“

Ги повторувал овие зборови на осаменоста и со неспокојство на нешто што е занес или копнеж, или најмногу религија на нејасна љубов. И ги подавал рацете кон првиот ден на својата младост, барал ’ржени ниви Лозан Перуника. Жолчно надојдената ноќ од сите јами и од сите рани на животот го демнела на секој чекор со соништа што ги заборавил ослободувајќи се од треската и го присилувала да се движи со крадечка претпазливост помеѓу двоколките на кои, овде или онде, веќе спиеле неколцина. И тој и селото и ридиштата наоколку биле фатени во обрач на мрак, зад чија граница можел тогаш да се стеснува нов обрач на онбашии, заптии, узбаши, чауши, кајмаками, мулазими, кадии и секакви одбрани стрелци и мислители на царството, повеќето со измеќари, соколари или ќати, но сите со кубури, со долги или краткоклуни пушки, со јатагани, анџари, џилити и наџаци, на чие железо со златни или со сребрени нишки е запишана муслиманската покорност пред пророкот. Светот бил поделен на обрачи – бара во која од фрлен камен се шират кругови и пак се собираат кон својата средина. Зад живите со фесови и со чалми се движеле костури со по една своја коска во жолтите шепи за одбрана на најмладиот од дружината. Зашто тој бил иднината на животот – старите се само стари и мртви пред да умрат, тој и неговите врсници ќе го

обновуваат животот, плодоносци со живо семе во живо месо. Секако тој тоа можел да го знае многу подоцна а тогаш само се прашувал: зад жолтите и ребрести костури како друг обрач никнува од земјата нов обрач, и сѐ така: обрачи, обрачи, обрачи? Турци, костури, пак костури со кациги, со штитови и со мечови, потоа сенки со чекани од камен; и пак некои други (кој можел да ги знае?) грпкавичави, со мали мајмунски глави, со дебели заби под кои се двоел надве арапски рунтавест орев или дебела ’рскавица на животно со сурлеста глава. И сето тоа, жив оков во оков, се стеснувало и се ближело без *доаѓам*, немо; најпрвин ќе удреле едни и тој ќе станел несуштествување а тие слеаност во точка, и другите да доаѓаат и да стануваат дел на точката, сите – скорчавите костури, призраците со кациги и штитови и костурите со чекани. Мавале доаѓајќи и се распаѓале во прав и пепел за иднината, могила или туљбе на она што *било* и што ќе е трева или куп непознати цвеќиња со горчлив мирис на смртта. Над случката на призрачното умирање на мртвите низ векови, од незнам кога до последниот ден на неговите шеснаесет години, ќе се веела проѕирната птица на една душа. Како? Некако, ни на земја мртва ни на небо жива, со стрелушно зјапната безгласност на клунот. Моите коски, раскажувал подоцна, биле премлади да се распаднат. Можеле само да ја исцедат од себе срцевината и да накотат во шупливоста ларви од кои тој самиот ќе се повторел во секакви облици и, со срце скриено од врани и душмани меѓу бозје, ќе го слушал златното брчење по ритчињата на татковската земја.

„Таа е нема!“

Се грбавел, умри, Лозане, умри Македонијо, од не-

бото се спуштала преголема чкрапја со премногу отров во свиениот опаш дури и за пет такви вилаети на пет или на петпати повеќе момчаци од шеснаесет години кои исто така се мрак во еден мрак, грумак бол по своја врсничка, момчаци – синови на бекташи под дервишка ќулавка или на оние со парче руба околу половината, како пци со заби да ги измолкнале од сметиште. Ноќ, воловите жеволеле во туѓа стаја туѓо сено, стопаните фаќале бессилно суштество што до вчера се наоѓало под заштита на светените манастирски ѕидови. Тој чекорел во свечена осаменост на обред во кој се кадат со темјан слабушкавите за битка, всушност не ги подавал рацете кон копнежи туку со здив, со чело, со врелина во врвовите на прстите џбарал слободен простор по чии невидливи врвици можело да се стаса до златни бранови на ’ржено море а во нивната лелеавост да се живее и да се чека на доаѓањето на русалките и девојките; со нив ќе е и таа, Ганка. „Таа е...“ грлена и гласна, со распуштени коси и со подадени раце кон неговите раце; ќе се најдат и ќе се јазат по ѕвездена пајажина кон спокојство и тишина во која, најпосле, се разговара со очи и со допири. И сепак не можел да бега, дури ни да сонува бегство кон ѕвезди и кон средби; во дружината бил, на земјата ѝ припаѓал таков – дрипав и заборавен но пркосен за да не клекне пред сенките и сеништата на ноќта.

„... нема!“ Господи...

Наеднаш почувствувал дека е позрел од сите живи и мртви од дружината кои се грбавеле по поаѓањето од Кукулино, село со четириесет и три недовршени воденици на реката Давидица. Тие се плашеле од сенката на измисленото чудовиште заради кое Онисифор

Мечкојад му ја сечел жилата преку жолтичавото чело на богдагопрости чабавиот богоугодник и видовит човек Дмитар-Пејко. Се плашеле, се тресел и Лозан Перуника со нив. Потоа заборавил што е тоа страв. Ако сакал некој да знае, тој можел да му ја напика в ѕвало вистината: чудовиштето лежело во самиот параспур на македонското село, во неговата слабост да се измачува со секакви стравотии, со морници да ги задушува морниците на грубиот живот; да, животот е чудовиште што ја подгонува кон бездна двоколката на судбината во која се запрегнати луѓето, сите во јарем и со железен жегол в грла, слепи за крајот на патот, запенети и со сокрвца на напукнатата кожа, со набрекнати јагарци од обете страни на гркланите, под мишки и лево и десно под папоците. Нема друг свет освен оној на кој му припаѓате до вечноста, сакал да им викне на мртвите. Заборавете го своето в ч е р а, за вас нема у т р е. Нема! Збогум ви, црвоносници. И нема страшила, нема чудовишта. Не залиптал.

Веќе, ни сам не знаејќи како, се нашол под дуњата под чии гранки тоа попладне спиел свртен со лице кон куќата на Фиданка Кукникова. Застанал – каде потаму? Тревата ја шушкала својата икиндија. Ѕвездите биле скреж запрен на својот пат од невидлива мрежа. Зошто сум овде, се прашувал. Навистина, што го влечело кон тоа место на кое пред зајдисонце наслушнувачки го фаќал во лет разговорот на возбудливата жена и на возбудениот Арсо Арнаутче, – „Те видов мртов денес кога ви донесов ракија во манастирскиот двор“, и сè друго што било кажано, – „Јас ќе го внесам него (оној Доце Срменков) подлабоко в земја“. Но сега пред куќата се сновела сенка. Ја видел.

Бегајте, мртви, се фатил со обете раце за накривен кол во оградата од дабови прачки, ова е свет на живите, вратете му се на гробот, останете меѓу камења, меѓу скаменети полжавчиња и мравулници, вратете се, вратете се. Но сенката стоела на долгнавест прозорец. Го препознал натрапникот, веќе знаел кој е уште пред да му го чуе гласот. Триесет и една или две години подолг живот минал Арсо Арнаутче од него а тој навлегува во седумнаесеттата. Секако бил постар од крестокосиот Доце Срменков. Каква била љубовта на оние што ја подавале ногата кон педесетлетието? Рапавоста на сувиот кол му ги жежела дланките повеќе орачки, отколку момчешки. Така, Арсо, секоја жена – љубов, нели? А жената во Кукулино? Не сфаќал. Шеснаесет години! Премногу за маки на сирак, премалку сѐ да се знае. Но стоел, сакал да ја види таа љубов, сакал да се види себеси по триесет и една или две години. Врз него полегнала тивка очаеност. Само затоа ли се повторил како наслушнувач? Сакал да се нурне во тајни и да ги почувствува со сите сетила на својата младост. Наслушнувал, чул.

Извик, потоа шушкање во тревата и птичје мешколење на гранките зад куќата. – Фиданке, дојдов.

Штама, во селото како да немало пци. И пак извик. Погласен. (А ти, Арсо, начека село без кучиња!) И веќе не знаел и не можел да види дали таа дошла до прозорецот, дали ѝ се распуштени косите како густ златопад над соголените раменици, дали ги кршела прстите преплашено. Слушал.

– Кој си, што бараш?

– Знаеш кој сум и знаеш што барам. Пушти ме да влезам.

– Да влезеш? Зошто?

– Знаеш зошто. Ти реков дека ќе дојдам и дојдов. Одмандали ја вратата.

– Како што си дошол така и ќе си одиш. И не враќај се. Со пиштење ќе ги разбудам жените и мажите да ти го ископаат и другото око.

– Ако не излезеш или ако не ме пуштиш внатре, јас ќе ги разбудам.

– Да те пуштам да легнеш со свекор ми?

– Пушти ме и ќе видиш со кого ќе легнам.

– А тој, свекор ми, ќе ни држи свеќа, нели?

– Излези или пушти. Ќе дојдат и ќе ми ги дробат ковчињата со шилести чекани.

Тишина. Наеднаш Фиданка Кукникова бездруго не знаела што да каже. Арсо Арнаутче веќе ја држел за рака, бил стапица што не го пушта подарокот на ноќта. Воздишки. И шепотење.

– Излези, нема никого.

– Пред мојава куќа секогаш има некого. Ноќе секакви суртуци клечат пред прагов. (Арсо Арнаутче секако ја зграпчил за рака.) Пушти ме.

– Не сум клеко и не те пуштам. Или излези или ќе се спровнам низ прозорецов.

– Свекор ми ќе чуе, ќе се разбуди. Тој меварди ноќе за својот син, не за тебе.

– Тој е глув а син му е далеку.

Пак тишина. Зад некаков срт се поткренала месечината со едно око слично на Арсовото. Личела на презрел резен диња. Арсо Арнаутче и белата подвижност се покриле со танок слој стопен бакар. Негде далеку, во лесновската шума можеби, некој нешто викал. Најве-

ројатно некој од дружината.

– Проклет да си, пушти ме. Ќе нè видат. Утре и мене ќе ме набркаат од селово.

– Ќе дојдам со тебе.

– Каде, во која пустина, арамијо?

– Каде ти, таму јас.

– Јас в гроб. А ти?

– И јас, Фиданке. (Крик. Пцост...) – Ќе ми платиш за ова.

Смеа, тивка и одмаздничка: – Кучка сум, затоа апам. А ако ми дојдеш уште еднаш...

– Нема да доаѓам, ја прекинал Арсо Арнаутче. – Нема. Ќе останам овде до ден. И повеќе. Додека не ми дадеш.

– Проклет да си.

Останал сам вртејќи ја апнатата рака кон месечината за да ја види крвта,ноќе потемна и од ноќ. Видел, ‘ржел. Премреже, несреќичка; вчера се котел и плачел над Калпаковиот гроб, денес станал питач по женско месо. Заборавил дека е стражар и пак се сновел околу куќата до ненадејно судрување со друга сенка. Во тој миг месечината веќе ја надраснала грпката на ридот. Сенките биле продолжени со коси сенки по земјата. Се испитувале и се препознале.

– А ти, честит пашо со чалма на окото, дојде во Лесново по воденички камења а се вртиш околу тресиопашки.

– Чекај, ти ли си тоа, Доце?

– Јас сум, пашо. Си ги заборавил нашите закони.

– Нека те носи ѓаволот, и тебе и твоите закони. А ти нели се влечеш на мев по цицлестана анама? Мавни

ми се од патот зашто, жими најмилото, ќе минам преку тебе.

– Ќе минеш но твојата ѕвезда ќе догори. Ние, освен тоа, можеме и да не ви дадеме камења. Повелете, еве ви го капарот и збогум, со здравје. Оставете ги нашите жени.

– Нека те носи ѓаволот.

И отишол оставајќи го селскиот старешина, ако Доце Срмеков бил тоа, да ѝ се заканува на дружината, потоа да стои пред прагот на Фиданкината куќа и да се врти околу себе во страв да не биде изненаден од друг натрапник. И вдовецот копнеел по женска топлина или по мајка на своите две две деца во последен миг спасени од огнот на запалената куќа. Штукнал од ум со придушен крик кога го видел најмладиот од дружината – Лозан Перуника сакал да се оддалечи нечујно од своето засолниште. Човекот со црна  креста на темето избегал крстејќи се во скокови зашто мислел дека и него го демнат како тој самиот што демнел и што го начекал дојденецот со превивка преку едното око доколку не верувал во подгробни сили како, малку подоцна, што можел да се вангелоса и Лозан Перуника: во дворот на манастирот видел трепетливи пламенчиња што се движеле кружно. Мртви, вратете му се на својот свет! Но мртвите останале таму кај што го закопале живите. Над заедничкиот гроб на момчаците што пред три години ги заклале преостри јатагани, неколку мајки, како и секогаш во претпразнични ноќи, доаѓале со свеќи да се молат за синовите, најмладите светци во стојбината. Со тага ги гледал лицата на жените во црно и под црни забратки, бледи и издолжени месечини на црно небо, меѓу црни облаци и над црна земја; како под заповед клекнале и ја допреле со чела камената

плоча со голем крст, поголем од крстовите на соседните гуменски гробови. Тука нивните синови биле заклани, тука ги закопале за да останат под закрила на светецот лесновски. Стоел и гледал. И самиот се молел, со нејасни зборови за своите врсници. *Ако ти е жал за мене, земи копач откопај ме!* Сè е смрт, сè е смрт, мислел со сеќавање на суштество над чија крв веќе управувала судбината на возрасен човек. Мртви, ги слушате ли моите воздишки и дали вашите соништа биле исти како моиве? Но коските под плочата таинствено молчеле наслушнувајќи ги шепотите на мајките и примајќи ја животната топлина од допирот на нивните чела. Потоа жените со нејасно лице оставиле околу плочата по залак леб од пченично брашно и ја напоиле со вино земјата во која ги забуцале танките свеќички или боринчињата натопени во смола. И останале со положени дланки на плочите и со молитва од која само усните им потреперувале. Во нивните исплакани очи секако веќе и немало солзи: Господи и мајко богородна и Гавриле Лесновски, стоплете им ги душите на Богдан Срменков (дванаесет години), на Горан и Јордан Пенков (тринаесет и шеснаесет години), на Салко Пребонд (петнаесет години), но и коските молчеле далеку од сите очаености на живите, и му биле верни на чудесниот спокој што ни бара ни прима утехи во својот заборав за она што е ден и она што е ноќ, за сè што е грч на тегоби. По ударот со кундак во куќата на немата девојка, Лозан Перуника се чувствувал грд и штрбав.

Кога жените се исправиле под светлоста на месечината чудно танки и штрклести дури и во подгрбавеноста и кога тргнале кон своите куќи во чии прозорци лежела магличеста светлина, Лозан Перуника, со стиснати ус-

ни совладувајќи го во себе отпорот на осаменичкиот страв, дошол до гробот заграден со пет пламенчиња за петте покојници од дванаесет до шеснаесет години и се потпрел со острите коленици на земја. Не се молел. Им нудел на коските дел топлина од својата младост. Всушност, сѐ уште му се спротивставувал на стравот и се калел за дни во кои еднаш или повеќе од еднаш и самиот ќе стои под сенката на смртта и се сеќавал на суровите подбиви на некои од дружината со престарениот Симон Наконтик (така е, старецот престарел во тие дни), а пред тоа ги гледал шегаџиите како со насолзени клепки се молат пред манастирскиот олтар за мртвите, за Дмитар-Пејко, Неделко Шијак, Јане Крстин, Пеце Дановски, Борис Калпак и, секако, за запалениот Круме Арсов. Се тресел, застудувало.

– Зошто не спиеш?

Со возбуда ја кренал главата чувствувајќи ги ударите на срцето во сите свои жили. Птицата на младоста сепак немала нокти да се одбрани од нокта. Мртви, тоа ви ли ја прославувате грижата на живите со нивни гласови? Се држел за грло како да се брани од удар на невидлива коса; во устата, место предните заби, чувствувал под јазикот празнина.

– Но и ти не спиеш, Куно, со мака исцедил до себе одбрана.

– Се обидов, не можев.

Знаел зошто Куно Бунгур не може да заспие: кога Фиданка Кукникова ја донела ракијата и ја оставила дружината да пие за среќа на нејзиниот протеран маж, му се насмевнала. Нему, на тој млад и чувствителен човек.

# 4

Во празничната мугра во која од земјата испарувале ноќните сенки и се кревале кон разредените облачиња без движење, над мртвите ридишта останала само уште една ѕвезда. Потоа и нејзината светлост се распливнала и тие го фатиле. Се собрале околу дрвото на кое бил качен и го молеле да се симне. Се крстел јавајќи на несигурна гранка и ги гледал како што можел светец од височина да гледа куп ѓаволи со крмначки опашки. Најпосле се напентарил по стеблото со мртва кора Онисифор Мечкојад и го повлекол по себе.

Но помеѓу ноќното ловење на полуголиот господов слуга и настанот што долу, во селото, тој некако им го раскажал на ловците од Кукулино и на неколцината ранобудни лесновци, лежеле во просторот на времето полни тринаесет години. Оние што знаеле нешто за настаните од егејскиот вилает можеле и да му веруваат. Молчеле и му се враќале на минатото. Се разденувало, секој не можел дење да им се враќа на мртвите и на заборавените.

– Измислува, рекол изѕемнато Цане Папчев; непреспаната ноќ оставила под неговите очи дамки на своја темна крв. – Подмолно сака да нè тргне со лаги бутмишков.

– Не задевај го, фатил за рака Герасим од Побожјане. – На оној што умее да раскажува и кога измислува му веруваат. Гревота е, Онисифоре, ќе му дадам ракија.

– Дај му. Раскажувај, поле.

... Кога гратчето Негош дало клетва дека ќе се крене на востание со повеќе села и со други гратчиња против чалмоглавата Султанија со побелена брада од слични и поголеми востанија во Србија и во Грција, меѓу прочуените негушки јунаци по потекло Македонски Словени и Грци водени од Кара-Тошо, Ангел Гоцев, Зафирикис и уште неколцина долгомустаќести војводи, се нашол помеѓу побунетите луѓе и дотогаш мирниот казанџија Панделиј Каламарис. Најпрвин бил водач на маски со кои се распоредувале бурињата со барут носени од место и по патишта што само тој и главарите ги знаеле, потоа му дале да определува деноноќни смени во работилниците за оружје, да бдее над мајсторите, да ги испитува пушките и камите и, според распоредот на бунтарскиот командант Кара-Тошо, да им ги доделува на нестрпливите чети на чие чело веќе стоеле војводи. Се изморувал Панделиј Каламарис, проплукувал крв и заспивал на нозе – ќе продреме, ќе се тргне и пак: од работилница до работилница. Војводите го целивале и му праќале од своите трпези дебели овновски опашки и густо вино но тој, кашлајќи тешко, изблул од уста бели парченца дроб. Војводите пак го целивале и му рекле дека мајсторите можат веќе без него, тој нека собере сè што може да застане на нога, старо и младо, машко и женско, на незаштитените места на гратчето да се поставаат камени појаси за одбрана. Со недели Панделиј Каламарис ни спиел ни честито каснал леб. Дури и својот седумдесетгодишен татко го натерал да носи на грб камења. И бидејќи бил јунак на приготвувањето, не можел да стане јунак на војувањето. Кога првите

востанички истрели им дошле до глава на негушките претставници на отоманската власт и кога почнале дивите сражениjа со аскерот на Емби Лобуд каj селата Прахно и Цер и на некои ритчиња судбински определени за православни и муслимански гробишта, Пандемиj Каламарис паднал болен од коњска кашлица. Дваесет дена бил болен jунакот, дваесет дни го лекувале со тешки вина и со бели погачи наjубавите девоjки...

– Ама што ви е, бутмиши изветреани, и самиот само што не паднал болен Цене Папчев. – Сте зjапнале, ќе се расплачете над неговите лаги. – Какви биле тие девоjки што се треселе над ова пузе-маже? И подземните jуди ќе се исплашат од него.

... Со крв и барут се бранеле востаниците сѐ додека пашата Емби Лобуд не насобрал неколку илjади борци. Така тие го сардисале гратчето со пушки и топови: истрел – крик, писок на сабjа – писок на пресечено грло. Луѓето се бореле и со нокти и со заби, за една глава барале две: на малите народи една глава им е поскапа од три неприjателски; ќе убиеш троjца, четвртиот тебе ќе те доака; ти гниеш во гроб, тоj делка дечиња – троjца браќа му загинале, четири дечиња ќе изделка; ти ни род ни пород, тоj сѐ може. И се случило Пандемиj Каламарис трипати да се споулави: еднаш кога останал сам и ранет во рамото меѓу своите мртви борци (и болен водел чета темни пушкари) со кои раснел и сонувал битки; потоа кога воjводата Зигас, за да не се предаде жив, фрлил запален факел во буриињата со барут и, чиниш се здружиле стотици молни и громови, летнал во парчиња кон сонцето покриено со чад, наjпосле, кога десетина жени со дребни дечиња в раце се фрлиле за одбрана на

честа во водопадите на Црна Река, меѓу нив и жената на Панделиј со близначињата. И споулавен, некако се спроврел низ трупови и урнатини до грмушки на ридишта од кои со запалени очи гледал како аскерот ги докусурува ранетите востаници и ги закитува со пламен-куќите на Негуш, потоа со камшици и кундаци да ги гони низ февруарско сивило пленетите жени и деца кон пазари на бели робје. Несреќникот некако си ја затнал раната на рамото со земја и здробени суви лисја тутун. Слепо во споулавеноста барајќи пат кон тишини во кои не ќе зататни ни пушка ни топ, го богтизнае колку замаглени дни и студени ноќи, се сретнал во безживотен дол со калуѓер. Со засипнат глас од кој и мртвите сенки се морничавеле, му раскажал што се случило. И паднал со пена на усните. Се смилостивил калуѓерот и го качил петпари-човечето на својата магарица. Кога на султанот му стасале на сто златни тепсии сто востанички глави добро заштитени со сол како подарок од пашата Лобуд и како крвав абер за најновата победа на отоманијата, калуѓерот свечено го вовел улавиот во зафрлен манастир и со благослов го преоблекол во мантија, заедно да им служат на светците, да ги окопуваат лозјата и пченките и да ги пасат козите. Заборавил кутриот Панделиј како се кове сабја и како се замавнува на туѓа глава, научил да молзе кози и да го згуснува млекото во сирење. Но ноќе станувал и чекорел по врвици на измислен свет, лесен и благословен во споулавеноста, ослободен од мисла и од земни тегоби. И сè почесто се разбудувал наутро на непознати места, еднаш дури и со нога над јама со четири волчи младенчиња. Така лутајќи ноќе од

шума до шума и од село до село, по тринаесет години, се нашол на своја голема несреќа во Лесново...

Пред прикаската, в мугри, го довлекле гладен и исцрпен и, сожалувајќи го стар и нагрнат со безбојна черга, му дале да јаде и му дале ракија. Пиел со ситни голтки и се сеќавал за дел од својот живот. Можело да се очекува дека неговите маки еднаш ќе се споменат со гускино перце во некоја библија над чии страници ќе липаат поколенијата; но сè ќе било попусто и веќе никој не ќе можел да му ги смекне раните на душата што со копнеж се стремела кон височини.

– Се тресе, тажно рекол со руменило срам на лицето еден од каменоделците. – Стар е, душата навистина ќе му џбурне од помодрениот нос. Страдал, сега ние ќе го казнуваме.

– Дајте му да се облече, рекол Доце Срменков. – Оној што го соблекол кога го тепал ќе знае каква дупка затнал со неговата мантија.

– Ти си во мантија, со сомневање погледнал во човекот со креста на глава Илчо Просинек.

– Мантијава ми е, ако не си знаел, од покојниот поп Атанас. На умирање ми ја даде да му го споменувам името. И не гледај ме така. Не сум го тепал и не сум го соблекувал.

– Не знам кој го мердал и кој го дерел, рекол зимурлавиот Гавруш Пребонд: – Но мантијата му е фрлена во манастирскиот олтар.

Го најале, го напоиле, го облекле пак во црно. Трогнатиот отец Пanделиј, последниот жив јунак од битките во Негуш, од ракијата дури малку и се сцрвил во лицето. Не бил фанариот, се колнел, не веќе распоп

ами побратим или брат на светиот Гаврил Лесновски, дека во манастирот пеел на јазик на кој го научил да пее калуѓерот што го нашол по борбите со аскерот на пашата Лобуд, како што го научил да копа и да јаде половина од она што можел да изеде негов врсник, парче поскура, неколку маслинки и капка вино. Постел тринаесет години. Впрочем, му подал ли некогаш некој од селаните копан од печена кокошка? Белката на едното око му била темна од крвави жилички, од другото му се цеделе старечки солзи.

Некои од гонителите што го нашле на дрво притаен како верверица со козји нозе, отишле да спијат, другите што останале и луѓето на Доце Срменков сакале сѐ да знаат. Дури и се развеселиле утринската сончева топлина кога попчето се напило повеќе ракија отколку што му примала празната утроба – деца се, денот им почнува во другарство со жива играчка додека најмрзливите петли со задоцнување брзале да ја поздрават златната источна поплава по мукањето на добитокот по вода или по штотуку жугнатата трева. Играчка, што значи тоа? Ништо. Нели бил и синот на девственицата Марија играчка во туѓи раце? И што се случило? Тој е жив и судник им е на грешните, од неговите душмани не останало ни ковче на земјата. Повторно вратен кон своето достоинство, жеден за ракија но не толку алчен колку уверен дека загосподарува, не чекал да му ја подадат полната карта; им ја грабал од раце и пиел со свртени очи кон небото. Така е, ќе се покорат сите пред него, бездруго, бездруго, а тој, ќе види веќе, може и да им прости.

Некој сакал да се ослободи и од последните сомневања: – Зошто ти, оче Панделиј, се вртеше како во

велјасаботна ноќ околу куќата на Фиданка Кукникова ако си постел тринаесет години и ако не ти се пријало бело мевце?

Ноќе, кога најмалку знаел што се случува со него, кога и срцето и мозокот речиси му биле под клуч на чинки, станувал од колибата зад манастирот и се шлаел со нечујност на сенка меѓу сенки без да знае каде оди и зошто. Над него господарело нешто посилно од разумот. Прстот на судбината му покажувал по која врвица да чекори? Можеби. Кој го знаел тоа! И се колнел за својата вистина.

– Не ти верувале. Те нашле на туѓ праг и те намердале.

Да, го нашле. А што барале тие посвојници на гревот таму? Биле секогаш заедно и се поднесувале меѓу себе – некому среќата ќе се насмевне со усните на Фиданка; искажувал свои сомневања и намигнувал со влажно око, повеќе несвесно отколку што сакал да ги увери дека ги знае сите тајни. Адам Лесновец го прашал зошто прстот на судбината му го покажувал патот само кон една куќа. Тој пак намигнувал и рекол дека не сонувал младоженство.

– Сепак ги знаеш кршимуцките што ти ги дробеле ковчињата и што те соголувале. Не плаши се, спомени ги нивните имиња.

Ни улавите, според него, не биле толку улави да ја наместат главата под чекан на грев. Зошто да лаже кога навистина не знаел ништо? Кога по онаа ноќ се освестил, веќе бил далеку од смеата на душманите и се чудел зошто го болат коските и зошто е без мантија.

– Сега не знаеш кои ти се враговите, тогаш ја запали куќата.

Не запалил. Ако Доце Срменков сака да ги најде тие што си поиграле со оган, добро. Тоа може да го стори со разум и без да го потпира со прст челото. Куќата му ја запалил некој што се исплашил дека вдовецот со две деца ќе ја земе како втора жена Фиданка Кукникова и ќе ги остави селските мажи без можност да се надеваат на своја среќа. И отец Панделиј, кревајќи прст како да покажува на невидлив сведок, рекол дека само тоа е вистината.

– Лаже, викнал помодрувајќи до самата коса Гавруш Пребонд. – Лаже, ви велам. Од каква книга научил дека Фиданка, онака млада и врела, ќе се омажила за Доце Срменков?

– Тој не знае, ти знаеш се, рекол навредено човекот со коса слична на петлова креста. – Кога е така, кажи ни зошто проклетницата да не сонува маж.

– Реков дека можеби тебе не те сонува. Како да ти кажам...

– Кажи како сакаш. Те слушам.

– Па, ете, стар си. Ќе ти стане жена и ќе мавта со опашката по други.

– По тебе, нели?

– Зошто по мене? Други ноќе акаа околу нејзината куќа.

– И тебе, Гавруше, сум те видел како лазиш на мев.

– Оној што лазел и самиот, разбираш, можел да ме види, мене или друг што личел ноќе на мене – пламнал Гавруш Пребонд. – И што ти е, јас да не ти ја запалив куќата?

И смешно и морничаво. Попот, згрчен во стуткана мантија, дремел чучејќи, во мудречко исчекување бил чиниш, луѓето околу него да побараат тој да им пресуди. Всушност, не ја сфаќал расправијата. Онисифор Проказ-

ник воздивнувајќи чучнал и самиот.

– Кога поминатата ноќ во она село те праша бегот кој ти ј дал пушката, ти покажа на домаќинот.

Не знаел турски. Бегот прашувал – и што? Кој го разбрал? Отец Панделиј онака кренал рака. Можеби сакал да се прекрсти, можеби да се почеша. Не се сеќавал.

– Како се најде пушката во твои раце?

Молчел. Сонот го влечел кон прекрасните длабочини на несуштествувањето.

– Расони се, оче, сети се. Бегот и неговите длабочини на несуштествувањето.

Откај можел да знае како го фатиле Турците и кој му ја дал пушката? Со секое стемнување неговиот разум заспивал. Не знаел кога му се подавале рацете по туѓо. Да се сети, а? Добро, ќе се обиде. Можеби ја видел пушката пред некоја плевна во која непознати мажи пиеле и можеби помислил дека е во дните на негушките борби. Стрелал и стрелале кон него, се споулавил, во ноќните соништа пак стрелал и пак стрелале. Инаку зошто можела да му послужи пушката – за ајдутство? Со прсти опишал крст пред себе.

– Болен сум, ноќе сум друг и поинаков човек.

– И така, не знаејќи кој си и што си, си ја запалил куќата, повторно се замешал Гавруш Пребонд. – Да ме пуштат малку да ти побуричкам по тиквата, ќе се сетеше дури и на кој ден си му ветил на господа свеќа што никогаш не си ја забуцал до негов шандан.

– Пак?

– Што пак? со очи на желка погледнал Гавруш Пребонд во старешината на селото.

– Веќе еднаш си го тепал и си му ја кубел брадата.

– Како тоа, Доце, кога тој палел ти да не си дома?

– Тој што ми ја запалил куќата знаел дека не сум дома. Освен тоа, недолжников не можел да запали борина со учкурот на гаќите.

Сомневањата на Доце Срменков и на уште неколцина се разнишале: можеби попот и не запалил. Го виделе: станал и се тетеравел кон некаква крива колиба зад манастирот со чекор како да ги извлекува козјите нозе од глекаво калиште додека мантијата, црно знаме на жив костур, и без ветар потрепетувала. Но јунакот на својата прикаска од негушкото востание бил преслаб да се завлече под чергите и кожите на колибата. Се занишал, паднал згрчен. И, местејќи рамо под уво додека со дланка си ги покрил очите во птичје умее да ја заштити главата со крило, заспал. Пролетта довејувала далечен мирис на живот од пасишта, жолтавките не биле далеку.

– Чудно ми е Гавруше, ти прв да стасаш и да ми ги спасиш децата.

– Лесен сум на сон и не сум далеку од твојата куќа. А ќе ме обвинуваше ли сега да не ги спасев?

– Витосајте се, никнал трет каменоделец. – Што бутур ви е в грло да се клоцате? Не сме се раѓале за паликуќи. А и попов можеби не запалил. Најверојатно искра од огништето. Сламениве покриви од светулка ќе пламнат.

Сомневања, немо смирување. Потоа здодевност. Луѓето се растурале полека. Доце Срменков воздивнал и се обидел во збунетоста да ја измазни со дланка крастата на темето. Со стиснати очи гледал во бабуњосаното лице на исто така збунетиот Адам Лесновец. Потоа покажал кон попот.

– Натерај некоја од жените да му меси леб и испрати

го до под Црн Врв. И веќе да не го видам.

Можел да загризе и во врат на ѕвер. И сепак...

Без објаснување во себе и за себе, темен и тромав, неприродно наведнат над живото петно во мантија, со претчувства барал да ја прочита вистината од челото на заспаниот, најпосле, навистина, куќата горела, некој пуштил од дланка пламната птица врз 'рженииот покрив, Гавруш Пребонд или попот Панделиј Каламарис, и тој станал бескуќник, спиел во тесниот дом на шурата Адам Лесновец, јадел негови компири, благословувал на софра со негово вино и осамен бил: не му треба жена, топло месо под ленена кошула и подвижни мали диињи под кожата на градите, му треба мајка на две негови деца. Се сетил на дните кога бил млад, кога се грабале за него и девојките со мираз. Потоа видел како Фиданка Кукникова со раце расфрла по леите преку куќа црни грутки од куп арско ѓубре. Листовите на босите нозе ѝ блескале на сонце. Го заборавил попот и наеднаш, со месеци ноќен осаменик, се разжалил над себе. А кога ќе се збрчкаш, анамо лесновска, ќе се сетиш дека си можела да имаш домаќин. Е, на! Тогаш јас не ќе сакам. А таа се движела чудно згрбавена над леите во кои ќе сади арпаџик или лук и, иситнувајќи ги секаквите грутки ѓубре со прсти како со гребло, ја риела земјата. Е, на! Па сепак можело да се случи таа да најде маж кога тој ќе биде под земја. Што, на? Фиданка Кукникова има дваесет и седум години и ќе ги наджевее и помладите во селото. Е, на! Но тебе, престаренику, на! Разбираш?

Ги зел чеканите и отишол во една од многуте пештери на ридот да обработува воденички камења, поточно – пошол последен, неговите веќе ги клукале карпите со

железни клунови и пиеле со стврднатите дробови прав на осакатени карпи што многу подоцна, под притисок на вода, ќе станат бучлив живот во воденица, но некој будник од дружината го прераскажал разговорот помеѓу Доце Срменков и Фиданка Кукникова – патот кон пештерите проаѓал крај нејзината куќа со еден прозорец.

– Си ги грдиш рацете, ѝ рекол. – Можам да ги пратам моине деца да ти ги окопаат леите.

– Не сум мала, му рекла. – А ти, не надевај се. Маж ми ќе се врати.

– Ќе се врати кога ќе си го видам тилов. Ти кажаа – пуштил абер дека се преженил во Влашко.

– И што сакаш сега? Да ти станам невеста?

– Кога ќе се збрчкаш, и свекор ти ќе бега од тебе. Слушај – новата куќа што ќе ја ѕидам дниве ќе има и горни одаи.

– Но ти не можеш...

– Што не можам?

– Не можеш веќе со жена. Си бил цапак, сега си козина.

– Можам, можам, не грижи се. Кога ќе легнеш, ќе видиш.

И отишол со таков чекор како да ќе стапи во непомирлива војна со сите сомневања што со змиска мрзливост се влечеле околу живите и им розгале на соништата отров од кој и срцето се скаменувало. Секако.

Будникот од дружината го прераскажал многу пошироко разговорот зашто гледал и слушал. Божем.

# 5

Рид од скаменетото сирење, низ него со векови се провлекувале џиновски црвулци и го дупчеле според својот обем – но тие студени пештери луѓето оставале дел од себе: воздивка здравје, капка сила, ’ртенка младост; обележувале точен круг на камените ѕидови и копале со клунесто железо вон од линијата. Така почнувало вообликувањето на воденичките камења. Со векови сенките на бедата се стремеле кон мракот на земјата. Не почнала ли првата битка помеѓу железото и карпата во времето на римските робови? Никој ништо не истражувал и не докажувал. Лесново можело да има уште едно име – Заборав. Сепак од првото пролетно сонце до есенските дождови луѓето го гледале каменот. Ударите на нивните чекани густо јачеле со безживотност на напукнати ѕвона. Површината околу линијата се ронела парченце по парченце. Потоа доаѓал мигот кога дното на тркалото се одвојувало од закоравеноста со железни лостови, претпазливо, со точна сметка. Грешката и лошата среќа се плаќале со неколукдневен труд. Се случувало каменот да напукне. Тогаш мајсторот можел да пцуе и да се откажува од светецот имењак. Сеедно. Ја голтал горчливоста на очајот и пак се враќал кон дел на ѕидот што можел да му овозможи среќно вадење на друг воденички камен. Понекогаш жените на каменоделците доаѓале до пештерите со леб и вода – премногу било да се гладува до

стемнување. Лозан Перуника можел да види во пештерите свои врсници, дури и помлади. Не се учеле. Момчињата со први брчки на челото веќе биле мајстори. И доколку работеле во длабочините на пештерите, во тесен тунел што го започнале нивните дедовци, лежеле на грб и биле со чеканите при мртовечка и чадлива светлост на факел. Не се грижеле за дробовите и за ноздрите во кои се таложела камена прашина; се чувал видот – понекогаш невидливи парченца камен се забуцувале во очите како раски и се носеле под клепките со денови, секако додека ноќните солзи не ќе ги исцеделе. И така, во тие натчовечки нагризувања на студените одаи, човекот и каменот сраснувале еден во друг: за дел топлина карпите им подарувале на луѓето студенило што ќе го носат во своето месо додека се живи. Нивните намачени и искривени коски биле мала историја на една доба и на еден живот и, ако може така да се објасни, челата им се облевале со сонце само во дните на големите празници; тогаш седеле крај трпеза и уживале во празничната ослободеност на коските и на жилите. Со првите мугрени петли го заборавале спокојот на продуваниот празник и им се враќале на пештерите.

И црниот ѓавол можел да ги почитува тие луѓе како што можел да се восхитува и од нивните жени, повеќето трудни, кога го пречекале на патот кон шумичката бабуњосаниот Адам Лесновец и попот Панделиј; лицата им биле тврди, како изделкани со чеканите на мажите од сив, модар и зелен камен. Во згуснатоста можеле и планински порој да отфрлат од себе.

– Врати го господовиов човек, рекле; не молеле и не се заканувале. – Погледни нѐ, повеќето сме трудни.

Но тој, и не погледнувајќи ги, знаел која е трудна и која кога ќе роди и женскомашки се клештел – ќе им подвикне, ќе се разбегаат како чавки. Очињата весело му блескале на бабуњосаното месо; ќе викне и ќе ги разбрка, гаќите ќе си ги изгубат бегајќи.

– Зошто ви е попов? Ни досега тој не им ги врзувал папочињата на вашите деца.

– Врати го, му рекле суво и со стврднати усни. – Трудни сме. Утре некој ќе треба да ни ги крштава децата во света водица.

– Татковците ќе си ги крштаваат децата, пак се клештел Адам Лесновец. – Аврам, Петко, Станко. Ете ви и без по имиња. А знаете ли вие, честити чавки, дека попчено се вртело ноќе околу куќата на Фиданка?

– Знаеме, рекла жена му и самата трудна. – Околу куќата на Фиданка и ти си се вртел. Така е, ние тоа го знаеме.

Тој тогаш престанал да се клешти. Се потпрел на крива ластегарка како да ќе го престои животот. Воздивнувал зашто не умеел да чкрта со заби како Доце Срменков.

– Сум се вртел, не сум запалил. Куќата на зет ми Доце не пламнала сама од себе. Бегајте, инаку, се колнам, ќе заигра ластегаркава. Ќе ве јактисам.

– Сестри, викнала жена му, овој мачител сака предвреме да нѐ породи. Вашите мажи копаат камен, се згрбавуваат, а тој...

– Слушај, жено, помодрел, јас сум те затруднувал, јас ќе те породам. А на своето дете ќе му бидам и татко и кум.

– Сестри!...

Но и без нејзиниот повик жените биле улиште што ќе истури брчење и лутина на отров врз неговата глава на која еднаш, како што можело да се поверува, веќе налетале куп оси. Тој дотогаш не забележал дека тие ги кријат рацете зад грб. Се збунил кога зачекориле, кон него со стапови и со гранки.

– Што ви е, мачки измитарени?

– Мавај, – му рекле. – Потоа ние ќе враќаме кусур, секоја по еден стап по тој твој вошлив кожув. Број, триесет и една сме, и не чекај ние да почнувам. Машко си, прв замавни.

– Еве, мене по детево в срце. Породи ме.

– Јас сум му под рака. Да легнам ли, војводо?

– Ако ти се скрши ластегарката земи го стапов. Дренов е.

– Не, викнала жена му. – Ќе почне од мене. (За една или две недели ќе исфрли од себе чкрапјиче со чпртаво муце, а гледај ја - ќе му ги глода маченичките коски на својот добротвор!) – Ајде, мажу, не чекај. Под твое рилиште сум.

– И не ќе чекам. Но почекајте вие. Попов ќе каже како запалил.

– Лажеш. Не запалил.

– Запалил. Прашајте го.

Како да сакал да го развлече разговорот во исчекување дека можеби ќе дојдат селаните и ќе ги подберат жените пред себе. Стоел зад попот и кришум го удирал со тупаница по слабини.

– Раскажи, дедуле, како најлесно се пали куќа.

– Седржителот небесен е алфа и омега. Пејте му и славете го. Кажувајте ги сите чудеса негови.

– Види ти што смислил лицемерников! А вие, кротки женички, сте зинале во него како штотуку да дошол од Исусова трпеза. Е, не може тоа.

Бледи од набожност, жените го повлекле попот зад себе. Се спуштале на крилја ветрови, липал и ги терал да липаат, божествени коњи да ги здробат со огнени копита сите зла – нечесноста, богохулството, пакоста, соблазненијата, прељубата, за оние што се во срцата мајчински ќе изгрее едно поинакво сонце, но Адам Лесновец, разнишан и повеќе сенка на болната бабуњосаност отколку машкост со жилави раце, отстапувал со тромави чекори на мечок и пцуел. Жените го следеле распоредени во жива поткова. Веќе брзале влечејќи го попот со себе. Тогаш Адам Лесновец им свртил грб и потрчал. И не се вратил по измитарената шубара, која од испотеното теме му ја симнала подадена гранка на стара леска.

И така жените го посвоиле попот да ги извртува псалмите Давидови во нивна чест и да ги возвишува зашто го прогнале и не им дале на враговите негови да му се одмаздуваат, да пее со толку мило лице што и не барале да знаат на каков јазик пее. Навистина, над неговата камилавка недостасувал свет и блескав триаголник што ќе бдее над грешниот свет со око на духот светопресвет од кој затруднела мајката Исусова.

Што било понатаму?

Ништо... Кога до жолчка понижениот Адам Лесновец (самиот тој од гордост си го измислил славољубиво второто име) се вратил во пештерите и кога раскажал, издувувајќи ја со зборовите и маката од себе, дека се повлекол пред жените зашто не сакал да ги тимари

(кобилите, рекол) со ластегарка од жал кон животворното млеко што можело да им секне а кое утре требало да ги израснува идните каменоделци, луѓето се насмеале. Тоа бил миг што еднаш во годината се јавува: наеднаш од две страни зачикчирикале две птици исплакнувајќи си ги грлата со сончева гаргара; потоа попукале сите возможни пупки на дрвјата и на грмушките, бело, жолто и румено, и го поплавиле светот со сладок мирис од кој и лицата на старците се измазнувале; и потоа од проѕирните далечини како да надошле златни потоци. Во тој миг и каменот се покрил со лилави сенки на соништа, под чија топлина луѓето пееле здружено восхитувајќи се од решителноста на жените – добро е, од такви мајки се раѓаат јуначиња. Веќе неколку дни ваделе камења за оние што сакале да станат воденичари на рекичката Давидица. Потајно се радувале што тие луѓе од она село чие име тешко се запаметува им го донеле од шума попот: светците на манастирските ѕидови изгледале повесели кога од олтарот доаѓале во густи и бавни бранови свештенички песни. Се смеел збунето шмркајќи и со кисела плунка во устата и Адам Лесновец оставајќи ја ластегарката и вадејќи го од појас чеканот.

– Панделиј Каламарис, радосно рекол Доце Срменков. – Види го ти ѓаволот какво име измислил. Ќе го земам со себе кога ќе појдам во Кратово. Нека учи малку од тамошните попови наше слово. А Фиданка – била ли и таа со жените?

– Ами... На Фиданка не ѝ треба поп туку нешто друго. И дојденцине сукаат мустаќ околу нејзината куќа.

– Не те разбрав, рекол Доце Срменов. – Што прават тие?

Сешто: едни, за да не седат со скрстени раце, поставале врз неговата куќа изделкани стебла за нов покрив, други ги премачкувале поцрнетите ѕидови со вар – безработни се, луѓе се, зошто да не сторат нешто од што и муцката на сонцето ќе блесне позлатно? Оние што имале по едно воле веќе се здружиле по двајца на запрега и веќе ги преуределе колите ослободувајќи ги од одвишноста на сплетените ѕидови. Биле вешти занаетчии: за малку леб од вршник, варен компир, изварка со лути пиперки или пресолена пастрма, ги прекројувале на гнилите куќни покриви, ваделе за две деца беневречиња од стари таткови или дедови тулуми од тежок валавичарски шајак, крпеле или делкале нови каци, крбла, корита. Биле ветроепци: кога не им се работело, местеле по ридиштата примки за еребици, барале рекички од кои со приготвени кошови ќе извадат риба или во шумата покривале со лисја стапици за дивина, па фатиле болвлива лисица и срнец со бел задник. Лапале и полжави и желки. Тагата по селото во подножјето на северната скопска црногорица ги гонела со труд да го совладуваат бавното движење на времето, во таа доба на годината ненадејно смекнато од јужно ветре и од сладострасност на цутната разбуденост на овошките. Тревата била поттикнувана од невидливи понорници; пред очи буела. Од врвовите на планината Златица се спуштале сончеви поплави. Добитокот се подмладувал; крастите на шиите им зараснувале од треварски мелеми и од церовита топлина на човечка љубов. Расцутената белина на бадемите веќе позеленувала. Луѓето се собирале по потоците, се миеле со гласни извици и переле дел по дел од облеката, ја

симнувале брадата од лице и ја поткаструвале косата. Се подбуцнувале душејќи го кикотот во себе: кришум од нив Симон Наконтик ги фителел мустаќите и одел натаму-наваму како моќен сајбија на светот. Работеле со сила на ветар што не трпи пречки и, со малку полесна и почиста облека од онаа во која дошле од Кукулино, јаделе полека и со почит кон заслужениот леб. Малку останавме, мислеле. И се срамеле од поранешните караници. Без приговор од другите, Онисифор Проказник го определил здружувањето во ѕевгари. А и со попот нешто се случувало: со млака ’рѓовита вода од преварен вртипоп си ги исплакнувал до вчера крвавите непца и учел нови молитви оставени во книга од некој покоен Јоаким Крчовски или од некој народен учител со слично име што и калем на овошка признава и длабочина на ораница советува. Своерачно, со стрпливост на виден мајстор потонат во уживање, забуцал по нивите неколку страшила од партали и лански слама. И покрај исправените трупови со раширени раце и со остри жолти коси и бради (сеедно, и самиот поп можел да биде меѓу првите луѓе на својата Библија), по посеаните ниви се собирале бушави врапци и без сопир џивџикале. Големиот препород на денот ги вратил луѓето во благост на обичен живот во кој сепак можела да се споменува Јоакимовата *Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христова*.

Земјата како да симнала од себе некоја збрчкана и мртва кожа; си можел тогаш со ноздри да ѝ ја почувствуваш топлината. Сепак таа благост на живот не му донела спокојство на Лозан Перуника. Следел со згрчена утроба: далеку од трудните жени и од каква

и да било помош на жилавите дојденци, Фиданка Кукникова го живеела својот ден со загатлива насмевка на лицето. Затоа, по неколку утра од доаѓањето во Лесново, тој кришум одел по не кон шумата на ридот не сфаќајќи зошто го прави тоа. Немал друга кошула и не ја испрал старата; младоста сама од себе зрчела чистота. Но тој ја чувствувал машката испотеност. Жилите му набрекнувале од копнеењето на крвта. Горе, скриен зад стебла, ја гледал како стои со секира в рака и без движење свртена кон далечините, осаменички исправена и горда, со ослободена коса. Тогаш (или подоцна кога раскажувал) мислел дека низ шумата се движи омаен мирис на превриено млеко и можел да знае дека таа воздивнува од длабочината на градите со две темни пупки на врвовите од кои по белината на кожата се протегаат беломодри женски жиличиња. Во тревата околу него се движеле бубачки од зелено злато или од капки жива крв навидум бесцелни и мрзливи од предолго зимско чмаење под земја или во дувло на дрво; биле секакви – под блескави оклопи, многукраки, голооки или со жолти и црни прстенчиња на себе. Зел една од тие тајни на пролетта и ја држел на составени дланки во румена лејка. Но не го гледал бавното движење на бубачката туку проценил: младите раце му биле калапи во грч за облици што ги сонувал тогаш и подоцна, со дни, со години, до крајот на младоста и до крајот на втората младост. Нешто се случувало со него. Со рацете на сонот што се распламнувал во неговата крв месел како од две бели теста величествени облици на двоимено суштество – Ганка-Фиданка! – и веќе се впивал во замислениот облик на жената што ја создавал

од копнеж и од страст. Сакал да стане, да ја прегрне привлечната селанка, да се стопи во неа. Оглувнувал од ударите на дамарите и со стиснати заби го шепотел двојното име – Фиданка-Ганка! Се тресел, од корен трепетел, младите мускули му се скаменувале. Веќе јачел.

Пролет, ми се потсмеваш ли?

Наеднаш го заплиснал бран на навреденост, на очај. Секогаш подмолниот Арсо Арнаутче доаѓал на прсти и бил без оние извалкани крпи врз окото, сега со некаква бела превивка што можела да преставува повеќе контички украс отколку заштита на рана од јатага. Се исправил во чиста кошула без една јама, не толку возбуден колку сигурен во машката намера; нечујно ѝ пришол како да не ја допирал земјата со опинците – Фиданка Кукникова не го забележала зашто и со воздишки и со мисли била свртена кон трепетливите далечини. Ја тргнал со замислено накашлување. Не се исплашила. Од лицето со зачудено извиени веѓи полека ѝ се изгубила светечката благост. Но Арсо Арнаутче не ги подал рацете како што очекувал Лозан Перуника, да ја прегрне, да ја здроби со машката набрекнатост, да ја ослободи, а и себеси, од маката на копнежот и од копнежот на исчекувањата. Можело сè да се случи без збор, Лозан Перуника тоа го знаел. Меѓутоа, сепак почнало претпазливо и затоа обично, во исто време поради тоа обичност неразбирливо. Таквите настани морале да бидат богати со тајни. Што разговарале, кој волшебен збор го скршил пркосот на младата осameница? Арсо Арнаутче ѝ ја зел секирата од раце и со бес на елен кога со рогови распостила пат низ гранки кон љубовна игра, удирал околу себе со

невидена жестокост. Секирата во неговите раце можела и планина да располови.

Пред да сфати како паднало последното младо стебло (биле исечени за цела зимска седмица), Лозан Перуника го видел предавството на крвта, на годините, на прегладнетоста. Бездруго веќе знаел како морало да се случи: Арсо Арнаутче ја фрлил секирата и, чиниш во пад е, ја повлекол со себе покорената жена кон невидени длабочини, поточно кон земјата од која ќе почне нивното барање на длабочините додека ќе ги сменуваат писоците од уста в уста рамно, од место в место; ја видел трет во тоа збивање, испреплетеноста на змиската игра и со обете раце се фатил за првото стебло како да ќе го искорне; само се лизгал со дланките по мазната кора паѓајќи на коленици и удирајќи со главата во празно како да стресувал од вратот копривно лути гасеници. Во тргањата гледал молскање на соголена женска нога до полната пребела месечина на валчестиот колк. До крв ги гризел усните, се јадел слушајќи го со сите сетила бревтавото, врело, искинато повторување, тој: – Не простувај ми, апи, кини... таа: – Немој, немој, немој... потоа: – Проклет, проклет, проклет... и потоа: - Ти апи, ти кини, ти, ти, ти...

Величественост на грев, темни мравки на крвта во ’рбетникот – што ли? – била страшната игра на преголемите инсекти што се гризеле богомолски. Тој проклет Арсо! Вепар, огнен вепар, врколак! Лозан Перуника ја зграпчил секирата од земја и му ја забуцал в тил. Знам како и знам зошто, еве ти, со крик рекол. Но не станал. Тоа само го измислувал. Лизгајќи се сега со врелото чело по стеблото, згрчен и со суво, жедно,

стеснето грло, го забуцал лицето в земја, во тревата со златни движења на бубачки. Се сетил: последно што видел била дамка пресна крв врз белата превивка. И немо залипал со празнината на усвитената утроба. Но тој не видел сѐ, само можел да го замисли она што не го видел додека го триел челото од влагата на земјата. И пак бил грч на туѓа измама и своја бесрамност. Од две теста (Фиданка-Ганка или Ганка-Фиданка) месел облик на невидена врелина.

Останал да лежи мешечки заштитен со трепетливи сенки и разбудени грмушки и да ги слуша, по еден миг или по една вечност, нивните гласови, нејзиниот натопен со горлив прекор и солзлив во грлото но без каење, неговиот влакнесто рапав, оправдувачки, премногу тврд за да утеши или да објасни. Најпрвин не ги разбирал. Во него несовладливо бучела крвта потоа, не тргајќи се од некое танко брчење што се движело околу неговото уво со лет на недозгреан комарец, не можел да се одбрани од зборовите. Во привидната смиреност на гласовите лежела сурова свирепост и била продолжувана на збивањето од пред тоа. Се чувствувал како казнет злосторник над чии умирања судбината продолжува да ги трупа ужасите на настанот. Во него се дигал тап бран на очајно чувство во кое се мешале сожалувања (ја мразел но и ја сожалувал својата младост) и подмолност на немил сведок. Лежел и слушал.

– Ме обесчести. Сега се смееш во себе.

– Што ти е? Ти си оставена жена, без деца. Ни пред господа ни пред луѓето ова не е грев.

– Не е, за тебе. Утре ќе отидеш со својата арамиска

дружина и ќе ме оставиш да раснам од твојот квас.

– Чекај, каков квас? Ти и порано си била мажена и пак, за две или три години, не си раснела.

– Ме сметаш за јаловица а не прашуваш можел ли тој, маж ми.

– Но тој сакал да легне врз туѓо женче.

– Им веруваш на крлежине. Тие тоа го измислија заради... заради вакво нешто што ти го стори со мене.

– Да се убијам?

– Можам да им кажам на оние пештерски пајаци. Сакаш ли? Тие ќе те убијат. А маж ми, ако се стрчнал на туѓа жена, сакал само да биде како нив. Се плашел да не разберат, да не го споулавуваат со подбиви. Прости, ми рече кога отиде. Ти знаеш зошто тоа го сторив. Сега ќе мислат дека си имала маж. Го молев да не се покорува, да им се спротиви. Не ме послуша. Гордо отиде оставајќи ги да се надеваат дека сепак ќе легнам. Но не со тебе, не со тебе. Нивните сметки беа поинакви.

– Нивните сметки се исти како и моите. А ако мислиш дека ќе ти простат (најверојатно отстапувал, гласот му се губел), кажи им за ова.

– Ќе разберат и без да им кажам. Кога влегував во шумава го забележав најмалиот од вашата тајфа. Одеше по мене.

– Одел, сега го нема. Мал е тој за тебе.

– Мал? Колку што беше ти стар.

Тој сега бил подалеку: – Вечерва – пак. Сакаш ли?

Убивајќи го брчењето околу едното уво и бранејќи се од одговорот на предизвикувачкото *Сакаш ли*, Лозан Перуника ги стиснал со дланки ушите. Како да ја нурнал главата во вода: над него и околу него бучливо зашумела

реката на возбудата влечејќи го кон еден свет од чие дно тој тогаш со внатрешен вид на изгубен волшебник го следел насилникот како се оддалечува јуначки валмосувајќи ги со два прста мустаќите. Секако, таа пошла по него со подадени раце, разграштена, долгокоса, со солзи во грлото – Не оди, за мене штотуку почна животот. Или веќе се договорувале по она *Сакаш ли?*

Кога ги ослободил школките на слухот, меѓутоа, и птиците биле безгласни. Ги забуцал прстите во мекиот хумус на шумските сенки со таква силина што дури почувствувал болка под ноктите. Како да бил бессилен да ги ослободи жилите и месото од грч и со лански лист, да ги допре усните и да го убие огнот на пониженоста и мислел – бил млад, остарел, се намалил, премал ќе се удави во таква капка. Подоцна, кога уште верувал дека и мртов ќе го мрази насилникот со превивка преку око, се сеќавал дека биле корен на грев неговите мисли: тој тогаш од две теста месел величествен облик за туѓи заби. Плачел. На чуден начин, небаре прстените на грбникот му биле одделени еден од друг, се исправил до својата пониженост. Но веќе знаел дека не е сам во предавничкото засолниште. Ја видел и се фатил за стеблото за да не падне пак врз движењето на пролетните живи капки од зелено злато. Ганка! Била на чекор од него со очи на дете кога бара заштита. Ја прашал зошто дошла. Молчела. Или можеби и не ја прашал наеднаш со чувство дека е болен во шепи на грев, трепетлив и врел, со залепена коса врз испотеното чело. Да, секако, не ја прашал, само се подал и ја зграпчил под глуждовните споеви на лактите, груб, наморничавен, болен од јад заради повторениот почеток на настанот што го гледал

пред тоа. Не се тргнала. Нејзината младост можела да стане сенка на друга ладост. Ја стегал, во нејзиното месо ја давел сета скомиѓава неволја на денот; знаел во гневноста што треба да стори, како да ја изврти и како да ја дочека на себе од пад. Само можел да го повтори виденото. Навредувал навреден.

– Сакаш ли да го сторам она? – се засркнал од чад на свој оган. – Како Арсо, гнасно, вепарски. Сакаш, нели?

Во огнот на неговото самоуништување умирала младата птица на пролетта. И кога веќе сакал со грчот на прстите од еден замав да ѝ ја отвори кошулата на градите, да биде еден нов Арсо со друга Фиданка, знаел дека и самиот не е без сведок. Ја видел Фиданка Кукникова со вртење како стои понижена и бушава зад гранките и младите стебла што со брзи замави ги соборувал за неа Арсо Арнаутче. Нејзиниот грев, или гревот на насилникот од чии тешки шепи и не се обидела да се истргне, ѝ лежел врз бескрвните усни. Ја пуштил девојката, не исплашен туку уште еднаш понижен во изгубеноста на споулавеноста и заревел.

Не ги чувствувал ударите на гранките по лицето и трчал до распрснување напнат.

# 6

Петтиот ангел од Откровението на светецот Јован Богослов од Новиот завет непрекинато и во паника дувал во долга труба од чиј сјај и водите ослепувале. Од бездна на кладенец шуртел чад и му ги затемнувал очите на изненаденото сонце што набрзо заприлегало како да ноќевало во стара баца. Небото немало ни капка синило на себе, земјата пукала под тежината на гревови, чиниш сиот свет бил содомско-гоморска арена на блуд, измами, на пакост и среброљубје. Во густините на подземниот чад се извеле од купови јајца срдити скакулци да ги мачат безбожниците сто педесет и пет дни; главите им биле душмански, со женски коси и со ѕверски заби и имале скорпионски опаши со отровни жили: луѓето ја барале смртта и не ја наоѓале, и сакале да умрат и смртта бегала од нив. Зошто скакулците ги јаделе и не ги дојадувале, и ги оставале да живеат со малку месо на коските и непрекинато да ја слушаат ангелската труба. Од звукот се уривале карпи и пресушувале реки. Светот бил во агонија.

Ангел-џин, сенката негова покривала половина море со главурдести риби во чие грло можело да легне манастирско кубе! Во меѓувреме, додека попот одел од куќа до куќа и со зборови од неколку јазици им ги раскажувал големите чудесии од кои крвта се замрзнувала в жили, се прочуло дека Фиданка Кукникова сака да се омажи за крестокосиот Доце Срменков и дека ќе стане мајка на неговите деца, едното веќе со воздишки по нејзината

убавина, доколку тој пристане да го земе во новата куќа и свекор ѝ, земјолик човек што се хранел еднаш дневно со печен компир. Во својата итроштина жените биле обземени од чувство на победа. Се ближел нивниот ден со кој ќе почне големото спокојство што во старите времиња се раѓало од медовина и расцутени макови. Доколку сосетката со златни дамки на лицето ќе се омажи, ќе се скраси намалена во сенката на заштитникот, нивните исчукани домаќини со темни сенки под очите од неспиење ќе се смират и не ќе скокаат ноќе од сламарниците и рогозините да се движат призрачно нечујни по селото како плеснати по тилот со биволски опаш. Селото навистина веќе мирисало на свадбарски чорби од пресно бравско месо. Но попот се бунел, пијавиците на набожноста му ја цицале крвта однатре. Затоа, испиен и невозможно аглест под излитената мантија со боја на исчадено вишново дрво, го оживувал стравот на Откровението од многуглавата Библија: Фиданка Кукникова еднаш се заколнала на верност пред олтар и маж ѝ е жив, скита и се откупува од гревови негде, ќе му побелат очите од печал и копнеж, ќе се врати на своето парче камен во некоја од пештерите и ќе му се пожали на господа – делкав по светов крстови за твоја слава, зошто ме фрлаш во нови искушенија? Грешел, страдал, заслужил да се именува праведник. Брадата на попот апостолски му се кадрела. Сепак неколку жени го зграпчиле за мантијата и го напикале во тесна плевна заканувајќи му се дека со стапови ќе го испратат гол и со врзани раце до под самиот Црни Врв ако не престане да ги менува среќните мигови на свадбеното расположение. Не се шегувале, усните заканувачки им

се кривеле. Тогаш попот трипати се прекрстил и повикал уште еден ангел, шестиот или седмиот од Јовановото Откровение, да го заглушува светот со труба: врз една третина луѓе од земјава се наднесува смртта со исклештени триесет и два заба, доаѓаат илјадници и илјадници киклопи во огнени, синомолскавични оклопи под лавовски гриви, опашите им биле двоглави змии. Морничаво и печално.

– Знае господ набожните да ги набави од напаст и знае неправедните, мачејќи ги, да ги чува за судниот ден – ја пелтечел Посланицата на апостолот Петар или нешто друго од Новиот завет.

Во плевната биле четири жени, сите како од еден јаглен калап извлечени во шума на ќумурџии-волшебници. На светот му бил нужен нов ред, некој морал да ја обогати иднината со нови убавини. Тие изгледале мудро под црните забратки, очите им биле врели од страст да победуваат. Или само така му се чинело на зашеметениот поп. Не се крстеле – ќе ја скршат тврдоглавоста на човечето во стуткана мантија и ќе ја омажат осаменицата. Доце Срменков не се стопил во капка восок за да не може да ја обогати со рожба. Жените навистина стоеле пред големиот миг на надежта да ги врзат мажите за постела.

– Не заканувај се со тие твои ангели, му рекле жените на попот. – На Петровден, оче Панделиј, ќе ги венчаш. А ние ќе ти исткаеме нова кошула и ќе ти сплетеме волнени чорапи.

– Не можам, се бранел попот и ги вртел кон нив дланките како да сакал да ги одбие од себе. – Гром ќе удри во манастирот и ќе нè сотре со оган. Фиданка

Кукникова има жив маж, тоа го знаете.

– Фиданка Кукникова нема маж, очи Пanделиј, не попуштале жените слеани во една сенка. – Млада е, не е право да се мачи ноќе. А ако веќе самата сака да се мажи – што тогаш? Ќе ја наведнеш главата и ќе ја послушаш. Поп си, занает ти е да благословуваш.

– Ако не ме разбирате, какви жени сте тогаш? Три ноќи сонувам ангел со божилак околу главата и со огнени столбови место нозе. Се спушта од небото со златен топуз в раце, гласот му татни со силина на седум громови. Никој двапати не се раѓа и никој двапати не се жени, разбирате?

– И ние сешто сонуваме, ако не си знаел. Ќе ги благословиш младенците пред олтарот на Гаврил Лесновски и готово. Те спасивме од бабуњосаниот Адам, сега слушај нѐ.

– Не можам.

– Можеш, знаеме дека ќе нѐ послушаш.

– Зошто? Доце Срменков не е помлад од мене. Збрчкан е како да има сурија синови на моја возраст.

– Лажеш. Тој по години може да ти биде син.

– Може да ми биде дедо. Погледнете, очиве ми се бистри како на дете. Сакате. Но јас сепак не сум стар.

– Добро, рекла една од жените и ја затворила вратата на плевната. – Не сакаш да ја венчаш мојата сосетка Фиданка зашто и ти значи си ја спровирал ноќе главата низ нејзиниот прозорец. Но ние умееме и во поинакви ора да се вртиме. Ќе те соблечеме и ќе те пуштиме гол. Твојата мантија ќе ја навре преку глава оној што ќе нѐ слуша. Жени, држете го!

Не се знае тогаш дали токму така било. По мал-

ку време некои од луѓето го виделе попот како потскокнувајќи бега пред бледоносите жени. Не можело да е поинаку. Попот бездруго брзал да го најде утрешниот младоженец и да му каже со насилена насмевка дека ангелите  од Откровението на светецот Јован Богослов не бранат маж без жена и жена без маж да се земат, секако во љубомората повикувајќи ги во себе русоглавите небески жители да дојдат и да го престорат срећникот во жабок под кожув; желудникот го болел од пакост. Изморен од толкуте настани што го напаѓале во последно време со клунови на злокобни и крајно безмилосни птици одмаздници за нечие туѓо зло, на попот сè потешко му паѓала суровоста на човештвото кое сега, еве, се претставувало преку лесновските жени. А тие, колку и тој да се мачел, не ќе можеле да му ја одгатнат душата натопена со горчливост. Да се подмлади ли пред нив со раскажување за Негушкото востание од кое, и со негова заслуга, се тргнала од слатка дремка султанската земја во која везирите и пашите, не само Лобуд и Јанински туку и сите други што не ги знаеле, помодрувале? Но на забрадените чавки им било важно да ја суредат во туѓа куќа Фиданка Кукникова и најпосле да ги задржат мажите крај себе ноќе.

Потоа стоел пред Доце Срменков и плачел со солзи на срцето. Се чувствувал како по господова казна да се понижува пред туѓинец и наметлив непријател со лакомост дури и во влакненцата на ноздрите. Се обидел да изгледа спокоен, онаков каков што бил скоро секогаш во свеста на простиот човек, и искинато, скоро неразбирливо ја искажал желбата на жените и не споменувајќи ги. На носот му пукале темноцрвени жиличиња.

– Ама кој ти кажа тебе, свети оче, дека таа сака да се омажи за мене? радосно се исклештил Доце Семенков. – Можеби таа бара помлад, посилен.

– Никој не знае што бара таа, шмркаво процедил попот, лицето му се кривело од навреденост. – Ако барала посилен, ќе покажела со прст кон друг.

– Но кој ти кажа, кој?

– Жените, рекол попот и се присетил: – Ќе ми исткаат кошула и ќе ми исплетат чорапи од овча волна.

– А јас можам да подарам опинци. Не сум со празно ќесе.

– Опинци имам. Но ако ја земеш невестата во нова куќа, ќе го земеш и свекор ѝ. Потоа – што: Нивнава куќа ќе остане празна.

– Во таа куќа ќе се преселиш ти, оче Пандели. Но ме сака ли Фиданка Кукникова?

– Прав си, здрав си. Со свои раце си го вадиш лебот. А нејзината куќа треба малку да се искрпи. Оџакот пукнал.

– Ќе го пресѕидаме. Дојди, ќе се напиеме ракија.

– Ќе се напиеме. И не заборавај: оџакот навистина испукал.

Потоа луѓето со завист го гледале пресреќниот Доце Срменков кога отишол да се проубави со чиста кошула позната по многуте везови од дните на неговата младост, кога Фиданка Кукникова се тркалала со своите врснички во прав. Се исчешлал, крестата му се намалила. Носот му поцрвенел од возбуда. Пиел и се подмладувал.

– На помош господ ми е, оче. Тебе куќа со нов оџак, мене – жена, домаќинка. А жените ти рекоа, нели? Таа сака.

Разговорот го слушал Симон Наконтик и го прерас-

кажувал до стемнување. Но Доце Срменков, како што се чуло, веќе испратил стројнички, три трудни жени во црно, да ја молат Фиданка Кукникова да ткае и да везе женска кошула – млада е, убава е, свадбата ќе се памети. Умирал во својата радост и израснувал од самиот себе нов и силен; на неговата подмладена крв и сонцето можело да се испече. Ракијата му помагала да се чувствува како младоженец и да заборава дека грбот му бил свиткан под товарот на мачниот живот. Како да лежел врз созвучие од птичји и ангелски песни. Сепак никој од дружината не знаел што им рекла на стројничките Фиданка Кукникова, а тој, додека попот, пијан и плачлив, ловел под мантијата болва, станал прерано весел. Околу него и од камен жугале златнокруни јаглики и некакви непознати цветни ѕвончиња над чии лилави и сини и румени зраци се споулавувале свиленокрили пеперуги. Во исто време, чиниш, се сомневал дека некој од дружината ќе му ги испреплетка нишките на радоста и ќе ја поколеба со насмевка или со нешто малку пошироки раменици неговата избраница, барал од своите каменоделци да брзаат со делкањето на воденичките камења. Претчувствувал и не се излагал: младиот Куно Бунгур со неколку голтки испил половина карта препечена ракија. Видливо се мачел. Повеќето знаеле дека пати по младата селанка со дамки на лицето. Среде ден се нишал со матни очи околу куќата со еден прозорец и му се заканувал на небото, ѝ се заканувал и на земјата. Двајца пријатели на Доце Срменков отишле кај челникот на дружината и побарале да го смири пијаниот – пие и пее но во нивното село не се пее без причина и во работен ден. Орлен Шумков и

Богоја Гулабарин веднаш отрчале да го доведат својот пијан и дотогаш мирен другар, тој пак обајцата ги стресол од себе и продолжил да се врти околу куќата на Фиданка Кукникова страшно удирајќи си ги со тупаници градите. Ревел дека срцето му е раскрвавено, дека е измамен, дека некого ќе задави со голи раце.

– За старец, ревел. – За старец, а? А мене ми се насмевнуваше, со очи ми ветуваше дека ќе појдеш со мене во Кукулино.

– Што ти е, ѓаволе? излегла од куќата Фиданка Кукникова. – Што сум ти ветила, кога?

– Не можеш да се омажиш за оној стар и исушен жабок. Не давам, разбираш, не давам.

– Кој си ти и кој ти ги видел очите да те праша за кого јас ќе се мажам? Или оној со врзаноно око ти се пофалил? Тропни ѝ на вратата, ти рекол, ќе ти отвори, ровка е.

– Никој мене ништо не ми рекол. А ти откажи му на старецот. На двоколка ќе те однесам во Кукулино.

– Во твоето Кукулино ноќе ќе ти се собираат пред врата. Бегај одовде и не здодевај ми веќе. Овде сум родена, овде ќе останам.

– Ќе убијам – сакаш ли?

– Таквите се за туѓо зло родени. Остави ме.

– Не те оставам. Ќе се оженам со тебе.

Ова на дружината ѝ го прераскажувале Орлен Шумков и Богоја Гулабарин – Куно Бунгур ревел и ги подавал рацете кон Фиданка Кукникова додека не дошле неколцина од пештерата да одат кон него со остри чекани, па дотрчале веднаш Никифор Ганевски и Онисифор Мечкојад да го повлечат со извртени раце

зад грб. Попусто се џапал и попусто се пенел пијаниот Куно, тие двајца биле посилни и од млад бик, меѓутоа Онисифор Проказник го смирил некако – ќе се налутат домаќините и ќе ги остават без камења. Тогаш дошол Доце Срменков во везена кошула и им рекол дека камењата им се готови, утре ќе можат да се вратат во Кукулино со благослов на благодушниот Панделиј Каламарис. Челата на луѓето биле испотени, врз нив лежела прерано дојдена омарнина.

Лозан Перуника бил подалеку од тие настани. Седел сам на работ на плашливо разлистената шума и со оган на нова треска мислел на немата девојка. Она што се случило вчера крај исечените стебла како да било сон што сè уште не се сушел под стежнатите клепки. Се грчел и како оддалеку да ги слушал призраците на туѓите гласови додека барале од него да го прераскаже настанот. Но пред да ги праша дали го обвинуваат кога веќе го сослушуваат и дали можеби тие знаат каде е девојката со ’ржена коса, ја видел Фиданка Кукникова како му се доближува со нишање, валчеста и со блесок на грев во очите. Немал волја да станува, да ѝ се трга од патот или да се крие. Ја сочекал скаменет и свртен на друга страна. Го поклопила со сенка.

– Онаа девојка, му рекла како да продолжува веќе започнат разговор – вчера во тебе дојде и ќе те следи додека се жив.

Се засркнал од радост. Но не се предавал, сакал да биде зол не сфаќајќи ја причината на својата одмазда. Ѝ рекол дека и Куно Бунгур ќе ја следи додека е таа жива.

– Што сака тој Куно Бунгур? Ни со сите реки не ќе го измие гревот на...

– На оној со врзано око?

– Мојот, воздивнала. – А ти прости. Мал си да разбереш што се случува со нас несреќните.

– Мал бев. Сега сѐ знам.

– Затоа ли вчера кришум одеше по мене?

Следел со замаглени очи: преку нејзината румена снага минувало во бранови некакво предизвикување на жена што за одмазда има своја одмазда. Несфатливо нечујна, наеднаш поинаква отколку што можело да се замисли, клекнала до него и му ги забуцала прстите в коса. Полуотворените усни ѝ трепетеле и ја ослободувале рамната белина на забите. Градите ѝ бабреле, веќе биле допрени до неговото лице со многу врелина и морници на себе. Со чело ги почувствувал брзите удари на туѓото срце што пуштало од себе невидливи жилички за да го стисне во нежна мрежа во чинки под чија лелеавост ќе заспие со машка недореченост на младата става изградена и склопена од безброј секакви сетила и непокорна на законите што важат за сите живи страственици, од најмалата и најбезначајната мравулка до човекот. Полжавчињата на неговото месо пуштале рокчиња на чии врвови можело да се почувствува и најмалото движење на жената. Очите му се разлеале по белината на нејзината кожа на разбранетите гради. Веќе и самиот ја стиснал со обрачот на своите раце.

– Сакаш, малечко копиле, а? неочекувано го одбутнала од себе. – Самиот ако го сториш тоа, не е грев, нели?

Со крик се тргнал. Пцуел ли, се обидел ли да ја искини со погрдни зборови? Не знаел, не можел подоцна да се сети. Ја видел како влегува во ребрестите

сенки на шумата и го стиснал челото врз топла и жива кора на дабово дрво. Разбуденото стебло можело со сокови да му ги наслушнува разбуричканите мисли што се слеале во бучлив порој на измамена крв и ужас. Во очај на ранета дивина ги забуцал проредените заби во тоа стебло.

Седумте кадрави трубачи од Откровението на Новиот завет ѝ се кикотеле на земната беда скриени зад прв тежок и вистински пролетен облак што ветувал плисок од кој ќе се избатачи патот за утрешните маки на дваесет и деветмината или еден повеќе со дваесет двоколки и четириесет воденички камења до тој ден веќе прескапо платени... Некогаш, во далечното детство, како што му се чинело на Лозан Перуника, неговиот дедо со благо лице на старински јунак го завиткувал во својот дебел и секогаш чист кожув, го држел на скут и го упатувал во живот преку прикаски во кои победувала храброста и чесноста. Колку години имало тогаш момченцето – четири, пет? Толку. Но потоа станал сирак и раснел од куќа во куќа, бил без мајка и без татко, и секој со малку љубов можел да му биде родител. Сега зачекорува во седумнаесеттата и зрел поинаку отколку што можел тоа да го знае пред доаѓањето од Кукулино. Во својата очаеност, понижена или посрамена, сеедно, Фиданка Кукникова го понижила и го посрамила – топлината на нејзиното месо сѐ уште му ја морничавела младата кожа... Седум ангели собрани во една лага! Умниците, а такви секогаш имало на светов, се запрложувале од жал над човекот што не умеел да го сфати животот. Кукулинците што останале не го прославиле својот мал и непознат народ над кој

од стари времиња не легнала сенка на голема војна; тие, и многу такви пред нив, биле јунаци и плашливци на безброј мали војни што никој никогаш не ќе ги сочува преку мраморни паметници, за поколенијата; живееле, се биеле, умирале... Над Онисифоровата дружина ѕвездите биле смрзнати капки тага. Потоа плиснал дожд густ и кратковечен. И пак – ѕвезди. Таа ноќ била последна страница на историјата во Лесново, секако за дружината но не и за пештерците и за нивните жени.

Подоцна, многу подоцна, се чуло во Кукулино од некои кирации дека се вратил оддалеку маж ѝ на Фиданка Кукникова и исекол поголема гранка од дуњата во дворот, ја исчистил од кората и ѝ ја измерил тежината со лесната рака, бил висок, со светла коса и имал во торбите и дисагите што ги донел на маска секакво богатство; веднаш, со првата ноќ на неговиот втор живот во Лесново, ги спобркал сенките што се грчеле со машки воздишки околу неговата куќа сѐ додека не натерал тројца никаквеци да се напикаат во манастирот па тој таму без збор ја дигал и ја спуштал ластегарката поттикнуван од цел куп жени што дошле да ги собираат своите парталковци и да ги лекуваат дома до модрини и навреденост со толчен печен кромид во зејтин, потоа, по три или четири месеци, кога можело да се види дека прочуената убавица затруднела, попот знаел дека ќе остане без нова кошула, без нови чорапи и без куќа, иако Доце Срменков му рекол дека ќе му купи нови опинци и, повторно облекувајќи ја везената кошула, отишол во некое штипско село по осамена вдовица со момченце од три години и со покуќнина што можела да се натовари на два магарешки коша, така било, селото се наполнило

со доенчиња до првата протока на ракиските казани во сувите дни, кога младите татковци се насмевнувале со модри усни кон Фиданкиниот маж од чија ластегарка сѐ уште накуцувал ситноглавиот Гавруш Пребонд но тој и порано со есенските ’рѓи чекорел под тешката облека со една здрвена нога од настинка и веќе се пеело, законите на Лесново или биле измислени поради дојденците или се заборавиле, и се кршел каменот по пештерите, впрочем и можело – на небото потрепетувале многу повеќе ѕвезди отколку што ги паметеле луѓето во тоа кратовско село.

Се прикажувало и се заборавало, Лесново било предалеку и можел да се заборави и патот на Проказниковата дружина, зашто записите на некој поп или калуѓер Доситеј, по раскажувањето на оној Лозан Перуника, завршиле со поаѓањето од Лесново на дваесетте двоколки, секоја натоварена со по два воденички камена. Меѓутоа...

... тајната на тврдоглавите не останала покриена со пепел на заборав.

*Ој ти тебе ѕвездо вечернице*
*Уште мене јунак не познаваш...*

(Се пеело.)

# 1

Заборав, потоа сеќавање... Крај.

Војната, онаа втора и светска, завршила во Кукулино со еден убиен војник во зелено. Тоа се случило во ноември, илјада деветстотини четириесет и четвртата, триесет и една година по смртта на големиот раскажувач Лозан Перуника. По сѐ изгледало, војникот со шлем и со машингевер на градите, извидник, курир за воени врски или паничен дезертер пред пропаста на Хитлеровиот Рајх, бил убиен од некој шеесетгодишен свештеник Доситеј Давидовски со куршум на тулски нагант од заводот на императорот Петар Велики, зашто црниот мотоцикл го присвоила месната црква. Попот, човек со светечка брада и апашки очи намалени од вино и од секакви тајни на младоста, веднаш ѝ се приклучил на некоја партизанска бригада што по дембелското лето на есенската благост се готвела со уште некои единици да влезе во битките за Скопје. Штабот на бригадата најпрвин гледал без разбирање во човекот под мантија како во чудо дојдено од старовременски атари. Можело да се претпостави, доколку жилавиот старец не се споулавувал, дека нечие умеење пресметано уфрлува меѓу неколкуте стотини шаренолико облечени доброволни војници провокатор и гестаповски шпион. Но попот со мирис на тутун и овчко масло во брадата ни мотоциклот го давал ни оружјето го пуштал од рака. Командантот Никодим и комесарот Мони, по сѐ слични

на Онисифор Мечкојад и на Онисифор Проказник, едниот главурдест и со влакнести уши, другиот замислен и без насмевка на сувото лице, со сомничави очи зјапале во извезениот петокрак знак на попската камилавка. Нешто морало да се стори: или ќе го пуштат да се бие, малку поднапиен бездруго да гине, или ќе го притегнат и озновски ќе го натераат да ги признае декласираноста, лумпенпролетерскиот анархизам и верската заблуда. Попот се потпрел со широкиот грб на дрво и извадил од шарена селска торба полна со обезличени книги и маслени тетратки боцкава топка. Свирнал. Ежот, затреперувајќи во својата претпазливост, плашливо ја спроврел од игличестото кожувче малата муцка. Луѓето се насмеале кога попот им рекол дека животинчето му е како син и дека се вика Армодиј Давидовски и дека е заведен под реден број во црковната книга на родените, од татко Доситеј и од мајка Природа. Веднаш оној главурдест Никодим смекнал од голтка благословено вино и од некои свои сеќавања за секакви улави старци од селата под планинската црногорица и радосно рекол дека сепак започнува моторизирањето на неговата идна дивизија – мајор е, ќе стане полковник, ќе дотера и без да го читал Марксовиот *Манифест* до комунистички генерал. Ќе ги исплашиш Германците со мантијата, дедо, рекол тој Никодим. Ќе те видат и ќе излезат да се крстат. Попот сѐ уште го држел ежот на дланки. Еден од нив веќе лежи без крст на чучерскион пат, рекол. Дојдете со мене. Ако сакате, ќе ви го покажам. Го опеав, се прекрстив над него и – еве ме во негови чизми кај вас. Потоа се спријателил со двајца смеолики терикати со маузерки и конспиративно се побратимил со нив на вино. Пред

почнувањето на борбите додека побратимите му помагале да го избрише со крпа мотоциклот од прав и црно масло, попот ги помолил да ја чуваат неговата торба со историски записи а за ежот ќе се погрижи самиот: ќе загине Доситеј, ќе остане Армодиј Давидовски да го спасува светот од змии и глувци и да тагува по својот набожен доброчинител. И им го раскажал крајот на настаните од времето на Проказниковата дружина: ако преживее, ќе испече брав и ќе ја прослави победата, потоа ќе седне во манастирска ќелија и, одржувајќи го животот со танко селско винце, ќе ја доиспише историјата од онаа иљада и осумстотини триесет и петта година: како со децении да собирал искинати и расфрлени парчиња од писмо, некако сепак го дознал крајот на настанот по смртта на Лозан Перуника кој се простил од писмениот човек во мантија во времето на Балканските војни... Тешко говорам, оче Доситеј. Пред неколку дни, погледни, во устава ми жугнаа нови заби и почна моето второ детство како некогаш, кога имав шеснаесет години, што почна староста на мојата младост. Но умирачката, оче, има свој есап: половина лице ми е истинато и скаменето, утре можам да се вкочанам до ножните прсти. Брзам во овој свој последен ден да дораскажам и не можам: ноќе го сонувам настанот, имам деведесет и пет години, и веќе не знам што сум сонил а што сум доживеал. Сепак ја паметам молитвата на жалниот Симон Наконтик кога умираше на патот од Лесново кон Кукулино: *Послушај г̄ос̄поди раба своег̄о п̄реп̄одобнаг̄о Симона сина Пандил и Јосифа и С̄тамат̄а и Дојчина и избави ме од лукавог̄о Али-бег̄а за с̄пасение наше и п̄ечал ант̄ихрист̄а*, зашто Пандил го

родил Јосифа, Јосиф Стамата, Стамат Дојчина, Дојчин Симона, кутриот да ги остави коските далеку од гробот на своите дедовци.

***

... Се молел пред умирање Симон Наконтик. Луѓето, свикнати да измислуваат молитви, да се сожалуваат или да бараат сожалување, и не го слушале. Но тој навистина, додека Онисифор Проказник со уште двајца отишол да го земе скриеното оружје на оној бег и на неговите измеќари со кои се колеле во куќата на немата Ганка пред да влезат во Лесново, седнал по стар орев и умрел говорејќи, зачудо смирено и без страв, дека не умира од старост, дека на дружината крлешки ѝ се залепила црна чума или проклета утеха: болката го одбрала него за да ги предупреди дека ни најумниот не е достатно силен да ја победи: злото ни секира го сече, ни нож го дупи, ни можеш да го зграпчиш за уши да го урнеш од карпа в бездна. Луѓето не му верувале. Се веднеле над него и го тешеле: кога ќе преспие, ќе биде поздрав и од мајски дрен. Тој сепак пред нивни очи поцрнувал и додека ја заборавиле неговата последна молитва и предупредувањето дека на мажите од Кукулино им дошол крајот, ги изврт ил очите и се вкочанил. Така враќањето од Лесново им почнало со нов гроб: ќе го закопаат, кој има солзи ќе поплаче, ќе ги наредат двоколките и ќе си заминат со темни грижи на челата. Сипаничавиот Јован Стојче-Столетников се крстел и не можел да го запре грленото штутукање од чии ненадејни внатрешни удари помодрувал – ќе чекориш со крвави стапалки и ќе поцрнуваш, болештината ќе ти

ја исмука крвта, објаснувал така некако.

– Старост, се обидел и самиот да објасни треварот Никола Влашки. – А првите што паѓаат од вакви болештини не се старци туку...

Неговите строги очи се лепеле за тилот на најмладиот. Другите доаѓале со бавни движења до збунетиот Лозан Перуника и го мереле со аршинот на своите сомневања. Тогаш Онисифор Мечкојад им се заканил со тупаница на кобниците и рекол, без да го дочекаат другиот Онисифор со оние што отишле со него да го донесат скриеното оружје, да ископаат гроб; ако е чума или улера, мртовецот треба или длабоко да се закопа или да се запали. И враќањето почнувало како и поаѓањето: вкочанета старост со прекрстени раце и труп на оган. На момчето не ги слушало веќе зашто во кафезот на неговите млади ребра срцето му трепетело како штотуку разбудена птица; не зашто умниот песнопоец Богдан Преслапец или најстариот со гајда Каменчо Скитник не можеле да објаснат дека битието се обврзува да му служи на духот што низ векови бил тајна и копнеел по тајни како кога се пеело *ој ти тебе ѕвездо вечернице, уште мене јунак не познаваш* и не зашто мирисот на смртта го урнал на коленици сневеселениот Богоја Гулабарин: зад нив, меѓу карпи и мртви или полумртви стебла, стоела како фатена во нишки на магија немата девојка Ганка.

Кришум, додека луѓето се собирале да го определат местото за гроб, Лозан Перуника се стрчнал со намера да ја спречи девојката да се доближи и да ја открие неговата тајна, ноќните грчења и возбуди од кои дозелените мугри на пролетта крвта му се испарувала низ облеката. Ќе те следи додека си жив, се сетил за зборовите на дамкавата

Фиданка Кукникова на работ на лесновската шума. Ќе ја натерам да се врати, мислел, зашто немал каде да ја води; таа, со спокојно и некакво чудно безживотно лице од работилница на мајстор што од румен восок може да измеси млада светица, го чекала задуван и зол како човек што е осуден да се соочува на секој чекор со призракот на својата необична младост. Но смекнувал, во него надоаѓал прилив на позната растревоженост. Се чувствувал виновен. Што можел да ѝ каже – дека патувањето е умирање и дека не смее да оди по дружината, по него? Меѓутоа, ја зграпчил со силен замав за рака и ѝ се внесол в лице. Полека говорел за да може да го разбере по движењето на усните што сакал да каже. И рекол да се врати, го повторил тоа уште еднаш и пак уште еднаш. без трепкање по гледала. Млак ветар си поигрувал со едно нејзино темнозлатно перче. Покажал со рака на онаа страна на која мислел дека е нејзиното село кое не можело да е далеку. Рекол да се врати. Како да ја занишала главата. Тогаш му се причуло дека викаат по него. Ржејќи ја за рака, ја повлекол кон некакво засолниште што сè уште не можел да го види. Ридот со неколку дрвца стрмно се качувал кон својата гола грпка. Се сопнал а можеби и сакал така да се случи, не знаел (најпосле тој трик можел да го научи во лесновската шума од неуморниот заведувач Арсо Арнаутче), паднал повлекувајќи ја и девојката со себе. Болката во непцето од кое му биле истерани забите со удар на беговски кундак го раздразнувала и се враќала при најмал допир, и тој ја пуштил, се обидел да ја тргне главата од нејзиното рамо и веќе не знаел ја прегрнува ли или ја бута од себе; нејзините раце, како таа да барала

заштита во паѓањето, останале склопени во топла алка околу неговиот врат додека топлината на женското движење му го заплиснувала издолженото лице. Гледал во страшно наголемените очи, се гледал себеси во црнките на девојката. Од нејзините гради се кренало збивтаво липање, но чудно и неконтролирано. Таа не можела да се чуе. Го почувствувал едниот врв на младата цицка под дланка и се исплашил. Може ли, дали смее? Бил залепен со стомакот до девојчинскиот стомак. И земјата под него се усвитувала. Се тргнал со напор од кој му запукале коските. Можел, не смеел! Тој миг можел да се нарече самоодрекување на поет и посник. И Лозан Перуника се вратил до почва на гримизна топлина во зелен свет на стварност, не за да го предаде својот сој и неговиот нагон туку да го надрасне густото шепотење на крвта. Потоа чул, бездруго го викале, и грубо тргајќи ѝ ги младите раце од своите врели дамари ѝ рекол да бега, да се врати дома. Но ни зачуденост ни страв ни копнеж не можел да види на нежното лице. Се повлекла малку лежејќи, сега потпрена со лакот на земјата, додека со другата рака го стискала отворот на пребелиот лен под грлото. Во очите за миг ѝ блеснала влага. Се исправил тресејќи се со склопени очи за да не ја гледа белината на нејзините коленици и пошол нишајќи се кон покопот на најстариот од дружината. Кога се свртил, ја видел како стои со спуштени раце, чиниш е во исчекување да се врати и да ја поведе во себе кон заедничка неизвесност. Се удрил со тупаница по крвавата празнина во устата за да не зареве со грло на млад волк кој не ја проколнува сегашнината туку со сиот бес на својот вид ѝ се заканува на иднината.

# 2

Темни и молчаливи, не само со секири или вили туку некои и со пушки скриени под колите и некои со кубури и јатагани во длабоките појаси, тие дваесет и осуммина продолжиле по покопот да ги влечат чкртавите двоколки по никакви патишта, оние по кои можеле да минат незабележени, и по беспаќа на кои сенките се кинеле со тајна. Чудовиштето што им го претскажувал Дмитар-Пејко одамна престанало да им ги души наморничавените тилови; му го сечеле на жолтеникавиот старец челото, умрел, го запалиле и го закопале, со него во гробот останал и дел од нивниот страв и веќе не се плашеле од сеништа и од иконописечки забести, ноктести, месести и грблести животни, гигантски гасеници со гуштерски нозе и лилјачки крилја, туку се обеспокојувале од можноста да се сретнат на својот пат со живи. Живиот за живиот немал почит, исламскиот полумесец стоел високо над крстот како гола сабја со крвави рабови, крстот бил натопен со отров.

Со првата ноќ пак како во почетокот на патувањето се собирале околу огнови, не како некогаш – да раскажуваат доверливо што било во минатото, со што сакале да ги сокријат грижите за утрешнината, не, е, туку да се отворат загрижени еден пред друг за иднината. Сè повеќе ги притискала смртта на оние со кои тргнале од своето бедно село, кое се споменувало само во даночната администрација или во беговските тефтери и се мачеле

дури и на спиење од сеќавањето за вчерашните восочни лица. Истражувале како да се сочуваат, да останат толку колку што останале живи и пак, без караници, умно наслушнувајќи се еден со друг, се поделиле: едните мислеле дека е побезопасно да се патува дење, другите верувале дека ноќе не ќе сретнат никого дури ни на царски друм. Од што се плашеле? Бездруго од платеници на суробрадиот Али-бег кој не признавал друго воденичарско господарство освен своето: па дури и на оние благолики Турци, наргиличари со среќна насмевка на алахови почитатели што не ја одобрувале неговата алчност, бегот можел да им се одмазди на некој начин; во својот долац со изрезбани арабески во дабово дрво имал пергамент за дедовски и татковски и свои заслуги во кој, со милосливост на султанот Махмуд Втори, се барало од граѓанските и воените власти да му бидат секогаш при рака, не додавајќи ги кон сето тоа легендите за неговите браќа кои се истакнале во ликвидирањето на побеснетите јаничари и крџалии и пријателството што го врзувало со секакви мутеселими, кадии, кајмаками, шејови, заслужни бегови; се знаело дека во еден спор и самиот валија, државник и поет и исто толку почитател на поетите Зати, Фузули, Наби, Вејси, набожно ги допрел со набожниот султански ферман градите, усните и челото и го прогласил неговиот стопан за доживотен праведник. Но што можел да спечали од една воденица пребогатиот бег? Во својата голема одаја со чивит-ѕидови испрскани со златни капки (ѕвезди или дукати, стремеж кон пророковото стојбиште или бројки колку е издадено од неговата азна за издржување на медресата) не можел да ги преброи во сарајот

ни атовите ни сеизите, ги штракал бројниците над разгорен мангал и го чекал езанот на оџиите да му се заблагодари на пророкот за сите добра на овој свет, потоа нагрнат со ќурк и со невидливи гавази зад себе стоел пред нејаките пупки на разбудените каранфили или замислено ја слушал опивната тага на чалгиите. Сеедно – господарел: неговиот свет, оној до кој му допирала мислата, имал свој поредок и свое безредие што тој го создал, и никој веќе не смеел да најавува свои закони и да бара правдина поинаква од онаа под чија сенка живеел. Тоа било јасно и било јасно: многуте советници со висок ајлак и вечни гости на беговиот мудбак можеле да им смислуваат одмазда на непокорниците од Кукулино; тие исти советници еднаш веќе сториле да загине од безмилосни пушки измирецот и милосникот на убавината Селџик-бег поради споулавеното јунаштво да ги зема под заштита копуците и залангугурите од најкраставите крстени села во Скопската Котлина.

Луѓето од дружината седеле во круг со лице кон огнот, без пречкање и без ракиска подбивност. Нивните движења фрлале зад нив црн синџир ѓаволски сенки што се во непрекинат напор да се исправат и да се испреплеткаат до уништување по кое на земјата ќе останат само црни и безначајни парчиња кожа на една дива и неповторлива моќ. Од самиот оган како да извирала некоја мудрост на облагородување и тие како да не биле оние луѓе со раздразнето клештење на човекојадци чии корења полека гниеле и во страшните прекуморски митови. На румените чела им се оцртувале мислителски брчки, оние вистински со кои природата

низ векови ги нагрдувала луѓето од полуостровските вилаети и поради кои тие личеле еден на друг во свечените тагувања, и оние од Трново или Пловдив, и оние од Солун или Костур, или оние од Лесковец и Јагодина, од Дебар или Прилеп, или од Незнамкаде.

– Ќе ноќеваме овде, како од крцкањето на огнот да извирал гласот на челникот Онисифор Проказник. – Ќе тргнеме пред сонце и ќе гледаме да бидеме подалеку од сѐ што е живо. Доколку напладне ќе се одмориме и доколку ќе се најдеме близу до царскиот друм, ќе чекаме да се стемни. Тешко некој ноќе да нѐ нападне.

Никој не се свртил да му ѕирне в очи на другиот Онисифор, на оној со обетка на увото, зашто никој и не очекувал тој да се спротивстави. По бесењето на килавиот Јаков Иконописец (настанот никој не го споменувал, значи секој од нив по малку се чувствувал душман), на тој вчерашен мајстор на смртта, како да живеел во магли на каење. Седел со пушка на колениците и наведнат, некако чудно и длабоко под превезот на свои тајни, што бездруго не можело а да не се поверува дек веќе и не сонува да ѝ стане чауш на дружината ако некогаш некој занес го подбуцнувал кон таква славољубивост. Било неизбежно да се сфати дека тврдоглавоста можела да победи здружено и никако поинаку, најмалку со заемно гризање на кавгаџиите. Овој Онисифор веќе и не го споменувал новиот Онисифор.

– Тоа е умно, се согласил Нацак-Јанко. – Но не може ли, Онисифоре, да се случи ние со нашиве ноќни огнови да привлечеме немили гости? Сакам да кажам дека лисецот најлесно ги лови заспаните животинки.

– Сакаше, кажа, рекол Метуш Батковец. – И сепак

не те разбрав. Ако предлагаш цел ноќ да дреждиме со отворени очи, тогаш кажи. Но не верувам дека утре, денски ќе имаме сила да чекориме.

– Знам, ја прифатил уверливоста на тие зборови Нацак-Јанко. – Поинаку мислев. Имаме пушки, кубури. За овие неколку дни до доаѓањето в село ќе се распоредиме во групи. Ноќва првата група ќе даде стражари што ќе се сменуваат до разденување.

– Тоа е добро, рекол Онисифор Проказник и се исправил. – Јас се определувам за прв стражар. Кој сака да биде со мене во група?

Ваквото здоговарање внесло некаква темелност во луѓето. Веднаш се исправиле неколцина, меѓу првите и Онисифор Мечкојад, и му предложиле на челникот да ги определи стражарските места. И сите, некои сосила ѝ се тргале на дремката, чувствувале како да пуштаат од олтар на своја тврдина гулаб на надеж кон светлост пламната од нивната здруженост која раснела од сфаќањата и неслогите на она проклетство за кое им говорел можеби некој од умрените или загинатите.

– Да определам, право е. Но не само стражарски места, рекол Онисифор Проказник. – Се заколнав и не сум одговорен само за својот живот туку и за нашите. Се плашиме да не нè нападнат, се плашиме од смрт. Душманските пушки не одбираат. Може да се случи меѓу првите да загинам... Го определувам за свој заменик Онисифора Мечкојад.

Се криела ли итречка игра на челникот во тој предлог да го придобие на своја страна бунтовниот имењак од прости сметки зашто верувал дека тој може да посегне со своите тешки шепи кон невидливата

кнезовска круна на кукулинската татковина? Некои така ги сфатиле зборовите на таа великодушност. Но Онисифор Мечкојад се згрчил повлекувајќи се од светлоста на пламенот. Се чувствувал посигурен во мракот, можел да биде поискрен.

– Не заслужувам, рекол со незабележлива возбуда во гласот. – Ги носам на душа сирачињата на Јаков Иконописец.

Превивката преку окото на Арсо Арнаутче како да била грутка снег што ќе почне да се топи од топлината на огнот за да открие едно око што со неуништлива светлост ќе ги извлече озарени од мрак правдините и гревовите на светот. И тој имал пушка, ја спечалил на тепаницата со бегот и беговите придружници. Му се пиело, комовата анасонка го враќал кон врелите лесновски спомени. Ја испил последната голтка од својата буклија (знаеле дека купил за стара кошула ракија од Лесново) и го побарал со едното око влакнестото лице на дивиот Онисифор Мечкојад. Барал прошка од својата совест и простувал.

– Но ти не го обеси улавиот. Ако е зло бесењето, тогаш сите сме виновни. Сепак тој килав ѓавол со мозок помал од гравче заслужуваше да биде казнет. Кој го запали Круме Арсов – ти, јас, некој трет? Знаеш – тој. Самиот призна. И да сакаше, не ќе го спасеше од јамка.

– Јас ви го донесов под таа јамка.

– Ти го донесе, ние го бесевме, се јавил од темницата Пандил Димулев, обеспокоен од копнеж да појде во родната планина и зад широкиот појас на смреките да ги собере сите лековити билки од царството на тревите. – Нели е така, брате Никола?

– Но ние мислевме дека овој Онисифор фрлил оган врз кутриот Арсо, со полна уста побрзал Никола Влашки наведнат над оклопец.

– Затоа ме ловевте, сакавте мене да ме бесите.

– И ќе те обесеа ако те најдеа тие што те ловеа, рекол Никифор Ганевски. – Потоа, идната ноќ, Јаков Иконописец друг ќе закитеше со вжештен барјак.

– И ти ли сакаш да му бидам заменик на челников?

– Знаеш, никогаш не сум му се спротивставил на тој челник.

– Онисифор Проказник мислел и пресметал, им се придружил на другите и Герасим од Побожјане. – Нека биде Онисифор Мечкојад.

Сандре Самарија, човек со изглед на тромав гусок, ја извлекол главата како од под крило. Очигледно штотуку се разбудил. Иако секогаш мислел дека светот со секое утро треба да се менува, не само закоравениот ред туку и сѐ во тој ред, од мирис до звук, од светлост до облик, сега се побунил.

– Се спогодуваме како Онисифор Проказник веќе да загинал. А јас нешто ќе ви речам – ако сме умни и претпазливи, сите ќе стасаме до своите куќи, до своите жени и деца, здрави и живи. Ќе се обесам ако не биде така.

Со гусочкиот клун како да ја спобркал сенката на смртта, која кришум, без тие тоа веднаш да го сфатат, ги поклопувала. Затоа Кирил Сукаловски, Пане Долгманов и Самуил Пендуш со одобрување и со почит на малолетници пред прославен мислител гледале во неговата издолжена става на куси нозе. Им се придружил и Јордан Шоп и рекол дека е бесмислено да се говори

за заменик како навистина челникот да е покриен со земја.

– Реков, со неизбувлива лутина пошол да определи стражарски места Онисифор Проказник. – Ако ми се случи нешто, ќе знаете кој ќе ве води. И проверете да не ни стругнало некое од добичињата. Нема зошто утре да го губиме денот.

Цветот на ноќта се затворил...

Уште пред да изгрее сонцето, со прв писок на некоја птица и со ослободување на зеленилото од темна сивотија, последните стражари, Јордан Шоп и Куно Бунгур, се спуштиле бледи и со набабрени очи од блага височина од која можело да се надгледува околината и ги разбудиле луѓето да побрзаат да се измијат доколку ќе најдат поток и да ги спрегнат говедата, кои по она малку сено, процвакано во тие први дни од враќањето, стоеле на своите места со покорно обесени глави. Ако не му биле и потаму покриени очите со павлаката на ноќта, која во далечина сѐ уште го влечела својот сив опаш, откако се прекрстил кон источната светлост Онисифор Проказник забележал дека Никола Влашки поцрнел, дошол некако испиен во лицето, со многу поостри брчки околу пропаднатите очи отколку што можел да ги има по десет години. Најпрвин забележал дека треварот се влече безволно и тромаво под тежината на литата гуња, лапа утрена свежест со рибја уста и ги допира со криви прсти ребрата како да пребројува на нив апежи на полски пајаци-крвопијци или како да пребарува да не му се впијат в месо клубурчиња на сивозелени крлежи што останале по нагонска зајачка игра на местото на кое спиел. По една своја воздишка

на грижа, челникот можел да процени дека познавачот на треви е болен и се сетил дека така исто бил црн и Симон Наконтик дури и по смртта и го побарал другиот тревар, го нашол и го прашал навистина ли од чумата или од улерата се поцрнува пред умирање. Да, од такви болештини се поцрнувало, тоа можел секој да го знае, и тука не помага билје, таков лиснат или цветен лек не никнува од земјата, ракијата и лукот ѝ се смрт на смртта.

– Погледни го пријателон, покажал со очи Онисифор Проказник кон постариот тревар. – Поцрнува. Или се лажам, а?

– Кога судбината ќе се обиде да ти го скрши вратот, тресни ја по муцка, со тврд глас рекол Пандил Димулев. – Бори се и ќе поживееш.

– Со кого да се борам, каква судбина?

– Таква. Дошла болештината, значи, судбината ти ја натоварила на грб. А за судбината прашај го молчаливион Чучук-Андреј. Тој знае.

– Чекај. Никола Влашки пак легнува. Болен е.

– Болен е но не поцрнува. Тој никогаш не бил болен... Е, Никола, уште ли ќе спиеш?

– Ама какво спиење, со мака рекол Никола Влашки. – Амајлијата ми беше ноќеска околу шијава а сега ми ја нема. Света земјичка од Исусовиот гроб во ќесе од кожа, се сеќаваш?

– Ти реков, се насмеал помладиот тревар. – Тој ни од удар на нацак не легнува. И запомни за злоносницата – лук, ракија. Како ѓавол од крст ќе ја стругне пред тебе. Ќе појдам, ќе му помогнам да го најде светото грутче во кожа. Гревота е да пека по патов.

Амајлијата ја нашле во едната ногавица на долгите гаќи што се врзуваат долу, на педа над петиците, потоа побрзале да го запрегнат добитокот, сега во двојни јареми, кои ги изделкале од лесновски стебла. Сомневањата и потаму му го стискале срцето на челникот. Веднаш побарал да се собере сиот лук и рамномерно да се подели меѓу луѓето, по десетина главички на човек. Не верувале во можноста да бидат проклето соочени со нов непријател, најподмолен од сите што ги познавал човечкиот род, но со искривени муцки џвакале лута белина и трепкале со засолзени очи – најпосле Онисифор Проказник е тој што треба да се слуша и тие нема зошто да се бунат. Потоа ги плакнеле устите со ракија и голтале со надразнети грла нова лутина, сите до последниот, дури и Лозан Перуника.

– Ракија веќе нема, Онисифоре, со лажен очај се обидел да ја сокрие надежта Арсо Арнаутче. – Да побараме во некое село? Кој грош, кој два, и ќе купиме.

– Жеден си, ти се пие?

– Ами – жеден. Зборуваме за црни болештини. Лукот е маж, ракијата е жена. Се тријат во човечкиот желудник и раѓаат невидливи никаквечиња со уште поневидливи копја. Стотици и стотици ти се собираат во крвта. Подаде ли рака болештината, тие ја бодат и ја бркаат за тебе. Затоа.

– Земете со Цветко Грнар неколку карти и појдете пред нас да побарате село. Гледајте да не се изгубите.

– Зошто да не појдеме ако можеме нешто да сториме за дружинава, се развеселил Арсо Арнаутче. – Пушка имам, не се плашам дури и сам да сум.

– Пушката ќе ја оставиш, го пресекол Онисифор

Проказник. – Ќе ве сретнат, ќе се посомневаат на вас. А и селаните, кога ќе те видат со преврзано око и со пушка, ќе извадат од некоја дупка своја абердарка и ќе те спобркаат уште пред да им влезе в село.

Потоа, по еден час од поаѓањето на Арсо Арнаутче и на Цветко Грнар, тргнале еден по друг по пролокан пат и луѓето со двоколките, повеќето со надеж дека враќањето ќе помине без жртви иако двајца или тројца понекогаш загрижено погледнувале кон постариот тревар. Се умирало и веќе се немало сили да се копаат гробови: откако се договориле уште во Лесново да се здружат, тие и сите во Кукулино во дваесет воденици, требало да се мисли и да се предвидува дека дел од маката на живите ќе станат и гладните детски усти на некои од загинатите, бездруго на Јане Крстин, Пеце Дановски и Борис Калпак, а најмногу купот штури наследници на килавиот Јаков. Тогаш, пред тоа, исто толку и потоа, срцето на Европа, опиено од музика и во тантели, католичко или православно, ту рамнодушно за туѓа судбина ту со свои сметки самото да ја држи под узди таа судбина, сеедно во кој дел од континентот да го отчукувало времето на  мракот, не ќе го запрело ни за миг броењето на миговите дури и болките на сиот народец од Македонија да се слеале во еден крик. Луѓето од дружината, ни грчави мужици на болјарска напудрена дланка ни жнејачи или дрводелци во готска грофовија, не го знаеле тоа. Се движеле по патоказот на своите очи, биле дел од Европска Турција и се бореле за живот со упорност на безначајни мравки. Од нивните напукнати души се цедела на секој чекор супстанцата на животот. Пат, гробови, на врвовите на дрвените

крстови покојнички шубари – линија на сенишен појас со страшила за сеништа. До кога?

– Додека не се здружиме сите ние од Кукулино, и од другите села со тоа Кукулино, и сите наши луѓе, сè што е способно да боде и да апе, – минувал низ текот на своите мисли Наџак-Јако со иста скаменетост на лицето како многу подоцна попот запишувач на одамнешни истории кога му ја повторувал таа мудрост на боцкавиот Армодиј Давидовски.

Дури и со движење на недолгите раце слични на поткастрени гусочки крилја, не како човек што не почитува туѓи стремежи за една поинаква иднина ами сонлив и со болка на карличните рабови. Сандре Самарија не ја сфатил смислата на зборовите. Сепак сакал да им се приклучи на размислувањата и на предвидувањата.

– Лук, ракија. Можеби навистина некоја чума со црни нокти му ја извадила од грло душата на...

– Не споменувај ми го веќе покојниот Симон Наконтик, го прекинал Наџак-Јанко. – Да се свртиме малку кон живите, кон жените и кон децата.

– Онисифор Проказник вели дека Никола Влашки поцрнува. Ќе се обесам ако не го рекол тоа.

– Ни ти, Сандре, не изгледаш како да си спиел на брашно. Ни на бесилка не ќе си побел.

– Сепак Арсо и Цветко појдоа пред нас да бараат ракија и лук. Си слушал ли како пред сто години Кукулино останало без човек, без коза, дури и без петел? Со издишувањето на црните ноздри чумата тогаш и огништата ги покривала со мраз.

– Раскажи им го тоа на своите деца. Тие ќе ти веруваат.

– А мене тоа ми го раскажувал дедо ми.

– Дете си бил, си му верувал. Кажи ми, Сандре, кога почна да ти побелува косата? Занишај ја главата, сети се.

– Та зар се огледувам во вирови? Ѝ дошло времето, побелува.

– Со белењето на косата почнува човековата зрелост. Ако си созреал, ќе го знаеш тоа. А ако си јагурида, тогаш... Магарштина.

– А што почнува со потемувањето на човековото лице? Оние двајца не отидоа по ракија за да се веселиме вечер. Знаеш дека Онисифор Проказник не дава да се пие.

Но Арсо Арнаутче и Цветко Грнар се враќале кон дружината со големи јаречки скокови додека околу колковите им се мавтале картите и ѕвечеле во ударите со шупливост на исушени и безживотни глави. Уште сите и не го виеле нивното враќање а тие веќе стоеле возбудени пред челникот и, мавтајќи со раце како да се бранат од невидливи оси, му раскажувале нешто. Запрегите запреле една по една. Пред уште сите да се соберат пред првата двоколка и пред уште да се сетат дека идните мртовци ќе ги закопуваат без да ги завиткуваат во бело, неискапени и непроменети, без варена пченица и без запален темјан, Онисифор Проказник кренал рака. Како никогаш пред тоа говорел брзо.

– Ослободете го добитокот од јарем и потерајте го кон долон. Сите што се без пушки и без кубури ќе се засолнат таму.

Луѓето нерешително се преместувале од нога на нога и не сфаќале што е сега, не е ли рано за починка?

И се смириле до безгласност зашто Арсо и Цветко прераскажале дека виделе на пат осуммина под пушки и со секакви ножеви и кубури во појасите, бездруго арамии или платеници на бегот воденичар. Потоа, не распрашувајќи се, ги ослободиле шиите на воловите од животинските окови и ги потерале кон долот покриен со повеќебојно зеленило на грчави дрвца и секакви грмушки. Колите ги оставиле на патот, оние со пушки и со кубури залегнале далеку пред нив зад карпи и, по издлабочености, некои стасале да постават пред себе исечени густи гранки за да останат невидливи. Откако се увериле дека луѓето и воловите не може да бидат видени од ниедна точка на патот, Онисифор Проказник нашол засолниште од кое сета околина му била пред очи како отворена дланка. Деловите на полегнатите човечки стави како да биле поделени на студени и топли зони и додека стомачните мускули им трепетеле на тврдата земја, преку тилот и меѓу плешките им се разлевала морничава врелина, и некој, едниот или другиот Онисифор, мислел дека крвта бара пукнатина на кожата да шибне како црвен знак и да му се придружи на сонцето со брзина на светлоста ослободувајќи се еднаш засекогаш од кожурците на глупавата препаленост, на страдања и искушенијата што некогаш биле склопец на животворен течен мерцан.

– Еве ги!

Тие скоро и неизговорени зборови, тој шепот не посилен од шушкање на суви лисја, ги намалиле луѓето по засолништата.

На патот, ако можело да се зборува за некаков пат, се појавиле неколцина, повеќето со шамии околу

главата, облечени кој како и повеќето во бели бечви и со дебели ојала на нозете. Оделе без ред, тромаво, како луѓе доброволно здружени од свои сметки што ни биле војници ни ја сфаќале војничката ука на движење во еден или два реда. Разговарале и се смееле, никој од нив не претпоствувал дека во пустелијата ќе сретнат жив човек. Онисифор Проказник од своето засолниште веќе можел да им ги види лицата: најстариот, мажиште со виснати жолти мустаќи и со тешки веѓи на арамиски или кираџиски чауш, можел да му биде татко на најмладиот сѐ уште не во годините на Перуника, на другите, испиени и брадосани од планинскиот живот, тешко можело да им се определат годините. Што можел да стори Онисифор Проказник – да побара од непознатите осуммина да се тргнат од патот за да помине дружината со двоколките или да заповеда веднаш да се пука? За делче од миг низ неговото сеќавање поминал настан од неговото најрано детство: неугледна старица од некое планинско село дошла на еден Велигден во полна црква и со голем крст во рацете го надвикала свечено облечениот поп барајќи од набожниците да појдат по неа во доброволна смрт. Животот на земјата е понижување, душите бараат слобода во сините височини на ѕвездите; ќе тргнат по неа, ќе ги проколнуваат и ќе ги плукаат туѓинците а тие ќе ги сечат со јатагани и ќе ги ослободуваат од печал и патила; сите што ќе останат ќе се растураат по селата и ќе собираат нови литии за предизвикување на смртта – оние што не ќе изгинат од оган и од железо, ќе се фрлаат во длабоки речни вирови ќе се запалуваат по плевни, ќе се бесат во гроздови н свои јамки. И се смилостивиле на бабата, ѝ дале печено месо и вино и ја пуштиле на слепа

магарица, подалеку од нив да си ја бара судбината... Сега што – да се исправи и да ги пречека, доброволно да појде во смрт и да ги победи своето двоумење? Ако запукаат во него, дружината ќе одговори со оган, од шесте или седум истрели ќе паднат можеби четворица арамии, ако го поздрават продолжувајќи си го патот, и тој и неговите луѓе ќе останат безгрешни. Но ако се исправат и другите по него, тогаш сите ќе се следбеници на онаа велигденска осаменица што сакала масовно да го насели синилото на небото...

Подоцна знаел кој го сторил тоа: со точно упатен куршум од долга крвоќудна пушка, беговска и со седефни шари на благо извиениот кундак, Арсо Арнаутче го погодил в гради најстариот. Човекот отстапил како од удар на камшик и се обидел и самиот да ја потпре десната страна на лицето на својот кундак. Се занел паѓајќи најпрвин на колeници, повеќе како во верски занес отколку со боречко искуство, се искривил на една страна и, вртејќи го грлото на пушката кон земјата, удрил со лице во својата сенка. Се грчел и се обидувал, згрбавен и сличен на голема желка фатена во круг на пламен да се извлече од својата несреќа и да ја види крвта на душманот пред неговата да истине во жедните пори на збрчканата земја. И додека најмалиот со зачуденост на детински невиното лице му притрчувал да му помогне и да го исправи на нозе, фрлајќи ја пушката во недораснатоста да сфати дека нечија невидлива цевка внимателно му го бара челото покриено со густа коса или лицето или градите ослободени од секаква тежина на зимска облека, другите шестмина од скок се фрлиле на земја и зареввеле или одмазднички или охрабрувајќи

се меѓусебно без заштита и на најмало камче пред очите. Стрелале во ништо, слепо, со бес на расрдени ѕверови, со заби да го кинат невидливиот грозоморник, и веќе не се знаело кој и од која страна пука. И тогаш, во еден истрел, на момчето како да му здодеало со напнат грб да го исправа од невозможната положба човекот со крвави гради. Се олабавило, со цело лице се обидело да го побара својот убиец стреснувајќи се од темната врелина што му џбурнала од полуотворената уста и со раширени раце, чиниш со мртвото тело сакало да го заштити оној што можел да му биде татко, заштитник ли учител на вакви сурови часови, паднало врз прпелкавиот грч. Оној под него и ранет ја издржал тежината. Ја копал земјата со нокти во пребавното подавање кон една од пушките и се влечел по црвеникавата земја чеперок по чеперок со мачење на гасеница во чија жолта крв се шири отров од осина боцка.

Сите човечки извици на страв и на гнев, онаа животинска гласност пред која и побеснет ѕвер ќе ја свие опашката, се слеале во продолжен крик што го преплавувал боиштето со сила на бескрајна и густа вода под која ќе останат загатливости на човечкото ништење, како и секогаш кога тој човек се борел и колел и бил уништуван заради поголемо парче земја за да гние потоа на најмал простор под крст или под исправен камен со изрезбана чалма на врвот, под чалмата со железо ископана мудрост на Коранот. Тој човекоморен виор, сеедно кој од каков сој е, од каква вера и какво потекло, им го пиел мозокот на луѓето и им ги јадел срцата, и никаков господ не можел да создаде поредок во кој ќе се живее и ќе се умира како што му доликува

на најумното и најулавото суштество на светот, кое секогаш се движело по границата на доброто и на злото, ту со ум на една страна ту со срце на друга.

Возбуден и без здив, со чувство дека е и самиот со дупнати гради, Онисифор Проказник го гледал сето тоа со замрзнат прст свиткан околу чкрапецот на кубурата и можел и самиот да се прослави со своите стрелци: еден од противниците просто како да му го нудел челото. Сепак – не можел. Сѐ уште мислел дека неговите луѓе без причина ја почнале оваа мала војна, по која ќе се исправат од недостоплената земја со искалени лица на самоуверени војувачи пред кои штотуку почнало да се крева големото знаме на победата. Човечиштето со лице на боголик рис живеело за она момче и го раснело со силата на своите сфаќања за животот, за јунаштвото, момчето не го сфаќало поинаку светот отколку што му го објаснувал заштитникот. И тие две стави, исто толку врзани во животот колку во смртта, се обидувале пак да бидат она што биле некогаш, младост и старост и најмногу живот. Но видливо истинувале, движењата до неразбирање им станувале бавни. Најпрвин свенале зелените пупки во очите на момчето со многу сонце и злато во косата, и потем, по последниот несвесен обид да ја стресе од својот грб олабавената младост, мустаќестиот човек со неверојатна и бездруго претсмртна сила ги закопалченгелестите прсти во глекавоста на црвеницата. Онисифор Проказник внимавал да не пропушти ни најмало движење на настаните обидувајќи се прецизно да оддели еден звук од друг, со сигурна граница да ги подели лутината на својата пот и мирисот на тревите. Во тој стравотен час како тоа

да било најпресудно, ништо друго. Не можел да го повлече чкрапецот на кубурата кон себе. Мислиш бил определен да размислува над животот и над она што веќе не е живот. Сонцето како на своја златна нишка да му се нишало пред испотеното лице. Се обидел да ја проголта горчливоста во устата и ги стиснал очите со дланка. Тешко можел да сфати, сега по смртта на момчето што можело да биде колкав што бил и неговиот син, дека патот на луѓето од Кукулино се протегал од смрт кон убивање. И потоа, кога погледнал повторно кон убиените, ги видел преостанатите шестмина како стануваат од бришаниот простор по последните свои истрели и се доближуваат со трчање и со голи јатагани или долги ками кон заседата. Немале засолниште и пресметале: само така можеле да се борат. Но тогаш го чул извикот на имењакот со златна обетка на увото да се влезе во крвавата тепачка со исти такви јатагани или со сорови и секири. И не знаел кога и како се исправил со својата наполнета кубура. Еден од луѓето во бели бечви, не со лице на крстен туку сув крстител, висок, брадест и кадрав, трчал кон него со блескав нож чиниш сака само да го заплаши, да го чалне малку колку да го ослободи од грижи и двоумења и, разминувајќи се со него, да го продолжи патот кон некоја своја голема цел. Ја кренал здрвената рака забигорена до самото рамо и најпосле, како со туѓ показалец, го повлекол железното јазиче на кубурата. Трет нивни мртовец, рекол во себе давајќи му некое посебно значење на броењето небаре потоа полесно ќе можел да пресмета колку живи останале на целата човекова земја, но веќе сметката се менела: видел како паѓа уште еден од последен истрел во таа битка и

видел како двајца од две страни со неприфатливо исти движења и исти искривени лица збрцуваат еден во друг презашилени алатки на смртта, едниот сличен на мртовецот пред неговите нозе, другиот неповторливо сив и влакнест, со обетка на увото. Со задоцнување за кое и не бил свесен му викнал на имењакот со замав да го одбие нападот потоа да боде или со втор замав... и сè така, ако викал или ако нешто говорел. Пребрзо се нашол до пеколното побратимување на борците.

– Онисифоре, викнал стрчнувајќи се – не давај се...

Неподвижни, сè уште со згрчени прсти на десниците околу дршките на јагатаните, борците со распорени утроби 'ржеле еден на друг. Како да оживувале старо заборавено оро на пагани што се игра по такт на крици и извици, се доближувале со челата додека се спуштале на колениици, и едниот и другиот со разголеми заби и со блесок на модри белки под стиснатите веѓи. Едниот можел да му биде одраз на другиот, два глечера од кои, по топењето, земјата меѓу нив се закитува со рубинени боболки, капки на бол и мачење достојни и за најкрвава царска круна од времето на Римјаните и подоцна на Словените до последниот султан во чие царство луѓето биле бесени на железни куки или гаснеле забуцувани на кол. Едниот сакал да го надживее противникот, другиот исто така мислел дека ќе се исправи над својата жртва и ќе појде на некој поток да си ја лекува раната со сончеви зраци. Меѓутоа, земјата им ја нудела својата удобност, својот сон и својата великодушност на вечна колепка. Нешто рекле, се дозаканиле или пцуеле. Потоа, обајцата легнати на рамо и со доближени очи еден до друг, само бревтале, брзо, диво и искинато, и

потаму бутајќи ги јатаганите во мека неотпорност на крвавите појаси. Челникот со обете шепи ја зграпчил над зглобот раката на Мечкојадовиот противник и ја повлекол. Од јачкањето на еден од нив не го чул чкртањето на своите катници. Не можел ништо да стори. Луѓето биле врзани со оружје и со страв што не ќе трае долго и биле судбински поставени во непроменлива позиција. Со последни сили, како тоа да ќе им го продолжи животот, ги добутале до дршка јатаганите во прекрвавите црвени и црни и зелени утроби и се смириле наеднаш или само малку еден по друг. Раката на некој од нив ги протегнала последен пат прстите и ја ослободила стоплената дршка. Потоа некој друг продолжил несвесно да се движи во пренапнатиот Онисифор Проказник, се исправил во него со извлечен јатаган од крваво месо и пошол со искривено лице да сече и да реве со зборови на одамна умрените први доселеници или староседелци на тоа парче земја. Но тој некој во него ги примил движењата и настаните со негови сетила: видел уште тројца или четворица мртовци, меѓу нив еден свој, премолчаливиот Куно Бунгур, без проштален поглед, со очи скриени под крвава коса и со многу рани по вратот и по рамениците. Како оној што го убивал да сакал да ги уништи со него или во него сите виновници за тоа страшно пладне.

Последниот неволник од оние што биле пречекани од подмолна заседа бегал гологлав со забуцан нож под десната плешка. Чекорите му биле нерамномерни додека чудно одмавнувал со нозете во лесни опинци повремено обидувајќи се со слаби скокови да биде што подалеку од тој пекол на бучава, ѕвечење на јатагани и

ножеви и секакви пцуења или офкања. Некоја надеж дека ќе поживее и ќе се исправи од јагнешки кожи крај огниште да се одмаздува со нова крв во жилите го движела висок и со прерано изгорен тил од сонце. Сѐ повеќе се тетеравел со отворена уста и без здив (со секоја воздишка ножот самиот од себе подлабоко се забуцувал в месо) и со цели стапалки, тврдо, несмасно, удирал по земјата, врз која, божем таа се ниша под него, со повремени ширења на рацете се обидувал до сочува рамнотежа. И сенката му се сопнувала по нерамнини. И токму таа сенка како да го задржувала да се оддалечи. Уште еден чекор, уште еден бескрајно долг чекор, и тој ќе се најде во пријателско шарско бачило, да дише меѓу ветрови испарување на овча волна и ненаситo да се обновува со млако млеко, нем и тажен до денот на одмаздата. Уште еден чекор, уште еден, но тие напори го влечеле сега во линија на зигзаг по бришан простор и бил точно онде кај што се исправил во атакот да ѝ појде во пресрет на смртта. Од ножот на неговиот грб се спуштил црвен конец. Паднал, се пречекал на дланки и се исправил со јачење. Продолжил со здрвени нозе потешко отколку што можело да се замисли. Некако го симнал од себе тагарџикот со леб и во лак ја подал раката кон грбот. Ја барал причината на болката и на тежината во коските, во жилите. Но прстите не се продолжиле да ја допрат дршката на ножот... Стружеле и гребеле со нокти во празно, неуко, неполезно, бесмислено. Не долго. Се занишал, застанал, чиниш му било речено да го дочека без вртење ударот на тешкиот кундак што му паднал врз теме. Уште еден таков удар од полн замав пак по голото теме, колку неразбирлив

толку и ненужен, и Орлен Шумков со споулавеност во шашливите очи и наведнат над последниот труп можел да објави дека на дружината ѝ е отворен патот кон нови ужаси и кобнички претчувства на невидени зла на копучкиот никаков живот.

– Пандил Димулев е ранет, викнал некој со глас на придушено липање. – Умира. Повикајте го Никола Влашки. Тој има во торбата билје, треви. И доотепајте го оној, не гледате ли – се обидува да стане.

Колеж, лажен мирис на јунско сено, очај, а негде, од некои грмушки и од стеблаци, се довикувале крескави и безгрижни сојки, саможиво обземени од љубов и без најмала возбуда за она што се случувало на тоа безимено место, утрешна татковина на безимени костури, на десет мртовци во неполна половина на час, премногу за неголемите народи на дел од Полуостровот. Не ги броеле веќе мртвите.

# 3

И не мислејќи дека така ќе се случи, несвесно станувале војувачи. Повеќето од нив имале пушки и кубури, запленети опинци и нешто пари, барут, тутун и јадење – леб и тврдо планинско сирење, додека другите, оние понеснаодливите, се задоволиле со јатагани, ками и ножеви.

Ако било време на сенокос, час кога пролетта е нападната од омарнина, копнежливоста на дивите треви ќе му ја раздвижела крвта на добитокот, дење да го наслушнуваат со мудрост на изморени рабини љубовникот повик на птиците, ноќе или пред мрак да ги влечат воденичките камења и да се удираат со рогови погрешно спрегнатите деснаци и леваци. По залезите, по последната дневна тага искажана со писок на бездомна животинка што се засолнувала меѓу лисја на гранки пред рано измитарена лисица, месечината, скаменет цвет над камен, никнувала од темниот раб на многугрблестите ридишта, поточно од самиот крај на светот: жугнувајќи од невидлива фиданка кон спокојството на височините, кон тајните на сите човечки надежи, побелувала и станувала, спрложена, била лик на потаен пакосник со нејасна, размачкана насмевка и изгледала дека претскажува нови неволји. По дружината со стемнувањето се влечел стар и осамен волк, кој претпазливо чиниш проценувал дали да ѝ се придружи на глутницата двоколки или да причека

додека таа не остави на својот пат крвав залак до кој се доаѓа без опасност. Тие му го слушале болното завивање и ги гонеле ребрестите ѕевгари, сега дваесет и петмина со еден на носилка од две долги габерови стебла и од черга, сите сенки со душа и со дваесет запреги. Се разбрале меѓу себе со таен јазик на срцето, немо, скоро со вештина на ѕверови и со трепет што минувал од еден на друг: да се истрае, да се стори она за кое сите како еден на тргнување дале клетва пред Успението Богородично на живописецот Михаило. Клечеле на колевици пред тој библиски чин на западниот ѕид во манастирот на осамената машколика игуменија Минадора, се молеле, верувале благословени.

Навистина не било време на сенокос и далеку било летното созревање на пченките, во брзањето кон нејасните далечини да го оберуваат туѓите клавчиња и да ги џвакаат млечните зрна. Барале и не нашле сунѓерести печурки, наречени смрчки, да ги испечат на жар и само ретко, понегде, можеле да им го грабаат на животните ланскиот желад. Добитокот и од камен корнел трева. Секој чекор им бил под чапунките нова Голгота. Ретко наоѓале вода. По колежот, за да се оддалечат колку што ќе можат до местото на настанот, луѓето ги гонеле запрегите до полноќ, до паѓање на нечие воле. Под призрачната светлост на месечината почнувала нова сцена на големата драма со споулавени актери. Не се ни обиделе да го спасуваат животното. Чекале неговиот стопан Никифор Ганевски со нож да го избави од маките. Премалувале од глад.

– Проклетство, рекол некој. – И камењава и двоколкава ќе мораме да ги оставиме на пат. Можеби ова е

некоја нова чума што удира само на добиток.

– Сеедно. Ќе печеме месо.

Но Онисифор Проказник, со тага гледајќи го колењето на премаленото и збревтано животно, заповедал да заземат место на чука од која ќе може да се гледа на сите страни и на која не ќе бидат изненадени со напад. Свенувал. Никако не можел да го заборави умирањето на момчето со крвава уста додека самиот лежел во заседа и со кубура чие значење во почетокот на битката не го знаел или не сакал да го знае: свеќите на неколку животи, почнувајќи од оној здрав старец со мустаќи, догорувале пред неговиот замаглен поглед. Сè уште како да го следеле крициите на ранетите. Со стиснато, скоро безживотно срце се сеќавал за убиените Онисифор Мечкојад и Куно Бунгур. Сега слушал нечие плачење – најверојатно Лозан Перуника имал уште солзи во себе – и сакал да биде гласен и глув за сите звуци и шумови. Но исто толку се плашел и од онаа тишина што го чекала по заспивањето на другите.

– Месото ќе го печете в дол за да не може никој да го види огнот, – сепак придушено се огласил.

– Месо ќе има повеќе отколку што барате, се извлекол од сенката на темницата Богоја Гулабарин. – Ене го и моено ајванче на колениици. Во ноздрите му врие крвава пена.

– Како тоа е твоето ајванче? се вознемирил Онисифор Проказник. – Обиди се да го исправиш на нозе, дај му сено. Дојди, ќе ти помогнам.

Попусто. Не биле волшебници што со допир ќе исцерат животно или човек. Некои од луѓето ги ослободиле од јарем своите ѕевгари и веднаш попаѓале во

длабок сон. Нивната оглувеност ги поклопила во кора на тишина. Биле и однатре слепи дури и за сновиденија што обично се јавуваат по големи и потресни настани. Другите пак стиснати меѓу грмушки, колку-толку со шушкав ѕид заштитени од нејасни опасности што само можеле да се претчувствуваат, шепотеле со воздишки за куќите, за најродените и за родниините. Зборовите како да им ги раскрвавувале испуканите усни. И стапалките им биле крвави под скинатите опинци. Шепотењето им поминало во нејасно мрморење. Некој викал сонувајќи свои ужаси. Не го чуле, спиеле. На урнување на ридиштата не ќе ги разбудело. И стражарите, иако со раце врз пушките, спиеле со зјапнати усти, тешко.

По еден или два часа зад полноќ, кога веќе ни месечината го немала она нужно значење на таинственост, далеку и со остринатa на рабовите забуцана во неподвижен облак како парче на посребрена лопата во сива и лилава земја над самата земја, ридовите се згуснале, биле исплашено и гровнато кртило на непознати животни, речиси повеќе правоаголници, триаголници и искинати елипси на светлост и сенки отколку скаменети крмници со џиновски стави. Најупорните или најгладните од дружината испекле нешто малку месо, изеле колку што можеле со последни сили опирајќи му се на сонот, она што останало го оставиле на двоколка на заспаните. Потоа со слатка ситост заспале.

Онисифор Проказник здробен во метежни визии го сонувал искинато и многу поинаку отколку што го доживеал дневниот настан во кој пукале еден на друг и се колеле меѓусебно луѓе што никогаш не се виделе, што не ги знаеле дребните радости и јадрите маки на своите

случајни противници и кои судбината ги соочила среде крстопат на животот и смртта, ги поставила со своја умешна но и подмолна стратегија едни наспроти други, кукулинците, во игра на случајноста, со повеќе љубов за дружината отколку за осумте горјани што најпосле и не морале да се арамии или наемници на оној сур и таинствен Али-бег со повеќе прстења од злато и секакви скапоцени камења на рацете отколку што имал влакненца по рабовите на црвените, некако чудно вжештени очни капаци за кои најмалку еднаш годишно барал мелем против јачменчиња. Онисифор спиел со студена грутка воздух во грлото и со колениците залепени за длапката на мускулестиот стомак но обеспокоен од сила на необјаснива врачба се тргнал и ја подал раката кон кубурата на педа од него. Не бил уверен; сепак претпоставил дека од маглата на страшните соништа во кои не можел да замавне кон некого што го бодел со јатаган, го извлекол шум. Ги ослободил очите од тешките клепки начичкани со невидлив боцки во недоживеан замор. Мислел дека ќе се смири, ќе се допокрие и ќе му се врати со морничавење на сонот, на кошмарот од кој веќе не можел да се ослободи ни буден, со воздишка од која студена молскавица ќе го жегне преку душникот. Најпосле шумот можел да биде дел од сон и ништо повеќе. Но пред избистрените стеснети зеници му се нишала сенка на која не можел да ѝ го сфати обликот. И тој не определил веднаш дали непоканетото се снове меѓу заспаните човечко суштество или дивина чии сетила непогрешно го пресметале мигот кога да ѝ се доближи на умртвената глутница. Срцето во градите му затупотело од нова возбуда. Внимателно се

подисправил. Непознатото битие во безобличност каква што е возможна во ноќите со издолжени сенки дури и на најмали грмушки, сенки што напоредно се протегаат од секое нешто како црни ребра на земјата, се веднеело над заспаните, им се загледувало в лице, се исправало и пак продолжувало да бара под косо плиснатата поплава на месечината. Заспаните се засркнувале во бесвесната вкочанетост небаре над нив минувала мора. Не, никако не било во прашање неовоземно чудо, како што можело да се претпостави со делче на пулсирањето во разбуричканата свест. Онисифор Проказник со воздишка се ослободил од возбудата: од движењето и од облеката на сенката се вообликувало недорасната девојка, русалка во селско што сега нашла што бара и клекнала наведната и неподвижна над некој од заспаните. Со крајна претпазливост се одвоил од земјата и со притаено движење ѝ се доближил на девојката од зад грб. Кога со обете шепи ѝ ги стиснал повиените раменици на непоканетата но со своја цел дојдена гостинка, не со брзо подавање како по плен туку со достатно сила да му остане во рацете она што го држел, го видел уште на земја и бледото лице на најмладиот од дружината. Девојката се извила со чуден, ни грлен ни носен извик. Се обидела да се искорне од живата стапица. Ја свртил кон себеси и кон месечината.

– Која си, што бараш овде?

Тогаш ја познал. Веќе знаел дека не ќе му одговори. Се собирала пред него во лушпката на стравот, и малечка и намалена, со очи што не можеле, не барем ноќе и во таква прилика, да ја кажат тајната на младото срце. Ја сфатил нејзината голема пожртвуваност да го

остави далеку татковскиот дом и со храброст што ќе била преголема и за маж, за овој Лозан Перуника на пример, да ја следи дружината најсигурно со поаѓањето од Лесново. Се прашувал со грутчиња јад по сета става дали била скриен сведок на борбата со непознатите осуммина, на војувачката итрина или пребрзаноста на дружината прва да удри, дали го гледала крвавото умирање на оној што бил на нејзини години. Тогаш ги повлекол рацете со желба да ја ослободи од чувство дека ќе ѝ нанесе некое зло. Откако ја ослободил од стисокот на шепите, ја видел во колебање дали да остане кога е веќе откриена или да избега, како досега, исцрпена и гладна, да ја следи дружината на свој вешт начин со кој и во присутноста ѝ останувала невидлива и доследна на својата цел. Неговото лице како да ѝ вливало доверба. Останала да стои на првото предутрено застуденување со наведната глава, повеќе девојчински посрамена отколку со белег на каење. Со крстосани раце си ги држела рамениците, се обидувала да се заштити од струењето на студениот воздух. Нозете несовладливо ѝ трепереле. Тој покажал со рака кон најмладиот дочекувајќи миг кога таа го погледнала. Мислел дека ќе го разбере ако веќе не може да го чуе и дека макар со нишнување на главата ќе му одговори.

– По него ли дојде?

Ни со најмало движење не му го кажала она што тој сакал да го знае и што веќе го знаеле.

– Бездруго по него, самиот одговорил.

Некако клекнал со болка во половината што ја чувствувал пред разденување уште од првата лесновска ноќ и ја спуштил раката врз Лозановото рамо. – Слушаш, стани!

Долгото будење било негово мачење. Најпрвин Перуника со извивање на сета снага се бранел од крвоморници што и во соништата му го кинеле срцето. И потем ги отворил стаклестите очи. Не го препознал ликот на тој над себе. Со некакво мрморење прашал што е, се случувало ли нешто.

– Погледни, покажал со рака зад себе Онисифор Проказник. – Имаш придружничка.

Се завртил и останал наеднаш недоречен. Зад него немало никого, точно како пред тоа да се сретнал со привидение кое без каква и да било врска со неговите мисли и грижи испливало од мракот на пренатрупани, искинати и неповрзани соништа. Се исправил држејќи се со обете раце за половината. Сепак ја видел девојката како граба од една двоколка големо парче месо и како бега со трчање веднаш за да стане мрак во мракот на простор до кој зелената небесна светлина не достасувала.

Подоцна Онисифор Проказник со зачуденост ја нишал главата: во Кукулино дошла по свои тајни патишта вистината, ако тоа сепак била вистина, дека Ганка со бегање се спасила од напасници што им ја запалиле куќата и ги потерале пред камшици врзани пред своите коњи нејзините родители со поголема група недолжни селани. Но отсекаде стасувале секакви вести и се крстосувале по селото со злокобност на црни и диви птици зад чии јата останувале болки и сфаќања за нетрајноста на животот. Потоа народните поети ги раскажувале возбудливите настани развлекувајќи ги песните со волчи грла. Наслушнувајќи го животот на другите, на оние за кои веќе се пределе легенди, поетот

си ја покривал душата со лажна слика, и онаму кај што не им достасувала храброст, убавина и големина на опеаните, тој, како мал бог што создава свои совршени и вечни суштества, им го додавал богатството на својот дух за восхит и за поука на современиците, да седат во вечерите крај огниште и восхитувајќи се да си ги испитуваат мислите не се ли и самите родени за големи дела и за песни од кои и воздухот со возбуда затрепетувал. Подоцна навистина некој поет од Кукулино, од Љубанци, од Чучер или од Мирковци, од едно од тие села под црногорицата, ја споменувал со затворени очи и испиено лице пожртвуваноста на Ганка.

– Ме викаше, стрико Онисифоре, – некако се рассонил Лозан Перуника и го одвоил грбот од чергата под себе; останал да седи во несовладана зашеметеност и потпрен со раце на земјата за да не падне повторно во длабочините на непостоењето. – Треба ли да одам на стража?

– Ништо... Спиј. Сакав само да те покријам.

И да се стрчнел не ќе можел да ја стаса девојката. Наеднаш престарен и наполно рассонет почувствувал дека во неговата утроба се кине нешто што било веќе подолго време клопче на болка и дека по сета снага му се разлева горчливост од која не ќе се ослободи долго време. Пак се склопчил на своето сиротинско легло многу потешко поднесувајќи ја предмугрената свежест буден.

Не бил сигурен, подоцна само претпоставувал дека непогрешно го сонил она што ќе се случи во новиот ден: најпрвин, по сончевиот изгрев, го нашле, пред тоа, во ноќта, заборавен на носилка исцелителот Пандил Димулев, тој пријател на билје и треви; најверојатно

дека безгласно починал од вчерашната рана помеѓу срцето и левата страна на стомакот, а потоа другиот тревар, откако го исплакал својот пријател со солзи што можел да ги пролее и над својата судбина, веќе видливо исушен и потемнет, легнал на неговата носилка и ѝ се предал на болештината, веднаш сите да видат дека се сушат и потемнуваат во лицата, и Самуил Пендуш, и Сандре Самарија, па некој (во неговиот сон, потоа во стварноста) барал да појде гласник по селата крај кои ќе минуваат, умните да оставаат на патот лук и ракија, за нив, и сено за воловите, инаку сами ќе атакуваат и ќе грабаат со темна можност да им ја донесат на домаќините, како гостинка, чумата што уште пред да го закопаат едниот тревар го однела другиот: два гроба еден крај друг, плитки и покриени со тврди грутки, крст до крст со шубари на вертикалниот крак. Соништата и стварноста се надјавнувале, меѓу нив не постоела меѓа.

Небаре се простувале од ненадоместливи пријатели, од луѓе што последни ја чувствувале нивната непроверена сила, тревите омајно замирисале. Но ни волшебната вратика не можела да ги воскресне од земја луѓето на минатото, ни крваригата, ни синчецот, ни боцкавото магарешко цвеќе. Ништо.

# 4

Тој поп, тој долгман во мантија Доситеј Давидовски!

Толку долго бил врзан за минатото со спомените и сеќавањата на некогашните жители од селото на кое му служел што изгледало дека зачекорил рамно од онаа илјада осумстотини триесет и петта година кон чадливото завршување на Втората светска војна: воскреснал, ја стресол земјата од топчиските раменици и – еве го, пратеник на заборавените, сеедно што пред патот на четириесет и тројцата терачи на двоколки, а и потоа, се одигрувале и поголеми и позначајни настани за кои светот знаел од папируси и пергаменти, од паметници и книги. Оние двајца борци на кои им ја раскажувал непознатата историја, весели зејгоровци што и на родените мајки можеле нечујно да им дрпнат доенче од преградтка, црпеле со една лажица густ мармалад од пленета германска конзерва и задоволно ги протегале мршавите нозе по земјата. Црковниот старешина пробил со глава терцијарен слој да им раскажува народни библиички, нека го, немало зошто да се подбиваат со него. Пред тоа пиеле од негова матарка вино со боја на месо и се мезеле со бајати пршки што ги зеле од некој орач за стар железничкарски часовник со избришани бројки и без една стрелка но со живо срце под металниот оклоп. Доверливо му пришепнале на попот дека бригадата ќе почне да го чисти со огнена мета градот, од сивите германски касарни на Кале кон

плоштадот под камениот вардарски мост, којзнае од кој ден запоседнуван од лажно сакати просјаци и секакви измамници и безработници со очи на кондори. Доситеј Давидовски им го потврдил шепотот со глава. Преку челото му се протегнале значајни брчки. И тој како да ги знаел стратегиските планови на големата воена операција, како командантот на Главниот штаб и секретарот на Централниот комитет пред тоа со него да се посоветувале на каков начин и кога да почне огнометот. Можел да биде и трубач и знаменосец и полковник со златни ширити и ѕвезди на ракавите, можел да биде еден нов Александар Македонски или Бонапарт. Но сега татковски гледал во заспаниот еж Армодиј Д. Давидовски, на чии боцки блескало сонцето. Со воздишка ја занишал матерката доближувајќи ја до необично малата школа на увото. Во лимениот сад завиткан во маслинеста чоја немало веќе ни капка вино. Сепак, и жеден, се почувствувал свечено на светлото катче на кое била распоредена бригадата со површност на номади и во нетрајни логори. Неговото раскажување се ближело кон крајот. Сеедно, оние двајца и да станеле, без љубопитност за одамнешните судбини да го оставеле, тој ќе продолжел да преде со атрофираниот баритон за лично задоволство. Исповедал други, ќе се исповеда и себеси, ќе се ослободи од тежина што го јавала триесет и една година, значи од смртта на деведесетипетгодишниот Лозан Перуника, потоа ќе тргне утре со пленетиот машингевер кон слава од која огнено ќе прснат легенди и идни спомени. Чекал и дочекал – се ближи часот кога тој ќе го каже зборот со четирите полни шаржери. Приготвувајќи се да му

се доближи на крајот што со полн здив сакал да му го предаде на друг, пресметувал нешто на прсти, грешел и се муртел, почнувал одново. Пануклата, како што ја нарекол со мудро кренати веѓи црната чума, ги одвлекла кон невратни длабочини на кралството во непознатото подземје најпрвин преврелите Сандре Самарија и Самуил Пендуш, по нив, ненадејно, и згрчениот Филип Макариев. Затоа некои исплашени и самите да не се запрпелкаат во мрежата на болештината, ја оставиле двоколката со воденички камења и избегале со своите волиња. Тоа биле Пане Долгманов и Кирил Сукаловски. Челникот со лузна на лицето тајно го испратил Спиро Првославец во Кукулино: сите што ќе можат да ѝ дојдат на дружината на пресрет. Верувал дека игуменијата Минадора и некои од старците ќе знаат како да ја совладаат чумата. Со иста цел но без заповед тргнал кришум кон Кукулино уште еден, Јордан Шоп, оставајќи го своето воле со еден рог и со бел грб, па така останале уште седумнаесет терачи на петнаесет запреги – нешто добиток им пцовисал од своја ајванска пануклa. Ценетиот поп бил уверен дека тие што избегале не биле преплашени зајаци со трепетливи муцулиња чија животна смисла станала кожата и крвта под неа. Се колнел дека тие луѓе не бегале да се покријат со сенка и да се заградат со тишина, далеку од секаков шум. Бладањето и згрутчувањето на крвта во ноздрите на тројцата чумосани, потоа скоро бесвесното умирање и видливото загнездување на смртта во зјапнатите челусти – ги прогонувале од миг до миг. Почитателите на поповото враќање во минатото се сомневале дека така едноставно се умира без куршум и без тресок на

железна круша со мал вулкан во себе. И не сонувале, меѓутоа Доситеј Давидовски тоа негде го прочитал, пред многу стотици години таа болест со еден замав покосила половина жители на Европа. Ваделе од длабока кутија со излижано сребрено црни трошки тутун и го завиткувале во парчиња на *Целокуйна Б'лїарија*. Едниот од нив кришум се проѕевал. Попот не се напрегал богзнае колку да ги опише страдањата на болните: Сандре Самарија, Самуил Пендуш и Филип Макариев блуеле или плукале крв пред умирање. Како и да било, другите останале да се раскажува и потаму за нив.

***

Значи, ако не се грешело во сметките, по напуштањето на сиротинските расфрлени лесновски куќи зад господовиот грб, со бледи каменоресци, со многу трудни жени и со еден поинаков поп отколку што бил историчарот Доситеј Давидовски, дружината останала без повеќе од десет луѓе и со триесет камења за петнаесет воденици, и останала без сили да ги совладува нагорнините, дури и голите рамнини на кои и најмалиот камен израснувал пред очи во застрашувачка карпа од исконски дни. Луѓето капнувале, најслабите паѓале крај двоколките во движење и заспивале, се криеле до болештината зад магли на нејасни соништа. Ги буделе со студена вода и со удари. Иако не биле далеку од своето село, од познатите огништа на каква-таква домашна радост, не можеле да се брзи. Онисифор Проказник морал, освен добитокот, да го чува и голтарскиот живот на луѓето, нив и прескапо платените воденички

камења дури и да биле леани или ковани од суво злато. Нивните торби станувале сѐ полесни, во склопците немало ни трошка. Барале по птичјите седалки јајца и се задоволувале скршените оски на двоколките и ги крпеле тркалата или јаремите. Зад нив останале камења за околу пет воденици а сипаничавиот пат како да ги водел кон бескрајни пустини од кои и човекот и змијата се иселиле.

– Виде ли, Онисифоре? И Спиро Првославец фати џенем. А бил кираџија, ги познавал маките на ваквите патувања, акал по земјичкава и ожилувал.

– Знам, ја прекинал Онисифор Проказник разочараноста на широконосиот Чучук-Андреј. – Не пребрзувај. Можеби јас го испратив во Кукулино. Некој белки ќе знае лек за чумава.

– Ако навистина нѐ јава чума, досега и ние ќе се јагленосавме.

– И ако е така. Па што? Ти пречи ли да бидеме претпазливи?

– Мене, братче, ништо не ми пречи. Арсо Арнаутче донесе утрово од некое село ракија и лук. Купил, украл – не знам. Лекот ни е в раце. И што потаму? Погледни ги луѓено. Спијат на нозе. Кобата нѐ турка од сон кон гроб. Кажи – што потаму?

Онисифор Проказник не одговорил наеднаш. Ги оближувал сувите усни со побелен јазик да го спречи пукањето на кожата и се оклопил со темни мисли. Желбите и подробностите на вчерашниот живот сакал да ги сврзе со некакво поинакво утре но тие се губеле под замагленоста на очајот. Ја расчленувал состојбата на животот што во непрекинати црвечки напрегања се

стремела да се одржи во една непроменливост или да се искачи до својата врвна точка на неизбежното непостоење. И што потаму? Но имало умирања и умирања. Човековото движење морало да биде точна пресметаност на завршен круг. Како што се раѓало и што умирало дрвото на недостапна планина, според однапред предвиден план и неизбежна јасност на строгата природа. Што можело да се стори да останат барем толку колку што се, дрипави, боцкави, суви? Не го нашол одговорот од кој сиот ќе се озарел од блажен мир на човек што узнал со какво умеење ќе ги зачува луѓето до нивниот определен крај. Се сетил за некој Ферат-шеј, мудрец со задув во градите од тешки и густи кафиња и од секаков тутун. Суеверните го сметале за емин на повисоки сили. Во портокаловиот камен на неговиот прстен била заробена непозната бубачка. Најпосле, на него сѐ било необично – и бастунот со сребрена глава на лав, и зелената антерија со посрмени рабови. Го сметале за волшебник и до земја му се веднеле; тој ги поучувал и муслиманите и православните со еднаква грижа: не посегај по туѓиот живот, на господа му е потежок твојот. И со насмевка што им била својствена само на најблагородните левантински филозофи, кои во своите мисли го ставале човекот над верите и расите, бавно, со свиркање на воздухот од неговите гради помеѓу секој збор, објаснувал дека ниедна болештина не е посилна од возвишеноста на духот. Најверојатно познавал секакви пијачки и напивки со кои се пречистувала крвта и секако по несреќа залутал меѓу шуплоглав свет што не можел да сфати дека по такви екими каков што е тој копнееле далечни калифи и нешто поблиски везири. Без награда ѝ помагал на сиромаштијата со таинствено приготвени

мелеми и масла. Прстите му биле преподвижни од игра со бројници, под нивниот допир раните и струпките испарувале. Секако можел да заштити и од чума. Каде се изгубил тој Ферат-шеј? Го снемало. Ја снемало и неговата мудрост, неговата вечна готовност да му помогне дури и на песот. Отишол насрединоџински на пепелаво магаре да поучува горјани како да се одбранат од зло и веќе не се вратил во Скопската Котлина. Дури ни неговите дервиши не чуле веќе ништо за него; само претпоставувале дека негде, далеку до разјаденоста на луѓето, го завршувал осаменички и достоинствено кругот на својот живот не обелоденувајќи ја тајната како да се бори човекот против чумата. Бил, отишол – и што потаму?

– Ништо, рекол Онисифор Проказник. – Ќе чекаме.

– Ќе чекаме, внимателно го погледнал Чучук-Андреј. – Нека биде така. Но каков еким ќе побара и ќе најде Спиро Православец? Животецов никого не почешува зад уво. Се преправа дека не те забележува, потоа – тап! – по тиква: не кревај ја главата толку високо.

За еден молчалив човек каков што бил Чучук-Андреј раскажувањето станувало преразвлечено. Тој сакал со разговорот да избега од она што го видел и од она што му се јавувало како визија помеѓу распливнатите жолти очи и паднатите тешки кадри на косата. Суво збивтал. Впрочем, без оглед на состојбата во која се наоѓале, таа пролет била доба на секакви визии во чии магли можеби и бегот, стопанот на неколку воденици, ги претчувствувал патниците со двоколки под знамето на чумата. Којзнае дали не ѝ се чудел на глупавата селска тврдоглавост на тие луѓе со свои еднострани реформи и дејствувања за поткопување на темелите и сигурноста

на неговиот поредок. Но ако бил повеќе загрижен за коњите, ’ртовите, пауните и биљбилите во сарајот со мраморни шадрвани, слушал меланхолична песна на една од своите пребели жени и ги заборавал човечките патила. Визиите не господареле над него и над неговиот сит, безгрижен, тромав живот.

– Зошто ние да не го чалнеме по тиква таквиот живот? рекол Онисифор Проказник. – Сме биле покорно згрбавени, ќе се исправиме. А сега внимавај луѓето да не ја испијат сета ракија.

Луѓето, преплашени од многуте неволи и од неочекуваностите што можеле да ги чекаат на некој свијок, не ги барале оние што отишле и не пцуеле по нив. Го сфатиле ненадејно новото правило на играта: бегалците живеат подолго од тврдоглавите. Затоа другите и не се вратиле со покајнички наведнати глави да побараат прошка или без збор да ѝ се приклучат на дружината, збрчкани колку што биле покојните Дмитар-Пејко и Неделко Шијак и помирени со можноста да налетаат на преостри димискии или да се најдат под копитата на разиграни коњи. Подоцна се знаело дека бегале од чумата, од тоа вековно страшило на човештвото.

Осамениот волк што ги следел пред тоа, доколку тоа не бил отфрлен пес со глас на ѕвер, презафатен со изобилие на мрши и оставени дробови и коски, со тоа дотогаш невидено богатство, не ги следел веќе. Се чувствувале осамени и копнееле по неговото болно плачење. Во модрите височини обележувале линии на своја стратегија голошии орлишта, ни преголеми ни помали и секогаш над нивните засолништа. Им ја кобеле утрешнината. И добитокот ќе ни падне од чума, мислеле.

Земјата се притајувала под нивните крвави стапалки и со некакви чудни и подвижни дамки им претскажувала плитки јами. Но сепак, и над тревките и над каменот господарела пролет во која сиромаштијата ги фрлала од себе парталите и сиџимите со кои се врзувала околу половината да ги задржи врз карличните коски беневреците; се ослободувале од болвливи минтани и се свртувале разграштани кон усвитеното сончево око. Не го укале веќе здивот во испуканите дланки и не скокале згрбавени од нога на нога за да се згреат. Од лицата им се губела зимската мувла. И пак месото им останало наежено: руменилото паѓало на чисти и здрави кожи, можеби тоа ги закитувало младите образи и во мразулчави јануарски дни и ноќи, секогаш, на ветар и под виулици, како ни од претскажувачко жолтило што не се ослободувале старците, посебно побогатите, по низа години без допир со надворешно струење на воздухот и со навики за севозможни уживања во затворени одаи. Но никого не го засегал туѓиот живот, наморничавен и мувлосан или тромав и со глекав лој под бабуњосаните очи. Седумнаесетмината не биле таква сиромаштија и безработна рамнодушност да се протегнат преку млада трева меѓу кукуреци и качунки и на сонце да си ги одмрзнуваат коските.

Од Кукулино тргнале по Бели Поклади, веднаш по третиот ден на Рамазан Бајрам, кога по задоцнетиот снег на земјата се собирале мрежести барички. Од тој простуден ден до крајот на двете третини на патот, близу до Благовештение и на неколку недели пред Курбан Бајрам, искушенијата непрекинато стеснувале околу нив обрачи, и меѓусебно понекогаш да се апат. Како

некоја невидлива сила да им ја испитувала истрајноста, да ги награди со спокојство и негрижи до суден ден доколку дојдат до целта. И како таа сила подоцна, на враќање, да ги известувала селата што им биле на пат или во близината на патот да остават на видливи места стомни со ракија, венци лук и сено – минуваат чумосани сеништа што не ќе се смилостиват под влијание на туѓа добрина да не се стрчаат со итрина на стаорци и да не ја седнат крај нечија софра смртта. Уште кога луѓето кришум се определувале за едниот или за другиот Онисифор, за Проказник со лузна на лицето или за веќе покојниот Мечкојад, можело да се случи да се пресметуваат дури и на спиење. Потоа останал само еден Онисифор, првиот, и останале помалку од половина; немало веќе зошто да се делат.

– Останавме малку. А колку од нас ќе стасаат до Кукулино, до водениците на Давидица? Не знае никој – ни ти, ни јас. Ни-кој, ако не си знаел.

– Останавме толку колку што требало да сме. Несреќите нѐ присилија да се бориме и да си ја пречистуваме крвта. Ние го сторивме тоа.

– Но кој гине а кој останува? Каде се храбрите, над земја или под земја, в дупка?

– Сеедно. Живи сме и ќе се бориме да останеме.

– Се сеќаваш ли, Онисифоре? Со бегот, брат му на оној што нѐ пречека со пушка на патот кон Лесново, се биевме на денот на Четириесетте маченици. Можеби тоа беше претсказание.

– Какво претсказание?

– Па ете... На народецов му се нужни нови маченици што ќе го поучуваат да не ја влече судбината за опаш. Јас така мислам. А ти пресуди, кажи ми дека грешам.

Но Онисифор Проказник, и самиот обземен од тајните на судбинските настани, мислел на необичното среќавање со немата Ганка во ноќта кога царувала зелена месечина и се прашувал не сонувал ли младолико привидение со лелеаво светкање на злато во косите. Сепак ја допрел со раце девојката, ѝ го забележал стравот во детските очи. Се тресела прегладнета од полноќен студ, забите ѝ се удирале со рабови во рабовите. И во призрачноста на темносината ноќ со зелени дамки меѓу сенките, било видливо и разбирливо. Сакал да се увери дали девојката од куќата на крвопролевањето во кое загинал Борис Калпак не се влече уште по нив. Погледнал во чекорењето преку рамо. Очите го болеле. Го видел меѓу разнишаните и несигурни двоколки младиот Лозан Перуника со измачено лице преку кое како да се спуштало слепило, достатно подзинат за да се покаже празнината под горната, до пред неколку дни набабрана усна; ослабнал, врвот на брадата му се зашилил. Се нишал на стврднати нозе со празни коленици. На челникот му се сторило дека неговата нејака шија е меѓу два јаремски жегла.

– На народецов му се нужни пушконосци и локачи на крвописка крв, не маченици и не знам какви ветроепци, рекол.

Сакал да застане, да го пречека оној што му бил придружник а што можел да му биде син (зошто да не го посвои ако останат живи?), да му каже што доживеал во онаа ноќ, за да знае дали тој криел досега нешто и што сторил девојката да го напушти татковскиот покрив за да појде преку трња и оган на маки во неизвесност.

Разговорот пак го започнал Чучук-Андреј со зборови што пукале од внатрешна созреаност. Барајќи настани

што биле без врска со нив, со нивната тогашност, им бегал на претчувствата. Од него говорела ракијата. Се сетил за некој Мустафа-ефендија, ситноглав човек со ретки мустаќи, повлечен хипохондрик со избезумен страв на лицето и од најбезначаен инсект, градски ќата и прочуен пејач од чиј глас ноќите во беговските куќи станувале посветли. Го повикувале на свадби, на сунети и на празнични седенки да везе на тамбура украсена со седеф. Во неговите песни се раскажувало за јунаштвото на Турците од минатото, од времето на Муратовата моќ, за нивната страсна љубов и за убавината и верноста на нивните жени. Пеел со склопени очи и поднаведнат како во зазор што им го одзема времето на богатите, на умните и на покорисните од песнопојците зашто можеле да разговараат за своите работи, за политиката на европските земји кон Турција, за ловот и за коњите. Потоа нешто се случило со него, никој не знаел што. Ненадејно, од недообјаснети причини, тој Мустафа-ефендија се пропил, најпрвин кришум а потоа без срам, се запуштил и се откажал од себеси, некогаш трепетлив од хипохондрија, подоцна вошлив чаршиски шут во стуткана и извалкана облека. Што имал продал, што му избројале на дланка испил. Сѐ почесто го наоѓале како се тетерави пред сурија распуштени дечишта или како спие напаѓан од муви во сенка на циганска плитарска куќа. Се израмнил со бедата на градската периферија. Го советувале, се обидувале да го вратат в живот, го затворале за да го опаметат. Не помагало. Ја изгубил тамбурата, го изгубил и гласот. Не можел и не умеел да заврши песна. Просел издрипавен.

– Навистина беговите сакале да му помогнат, да го

извлечат од батак, се сеќавал Чучук-Андреј. – И пак, со сета сила и со сето сребро и злато, од меџидии до лири, не можеле да ја победат судбината. На секој човек, уште од раѓање, патот му е определен. Разбираш – тоа е судбина. И тепаницата со оние осуммина, и болештината што се влече по нас, и она што нѐ чека утре. Само таа, судбината, знае кој од нас колку ќе живее и каде и како ќе скончи.

– Тогаш да ги наведнеме главите, се налутил Онисифор Проказник – да почекаме судбината да ги дотркала камењава во Кукулино и да изделка над нив прплици.

Разговорот им го прекинал силен и остар тресок. Знаеле што се случува и сепак застанале. Обајцата дишеле тешко.

– Судбина. Повели и гледај, прорекол победнички Чучук-Андреј. – Значи, кажи зошто по втор пат му се крши колата на нашион пријател Герасим? Судбина...

Во тие зборови немало ни победнички призвук на докажана мудрост ни разочараност; според неговото сфаќање, сѐ се движело по однапред определени простори со свои тајни и неизбежни законитости.

– Беговите го заборавиле Мустафа-ефендија. Шуќур, се нашол некој наш казанџија и го прибрал дрипавиот ќафир во својата работилница меѓу ламарини и чекани, заедно да локаат студено вино и да пеат. Се побратимиле. Ако не си знаел, Турчинот отишол кај поп да се покрстува. Сакал да се вика Григор. Потоа го снемало. Неговите некогашни пријатели го напикале во зандани. Судбината, братче, го довлекла до неговиот крај.

Сонцето го запрело патувањето над нивните глави. Прскало од љубопитност како и за колку време ќе ја поправат двоколката само по половина час од свршената

работа, речиси на неколку чекори од тоа место, да се собираат и да пцујат премалени и испотени над друга скршена двоколка. Се повторила можноста добитокот да се одмори.

- Пеел, потоа пиел, најпосле плачел, воздивнал Чучук-Андреј. – И го снемало. Не бил веќе ни Мустафа-ефендија ни Григор, казанџиски побратим. А и ова со нас. Некој определил чија кола кога да се распадне под камењава. Кој некој? Се знае. Судбината од која можеш да се сокриеш само в гроб.

И така, со неколку реченици, Чучук-Андреј го извлекол од заборав најтрагичниот дел од животот на прочуениот пејач од кого и славеите се учеле. Но животот на човекот бил мозаик од секакви големи и мали настани. Како и патот на дружината: по секоја нагорнина им помагале на ослабените ѕевгари со бутање, тешко и убиствено, двоколка по двоколка искачувајќи преку дупки и камења. премореноста и бавноста несфатливо ја развлекле далечината од Лесново до Кукулино. Најмалодушните верувале дека се движат по патишта кон непроодна пустина во која многу бесцелни скитници си ги оставиле коските на песочна вжареност.

– Судбина, значи, рекол Онисифор Проказник. – Добро. Ако треба и со тоа животно ќе го зграпчиме за гуша.

Неговите потиснати мисли биле далечни еха на тие зборови но со поинакво значење; го предупредувале да го предвиди и најмалото зло што можело да ги демне од своја тврдина.

# 5

Се изненадиле, доколку душевното мртвило им овозможувало да примаат со преморените сетила впечатоци привидно далеку понезначајни од последните кршења на двоколките, едната на оној Герасим од Побожјане што еднаш ја боледувал таа мака, втората на сипаничавиот Јован Стојче-Столетников: доаѓала сама, нема, намалена, се пробивала низ густо распослана невидлива пајажина што повеќе заплашува со својата лепливост отколку што претставува пречка, чудно мавтала со слаби раце пред лицето, брзала кон нив. Ја чекале залогорени меѓу смреки и жолто процутени грмушки. Била преморена, нејзиниот од повремено минувал во несигурно трчање – гласник е што и по цена на животот се напнува со последна жиличка да му предаде на таборот на кој му припаѓа со душа претсмртна вест, да го избави од грижи или да го предупреди, битката сѐ уште тече. Златната пена на нејзината коса блескала под косиот поглед на сонцето.

Неколку луѓе лежеле згрчени во мртов сон, неколцина го гонеле жедниот добиток кон вода со насмолени очи на волшебници и маѓосани врз мугреното смирување. Оние што биле на нозе ја дочекале Ганка со тапо вкочанети лица. Кон нив сѐ било свртено со заби и со нокти, се морничавеле од најмал шум, глас или какво и да било движење. Секој што не бил од малата легија носел во себе коба и подмолност. Врз челата им лежел облак на отуѓеност.

– Кое е девојчиштево, што сака? станувале недоверливи.

Срцата им биле опфатени од неспокојство. А таа, Ганка, била испиена, со преголеми очи од глад и со гребаници по лицето и по рацете од ноќно или скриено дневно движење низ боцкави грмушки. Не знаеле дека патем ги глодала фрлените коски. Застанала пред челникот и се обидувала на свој немушт јазик и со говор на желби да биде сфатена. Објаснувала со раце зошто дошла, составувала реченици со движење, полека и одмерено, онака како што се разбирала со родителите и со врсниците. Покажала зад себе, потоа кон кубурата во појасот на еден од нив и, одвојувајќи од стиснатите тупаници прст по прст, со безгласно мрдање на усните избројале до шест. Со тага во зениците молела да ѝ ги следат мислите, да ѝ веруваат.

– Што ѝ е, каков господ ќе ја разбере? зачудено прашал Каменчо Скитник.

– Нема е, рекол Арсо Арнаутче; по смртта на треварите Никола Влашки и Пандил Димулев, со невешти раце си ја преврзувал раната. – Каде е Лозан Перуника? Не го гледам.

– Спие.

– Разбудете го. Тој ќе знае што сака да ни каже.

– Мислам дека знам, рекол Онисифор Проказник. – Видела шестмина со оружје, со пушки и со кубури.

– Но како дошла овде од своето село?

– Ви реков. Разбудете го Перуника и ќе чуете, настојувал Арсо Арнаутче. – Таа кришум нè следи од под Лесново.

– Тогаш оние шестмина се од нејзиното село. Ќе нè

обвинат дека сосила сме ја одвлекле и ќе кршат погача преку наш грб.

– Прав е Каменчо, се согласил Чучук-Андреј. – Ќе ги свртат пушките кон нас и нема да прашаат дали сме виновни.

– Мала е таа за бегалка, братчиња и суртуци, ќе ни речат.

– Доколку им здодеало да живеат. Не ни се дораснати.

– Не можеме да плиснеме крв на луѓе што еднаш ни биле домаќини. Но таа можеби не бега од свои луѓе, – рекол Онисифор Проказник и ѝ се доближил на девојката; очите му биле подуени, вратот му го нападнале брчки на глад. – Турци, – изговорил полека со бавно и изразено движење на танките усни. – Шестмина Тур... ци.

Девојката не го разбрала и се повлекувала пред суровата лузна на бледото лице. Свикнала на осаменички живот, на дивина што се одржувала во вечна тишина. Со свој јазик им кажала што видела и бездруго мислела дека тие знаат колку што знае и таа. Со поглед го барала својот врсник Лозан Перуника – тие веќе не биле пред неа, испариле под насилие на секојдневните промени во тој блед и магловиден заод со сенки слични на разводенета ’рѓа меѓу реткото зеленило на сувата плазика, непривлечна земја ни за орачи ни за грабачи.

– Скорнете ги другите и поставете се на сигурни места, веќе ја заборавил девојката Онисифор Проказник. – Ќе појдам да се разберам со тие луѓе. И не пукајте без потреба. Побрзајте.

Ја извадил од појас кубурата и му ја подал на Арсо Арнаутче, го одбрал за свој заменик (се случува, не е

под панцир на челик и на чинки), доколку другите тоа можеле да го разберат. Им се сторило дека немо се простува од нив, меѓутоа се оддалечувал со тешки и паднати раменици, со напор на измачен осуденик што сепак во определен час според непроменлива пресуда ќе стаса на губилиштето со бесилка или со куки за бесење, за патување кон вечниот мрак.

– Станувајте, викал Арсо Арнаутче: се наведнал над најмладиот и го затресол; се клештел со задоволство на сезнајник на чија дланка лежат сите тајни на животот. – Ене ја, ѓаволе. голем мајстор си штом си можел да ја натераш да се снове по нас кон Кукулино. Рипај, и други гости ни доаѓаат. Ако се некои нејзини, татко ѝ и роднините со соседите, на здравје. Ќе попораснеш малку од нивно бувтање.

Лозан Перуника се разбудувал со чувство на доаѓање од свој вилает на кратко спокојство во туѓ атар, од возвишеност во свет на диви мириси и заканувачки гласови околу кои се протега на дива површина многубоен мов со змиолики пипала што се појат со супстанци на сѐ што дише и го одржуваат стравотниот живот врз туѓо уништување. Му се чинело дека е разголен пред очи на немилостини судии и подбивни обвинувачи. Меѓутоа терачите на двоколки, презафатени со самите себе и со своите претпоставки, не го забележувале. Го видел рассонувајќи се невозможо изменето лице на Ганка, на таа негова возбуда и казна и, без здив, со болка во некој 'рбетен дел под вкочанетиот тил, се склопчил, се намалил да ја сокрие возбудата.

– Не сум ја терал да оди по мене, сакал да се одбрани. – Таа самата...

– На кого му раскажуваш – мене? Да помижам ли додека баеш? Но јас знам. Се лажеш, бајченце, ако мислиш дека не знам. Жими очиве, се лажеш.

Жити едното око, другото ти е покриено со крпи. Се извлекол од својот грч и укнал низ врелата празнина на устата, пламнал од утробата.

– И јас знам. Те видов во шумата.

– Во која шума, бајченце, со кого?

– Со Фиданка Кукникова.

– Немој, ќе ме исплашиш. Си ме видел – и што? Жената без маж не е света Варвара пред која се паѓа на колeници. Фиданка не си ги искуба косите по она што ти го виде. Станувај и засолни се негде со онаа твоја пеперуга. Ти доаѓаат сватови со оган.

Луѓето, стиснати меѓу чуни и со суводолици, се поставувале зад камења и со кубури и со пушки, другите ги поеле говедата на безимен поток. Исплашени од нешто, од дневен лов на лисици или од сенка на даб што им се доближила, неколку еребици прскнале со густ шум на брзите крилја, со цврткот го напуштиле ридот зад нив и се изгубиле во суводолица, во сува скрка на секакви камења.

– А можеби девојката нешто друго сакала да ни каже, рекол Орлен Шумков.

Лево од него се поставил зад зелен валчест камен Лозан Перуника. Зад грб му била сенка. Со ракав ја избришал потта од чело и ја потпрел кубурата на каменот да гледа со десното око по црната линија на цевката кон голината по која уште одел Онисифор Проказник.

– Ни кажала што сакала да ни каже. Гледајте.

Од неголема чука се спуштиле кон нивниот челник

коњ и јавач, дебелникав човек во темномодра облека, војник или одметник, вкочанет и натрапник со нејасно лице и со нејасни намери. Не биле сигурни, но јавачот како да дремел во седлото, се нишал олабавен напред и назад оставајќи му на коњот да одбира врвици со бавни нозе. Бил без пушка, не можело да се види што има на појасот. Над него висела на невидливи сончеви нишки црвеникава ветрушка; наслушнувала песна на кос и со остро око ги демнела движењата под себе. Челникот и човекот на коњ продолжиле да се движат еден кон друг како по некој поранешен договор, без брзање, бавно, секој со своја срдечност – така изгледало – да подаде рака за поздрав, не намерници на кои животните врвици им се составуваат случајно туку стари познајници и приврзаници на човечко пријателство. Застанале еден спроти друг, Онисифор Проказник свртен со грб кон своите луѓе, другиот поткренат во седлото. Можело да се поверува дека сака да види нешто во далечина, двоколките поставени една зад друга и терачите на тие двоколки или нешто друго, село или селце кон кое го водел патот. Разговарале ли? Секако. Едниот прашувал а другиот одговарал. Незабележливо заоѓање на сонцето им ги продолжувало сенките меѓу кои лежела меѓа на два света. Далеку зад нив се давела во синевина преголема бела и многугрба камила со куси нозе; слабината ѝ пукала, се отворила: тоа разретчен облак бегал кон лилаво распливнување. Онисифор Проказник нешто објаснувал. Јавачот се наведнал малку од коњот, бездруго за да не пропушти ниеден збор. Со десната рака, иако можело да се поверува дека предава рапорт за состојбата на стивнатата околина, го

придржувал фесот. Но само така им се причинило на луѓето во засолништата. Тој, јавачот, сè уште свиткан во појасот и со стиснати коленици на шарените коњски ребра, извлекол од канија, невидлива од темната боја на беневерециите, крива сабја што под удар на сонцето се распрснувала во зраци и, кревајќи ја високо, се исправил, се протегнал со една рака, со сета тежина се потпрел на зенгиите. Со војувачка итроштина замавнал кон темето на соговорникот. На луѓето им се згрутчил здивот в душник. Но другиот ја очекувал опасноста. Само за миг пред острицата на долгата сабја да падне врз него се фрлил во скок кон коњот и ги зграпчил уздите. Го избегнал нападот. Си можел да се заколнеш дека од првото исправање на нозе и со неисушена капка мајчинско млеко на усните се вежбал само за една одбрана и за еден ден, за тоа смирување на попладнето исполнето со топлина и со брчење на златни бубачки. Управувајќи го коњот да се движи во круг и засолнувајќи се со танчарски движења ту под неговата глава ту зад неговиот врат од левата страна, еднаш со брзи потскокнувања, другпат скоро со коленици до земја, го избегнал и вториот удар. И, сè уште од левата страна на напаѓачот, додека и тој и коњот со јавачот обележувале околу себе круг, се исправил ненадејно како да продолжува пагански танец. Го измамил јавачот со тоа што не бегал и со сета тежина му се обесил на широкиот колан. Сега обеспокоениот коњ, без затегнати узди и со тежина без рамнотежа на себе, вртејќи ја муцката кон белите и црвените дамки на силните гради, се отфрлал од место само со задните нозе, со удар на копита во празно. Напаѓачот не ја пуштил сабјата но и

не замавнал веќе. Полетал со предниот дел на ставата врз издолжениот врат на животното во страв да не падне под копита и под одмазда на голоракиот војувач. Не можел да се задржи на седло. Ја пуштил коњската грива и, кревајќи ја високо десната нога, паднал со рамо на страната на противникот.

Кога Орлен Шумков викнал да не се пука заради опасноста да биде погоден со куршум Онисифор Проказник и кога неколцина се исправиле за да се стрчаат и да му помогнат на челникот, врз нив, врз извиците со кои се бодреле и врз писокот на ветрушката што се оддалечувала, се урнале неколку грмежи, и тие, пак залепени со гради за земјата, знаеле дека шестмината што некако ги опишувала со прсти и со очи Ганка ги измамиле со источничка војничка или арамиска мудрост: гледале во оној што доаѓал пред тоа на танконог шарколија и не виделе дека другите им дошле зад грб да ги косат со сигурна рака и сигурно око.

Лозан Перуника ја повлекол кон земјата Ганка (таа не ги чула истрелите), го сторила тоа како еднаш порано во лесновската шума што го сторил со пијанството на крвта Арсо Арнаутче, со машка грубост освојувајќи ја врелата младост на Фиданка Кукникова.

– Легни, викнал со очајнички страв во срцето. Слушаш, легни.

– Засолнете се и не пукајте со забуцан нос в земја, гневно викал Арсо Арнаутче. – Лозане, бегај со девојката кон долон.

Се повлекувале по гол простор, исто така бришани со оган како осуммината горјани пред некој ден. Некои од оние што биле во засолништа во кои ни од грб не

ѝ биле изложени на смртта, виделе: коњаникот во паѓањето ја пуштил сабјата за да се пречека на раце и додека се обидувал да извлече од својата стуткана здебеленост нож или кубура, Онисифор Проказник се фрлил врз него. На десетина чекори зад нив коњот со високо кренатa глава и со изострени уши ги слушал крицитe, пцостите или молбите на својот господар. Потоа го виделе челникот исправен над неподвижен труп и со крвава сабја в рака. Им викал нешто. Тогаш истрелите се згуснале – на пресигурните преостанати петмина војници или одметници удриле отстрана оние што биле со говедата на поило. Се ревело од неколку страни. Денот како да се повлекувал од боиштето по неколку повторени крици на еден или на повеќемина ранети.

Арсо Арнаутче се исправил со јатаган в рака и во бес ја џапнал крпата од око. Косата и долга рана, спуштена од челото до подочната коска, подлабоко отколку благо залепени усни, ќе исплашела и грозомор.

– На нив, викал со див глас. – На нозе, браќа.

Сонцето нагло паднало зад планински врв. Двајца од оние што ѝ биле на главнината зад грб бегале обезглавени а оружјето им останало таму кај што биле вкопани, трет, постар човек со тажни мустаќи, се влечел мешечки по нив и ги молел да го земат со себе или да го убијат, да не го остават беспомошен пред бесот на каурите. Подавал рака како да сака да се фати за нешто што ќе го повлече кон некој ѕид со пушкарници на негови пријатели. Зад него се слушало од некоја грмушка офкање. Но оние двајца веќе се слеале со мракот на далечината. Тогаш тој, оставен и заборавен, се исправил со мака на колениците како за молитва, можеби и

се помолил, и стиснал со обете раце нож свртен со врвот кон левата страна на градите. Се исклештил пцуејќи или повикувајќи го Пророкот како сведок на една спо-улавена но достојна храброст на вистински борец. Со исфрлени раменици и напнати мускули се потпрел на ножот. Оддалеченоста помеѓу стиснатите дланки и градите се намалила. Потоа, зачуден од маглата што паѓала врз разбуричканоста околу него, од тишината и од ослободувањето ан земјата од сенки, заринкал со лице во земјата.

Се стемнувало. Сепак било видливо Онисифор Проказник да ги преброи мртвите (Никифор Ганевски, и тројца од другите) и ранетите (Чучук-Андреј, Метуш Батковец и Цене Папчев, и пак еден од другите). Не се срамел и не ги криел солзите, и пак не знаел дали само Никифор Ганевски е мртов од дружината.

– Да им помогнеме на ранетиве, рекол. – Лозане, коњот на чаушот. Фати го.

– Двајца избегаа, ја свртел својата крвава лузна, кон него Арсо Арнаутче. – Ќе доведат војска и ќе нè сотрат.

– Сеедно, ќе се браниме. Ослободете толку коли колку што имаме ранети.

– Да го проколам ли оној нивни што јачи?

– Остави го, нема зошто. И на земјава ѝ е смачено од крв. Соберете го нивното оружје. Тие знаеја сè, за колењето со бегот и неговите измеќари и за оние осум-мина. Утре други ќе нè стасаат. Нашето село е сега со најрасфрлени гробишта, од еден до друг крај на светот. Слушај сега – еден ќе појде во Кукулино и ќе побара помош, сè што може да држи вила или секира да ни појде во пресрет.

– Можам да појдам.

– Тежок си. Коњот ќе пукне под тебе. Ќе појде Лозан Перуника.

– Девојкана – остана со нас.

– Дојде да ни помогне, нека остане. Тешко ќе ја натераме да се врати во своето село.

И со дланка го стиснал челото: гробови, гробови и пак гробови. – И очај – острица на незапомнета треска. И суровост, ревење, крици. Спокој на мртвите и смрт на живите. И страв на споулавеност. Демонот на алчноста му го начнал разумот на Богоја Гулабарин ѕверски да се удира по глава и да реве ококорен и со пена на зјапнатата уста. Некој се обидел да му се доближи да го смири.

– Богоја, молел. – Што ти е? Ги истепавме, нема од што да се плашиш.

Го прегрнал. Но споулавениот имал сили за двајца такви. Се бранел со раце и со нозе и го кутнал со удар на тупаница по лице.

– Ќе ве убијам, сите ќе ве убијам, – станувал страв во стравот; паднал врз својата нејасна сенка да си го гребе лицето на смрекови корења; и пак отфрлил од себе двајца и грабнал од земја нечиј јатаган; се повлекувал исправен. – Ќе ве исколам...

– Пуштете го, рекол со тага Онисифор Проказник. – Сега може и да удри.

– Не го пуштам, опцул Арсо Арнаутче. – Ќе нè исколе на спиење. Само врзан ќе се опамети и ќе се смири. Чекај, каде е?

Им се изгубил во темницата уште пред да донесат јаже и да го стиснат во обрач на сенки. Потоа, додека стоеле беспомошни, и тие и ненадејно смирените ранени-

ци, по скинат грлен крик знаеле каде е и што прави, знаеле дека го колел ранетиот што пред тоа пукал во нив. Го сторил тоа и, фрлајќи го далеку од себе јатаганот (се чул удар на челик во камен), гласно заплакал. Се враќал кон себеси, станувал свесен дека кренал рака на бессилен човек со крвава рана на папокот. Раниниците му се придружиле на плачењето. Кркорливо офкале, барале утеха, помош, капка вода или исцерителски допир на семоќна рака. Ги преврзувале при слаба светлост на запален куп смреки и габерови гранки и ги храбреле низ ѕвечави заби.

– Онисифоре, слабо повикувал Чучук-Андреј; две сенки се веднеле над неговата нога. – Онисифоре, се сеќаваш ли што ти говорев за судбината? Погледни ми го коленово и ќе видиш дека ни јас не сум останал заборавен.

– Коњот го врзал за тркало на двоколка, дошол Лозан Перуника.

Онисифор Проказник се морничавел со извртен желудник, очите му ги покривала врела влага. – Се плашиш ли од ноќта?

– Зошто? Не сум сам.

– Ќе бидеш. Без прекин ќе јаваш до Кукулино и ќе им кажеш на луѓето што се случува.

– Ќе залутам. Патот не се гледа.

– Ведро е. Ене, и месечината изгрева.

... Патувај, синко, мислел во себе. Барем ти спаси се од одмаздата што ќе дојде утре. Патувај, младоста е иднина. Меѓутоа, како сенка зад сенката на својот врсник стоела немата девојка. Воздивнувал за да не залипа – сѐ што се случувало било премногу за младоста

во таа проклета пролет. И можеби мислел: ова е крај, патот ни се стрмоглавува во бездна на пекол.

– Патувај, залипал. – Девојката е со нас и ние ќе ја чуваме. Срекно. А јас ќе појдам уште еднаш да ги пребројам мртвите.

Судбина: да се припокрие со земја убиениот, да се прослови над дрвен крст молитва и да се бега од местото пред ноќни призраци и пред дневна, утрешна потера што можела да дојде за нови свои и нивни умирања. Судбина и гробови – нивни, туѓи.

Над смирениот туѓинец преку чие суво грло минала острица на јатаган, Богоја Гулабарин сѐ потивко и потивко плачел. Ехото доаѓало од две страни, од местото на ранетите и од дувло на ноќна птица; потоа бувот му се вратил преплашен на својот мрак – оние што не биле зафатени со раненицитe се раздвижиле преку чуките и по суводолиците да го собираат заборавениот добиток.

# 6

Круг. А биле, иштеле...

Сите жени од Кукулино, некои веќе вдовици, запискале на глас со кренати раце кон небото. Веста била удар од кој можело да се падне ничкум и да се гризе камен. Сличен на мудроумен и видовит старец, збрчкан од тежини што му ја притискале преморената душа и бушав од игра на ноќни ветрови, Лозан Перуника дошол на испотен шарколија и ги избројал пред насобраните луѓе и жени гробовите што живите од дружината им ги ископале на мртвите: останале патем рабите божји Дмитар-Пејко, Неделко Шијак, Јанко Крстин, Пеце Димовски, Борис Калпак, Симон Наконтик, Онисифор Мечкојад, Куно Бунгур, Пандил Димулев, Никола Влашки, Сандре Самарија, Самуил Пендуш, Филип Макариев, Никифор Ганевски, Илчо Просинек, Каменчо Скитник, Орлен Шумков и Јаков Иконописец, кои со ранетите Чучук-Андреј, Метуш Батковец и Цене Панчев можеле да бидат прогласени за дваесет свети и пресвети маченици, без бедниот Јаков Иконописец, без тој апостол со душа на вероизмамник од чиј оган горел Круме Арсов (ако починал, бог да го прости), и отишле или бегале од дружината Васко Тушев, Цуцул Мицковски, Осип Сечковски, Салко Вадидуша, Трипун Караѓоз, Гидоен Кузмановски, Блаже Задгорец, Марко Марикин, Пане Долгманов, Кирил Сукаловски, Јордан Шоп и последниот, сè уште негде

на пат, Спиро Православец, ако е некој виновен – господ нека му суди и се враќале со камења за неколку воденици и со тројца ранети Онисифор Проказник, Јован Стојче-Столетников, Герасим од Побожјане, Богдан Преслапец, Лазар Аргиров, Нацак-Јанко, Арсо Арнаутче, Цветко Грнар и Богоја Гулабарин, споулавен и зол колач на беспомошен раненик, и еве го него, Лозан Перуника, гладен и жеден гласник, од чие бавно и тешко редење на имињата до бога раснеле тажачките на жените и плачот на децата. Суровата игуменија Минадора рекла со скаменето лице неколку утешни зборови и го развеала манастирското знаме со извесен лик на маченикот Никита.

Во тој ист вторник, иако очајот и плачењето не стивнувале, жените, дури и оние самохрани леунки и трудни вдовици наполниле неколку карти со ракија од диви круши, од грозје и од цреши и натовариле на две магариња дисаги со леб и лук, па една по друга, секоја со запалена борина во раката, пошле да ги пречекаат последните од дружината; да ја плашат со оган и писок чумата или улерата, болештина што им била позната на дедовците, еднаш, којзнае кога, додека и пците бегале од злото и се јазеле по врели карпи далеку од сите човечки патила, и побеснувале, и станувале гозба на волчи свадби или се здружувале во глутница соревење да ги заплашуваат чобаните и бачовите. Со години луѓето на Кукулино го прераскажувале настанот на тој ден; внуците дочекувале внуци и се сеќавале на прикаските од детството: пред жените во црно одела со тврди чекори игуменијата Минадора во арамиски објала и со неголемо знаме – златен и збрчкан лик на

модро платно со црвени рабови. Можела, доколку не ги жалела слабите, трудните и доилките, да ја измори дури и манастирската маска. Над тој ред сенки се вееле проѕирни крпи пламен за уплав на болештината што можела подмолно да покоси уште некого од проколнатата легија. Биле педесет и девет и од пат им се тргале и арамии и ѕверови. Сѐ што било смрт бегало од нив како од смрт и се влечела по нив чудна и болна мелодија со нечуени зборови со кои се споменувало човековото раѓање и умирање, неговиот секавичен пат од колепка до одар – тоа мајка му на Куно Бунгур го оплакувала синот. Веднаш песната ја прифатиле и другите со свои зборови споменувајќи ги синовите, браќата и мажите. Сенките им се издолжувале, се составувале, ја покривале земјата. И белината на каменот помодрувала. Над тревата како да поминал оган – потемнувала и полегнувала.

По самото стемнување, додека за преостанатите покладари, како што еднаш ги нарекле во селото терачите на двоколки, времето било изгубено, кога тие биле повеќе мртви отколку оние зад нив покрај патот, двата реда сенки се сретнале недалеку од запуштени ако не и напуштени гробишта. На вдовиците и разжалените мајки и сестри што во преѕвездената ноќ можеле да се крстат приврженички на спомени и на сеништа или очајнички без радост или надеж или вера во иднината, им се придружиле со свои тагопојки и оние што клекнувале пред своите престарени мажи. Ранениците ги стиснале забите – ништо не е, ги тешеле своите жени само со насмевка, а вдовиците си ги кршеле прстите и оделе од човек до човек; секоја се надевала дека ќе го види познатото лице на својот маж. Попусто: чудото на

оживувањето било возможно само во старите манастирски книги. Луѓето се збигоросувале. Без импулси за животот околу себе паѓале на земја по првите прегратки со жените и со мајките и се распливнувале во нејасни, распарчени и испреметкани соништа, пред тоа преслаби да ја голтаат и да ја издржат ракијата што сосила им ја сипувале помеѓу испуканите и раскрвавени усни. Само неколцина, меѓу нив и покајнички смирениот Богоја Гулабарин, останале будни, со нив и тројцата раненици на три двоколки ослободени од лесновските камења. Неколку вдовици сакале веднаш да појдат со расплетени коси и да ги побараат пресните гробови на своите мажи, да поклечат со наведнати глави и со запалени борини над покојниците, да ги прекорат што ги оставиле самохрани и со нејаки деца, да ги обележат местата со нишан што ќе се памети, еднаш, по некоја година, синовите или браќата или тие самите со кош да ги пренесат коските на мачениците.

– Чекајте, – со последни сили ги задржувал Онисифор Проказник. – По нас можеби веќе тргнал аскер. Ќе изгинете, децата ќе ви останат сирачиња. Мајко Минадора, кажи им.

– Жени, викала игуменијата и ги ширела рацете да ги запре. – Сакате ли и вашите коски да ги собираме утре? Вашите мажи се бореле и загинале чесно. Како што им доликувало.

– Маж ми, Онисифоре... И тој ли загина како другите?

Онисифор Проказник ја познал во темницата ситната птичја глава на Јаковата вдовица: да ја каже ли вистината и да го признае ли тогашното свое бессилие да го забрани бесењето? Се наведнал и не можел да го

голтне отровот на јадот што му се собирал лепливо и чемерно околу катниците. Молчел.

– Тој тргна по вас и рече дека сака да ви помогне – тивко, скоро срамежливо плачела жената. – Попусто го задржував. Отиде да ги остави коските в пустина.

– Мајко Минадора, викал со рапав глас Богоја Гулабарин. – Безбожен сум. Заклав ранет човек.

– Мажите загинаа в борба, со несигурен глас рекол Онисифор Проказник. – Навистина сакаше да ни помогне кога нè нападнаа.

– Но и другите се безбожни, викал Богоја Гулабарин. – Го обесија улавиот Јаков Иконописец, слушаш, мајче, го обесија...

– Знаев, заофкала жената. – Знаев дека ќе му ископате гроб, проклети да сте.

И колнела расплетувајќи ги косите и паѓајќи на колениции, секој збор да ги жегне, семето да им се сотре, утрешната бела виделина да не дочекаат. Не ја тешеле. Се одалечувале да не ја слушаат и да не ја гледаат како се скаменува.

– Девојкана, мајко Минадора...

– Која е?

– И знаеме и не знаеме. Со денови оди по нас. Земи ја за некое време во манастирот. Потоа ќе видиме, ќе помогнеме.

Не помогнал ни Онисифор Проказник ни другите по враќањето во Кукулино. Штотуку седнале крај софра под свои покриви, суви и преслаби дури и на преслаб ветар да му се спротиват, власта ги потерала пред себе со кундаци и со камшици заедно со оние што патем ја напуштиле дружината – ураганот на судбината не

престанал да ги сотира. Но не сите: се извлекле некако со пушки од сардисаното село Онисифор Проказник, Арсо Арнаутче и Лозан Перуника и со клетва над нож и Библија му објавиле војна на зулумот, на намразениот Али-бег и на сѐ што било под него и над него. Така било: несреќата завиткала во црно над четириесет куќи а од плачењето на проретченото Кукулино и небото трепетело. Обвинети за злосторство над шеснаесетмина за грабеж и за сокривање на оружје, шеснаесетмина несудени воденичари биле осудени на бесење, другите неколцина ги одвлекле стии без трага и без глас: судот ги казнил на сто и една година робија.

– Жени, рекла игуменијата Минадора. – месете погачи. Додека нѐ држат нозете ќе одиме до нашите мажи. Потоа ќе појдеме кај валијата и ќе се жалиме.

– Сечевме за да не нѐ сечат, зборувал Чучук-Андреј, кој лежел сокриен во олтарот на најоддалечениот манастир. – И пак ни дојдоа до глава.

Но животот се движел по линијата на својот пат и по осудувањето на надчовечки век на преживеаните од дружината: пред првите есенски дождови, по незапомнетите суши и страдања во илјада осумстотини триесет и петтото лето, според календарот на христијаните, за сите седумдесет и шест куќи во Кукулино ја ткаеле својата камена песна над пените на питката Давидица дванаесет воденици, ноќе и дење, потоа, и од другите села да почнат да ни доаѓаат тврдоглави луѓе какви што се раѓале под црногорицата носејќи на магариња или планински коњчиња пченица и 'рж. Му се придружувале на отпорот против пребогатиот Али-бег. Кукулино, таа плитарска тврдина на мачоници и вдовици, ја посвоило

немата Ганка, да ора, да сее, да копа и да окопува со другите жени и во предвечерните часови да стои осамена и да гледа кон планините. Како да очекувала најпосле да се спушти по козји патеки нејзиниот врсник Лозан Перуника, да остане крај неа или да ја поведе кон невиното синило на далечините. И по Богородица ја снемало – отишла по патот на своите претчувства. Потоа се рашириле по селото секакви прикаски: некои кажувале дека загинала од безмилосни насилници, некои дека му се вратиле на родното место. Жените ја пожалиле и ѝ се вратиле на својата болка. Потоа, во еден петок, скоро во ист миг умрел тешко ранетиот Метуш Батковец и се родил неговиот прв и последен син да ја продолжи лозата со името на таткото, а по закопот, го подгониле на суд Цене Папчев со незараснатата рана на слабината, додека Чучук-Андреј неколку дни пред тоа пошол накуцувајќи со пушка и кубура по трагите на Онисифоровата ајдутска дружина, да и се придружи негде, да се одмаздува и да ѝ се колне на својата судбина дека не ќе се смири додека не зацрни толку анами колку што имало вдовици во Кукулино.

По Крстовден, откако од обраните лозја се преселиле кршлаците, соопштувајќи дека водениците се арамиски засолништа, селото го поздравиле со оружје и со закани стемнети суварии. Али-бег или некој друг ја продолжувал играта на злото. Заповедта прочитана пред собраните селани гласела: да се заковаат вратите и да се соѕидаат прозорците на сите четириесет и три воденици. Неколку момчаци, синовите на покојните Онисифор Мечкојад, Никифор Ганевски и Каменчо Скитник, биле врзани на дрво и јавно тепани со камшици. На водени-

чарската заедница во Кукулино ѝ преостанало или да ја наведне главата пред зулумот или со тврдоглавост да зачекори кон нови страдања: најумниот или најисплашениот од преостанатите мажи се откажал од воденичарскиот занает, најтврдоглавиот го потерале суварииите до најблиската река и го распнале на гнил чарк за наводнување на недалечните ниви, цел еден ден да се врти под надгледување на двојна стража, со секој миг пред неговите очи да се сменуваат матното небо и разбранетата земја. Се споулавувал и не се покорил. Го одврзале од чаркот и кога му помагале да седне и да се смири доколку не сака да го потераат во сургун, повторувал дека ќе им се одмазди на џелатите и дека ќе му ја запали куќата на бегот. Влажен и помодрен, жив костур со крвави очи, се тресел згрчен на земја и тешко кашлајќи ја повторувал заканата. Еден од стражарите се разжалил над таа човечка беда и му подал буклија вино. Но тој не забележувал никого и рекол со солзи на неопишан гнев дека е жеден за душманска крв. Го завлекле по зандани, кон мачилиштето на прочуениот пекол Беаз-Куле ли кон арапски пустини.

Напролет, на годишнината од смртта на првиот од дружината, додека жените ги орале здружените ниви на секоја глава во Кукулино да ѝ припадне по толку жито или пченка колку што е доволно да се одржи големиот живот, преостанатите мажи навртиле планински поток кон земјиштето на еден од неколкуте манастири во тој крај и под големоглава сенка на кубе од пред неколку стотици години почнале да ѕидаат воденица, сега една и заедничка за сите во Кукулино. Сè што било кадро да застане на нозе влечело однегде и делкало со секири и со

тесли бигор. Под строго надгледување на игуменијата Минадора, под блесокот на нејзините многупати исплакани очи во тие црни и злодобни дни, неколку сури старици меселе големи погачи и готвеле за луѓето танки чорби во котлиња. Сето село станувало едно семејство. Се работело на смени и ноќе, крај запален оган и под чадливи факли, и сето тоа движење на молчаливи сенки и сеништа чиниш било чинодејствие од некој друг непознат свет, небаре куп жилави корења биле поткренати од камен и земја со силата на мртвите пренесувачи на воденички камења. Недалеку од нив седело на пресна липова пенушка златокосо грбле и со гајда и дедовски песни им го гонело сонот од тапите и сепак на одреден начин загатливи лица. На Ѓурѓовден заклале со благословен и пренаточен срп криворог брав на прагот на великолепната воденица, не помала од онаа на бегот. Со крвта на животното ги испрскале воденичките камења, крв веќе да не се прелее од нивни орач и жнејач и скоро сосила довлекле однегде мијачки живописец, со секакви бои да ја забележи на внатрешните ѕидови историјата на покладарите, нивниот пат од Кукулино до Лесново и назад, со завршна сцена во која Онисифор Проказник ги подава исусовски пребелите раце кон куп воскреснати луѓе, од набожни причини со крилја и со голи бакрени стомаци под спокојно прекрстените раце, сите до еден, дури и малоумниот Јаков Иконописец, сликани според опишувањето на нивните мајки, жени или синови и секој над глава со напишано име. Затоа покојниците биле подмладени и проубавени како во расфрлените гробови да се капеле во млеко. Највисок и со најмудро чело бил Онисифор Мечкојад и со такви

очи пред кои можел да клекне и најсомничав ангел. Некои се побуниле: повеќето од половината нови светци биле во животот повисоки од тој Онисифор.

Во тоа време наколцина поугледни Турци предводени од стар и достоинствен оџа, заборавајќи ја судбината на поетот и заштитникот на рајата Селџик-бег, се обиделе да го посоветуваат стемнетиот Али-бег да им ја остави воденицата на несреќниците; за жал во невреме: го нашле со страшни бели дамки по лицето и по рацете и со повремени брзи удари на невидлив нож во желудникот. Го разбесниле, подоцна се чуло дека се заколнал пред нив – не ќе се смири додека не ги сотре сите машки глави во најарамиското село на Отоманијата. Други делумно ја исполниле неговата клетва. Бегот загинал пред прагот на својата куќа од нож на некој одмаздник што пред тоа му ги изотрул пците. Најверојатно дека никој од беговите некогашни пријатели, оттуѓени од неговата сурова алчност, не проплакал над неговиот гроб. Но силата на власта имала свои напишани закони и уште повеќе ненапишани. Со казна на прогонство во непознати песочни далечини биле осудени сите машки на Кукулино над шеснаесет години, без оние што навреме избегале во планините, повеќето од нив никогаш да не се вратат.

Останале жените и децата, тие здружени стопани на воденицата, да ги исчекуваат ноќе душите на своите мажи, синови и татковци или каков и да било знак на одметниците. Во последните летни ноќи по жетвите, пред ластовиците со селење да ѝ го осиромашат животот, игуменијата Минадора видела паѓање на многу ѕвезди.

Скопје – Охрид, 1969

Издавач
**Фондација „Славко Јаневски“**
Бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.19/6-40, Скопје
Република Северна Македонија
romannagodinata@gmail.com

За издавачот:
**Ѕвездан Георгиевски**

Лектура и коректура:
**Татјана Б. Ефтимова**

Графичка обработка на електронското издание
**ДФВП КИНО ФИЛМ**

Скопје 2023

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-31

ЈАНЕВСКИ, Славко
Тврдоглави [електронски извор] / Славко Јаневски.
- Текст во ПДФ формат, содрж. 349 стр. - Скопје :
Фондација за унапредување и промоција на културни вредности Славко Јаневски, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://fsj.mk/wp-content/uploads/2023/10/tvrdoglavi_jannevskislavko_elektronska-verzija.pdf.

- Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 13.11.2023 год.

ISBN 978-608-6695-70-5

COBISS.MK-ID 62337285

*Од неговата приказка исто така можело ноќе вжештено да се размислува за светците и грешниците на минатото и за темните врлежи околу нив, за времето во кое, повеќе од кога и да било, смртта и стравот од смртта господареле и над биље и над луѓе.*